**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

**Филозофски факултет – Скопје**

**Институт за безбедност,одбрана и мир**

**Докторска дисертација**

Тема

# ВЛИЈАНИЕТО НА АСИМЕТРИЧНИТЕ ЗАКАНИ ВРЗ ТРАНСФОРМАЦИЈА НА СУШТИНАТА И ВОДЕЊЕТО НА ВОЈНАТА ВО XXI ВЕК

**МЕНТОР:**
**ПРОФ. Д-Р МИТКО КОТОВЧЕВСКИ**

**ИЗРАБОТИЛ:**
**М-Р НЕНАД ТАНЕСКИ**

Скопје, февруари 2013 година

## СОДРЖИНА

**1. ВОВЕД** ...... 5

**1.1. Формулирање истражувачки проблем** ...... 5

**1.2. Предмет на истражување** ...... 8

**1.3. Цели на истражување** ...... 8

***1.3.1. Општа цел на истражувањето*** ...... 8

***1.3.2. Посебни цели на истражувањето*** ...... 9

**1.4. Хипотеза** ...... 9

***1.4.1. Генерална (општа) хипотеза*** ...... 9

***1.4.2. Посебни хипотези*** ...... 10

**1.5. Варијабли** ...... 12

***1.5.1. Независни варијабли*** ...... 12

***1.5.2. Зависни варијабли*** ...... 12

**1.6. Индикатори** ...... 13

**1.7. Методи и техники на истражување** ...... 13

**1.8. Содржина на докторската дисертација** ...... 15

**1.9. Општественонаучна оправданост** ...... 18

**2. КОНЦЕПТ НА АСИМЕТРИЧНИ ЗАКАНИ** ...... 20

**2.1. Асиметрични закани, дефиниција и стратегиски проблеми** ...... 22

**2.2. САД vs асиметричните закани** ...... 29

**2.3. Асиметричното борбено поле во XXI век** ...... 35

**3. ГЛОБАЛНИ ХИБРИДНИ АСИМЕТРИЧНИ ЗАКАНИ: ТЕРОРИЗАМ, КРИМИНАЛ, БУНТОВНИШТВО** ...... 40

**3.1. Модерен тероризам и неговите корени** ...... 40

***3.1.1. Променлива природа на модерниот тероризам – асиметрична моќ на тероризмот*** ...... 43

**3.2. Терористички организации: класификација, тактики и методи** 47

***3.2.1. Класификација на терористичките организации*** ...... 47

***3.2.2. Базата на поддршка*** ...... 59

***3.2.3. Нов тренд во тактиките на терористичките организации*** . 61

**3.3. Атрибути на транснационалниот организиран криминал** ...... 72

***3.3.1. Криминал – тероризам, партнерство и трансформација*** ...... 76

***3.3.2. Криминалот како продолжување на терористичката идеологија*** ...... 80

***3.3.3. Криминално-терористички алатки*** ...... 82

***3.3.4. Финансирање преку криминал*** ...... 83

***3.3.5. Поддршка и обезбедување при транспорт и шверц*** ...... 86

**3.4. Интеракција меѓу тероризмот и криминалот** ...... 89

*3.4.1. Коалиција помеѓу криминалните групи и терористичките организации* ... 90
*3.4.2. Терористички организации со периферни врски до криминалните групи* ... 92
*3.4.3. Закана од оружје за масовно уништување – Ал Каеда и нејзините можности* ... 94
**3.5. Бунтовништво – борба помеѓу слабите и силните, концепт и структура** ... 99
*3.5.1. Мутирачка природа на бунтовите во XXI век* ... 103
*3.5.2. Ал Каеда помеѓу тероризмот и бунтовништвото – спротивставени парадигми* ... 106

**4. ЕВОЛУЦИЈА НА ВОЈНИТЕ** ... 121

**4.1. Еволуција на модерниот конфликт** ... 124
**4.2. Четврта генерација војни – нерегуларно војување од страна на недржавни актери** ... 129
*4.2.1. Физичка димензија* ... 139
*4.2.2. Психолошка димензија* ... 142
*4.2.3. Морална димензија* ... 144
*4.2.4. Приватни воени компании* ... 146
**4.3. Атрибути на четврата генерација војни** ... 157
*4.3.1. Стратегиски аспекти* ... 157
*4.3.2. Политички аспекти* ... 160
*4.3.3. Оперативни техники* ... 163
*4.3.4. Тактички фактори* ... 167
*4.3.5. Употреба на оружје за масовно уништување* ... 169
**4.4. Методи на војување во четвртата генерација војни** ... 170
*4.4.2. Метод на деескалација* ... 174
*4.4.3. Процес на градење на непријателската држава* ... 176
**4.5. Тероризмот како легитимна стратегија и тактика** ... 179
*4.5.1. Клучни елементи во четвртата генерација војни и четвртата генерација терористи* ... 181

**5. АНГАЖИРАЊЕ НА КОНВЕНЦИОНАЛНИТЕ ВООРУЖЕНИ СИЛИ ВО ЧЕТВРТАТА ГЕНЕРАЦИЈА ВОЈНИ** ... 186

**5.1. Ангажирање на конвенционалните сили** ... 186
*5.1.1. Ангажирање на копнената војска* ... 186
*5.1.2. Ангажирање на воеhistото воздухопловство* ... 189
*5.1.3. Ангажирање на воената морнарица* ... 190
**5.2. Ангажирање на специјалните сили** ... 191
*5.2.1. Противбунтовнички операции* ... 192
*5.2.2. Изненадувачки операции* ... 193
*5.2.3. Противтерористички операции* ... 194

**5.3. Улогата на военополициските сили ........................................ 195**

**6. ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ВОЈНАТА ............................................ 199**

**6.1. Почетоците на неконвеционално војување – употреба на конвенционални воени сили против недржавни актери ........................ 199**
**6.2. Глобален џихад и револуција во воената околина ........................ 214**
***6.2.1. Исламистички региони на операции*** **........................................ 223**
**6.3. Врски помеѓу регионите на дејствување ........................................ 242**
**6.4. Четврта генерација војни vs четврта генерација асиметрични непријатели ........................................................................ 247**
***6.4.1. Перцепција за „победа“ проследена со неуспех*** **........................ 255**
***6.4.2. Ал Каеда по Авганистан – нова генерација асиметрични закани*** **........................................................................ 266**
**6.5. Структура на новата генерација хибридни војни – 5ГВ ............ 281**
***6.5.1. Нетројни војни*** **........................................................................ 284**
***6.5.2. Мрежни војни*** **........................................................................ 289**

**7. ЗАКЛУЧОК ........................................................................ 299**

**8. БИБЛИОГРАФИЈА ........................................................................ 310**

**8.1. Книги ........................................................................ 310**
**8.2. Документи ........................................................................ 314**
**8.3. Публикации ........................................................................ 316**
**8.4. Извори од интернет ........................................................................ 324**
**8.5. Листа на слики, табели, графикони и карти ................................ 329**
**8.6. Кратенки ........................................................................ 330**

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Формулирање истражувачки проблем

По колапсот на Советскиот Сојуз и крајот на Студената војна најголемата закана за државите од западниот блок, видена во СССР и во Варшавскиот пакт исчезна. Во биполарниот систем на меѓународни односи главната закана за безбедноста на државите, како од источниот така и од западниот блок држави, беа спротивставените колективни безбедносни системи. Но по распадот на источниот блок неколку источноевропски држави (тогашна Чехословачка, Полска и Унгарија), аплицираа за членство во веќе единствената воена алијанса НАТО и со тоа го означија крајот на една епоха во смисла на глобални безбедносни закани. Стравот кај државите што беше присутен за сиот период на Студената војна (1948-1989), од можноста на светот да му се случи нуклеарна војна само привидно стана минато. Додека државите коишто поседуваа оружје за масовно уништување се ставија под регулативите на меѓународното право, недржавните актери и државите коишто нелегално ја развиваа нуклеарната програма, се претворија во уште поголема закана со која денес се соочува светот.

Почетокот на последната деценија од XX век го означија војните во Југославија и интервенциите на меѓународната заедница во Босна, во Кувајт и во Косово. Следеа терористичките напади врз САД од 11 Септември. Многу автори, вклучувајќи ги и Бжежински, Хантингтон и Саксена, уште пред нападите врз САД од 2001 година зборуваа за тероризмот како нова глобална безбедносна закана, па дури постоеја и обиди на Вашингтонскиот самит на НАТО борбата против тероризмот да стане главна агенда на оваа организација, а во Обединетите нации се дискутираше поотворено за ова прашање и можностите како да се реагира. Сепак, светот оваа закана сè до 11 Септември 2001 не ја сфаќаше сериозно.

Всушност, од овој историски датум воените закани, видени од држави и сојузи на држави иако не исчезнаа од листата на глобални безбедносни закани, го загубија некогашното значење. Интересно е што со губењето на значење на државата и на државните армии како нарушувачки фактор на безбедноста, акцентот се префрли повеќе на економските, на

еколошките и на заканите од природните појави, а по 11 Септември 2001 година на оваа листа како водечки закани за безбедноста на светот се вгнездија, тероризмот, организираниот транснационален криминал и бунтовништвото. Овие закани не беа непознати и претходно, но со поврзување на светот (економско, мрежно, транспортно) станаа една од главните закани како за националната безбедност на државите, така и за глобалната безбедност.

Во овој труд всушност фокусот е ставен на глобалните асиметрични безбедносни закани и справувањето со нив. Односно, ова истражување се фокусира на трансформација на суштината и на водењето на војната во XXI век и на асиметричните закани како нејзини фактори, а како најтипичен пример за трансформација на војната ќе биде елабориран случајот Авганистан.

Во минатото војните се одвиваа помеѓу држави, односно армии на држави. Војната беше вооружена борба помеѓу две униформирани вооружени сили. Војниците јасно се разликуваа од цивилите, а врз основа на последиците што ги носеа војните се пишуваше меѓународното воено право, на кое државите и индивидуалците требаше во иднина да се придржуваат. Стратегиите и тактиките што се развиваа за справување со војната се базираа врз основната дефиниција од Клаузевиц за војната како вооружен судир на две или на повеќе *држави* и/или на други општествени групи. Таа се одвива на еден или на повеќе *фронтови*, а завојуваните страни обично држат одредена *територија* што можат да ја одржат или да ја загубат. Сепак, нема војни кои во потполност одговараат со овој модел, но овој модел е исцртан од военото искуството од XIX век, XX век и од времето на Студената војна. Уште во овој период оваа дефиниција се релативизираше со разните внатрешни конфликти или антиколонијални движења.

Но XXI век донесе нови војни. „Новите војни“ се комбинација составена од државни и од недржавни актери и обично причината за војна не е државата или идеологијата, туку идентитетот. Воените дејства се изведуваат ретко, преку изненадувачки акции во кои жртви се најчесто цивили, а оние што ги водат тие акции не се разликуваат од останатото цивилно население и како оружје за војување користат средства и предмети

битни за нормалното функционирање на цивилниот живот. Одредени автори тврдат дека војните на денешницата полека но сигурно нè водат во трета светска војна која по својата суштина ќе биде религиска асиметрична војна. Терористичките организации (така дефинирани од демократскиот западен свет) во својата агенда пред сè го величаат исламскиот идентитет и според изјавите на нивните лидери тие ќе продолжат со асиметричниот начин на војување сè додека сите нелегитимни или корумпирани исламски режими не бидат заменети со единствено муслиманско уредување и владеење на шеријатското право. Но, какви и да бидат новите војни според својата суштина (религиски, економски, социјални, политички итн.) битно за безбедноста на современите држави е да најдат начин да се справат со асиметричните закани видени во организираниот криминал, во тероризмот и во бунтовништвото. Покрај потребата да се дефинираат новите закани, од клучно значење е да се разработи стратегија и тактика за водење на новите војни, а со тоа да се трансформира и дефиницијата за војната која веќе има сосема различни карактеристики од дефиницијата за класичните војни. Типичен пример за ова тврдење е војната во Авганистан и објавувањето на војна против тероризмот. Во случајот со Авганистан повторно беше поведена конвенционална војна. Но соборувањето на Талибанскиот режим не значеше победа на непријателот. Зад нападите врз САД стоеше терористичка организација финансирана од транснационалниот организиран криминал, чие упориште беше на територијата на Авганистан. Со водење конвенционална војна против држава се покажа невозможно да се уништи транснационалната мрежа. Уште повеќе, војната во Авганистан беше причина за вмрежување на исламистичките терористички групи и транснационалните криминални организации низ светот. Конвенционалното водење војна против неконвенционален непријател се покажа како големо промашување, бидејќи Европа за која не постоеше можност да биде нападната од Авганистан стана мета на терористичката организација нападната во Авганистан. Неуспешноста во водењето конвенционална војна против неконвенционален непријател се потврдува и со фактот дека Авганистан и по единаесет години е нерешена приказна, а глобалниот

тероризам и транснационалниот организиран криминал стануваат сѐ посериозна закана за националната безбедност на државите.

Оттука е извлечен и централниот проблем на ова научно истражување во кое најнапред ќе бидат елаборирани асиметричните закани кои меѓусебно испреплетени извршија огромно влијание врз трансформација на војната во XXI век, а преку истражувањето на случајот во Авганистан ќе се бара одговорот за трансформацијата на војната и успешноста, односно неуспешноста на стратегиите и на тактиките што се користат во борба против неконвенционалниот непријател.

## 1.2. Предмет на истражување

Општо е познато дека уште од завршувањето на Студената војна настанале промени во природата на војната и на воениот конфликт. Постојат многу причини за овие промени, а точната природа и продолжување на промените е нејасна и сѐ уште се оспорува. Промените коишто ќе бидат проучувани беа драстично нагласени со терористичките напади од 11 Септември 2001 година, а случувањата по тој настан можат да се групираат заедно во два блиски и поврзано концепти на „асиметрична војна“ и „нетројна војна“.

Предмет на ова истражување ќе бидат асиметричните глобални безбедносни закани. Поконкретно во ова истражување ќе се стави акцент на прифатливоста на неконвенционалните асиметрични закани, идентификација на соодветната реакција на асиметричната војна на дел од конвенционалната моќ и заклучок што ќе се однесува до применливите граници на конвенционалната супериорна моќ што води масивно нееднаква војна.

## 1.3. Цели на истражување

### *1.3.1. Општа цел на истражувањето*

Општа цел на ова истражување е да се истражат асиметричните безбедносни закани како водечки фактори во создавање нови конфликти и

притоа да се утврди нивното влијание врз трансформација на војната во XXI век.

Како последицата од новосоздадената безбедносна средина и појавата на асиметричните закани, воените сили се принудени да дејствуваат спротивно од начинот на кој се организирани, опремени, пополнети и распоредени за војна од времето на Студената војна. Моментално, воените операции што се водат против неутрализирање на асиметричните закани, имаат потреба од значителен број готови сили кои би биле подготвени за долгорочно војување. Оттука, како втора цел што се поставува во ова истражување, ќе биде потребата за трансформација и за реорганизација на борбените способности на армиите и идентификување на нивните можности за заштита на своите земји од моменталните и од идните конвенционални и неконвенционални безбедносни закани.

### *1.3.2. Посебни цели на истражувањето*

Да се потврди дали асиметричните закани се закана за светскиот мир и дали е можно конвенционално дејствување против нив.

Да се согледа колку современите армии и меѓународните воени алијанси се во можност да се справат со предизвикот наречен асиметрична закана, имајќи ги предвид ограничените можности што им се на располагање во борбата против асиметричниот непријател.

Да се анализира војната во Авганистан и да се процени способноста за воена доминација со конвенционални методи во сложена урбана средина против голем спектар од различни противници, на оперативно и на тактичко ниво на војната. Целта е да се истражат овие предизвици во потрага за врската што ќе ги разјасни оперативните и стратегиски прашања вклучени во дефинирањето на условите за трансформација на суштината и на водењето на војната.

## 1.4. Хипотеза

### *1.4.1. Генерална (општа) хипотеза*

Неможноста да се сузбијат асиметричните закани со конвенционални средства и тактики придонесе за трансформација на суштината и на

водењето на војната, односно за трансформација и реорганизација на борбените стратегии и способности на воените сили, како на државните така и на силите на воените алијанси.

### *1.4.2. Посебни хипотези*

*Глобалниот организиран криминал во XXI век прераснува во сериозна глобална безбедносна закана.*

Поединечни хипотези за првата посебна хипотеза

а. Промената во структурата и на видовите активности спроведени од страна на транснационалните криминални групи доведе до нивно отежнато лоцирање и неутрализирање.

б. Транснационалните криминални мрежи, преку зголемената соработка со држави што ги поддржуваат нивните активности, ги зајакнуваат своите меѓународни криминални позиции и капацитети и притоа претставуваат сериозна закана за националната безбедноста врз западните демократии.

*Глобалниот организиран криминал остварува висок степен на соработка и дејствува со структурите на глобалните терористичките мрежи.*

Поединечна хипотеза за втората посебна хипотеза

а. Соработката помеѓу глобалните терористичко-криминални организирани мрежи претставува моќен множител кој ги подобрува нивните способности, ја зајакнува нивната инфраструктура и ги зголемува нивните финансиските капацитети.

*Голема потенцијална закана за глобалната безбедност претставува пролиферацијата на ОМУ.*

Поединечни хипотези за третата посебна хипотеза

а. Комбинираната употреба на криминално-терористичките ресурси, нивните „подземни“ линкови и капацитети, ја зголемува можноста за полесна пролиферација на материјали за ОМУ и негова употреба.

б. Пролиферацијата на ОМУ во комбинација со самоубиствени терористички тактики ја смени мултилатералната политика на воздржување од Студената војна, во унилатерална политика на преемција[1].

в. Неможноста да се утврди нуклеарниот арсенал во Пакистан, во Северна Кореја како и на Иран, претставува нов предизвик за спроведување на Договорот за непролиферација на ОМУ како непосредна закана за глобалната безбедност.

*Глобалниот организиран криминал, глобалните терористички групи и ОМУ, имаат сериозно влијание врз трансформацијата на војната во XXI век.*

Поединечна хипотеза за четвртата посебна хипотеза

а. Појавата на асиметричните закани и употребата на неконвенционални тактики за спротивставување на многубројната конвенционална воена супериорност, доведе до промена на суштината и на водењето војна во XXI век.

*Четвртата генерација војни (4ГВ) vs четвртата генерација на терористи (случајот Авганистан) не ги исполни очекуваните резултати во сузбивање на заканите за стабилноста на државите од недржавни актери[2] и од невладини организации.*

Поединечни хипотези за петтата посебна хипотеза

а. НАТО сè до денес не успеа да се справи со борбените Талибанци во Авганистан, а големите напори за реконструкција на земјата и реформи во безбедносниот сектор произведоа минимални резултати.

б. Воената ескалација ќе доведе до зголемување на насилството и потенцијално ќе доведе до нови воени судири што ќе го вклучат нуклеарно вооружениот Пакистан.

в. Приватните воени компании сè повеќе се вклучени во конфликтните региони, преземајќи сè поголема одговорност во мисиите за поддршка на мирот, вклучувајќи се во обезбедување воени зони, разузнавачки мисии, во обезбедување личности и објекти од посебно значење.

---

[1] Се однесува на преемптивен напад (preemption strike)

[2] Под недржавни актери се подразбираат банди, терористи, милитанти, картели, кланови, племиња, пирати, криминални организации.

*Транснационалните мрежно поврзани криминално-терористички структури и појавата на современите мрежни безбедносни закани што сѐ повеќе се дифузни, дисперзирани, повеќедимензионално нелинеарни и двосмислени, се причина за трансформација на суштината на војните и за појавата на мрежна војна.*

Поединечни хипотези за шестата посебна хипотеза

а. Глобалните криминално-терористички организации преку своите заштитени мрежни јазли ги планираат и ги спроведуваат своите операции, обезбедуваат ресурси за нив, за потоа едноставно да се апсорбираат назад во безбедната околина.

б. Подемот на мрежните и нетројните војни докажува дека моќта мигрира кон недржавните актери, кои се способни да се организираат во мултинационални мрежи, во кои сите се цврсто поврзани со јазли, многу постабилно и посигурно отколку традиционалните хиерархиски државни актери.

в. Ал Каеда и по толку години не е уништена, туку напротив, хоризонтално ја зголеми и ја зајакна својата глобална терористичка мрежа во преку 70 земји.

## 1.5. Варијабли

### *1.5.1. Независни варијабли*

Како независна варијабла во овој труд се јавува девијацијата на појавите на асиметричните закани што може да се дефинираат како широк и непредвидлив спектар на воени, на паравоени и на информатички операции, спроведени од страна на народи, организации или поединци, преку домашни или странски паравоени сили што ги имаат под своја контрола, посебно насочени кон слабите и ранливи точки на одредена влада или на непријателска вооружена сила.

### *1.5.2. Зависни варијабли*

Како зависна варијабла во ова истражување се јавува нееднаквоста во конвенционалната воена моќ и употребата на неконвенционални тактики

за спротивставување на многубројната конвенционална воена супериорност на непријателот, што води до трансформација на војната која опфаќа:

- ⇨ политика за борба против глобалните безбедносни закани;
- ⇨ стратегија за водење војна против асиметричните закани;
- ⇨ начин на војување против асиметричниот непријател;
- ⇨ методи на тактичко, на оперативно и на стратегиско ниво за решавање на проблемот.

### 1.6. Индикатори

Како индикатори за ова истражување ќе бидат земени досегашните контрапродуктивни активности преземени со конвенционалните воени акции против асиметричните закани. Меѓу позначајните се:

- ⇨ Нападот на Авганистан ги обедини терористичките групи како Ал Каеда и Хамас создавајќи единствен непријател наместо нивна неутрализација.
- ⇨ Објавувањето на војна против тероризмот и терористичките организации кои немаат ниту седиште, ниту регуларна армија, со која што безбедносните сили на државите и на алијансите ќе можат да се справат и да ги победат.
- ⇨ Започнувањето на асиметричните војни беше причина за неприродно поврзување на транснационалните организирани криминогени структури и нивна поинтензивна соработка, притоа создавајќи една заедничка глобална криминално-терористичка мрежа, дополнителен проблем што го усложни конвенционалното справување со овие закани.
- ⇨ Војните против Авганистан и Ирак со коишто иако се срушија недемократските државни режими не ги уништија упориштата на терористите, туку напротив се отворија дополнителни проблеми за меѓународната заедница.

### 1.7. Методи и техники на истражување

Методолошката рамка на оваа докторска дисертација е детерминирана од општите научни методи за изведување на научна анализа

и дескрипција. Главна насока на истражувањето е опишување и согледување на моменталната стратегија за справување со новите глобални безбедносни закани, одредени состојби и тенденции за креирање владини процени за создавање нова стратегија за борба против овие закани.

Во ова истражување се применети следниве научноистражувачки методи:

*Дескриптивен метод* – се користи за детално опишување на стратегијата за борба против глобалните безбедносни закани. Овој метод ќе биде применет и во опишувањето на конкретните ситуации во кои настануваат кризи при користењето на моментално легалните начини за борба против тероризмот.

*Компаративен метод* – се користи во сите случаи кога ќе биде потребно да се споредуваат повеќе податоци од неопределен број слични или исти ситуации со цел да се добијат релевантни индикатори коишто ги детерминираат начините за справување со глобалните безбедносни закани или по пат на исклучување ќе го определат правецот за решавањето на овие проблеми посебно.

*Метод на историска анализа* – е употребен со цел да се даде јасна слика на појавата, нејзините корени и хронолошка анализа на резултатите преземени низ историјата при справувањето со заканите. Преку анализата на односот кон самата појава, пред и по 11 Септември, определени се факторите за појавата на најновите видови закани, до кој степен е одговорено со примената на постојните стратегии и концепции за војување, како и во која мера е потребно да се изврши редефинирање и трансформација на војувањето.

*Анализа на содржина* – со овој метод е направена анализа на соодветно потребните меѓународни документи и правни акти, анализа на изјавите на официјалните претставници на земјите што влегоа во коалиција со САД во борба против тероризмот, анализа на научни трудови од полето на тероризмот и од стратегиските науки.

*Каузален метод* – се користи при воочување на причинско последичната врска меѓу независната и зависните варијабли.

### 1.8. Содржина на докторската дисертација

Оваа докторска дисертација, покрај воведната глава во која е поставен и дефиниран истражувачкиот проблем, содржи дополнителни пет посебни целини (глави) и заклучоци.

Во Втората глава работно насловен како „*Концепт на асиметрични закани*“ детаљно се анализирани асиметричните закани, стратегиските проблеми и нивното дефинирање. Тука се укажува на комплексноста на проучувањето на асиметричното бојно поле, кое денес бара темелна промена во приоритетите и примената на елементите на моќта на конвенционалните воени сили. Доколку денес современите конвенционални сили сакаат да победат на асиметричното бојно поле против определен, непостојан и нерегуларен непријател, мора да го променат целокупниот стратегиски пристап на војувањето, што без исклучок треба да биде политички поддржан. Анализирање на потеклото на овие асиметрични закани е од клучно значење, бидејќи многу од нив потекнуваат од директно непристапни места (просторно и виртуелно), а употреба и присуството на воени сили е ограничено или скоро невозможно.

Во третиот дел со наслов „*Глобални хибридни асиметрични закани: тероризам, криминал, бунтовништво*“ комплексно се разработени наведените асиметрични закани и нивната меѓусебна интеракција. Во оваа глава се доаѓа до заклучок дека традиционалната остра поделба помеѓу тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал, повеќе не е соодветна. Сличност помеѓу терористичко-бунтовничките и криминалните групи е детектирана во применетите методи и тактики за остварување на нивните цели. Исто така, се констатира дека глобализацијата во голема мера го олеснува сплотувањето и вкрстувањето на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал, со што е создадена една нова сериозна комплексна нетрадиционална безбедносна закана. На крајот од оваа глава е објаснето вмрежувањето на овие три асиметрични глобални закани и нивната меѓузависност. Целта на оваа глава е да се претстават основните причини за трансформација на војната. Односно, преку определувањето на овие закани, целта е да се направи разлика од заканите против кои можеше да се војува конвенционално.

Четвртиот дел од докторската дисертација претставува вовед во вториот дел од поставеното истражувачко прашање. Оваа глава носи работен наслов „*Еволуција на војните*“. Тука, всушност, е анализирана појавата на четвртата генерација војни и нејзиното успешно, односно неуспешно справување со асиметричните закани. Распадот на Советскиот Сојуз во почетокот на 1990-тите години ја нагласува воената, економската и идеолошката доминацијата на Западот. Сепак, по падот на Берлинскиот ѕид, се појавија новите закани. Геополитичката динамика на модерното време, сè повеќе предизвикуваше ерозија на монополот на државата врз војните. Ова доведе до појавата на четвртата генерација војни водени помеѓу државите и идеолошките недржавни актери. Преку дефинирањето на карактерот на четвртата генерација војни, прецизно се одредува суштината на оваа генерација војни, која лежи во индиректните стратегии преземени од страна на субјектите во четвртата генерација војни, што најчесто ги заобиколуваат директните воени соочувања со државните армии, напаѓајќи го цивилното население, културата или институциите на системот. Ова, исто така, може да се опише како едно од најголемите промени во војувањето, бидејќи со мирот во Вестфалија на државата ѝ беше отстапен монополот врз војната, што сега е изгубен. Општа констатација е дека 4ГВ се манифестира преку високоизолирани, мобилни, предаторски мрежи кои работат надвор од рамките на националните држави.

Петтиот глава од докторската дисертација е насловен „*Ангажирање на вооружените сили во 4ГВ*“. Во оваа глава сериозно се анализирани трите основни компоненти на конвенционалните вооружени сили: копнената војска, военото воздухопловство и воената морнарица. Со овие три вида вооружени сили всушност се покриваат сите три димензии на просторот (копно, море, воздух – вселена). Како посебен сегмент од копнената војска, акцент е ставен на специјалните сили коишто според оваа докторска дисертација се единствен симетричен одговор за дел од неконвенционалните непријатели од четвртата генерација војни. Меѓутоа, неуспехот на конвенционалните сили во справувањето со недржавните непријатели од четвртата генерација, е согледан во нивниот современ, неконвенционален и асиметричен пристап, во кој максимално се користат предностите на глобализацијата и

технологијата, и тоа, пред сè, за офанзивни цели, коишто имаат поинаков и засега невиден и непредвидлив центар на гравитација. Овој центар на гравитација, или поточно речено многубројни центри на гравитација, се имуни на конвенционалната супериорна воена сила. Оваа сила денес сè уште не отстапува од препознатливиот директен пристап, односно наметнување на еден и единствен уништувачки удар на главнината на силите на противникот. Неуспехот на судирот на конвенционалните сили со противниците и особено со бунтовничките сили, се препознава во упорното барање на еден единствен центар на гравитација, кој би претставувал центар на моќта на протагонистите на четвртата генерација војни.

Шестиот дел од докторската дисертација насловен како „*Трансформација на војната*" е носечкиот истражувачки дел на оваа докторска дисертација. Во овој дел, всушност е дадена оценката за справувањето со асиметричните закани во XXI век преку анализа на искуствата од војната во Авганистан. Всушност, тука е анализирана војната која иако е започната и се води со конвенционални средства, асиметричното дејствување на спротивната страна доведува до големи и непредвидени загуби од страна на армиите, како и долгогодишно непредвидено војување без постигнување значајни резултати. Во овој дел е направена разработка на почетоците за ерозија на базата за тројната конструкција на војната. Преку компаративна анализа на новонастаната воена средина и зголемениот број неконвенционални вооружени конфликти, е направен успешен обид да се прикаже комплексноста на феноменот на глобализацијата, што доведе до преиспитување на централната претпоставка за војната доминантна за време на Студената војна – стратегиско размислување за војната. Со овој западен модел на војување преку кој нацијата-држава ја губи подлогата и нарушената рамнотежа на тројството на Клаузевиц, овој нетроен начин ги означува промените во односот кон идните петтата генерација војни, во смисла на тоа од кого ќе бидат водени, за што ќе бидат водени, како и какви војни ќе бидат водени и кој ќе партиципира во нив. Недржавните актери од петтата генерација војни, како голема предност вешто ги користат широкодостапните социјални мрежи во планирање и изведување на операциите.

Последната, Седмата глава е *Заклучок*. Во оваа глава најнапред се определени проблемите на војувањето за државните армии и силите на меѓународните организации во справувањето со асиметричните закани во Авганистан. Потоа се елаборирани најновите дебати за стратегиите, за тактиките и за методите на војувањето за справување со асиметричните закани во случајов Ал Каеда во Авганистан, каде јасно е забележлива промената од политичкото насилство на Клаузевиц, во меѓуетничка бруталност, која многу тешко може да се спречи со инструментите на војната. Овие „нови војни" се разликуваат од претходните (војните на Клаузевиц) во однос на нивните цели, методи и извори на финансирање и јасно ја покажуваат ерозијата на монополот на вестфалската држава врз легитимно организирано насилство.

На крајот е дадена процена кои од најавените промени се можни и кои би дале одредени подобри резулати во справувањето со заканите од XXI век.

Оттука, всушност се извлечени и финалните заклучоци на оваа докторска дисертација кои пред сè се однесуваат на променетата природа на војната и на нејзините карактеристики во XXI век. Во овој дел е даден и конечниот одговор на основната хипотеза.

### 1.9. Општественонаучна оправданост

Теоретичарите и практичарите по безбедносните и стратегиските науки веќе одамна се обидуваат да изнајдат стратегии и тактики за успешно водење на новите војни против асиметричните закани. Одредени теоретичари како Мартин ван Кревелд, Роберт Бункер и Антулио Ечевариа, преку своите анализи тврдат дека трансформацијата на суштината и на водењето на војната е основната причина за потребата од воведување нови стратегии и тактики но, истовремено, иако донекаде се дефинира четвртата генерација војни, сепак неуспешни се обидите да се изнајде формула за успешно справување против недржавните закани од XXI век. Во делата и анализите на горенаведените теоретичари, недостасува прецизно дефинирање на современите асиметрилни закани, кое се препознава преку очигледната неможност за изнаоѓање на адекватна стратегија за успешно

справување и водење војна со недржавните противници од XXI век. Основниот проблем лежи во адекватна трансформација како на стратегијата на војување така и на трансформацијата на вооружените сили, но и на правните норми според кои се војува со новите закани. Најчесто ова се и ограничувачките фактори за демократските земји во справување со овие закани. Всушност, тука се согледа и општествено-научната оправданост на овој труд. Доказот од основната хипотеза и заклучоците, преку исклучување на неуспешните обиди и стратегии и преку акцентирање на ограничувачките можности (правни, политички, воени и тактички) за справување со асиметричните закани, ќе го понудат и ќе го издвојат засега најуспешниот начин за справување со овие закани, но и истовремено ќе бидат потенцирани и можностите за натамошно усовршување во справувањето со заканите на XXI век.

## 2. КОНЦЕПТ НА АСИМЕТРИЧНИ ЗАКАНИ

*Живееме во чудесно време во кое силните се слаби поради нивните морални принципи, а слабите прераснуваат во силни поради нивната смелост.*

Ото фон Бизмарк (1893)

За помалку од три недели, по нападот на Ал Каеда, изведен со киднапирани патнички авиони коишто се урнаа врз Светскиот трговски центар, врз Пентагон и во Пенсилванија, тогашниот секретар за одбрана на САД, Доналд Рамсфелд го издаде својот прв Четиригодишен одбранбен преглед (QDR).[3] Во него, тој се изјасни дека воениот план на САД не се однесува само за конвенционални војни, туку дека, исто така, треба да се развијат стратегии за да се „спречи пораз од непријатели кои ќе се потпрат на изненадување, измама и асиметрична војна за да ги постигнат своите цели“.[4] Наместо планови за големи воени операции или дури и мали војни, ограничени на одредена нација-држава, на Пентагон му беше потребна стратегија за справување со неконвенционални закани од државни и од недржавни актери кои би можеле безбедносно да ги загрозат САД.

Асиметричните закани не се нови, ниту пак се во фокусот на стратезите. Во секоја епоха, од предмодерната до денешните, слабите сили користат изненадување, технологија, нови тактики, или како што некои тоа го толкуваат, прекршување на воената етика со цел спротивставување на силните. Војната во Ирак од 1991 година и нападите на терористичката организација Ал Каеда ги разнишаа очекувањата на светот дека по распадот на Советскиот Сојуз ќе завладее ерата на мирот. Со цел да се обезбеди кохезија во обезбедување средства и спроведување на стратегијата, Конгресот на САД во 1996 година донесе закон[5] со кој побара Пентагон да ги спроведе препораките од Четиригодишниот одбранбен преглед. Во првиот извештај следната година, тогашниот секретар за одбрана Вилијам Коен, ги идентификуваше „асиметричните предизвици“ како главна

---

[3] U.S. Department of Defense. *Quadrennial Defense Review Report*. September 30, 2001. Hereafter *QDR* (2001), достапно на: www.defenselink.mil/pubs/qdr2001.pdf. датум на пристапување 15.04.2011 година

[4] *QDR* (2001), стр. iv.

[5] Public Law 104-201, Sept. 23, 1996. достапно на http://www.dod.mil/dodgc/olc/docs/1997NDAA.pdf датум на пристапување 16.04.2011 година

компонента на идните закани. Како заклучок во извештајот, се наведува дека противниците, „најверојатно ќе бараат предност во однос на САД, преку неконвенционален пристап да ги заобиколат или да ги поткопаат нашите сили, искористувајќи ги нашите слабости“.[6]

Во изминатите години, термините „асиметрија“ и „асиметричен“ станаа тренд во американските стратегиски и политички науки. Користењето на овие термини ги отвори проблемите на современата војна, и со тоа станаа централни концепти на американскиот дискурс за војната. Војни, непријатели, битки, стратегии, пристапи, опции, предизвици и многу други појави поврзани со вооружениот судир, сите се етикетирани како „асиметрични“.[7] Идентификувањето асиметрични закани е далеку полесно отколку нивно дефинирање. Додека асиметријата се фокусира на тоа како да се одржи доминантна позиција изнаоѓајќи ги слабостите на противникот, без разлика на тоа кој е конвенционално посилен, остануваме без консензус во врска со концептот и природата на асиметричните закани.

Широкиот спектар асиметрични закани ја поткопува идејата за едно универзално решение за справување. Додека концептот на асиметричните закани генерално ни опишува како слабите се справуваат со посилните, до судир на мислења се доаѓа кога асиметричните закани се појавуваат од страна на државни актери против недржавните. Исто така, во дискусиите на медиумите за војните во Авганистан и во Ирак, постојано се повикуваат концептите на асиметрија и асиметрични закани. Со други зборови, термините „асиметрични“ и „асиметрија“ станаа слогани што се користат за сите ситуации и се лишени од корисни аналитички содржини. Една анализа која детално ги набљудува асиметричните закани докажува дека сегашните дефиниции за асиметрија ја вклучуваат дури и Германската офанзива од 1918 година како асиметричен пристап.[8] Во современата литература, асиметричните закани генерално ги вклучуваат тероризмот,

---

[6] *QDR* (1997), достапно на http://www.fas.org/man/docs/qdr/sec2.html датум на пристапување 16.04.2011 година

[7] Bruce W. Bennett, Christopher P. Twomey, and Gregory F. Treverton, *What Are Asymmetric Strategies?"* Santa Monica, CA: Rand Corporation, 1998; Steven Metz, Armed Conflict in the 21st Century: The Information Revolution and Post-Modern *Warfare*, Carlisle Barracks, PA: Strategic Studies Institute, U.S. Army War College, 2000, стр. 40-41

[8] Robert M. Cassidy, *Russia in Afghanistan and Chechnya:Military Strategic Culture and the Paradoxes of Asymmetric Conflict*, Carlisle Barracks, PA: Strategic Studies Institute, U.S. Army War College, 2003, стр.6

неконвенционалните герилски тактики или герилската војна (Ирак и Авганистан), употребата на оружјето за масовно уништување, сајбер војувањето или информатичката војна (IW). Во поново време, користењето крстосувачки или балистички ракети и друго модерно стратегискоо оружје, а во некои случаи и урбана војна, се прифатени како асиметрични закани.[9] Овие дефиниции, исто така, вклучуваат системи на оружје и технологии наменети за уништување и за неутрализирање на вселенски воени цели.[10] За време на подготовките на САД за војна против Ирак, процените покажале дека Ирак планира да се одмазди со целиот арсенал на т.н. асиметрични стратегии: хемиска, биолошка и урбана војна.[11]

Мора да се напомене дека многу од овие асиметрични закани не се нови. На пример, крстосувачките и балистички проектили за прв пат биле користени од страна на нацистите со V-1 и V-2 ракетни напади врз Лондон во 1944-1945 година. Како што забележува студијата на Воениот колеџ на Армијата на САД, асиметријата е нов збор за стар поим чие потекло е од времето на Сун Цу „секое водење војна се темели на измама", преку Лидел Харт „индиректен пристап" до „парадоксална логика на стратегија" на Едвард Лутвак.[12]

## 2.1. Асиметрични закани, дефиниција и стратегиски проблеми

Компаративната студијата на Стивен Ламбакис асиметријата ја опишува на следниот начин: „асиметричната војна и асиметричните закани се аморфни и постојано ги менуваат концептите, а ќе се обидеме да ги разбереме со тоа што ќе ја споредиме безбедносната средина како буре песок. Ако се обидеме да грабнеме од песокот, ние знаеме дека одредена количина од песокот ни се наоѓа во раката, но во неа нема ни приближно толку колку што е првото чувство кога ќе ја отстраниме раката од бурето.

---

[9] Captain Sam J. Tangredi, USN, ?Rebalancing the Fleet Round 2,? *Proceedings of the U.S. Naval Institute,* May 2003, стр. 37-38

[10] Kerry Gildea, "DIA Chief Reports Enemies Have Ability to Attack Space Assets," *Defense Daily,* February 12, 2003, стр 1.

[11] Steven Metz and Douglas V. Johnson II, *Asymmetry and U.S. Military* Strategy: Definition, Background, Strategic Concepts, Carlisle Barracks, PA: Strategic Studies Institute, U.S. Army War College, 2001, стр. 1.

[12] Edward Luttwak, Strategy: The Logic of War and Peace, Revised and Enlarged Edition, Cambridge, MA: The Belknap Press of Harvard University, 2001; Metz, стр. 22.

Исто така, ќе забележиме дека песокот го менува својот облик дури и ако цврсто го држиме во својата рака“.[13]

Асиметричните закани дејствуваат преку неутрализирање на предностите на поголемата сила, а се потпираат на индиректни пристапи за постигнување на својата цел. Постојат повеќе дефиниции за асиметрични закани. Американската Централна разузнавачка агенција (ЦИА) ги дефинира асиметричните закани како „употреба на иновативни стратегии, тактики, и технологии од страна на послаба држава или недржавен противник, а се наменети за да се избегне моќта на посилните и да се искористи потенцијалната ранливост на поголем и технолошки супериорен противник.“[14]

*Ова вклучува:*

1. Селективна употреба на оружје или воени средства од државна или од недржавна група, што ќе се спротивстави, ќе се одврати, или можеби ќе се порази, бројно и технолошки супериорна воена сила.

2. Користење дипломатски и други невоени средства или тактики, со цел моќните воени сили да се обесхрабрат или да се ограничат во водење воени операции.

Во канадската воена терминологија, асиметричните закани се дефинираат како „термин што се користи да се опише обидот да се заобиколи или да се поткопа силата на противникот искористувајќи ги неговите слабости, со користење методи коишто значително се разликуваат од вообичаените начини и методи на војување на противникот“.

Пол Ман во неговата публикација „Асиметрични закани – нов воен слоган“ објаснува дека „асиметрична закана“ е нов термин што се користи за опишување на оружје и тактики, кои ги користат релативно слабите непријатели заради заобиколување на технолошката доминација на западните нации.[15] Нивната цел не е да се заземе територија и не претставуваат закана за суверенитетот на противникот. Нивната примарна

---

[13] Steven Lambakis, James Kiras, Kristin Kolet, “Understanding ‘Asymmetric’ Threats to the United States,” *Comparative Strategy*, Vol. XXI, No. 3, 2002, стр. 242.

[14] Central Intelligence Agency, Statement of Work for Asymmetric Warfare Threats to US Interests: Expert Panel Support, (Washington, D.C.: DIA, 1997), стр. 2.

[15] Mann, Paul. “ 'Asymmetrical' Threats New Military Watchword,” Aviation Week & Space Technology, 27 April 1998, стр. 55-56.

цел е да ја ослабат волјата и можноста на противникот, за користење супериорни конвенционални воени средства и способности, при интервенирање во регионални конфликти. Асиметричните закани опфаќаат цел спектар непропорционални заплашувања со кои Западот би можел да се соочи. Започнувајќи од меѓународна граѓанска непослушност и криминалитет, преку воени конфликти со низок интензитет, па сè до компјутерска војна, уцени за нуклеарни материјали од одметнички држави, вклучително и употреба на оружје за масовно уништување, а исто така и национална дестабилизација со масовната миграција.

За да ги разбереме асиметричните закани, мора прво да се разбере што се подразбира под асиметрија и како таа се однесува на војување. И покрај многуте различни форми на асиметрија кои можат да постојат во војна,[16] асиметријата е поважна во структурата на водењето војна. Асиметрија во структурата на војувањето значи дека учеството на САД во Авганистан и во Ирак е „ограничено“ - САД не е во „тотална војна“ на рамниште како што беше случајот во Втората светска војна. Во однос на овие две војни многу Американци останаа и неинформирани за конфликтот во кој се наоѓаше САД. Во друг случај е сосема спротивно, вклучувањето во војната од двете страни е „тотално“ – тоа е борба за живот и смрт која ќе ја определи нивната идна егзистенција.[17]

Поради различните форми на асиметријата во структурата на војувањето, многу дебати се направени за тоа како најдобро да се дефинираат асиметричните закани и асиметричната војна. Овие дебати предизвикуваат многу конфузија, бидејќи тие често резултираат со различни значења или термини, кои се толку широки што се бескорисни.[18] Најдобриот пристап кон подобро разбирање на асиметријата не е преку безуспешна потрага по совршена дефиниција, туку преку идентификација на главните карактеристики и последици од асиметричните закани. Како резултат на тоа, асиметричното војување често се користи наизменично со „нетрадиционално“, „неправилно“, „неконвенционално“, „со низок

---

[16] Steven Metz. Small Wars: From Low Intensity Conflict to Irregular Challenges. 2005, стр. 280.
[17] Andrew Mack. “Why Big Nations Lose Small Wars: The Politics of Asymmetric Conflict.” *World Politics* 27, no.2 (January 1975): стр. 35-37.
[18] Colin S. Gray, “Thinking Asymmetrically in Times of Terror,” *Parameters* 32, no. 1 (Spring 2002): стр. 5.

интензитет", „герилско", „различно од воените операции" или војување/ конфликт „од мал обем". За поедноставно толкување на поимот асиметрични закани (војни) ќе ги користиме сите овие услови и ќе ја формираме следнава дефиниција:

„Асиметрично војување е нетрадиционално војување што се води помеѓу воено супериорна сила и една или повеќе инфериорни сили, а ги опфаќа следниве аспекти: евалуација и победа на асиметричните закани, водење асиметрични операции, разбирање и оценување на културната асиметричност и цената на асиметричната закана".[19]

Оваа дефиниција е сеопфатна и прецизна, не само затоа што се однесува на асиметричните закани туку, исто така, го отелотворува спротивното на оваа закана, културните фактори, како и трошоците коишто се клучни атрибути, а се често запоставувани во други дефиниции. Заканата во оваа дефиниција ја сочинуваат следниве компоненти: тероризам, криминал, информатички операции, вознемирувачки закани или непознати закани.

Глобалниот тероризам, транснационалниот организиран криминал и информатичките операции не се нови поими. Денес, тоа се трите основни средства што непријателот ќе се обиде да ги искористи за поткрепа на своите конвенционални воени капацитети против нивниот супериорно посилен противник. Послабите сили се обидуваат да се вклучат со овие нетрадиционални пристапи, со цел да се добие „неконвенционална победа".[20]

Асиметрична војна е навистина различна од традиционалното војување. Традиционалното војување се карактеризира со големи конвенционални ангажмани помеѓу воените сили од два или од повеќе актери. Сосема спротивно, асиметричната војна не го потенцира ангажманот помеѓу воените сили, напротив таа се фокусира повеќе на политички, на општествени и на економски мрежи на државата ангажирана во војна. Нивна најчеста цел е политичкиот естаблишмент или креаторите на

---

[19] David L. Buffaloe. "Defining Asymmetric Warfare," *The Land Warfare Papers*, no.58 (September 2006): стр. 27

[20] Li-Wei, Frederick Teo, "Rethinking Western Vulnerabilities to Asymmetric Warfare," *Journal of the SingaporeArmed Forces*, April-June 2002.

политиките на нивните противници, а не вооружените сили. Асиметричните непријатели се обидуваат да постигнат победа преку „интензивен и незапирлив притисокот врз донесувачите на одлуки, предизвикувајќи ги на крај да капитулираат, независно од воениот успех или неуспех на борбеното поле“.[21]

Парадигмата со асиметричните закани е драматично различна од типот на закани со кои се соочуваа САД и поранешниот Советски Сојуз во текот на Студената војна. Заканите денес се асиметрични, поради тоа што поседуваат една или повеќе од следниве карактеристики кои се разликуваат од традиционалниот американски поглед на војување: невладини, неконвенционални, динамични, случајни и нелинеарни по својата појава, неограничени правила за дејствување, без позната доктрина или предвидливост, поддржани се од страна на криминалци, терористи, шверцери со дрога, како и корумпирани поединци.[22]

Во средината на XX век овој вид конфликти значително се зголеми. Првенствено поради драматичната нерамнотежа на моќ помеѓу владите и дисидентските малцински групи. Исто така, за значително зголемување придонесе и конечниот пад на европскиот колонијализам во региони како Африка, Блискиот Исток и Југоисточна Азија. По Втората светска војна, значително се зголеми бројот на мали герилски и терористички организации, коишто се обидуваа да ја освојат власта или бараа радикална промена на државната структура, преку комбинација на субверзија, пропаганда и воена акција. Во 1983 година, Министерство за одбрана на САД, идентификувало 569 групи кои се означени како герилски или терористички, поврзани во целиот свет. Со падот на Советскиот Сојуз во почетокот на 1990-тите, тој број е несомнено зголемен. Покрај огромниот број асиметрични конфликти по Втората светска војна, кои доведоа до Глобална војна против тероризмот (GWOT), тие сè повеќе се сконцентрирани на идеолошки прашања. Оваа важна забелешка ја фаворизираат бунтовничките и терористичките групи, за коишто е докажано

---

[21] David W. Barno. "Challenges in Fighting a Global Insurgency", *Parameters* 36, no. 2, Summer 2006.

[22] Robert D. Steele. The New Craft of Intelligence: Achieving Asymmetric Advantage in the Face of NontraditionalThreats, SIS Report (Carlisle Barracks, PA: US Army War College, 2002): v.

дека се политички мотивирани многу повеќе од нивните посилни, најчесто надворешни противници.[23]

Во раниот повоен период по Втората светска војна, доминираа комунистичките и националистичките идеологии, додека денес идеологиите се концентрирани на религијата. Религијата е моќен мотиватор за борба. Групи мотивирани од радикална религија се гледаат себеси како културно супериорни во однос на воено моќните сили. Тие веруваат дека со тероризмот и со транснационалниот организиран криминал, ќе помогнат светот да стане подобро место, барем за одредена популација за којашто тие тврдат дека ѝ служат. Водени од екстремистичко-фундаменталистички верувања, поттикнати од економската репресија, поддржани од медиумите и вооружени со надеж дека во смртта е славата, асиметричните борци стануваат сè понасилни и драматични во нивните методи.

Ал Каеда е совршен пример за овој вид асиметрични закани. Ал Каеда користи модерни методи на докажани модели на војување, преку кои остварува политичко движење за пораз на легитимните, демократски влади од сиот свет. Фундаментално правило на Ал Каеда е дека со правилно користење супериорна политичка волја и стратегија, може да се порази поголема економска и воена сила. Против групи како Ал Каеда и слични на нив е тешко да се води борба, бидејќи тие се организирани најпрво да обезбедат политички, а потоа воен успех.[24]

Ал Каеда и останатите терористички групи како неа, своите цели ги исполнуваат во соработка со „подземјето“ на земјите во кои оперираат. Тие се карактеризираат со хоризонтално раководство чија структура функционира во рамките на мали мрежно поврзани диспензирани ќелии кои имаат глобални ефекти. Нивните борци, преку „ден“ се мирни обични граѓани, а бунтовници „за време на ноќта“, затоа е речиси невозможно нивните насилни акти да се откријат пред да се случат.[25]

Асиметричниот конфликт претставува долга борба. Времето е сојузник на асиметричниот борец. Виетнамските комунисти се бореле

---

[23] Jeffrey Record. “Why the Strong Lose,” *Parameters* 35, no. 4, Winter 2005. стр.19.
[24] Jessica Stern. “The Protean Enemy”, *Foreign Affairs* 82, no.4, July/August 2003. стр.31.
[25] James S. Corum and Wray R. Johnson, *Airpower in Small Wars: Fighting Terrorists and Insurgents*, (Lawrence KS: University Press of Kansas, 2003), стр. 7.

триесет години, а Палестинците се борат речиси 60 години против Израел, без догледен крај на конфликтот.[26] Асиметричните непријатели времето го гледаат низ декади или низ генерации, а не во денови, недели, месеци или во години.[27] Пролонгирање на конфликтот и исцрпување на непријателот и неговите ресурси е основната стратегија на асиметричните закани. Без разлика колку е моќна или технолошки способна војската на САД, силата на радикалната религиозна идеологија и асиметричните пристапи кон војување не можат да бидат потценети. Непријателот не може да биде поразен со огнена моќ, дури и со најсовремените оружја.

Современите асиметрични закани многу добро ја користат оваа предност во војната против конвенционалната борбена моќ. Тие, исто така, ја сфатија моќта на медиумите и на јавното мислење и политиката на слободен говор во демократските општества. Заканата со која се соочува САД може да биде инфериорна во однос на нивната воена способност, но тие се целосно способни стратегиски да ги поразат САД на дипломатско и на информатичко ниво. За жал, несоодветната конвенционална воена способност на САД го забави целокупниот американски одговор на променетата, асиметричната природа на модерната војна во новата ера, ера на подемот на информациите.[28]

Наклонетоста на САД во справувањето со асиметричните закани, преку военоцентричен пристап и фокусирана употреба на огнено оружје, не е ефикасна и најверојатно ќе пропадне. Историјата е полна со примери во кои што посилната воена моќ потклекнува од далеку понемоќни противници за време на асиметрични конфликти од истата причина.[29] САД веќе не можат да си дозволат да го игнорираат фактот дека победата во издвоени воените битки, не значи целосна победа на војната.

---

[26] US Senate, An Oversight Hearing on the Planning and Conduct of the War in Iraq, 109 Cong., 3rd sess., 2006, стр. 3.
[27] David W. Barno. “Challenges in Fighting a Global Insurgency,” стр. 23.
[28] David W. Barno. “Challenges in Fighting a Global Insurgency,” стр. 15.
[29] Jeffrey Record. “Why the Strong Lose,” стр. 16.

## 2.2. САД vs асиметричните закани

Ако асиметријата вклучува само судир на слаб против силен или на нетрадиционални наспроти традиционални, тогаш американската револуционерна војна е пример за асиметрична војна. Генералот Џорџ Вашингтон не се ограничувал да се соочи со Британците во битка, туку своите сили ги ангажирал во герилски операции, „удри и бегај“ напади, и тактичко изненадување.[30]

САД имаат големо искуство во справувањето со асиметричните закани од многу одамна. По извојување на независноста, новата влада на САД, сè уште слаба во однос на европските сили, се обиде да ја искористи својата изолација. Говорејќи пред конгресот на 2 декември 1825 година, петтиот претседател на САД, Џејмс Монро, ја истакна подоцна наречената Монрова доктрина: САД ќе останат неутрални во однос на европските конфликти, но ќе ја разгледаат секоја европска воена вмешаност помеѓу независни држави од Западната хемисфера, кои можат да бидат опасни за мирот и безбедноста на САД.[31]

Вашингтон немаше визија да игра улога на глобална сила, сè додека кризите на Куба и на Филипините (за време на војната САД – Шпанија 1898 година) не ги натераа да се преиспитаат. Како што напредуваше воената технологија, така САД се помалку се потпираа на надворешната безбедност. Обезбедувањето на двата океана двојно ги зголеми поморските потреби. Во текот на 1930-тите, морнарицата на САД побарала да се утврдат и да се проектираат потребните сили за да се обезбеди воена моќ на Атлантскиот и на Тихиот Океан.[32]

Втората светска војна ги зацементира САД како светска суперсила. Победата на САД во војната ги воведе во ерата на оптимизмот. САД станаа индустриски центар. По нуклеарното бомбардирање на Хирошима и на Нагасаки, Вашингтон демонстрираше контролирана технолошка

---

[30] *The University of Virginia's,Miller Center of Public Affairs,* Достапно на http://millercenter.org/president/washington Датум на пристапување 16.04.2011 година

[31] THE MONROE DOCTRINE, Достапно на http://www.resale-net.com/ebooks/history/the_monroe_doctrine.pdf Датум на пристапување 16.04.2011 година

[32] Gary J. Schmitt and Thomas Donnelly, "Numbers Matter" in Schmitt and Donnelly, eds. *Of Men and Material: The Crisis in Military Resources.* (Washington: The American Enterprise Institute Press, 2007), стр. 5-29.

супериорност. Но почетокот на Студената војна и лансирањето на „Спутник“ во 1957 година ја потресе американската доверба. Советскиот Сојуз не само што постигна технолошка еднаквост, туку и ги надмина САД на тоа поле. Во текот на Студената војна, демократите и републиканците го сметале советскиот експанзионизам како егзистенцијална закана. Втората светска војна ја започна трката во ракетната технологија помеѓу Нацистичка Германија и Западот, а периодот по Студената војна се карактеризира со развој на поголеми нуклеарни бомби. Светските сили биле убедени дека воената победа зависи од технолошкиот напредок.

Но, додека Вашингтон и Москва се занимавале со трката во изградбата на поголеми и поопасни оружја, бунтовниците ја развивале сопствената доктрина, со цел да го зајакнат и да го прошират влијанието на своите инфериорни сили.

Во војната против Кореја, САД војуваа против конвенционална армија, која повремено користела нерегуларни тактики, но во Виетнам нивниот ангажман бил поинаков и со многу сериозно искуство. Во текот на војната САД одржувале воздушна супериорност. Почетната американска стратегија подготвувала терен за максимална предност во втората фаза на копно. Во 1968 година генерал Вилијам Вестморленд утврдил маринска база во Ки Сан, за да ги намами и да ги привлече Виетнамците.[33] Оваа тактиката не била целосно успешна. Додека американските сили им нанесувале голема загуби, Виетнамците ја консолидирале контролата на теренот, за на крајот да ги принудат Американците за евакуација на базата Ки Сан. Превласта на моќта во воздухот не помогнала за контрола на теренот. Американските воздушни сили ги нарушиле линиите за снабдување на Виетнамците, но не постигнале целосно попречување. Евтините советски проектили земја-воздух, помогнале да ослаби американската воздушна супериорност.[34] Виетнамците имале повеќе од три милиони жртви[35] во споредба со 58.000 американски. Оваа пропорција, според владата во Ханој,

---

[33] Donald J. Mrozek, “Asymmetric Response to American Air Supremacy in Vietnam,” in: Lloyd J. Matthews, ed. *Challenging the United States Symmetrically and Asymmetrically: Can America Be Defeated?* (Carlisle Barracks, Pennsylvania: U.S. Army War College, 1988), стр. 96.

[34] "Soviet rocketeer: After our arrival in Vietnam, American pilots refused to fly" (in Russian). RU: rus.ruvr. 29 January 2010. Достапно на http://rus.ruvr.ru/2010/01/29/3985810.html. Датум на пристапување 16.04.2011 година

[35] “Vietnam-anniversaire.” Agence France Presse, April 4, 2005.

се сметала за прифатлива. Соочувањето со противник подготвен да претрпи толку многу загуби, била цена која голем број западни држави и демократии не биле подготвени да ја платат. Во врска со тоа Вашингтон не можел да направи многу, а Виетнамците можеле да извојуваат едноставна победа наджививајќи ги своите противници.

Чеченските националисти и нивните странски поддржувачи ја користеле истата стратегија во нивната војна против Русија. Нивната подготвеност да претрпат огромни човечки жртви, или најмалку да дозволат страдање на цивилното население, можеби нема да им донесе независна држава, но со тоа тие ја негираат победата на руската армија и доминацијата на Москва од една страна, а истовремено ја покажуваат неподготвеноста а на меѓународната заедница да понуди помош како параван на насилството.[36] Во јули и во август 2006 година, Хезболах ги преживеа поразувачките израелски воздушни бомбардирања, за потоа среде урнатините да тврди дека извојувал победа.[37] Внимателното планирање и подготовката на бојното поле, заедно со волјата да се жртвува либанската инфраструктура се исплатеше за иранските обучени бунтовнички групи.[38] Во случајот на Косово, доколку Србите покажеа морбидна издржливост од нападите на НАТО, можеби сè уште ќе ја контролираа територијата. Прашањето се сведува на борба помеѓу принуда и еластичност. Додека Србите и многу други развиени општества не се подготвени да жртвуваат неограничен број цивилни жртви, Ал Каеда, Хамас и Хезболах не придаваат таква вредност на цивилните жртви во своите терористички напади.

За САД, Виетнам беше значаен во однос на тоа како САД одговори на своите порази. САД се вратија со вредни научени лекции за борба против герилата и својот фокус го насочија кон советските воени сили и конвенционалната војна, со неискажано ветување дека никогаш повторно нема да влезат во таков вид конфликт. Своето внимание САД го насочија на технолошки решенија за зголемување на прецизноста на огнената моќ. Американците масовно произведуваа конвенционални воени машини и

---

[36] Richard Pipes, "Give the Chechens a Land of their Own." *The New York Times*, September 9, 2004.
[37] Al-Manar Television (Beirut), September 22, 2006.
[38] Andrew Exum. *Hizballah at War: A Military Assessment.* (Washington: The Washington Institute, 2006), стр. 3-4.

оружје, кои несомнено придонесоа за евентуалното распаѓање на Советскиот Сојуз. Тоа, исто така, кодифицира со она што многумина го нарекле „американскиот начин на војната", исто така познато како војување со нанесување што поголеми загуби, војување од втората генерација, или ера на индустриска војна. Американскиот начин на војување се карактеризира со следните карактеристики: неполитички, нестратегиски, неисториски, оптимистички, културно оспорени, технолошки зависни, фокусирани на огнената моќ, со големи размери, агресивни, редовни, трпеливи, логистички одлични и многу чувствителни на жртви.[39] Сите овие атрибути се идеални за конвенционалните војни. Сепак, со исклучок на логистичката совршеност, сите овие атрибути се токму спротивното од она што САД денес го имаат како потреба за ефикасно да се борат против асиметричните закани.

Операцијата „Пустинска бура" беше одличен приказ за светот, кој беше сведок за убиственоста на американскиот начин на војување под оптимални услови. Но тоа веројатно им наштети на САД во смисла да можат ефикасно да се борат во асиметрична воена средина. Осум години по операцијата „Пустинска бура", на 24 март 1999 година беше изведена „Операцијата сојузничка сила" (OAF) против Југославија, која резултираше без ниедна американска жртва, политичките цели беа задоволени релативно брзо, без воена кампања на земја. Во OAF, генералот Весли Кларк војувањето го претстави успешно, без ризик, без жртви, безгрешно.[40]

Како резултат на тоа, со својот конвенционален пристап кон војната САД станаа лесна цел за асиметричните противници. Практикувањето на војната, откако им припаѓа на моќните и на силните во меѓународниот систем, „е сè повеќе тактика на слабите". Американската воена зависност од нискоризични воздушни напади и оружја со висока прецизност, не е во можност да ги решава воените ситуации за кои се обучени пешадиските единици. Војната во нејзината вистинска суштина не се промени, се променија само средствата на водење. Според Клаузевиц, војната е и

---

[39] Colin S Gray. *Irregular Enemies and the Essence of Strategy: Can The American Way of War Adapt?* Strategic Studies Institute Monograph, (Carlisle Barracks, PA: US Army War College, March 2006): стр. 29-30.

[40] Derek S. Reveron. *America's Viceroy's.* (New York, NY: Palgrave Macmillan, 2004): стр. 190.

секогаш ќе биде, чин на сила за да се принуди непријателот да постапи според волјата на другиот.[41]

Причината за оваа слабост на САД е предвидливоста на нивниот начин на справување со кризите коишто се закана на националната безбедност. Американскиот воен инструмент е моќно средство што ја обезбедува безбедноста на државата во странство. Проблемот е во тоа што денес американскиот начин на војување воопшто не е тајна.

Терористичките групи како Ал Каеда знаат дека не можат да се натпреваруваат со американските воена моќ, но тие можат да ја намамат САД во конфронтација на политички и стратегиски нивоа, бидејќи тоа е местото каде што Ал Каеда е во предност. Осама бин Ладен бил свесен дека со нападите врз САД од 11 септември 2001 година не направил некоја позначителна штета, но успешно ја фрлил „мамката на која, САД добро загризаа." Во статијата на Џејмс Фелоу „Прогласување на победата" се тврди дека најголема грешка на САД е продолжувањето на глобалната војна против тероризмот и итната потреба од ревидирање на своите капацитети за одговор на асиметричните закани.[42] Меѓутоа, САД и понатаму во голема мера продолжуваат да се потпираат на својот воен инструмент на моќта како основно средство за борба против непријателот. За жал, воената моќ не е одговор за победа против асиметричните закани.[43] Дифузното размислување на американските стратези за справување со асиметричните непријатели доведе до водење некохерентна стратегија. За жал, клучот за победата лежи во политичките и во стратегиските нивоа на асиметричниот конфликт, а не во тактичките. Но, тоа е местото каде што најпознатите американски воени аналитичари гравитираат, а погрешните стратегии придонесуваат за целокупен американски недостаток на цврста, кохерентна и конзистентна политика за справување со асиметричните закани.[44]

Стратегијата на асиметрична закани, напротив, е токму спротивното. Тие се добро фокусирани на областите коишто се потценети или игнорирани од страна на САД, како, на пример, незадоволството на

---

[41] Carl von Clausewitz. *On War*. (Princeton, NJ: Princeton University Press, 1976): стр. 75.
[42] James Fallows. "Declaring Victory," *The Atlantic Monthly* 298, no. 2. (September 2006) стр. 62.
[43] Colin S Gray. Irregular Enemies and the Essence of Strategy, стр. 9-10.
[44] Frederick Teo Li Wei. Rethinking Western Vulnerabilities to Asymmetric Warfare. стр.8-9.

малцинството или нестабилноста на јавното мислење. Според Колин Греј, асиметричните непријатели имаат намера да ја поразат секоја американската стратегиска имагинацијата што може да постои. Бидејќи САД се слободно, демократско општеството, управувано од избрани претставници, тие не се во состојба да се подготват за сите можни вонредни ситуации, создадени од која било можна закана, поради ограничените информации, времето, парите и флексибилноста на американската влада. „Дури и најбогатите земји на светот не можат да си дозволат да инвестираат во заштита од сите можни закани.“ Неможноста имагинарно да се идентификуваат асиметричните закани пред да станат реалност е главното прашање.[45] Наместо да се занимава со овие прашања, американската војска ги смести асиметричните закани во втор план, зад конкретните, конвенционални закани кои лесно може да се идентификуваат и да се оправдаат пред политичарите и пред американската јавност.

Стратегијата за национална безбедност на САД го поддржува овој момент. Во неа, претседателот Буш вели: „На краток рок, борбата вклучува користење воена сила и други инструменти на национална моќ, за да се убијат или да се фатат терористите, да се спречат безбедно да избегаат или да најдат засолниште во друга држава“.[46] Јасно и концизно, оваа изјава го карактеризира краткорочниот непријател во физички контекст, со кој се справува со конвенционални, директни средства за напад. Доколку САД вистински го разбираат непријателот и неговата средина, тогаш треба да ги идентификуваат заканите во блиска иднина, а не само на долг рок, во помалку опипливи форма. Само тогаш може да се нагласи промената на индиректен стратегиски приод и информатички операции, за борба против идеологијата на непријателот и неговата волја за борба. Само со одлучна и со брза борба против информатичката стратегија на непријателот, САД може да се надеваат дека ќа ја добијат оваа „војна на идеи“.[47]

Не може да се каже дека единствениот пристап е индиректен – директните методи секако имаат свое место. Армијата на САД најверојатно

[45] Colin S Gray, Irregular Enemies and the Essence of Strategy, 6.

[46] George W. Bush, The National Security Strategy of the United States of America, (Washington, DC: March 2006), стр. 9

[47] Mark R Wallace. A Review of America's Strategy: What Will It Take for America To Win the Global War onTerror? SSI Report. (Carlisle Barracks, PA: US Army War College, 2006): стр. 2.

најмногу има постигнато во оваа насока. Националниот воено-стратегиски план за војната против тероризмот од февруари 2006 година најдобро го определува потребниот пристап на САД: да се нападнат терористите и нивните капацитети за дејствување дома и надвор; да се поддржат правоверните (умерените) муслимани со цел да го отфрлат насилството.

Победата над асиметричните закани не се мери со победа на борбеното поле, туку со стратегиски победи на политичката, на економската и на социјалната сфера, преку кои се влијае врз населението. Иако САД ја признаа потребата да ги стават сите национални инструменти на моќ, во функција на победа во глобалната војна против тероризмот, војската на САД носи најголем дел од товарот. Досега стратегијата на Армијата на САД за борба против асиметричните закани помина долг пат, меѓутоа примената на стратегијата како ефективна тактичка операција и понатаму останува проблем. Причината е во тоа што многу воени аналитичари се во заблуда дека стариот начин на војување и употребата на огромната огнена моќ некако ќе ги доведе до победа.

## 2.3. Асиметричното борбено поле во XXI век

Во XXI век асиметричното борбено поле не може да изгледа многу различно од традиционалното, барем во тактичка смисла. Сепак, од стратегиска и оперативна гледна точка, бојното поле е ново и опасно место, кое во ништо не се споредува со конвенционалното. Интервенирањето во комплексни граѓански војни, во внатрешни насилства, и мировните мисии, стана честа мисија за американската војска. Овие типови мисии, како и тековните конфликти во Ирак и во Авганистан, најверојатно ќе се карактеристика на идното асиметрично бојно поле.[48] Противниците не се веќе добро познати државни актери со големи конвенционални сили. Тоа се мали групи терористи, бунтовници или герилски групи кои егзистираат во рамките на непријателските држави или оперираат преку недржавни капацитети, сепак ништо помалку одредени и способни да ја спречат

[48] Col. Daniel Smith (USA-Ret.), Marcus Corbin, and Christopher Hellman, *Reforging the Sword: Forces for a 21st Century Security Strategy*, CDI Report (Washington, DC: Center for Defense Information, 2001), стр. 9.

употреба на сила од страна на САД, преку искористување на чувствителноста на бројот на жртвите, меѓународното јавно мислење и слабостите на борбеното поле.[49]

Современите асиметрични противници на секој можен креативен начин се обидуваат да комбинираат неконвенционални пристапи за да постигнат продуктивен ефект. „Со оглед на огромната сила на американската армија, многумина веруваат дека идните асиметрични противници немаат друг избор, освен да ја бараат секоја можна предност што ќе им овозможи обид за напад врз американската волја за борба, обидувајќи се да најдат начини да ги експлоатираат и да ги поткопаат психолошките и физичките предности коишто ги обезбедува супериорната технолошка и информатичка доминација на САД“.[50] Еден пример за тоа е зголемената употреба на „слободна“ технологијата од страна на асиметрични противници. Ова вклучува комерцијални мобилни комуникации, сателитски снимки и пристап до интернет.

Додека во минатото, актуелната американска информатичка доминација можеше да ги порази противниците, во последните години таа предност се намали. Напад врз информатичките системи на САД е тешко, речиси невозможно, за САД да почнат војна според нивните услови.[51] Пролиферацијата на евтина технологија, едноставна за користење, е вистинска закана во рацете на асиметричните непријатели. Таа е клучен овозможувач за непријателските сили и главниот фактор што го прави денешниот асиметричен конфликт многу поопасен од минатото. Порано во историјата немало индивидуи или групи, кои поседувале смртоносно достапни ресурси или комуникациски средства потребни за да се поврзе глобално распространета организација. Во денешниот меѓусебно поврзан свет можат да се изведат катастрофални ефекти за многу кратко време и место по избор на противникот.[52] Жртвите причинети од импровизирани

---

[49] Christopher J. Bowie, Robert P. Haffa, Jr., and Robert Mullin, “Future Trends in Warfare”, *Joint ForcesQuarterly*, 2005. стр. 130.
[50] Thomas J Williams, “Strategic Leader Readiness and Competencies for Asymmetric Warfare,” *Parameters*, Summer 2003, стр. 19.
[51] Ибид.
[52] J. Noel Williams, “Matrix Warfare: The New Face of Competition and Conflict in the 21st Century,” (Research Report, Center for Emerging Threats and Opportunities, n.d.), стр. 4-5, достапно на http://smallwarsjournal.com/documents/williams2.pdf датум на пристапување 21.04.2011 година

експлозивни направи врз војниците на САД, во Ирак и во Авганистан, ја докажуваат оваа вистина. Асиметричното бојно поле сега се протега и надвор од неговите физички граници, а се состои од улогата на медиумите кои влијаат врз јавното мислење.[53] Асиметричната војна се води во сите видови конфликти и, исто така, низ сиот континуитет на човековата активност. Тоа е причината зошто асиметричните непријатели преферираат високобрутални напади, дизајнирани да произведат драматичен психолошки ефект. Асиметричниот непријател се покажа како мошне вешт во синхронизација на овие активности со што го зголеми своето влијание во политичките, во економските и во социјалните арени. Насилството се применува, но неговата вистинска сила лежи во способноста на непријателот за ефикасно искористување на информатичката област, преку комбинација на мрежите и на средствата за јавно информирање.[54]

Тоа што го опишуваат вестите на Ал Џезира низ муслиманскиот свет во многу голем дел е асиметрично бојно поле. Стапката на неписменост во моментов на Блискиот Исток е околу 38 проценти, така што телевизијата е најчест извор на информации и дезинформации. Неможноста на САД да го контролираат овој медиум во овој дел од светот е застрашувачка.

Покрај тоа што навлегоа во недостапните области на психолошката, на културната и на информатичката војна, асиметричните закани почнаа и физички да се движат од традиционалниот солидно изолиран терен, како тој во Авганистан, до урбаните терени како во Багдад. На руралните и на урбаните терени, асиметричните непријатели ја задушуваат технолошката предност на САД, особено од воздух, со криење во лавиринтите на планинските пештери или згради кои не се опкружени со борци. Пронаоѓање на непријателот во вакво опкружувања само со воздушни сензори е речиси невозможно. Исто така, кога се во прашање урбаните терени и употребата на воздушна кинетичка моќ, колатералната штета е огромна, што дополнително ја оневозможува употребата на воздушни сили како резултат на политичките ограничувања наметнати од строгите правила

---

[53] Jamison Jo Medby and Russell W. Glenn, Street Smart: Intelligence Preparation of the Battlefield for Urban Operations, (Washington DC: RAND Corporation, 2003), стр. 16.
[54] Robert H. Chase, Jr., "Battling the 'Hydra': Changing the Operational Factors in 4 Generation War", (Naval War College Research Report, 2000), стр. 2-3.

на војување.[55] Пред сè, поради тоа што асиметричната воена сцена, стана нелинеарна и безгранична. Предните и задните граници на традиционалното бојно поле се изместени. Линијата помеѓу логистиката и пешадијата, цивилите и борците е избришана. Американските војници, маринци и пилоти, мора да станат попрактични и мултифункционални во асиметричните борби што се водат со ограничени капацитети. Денес Армијата на САД треба да војува војна што е ограничена со политика, а дефинирана со нејзината неконвенционалност.[56]

Правила на војување наменети за воздухопловните сили на САД, особено ја попречуваат нивната способност ефикасно да се справат со асиметричните слабости на бојното поле, против бескрупулозните противници, мали автономни групи вооружени со мобилно оружје надвор од стандардната технологија. Противниците се господари на информациите, дезинформациите и пропагандата. Непријателската тактика вклучува киднапирања, напади, заседи, снајперисти, атентати и експлозивни стапици. Ограничувањата за војување поставени за воените сили на САД со договори, конвенции и резолуции како и правилата на војување, многу често се експлоатирани и злоупотребени. Противникот одлично ги разбира овие слабости на американската војска по целиот спектар на борбеното поле и ги користи за сопствена предност.[57]

Асиметричното бојно поле бара темелна промена во приоритетите помеѓу елементите на моќта на САД, а посебно на воздушни напади кои често се применуваат во борбата против асиметричните закани. Доколку САД сака да победи на асиметричното бојно поле против определен, непостојан и нерегуларен непријател, мора да го промени целокупниот стратешки пристап на војувањето, поддржан со политичка волја. Потеклото на овие асиметрични закани е од клучно значење, бидејќи многу од нив потекнуваат од места кои директно не се пристапни, а присуството на воени сили не е возможно на подолг рок.

---

[55] Bikram Singh,"Touchstones for the Military Leadership Engaged in Asymmetric Warfare," (US Army War College Strategy Research Report, 2004), стр. 11-12.
[56] Steven J. Lambakis, "Reconsidering Asymmetric Warfare", *Joint Forces Quarterly*, 2004, стр. 107.
[57] Jamison J. Medby and Russell W. Glenn, Street Smart: Intelligence Preparation of the Battlefield for UrbanOperations, стр. xiii, 19, 116-118.

Ефикасна воена акција за искоренување на овие закани во Авганистан и Ирак, подразбира заеднички планирана и извршена операција. Ниту една воена сила реално не е во состојба сама, без разлика колку е моќна, да им се спротивстави на асиметричните заканите.

Оваа констатација се однесува и за борбата против тероризмот и користењето на разузнавачките и на полициските сили против оваа закана на глобално ниво. Тоа се однесува и на операциите за спречување пролиферација на оружје за масовно уништување и сузбивање на традиционалните форми на транснационален организиран криминал.[58]

Современите трендови укажуваат на потребата од оптимизирани сили, како и за целиот спектар на конфликти, вклучувајќи ги и постконфликтните операции за стабилност.

---

[58] Stephen J. Blank, RETHINKING ASYMMETRIC THREATS, The Strategic Studies Institute, September 2003, стр. 48.

# 3. ГЛОБАЛНИ ХИБРИДНИ АСИМЕТРИЧНИ ЗАКАНИ: ТЕРОРИЗАМ, КРИМИНАЛ, БУНТОВНИШТВО

## 3.1. Модерен тероризам и неговите корени

Новиот вид тероризам го зароби сиот свет, но првенствено САД ги заведе во некаков вид непрекината воена состојба со светскиот терор кој не прави никаква разлика помеѓу војниците и цивилите.[59] 11 Септември 2001 година е најцрниот ден во долгата, крвава историја на тероризмот. Жртвите, економската штета и шокот беа без преседан. На тој ден претседателот на САД, Џорџ Буш, објави „војна која нема да заврши сѐ додека не се открие секоја терористичка група на глобален план, додека не се спречи и се победи". Колку и да е 11 Септември без преседан, повикот на војна против тероризмот на Буш не е единствен. Пред сто години, кога еден анархист извршил атентат врз претседателот Вилијам Мек Кинли во септември 1901 година, неговиот следбеник Теодор Рузвелт повика на истребување на тероризмот каде и да е. Денес тероризмот претставува претпочитана тактика на радикалните фундаменталистички групи посветени на целта да ги уништат своите верски и политички противници.[60]

Религиозните елементи отсекогаш биле важни во современиот тероризам. Американските, македонските, ирските, кипарските, француско-канадските, израелските и палестинските немири го илустрираат овој факт. Во сите случаи единствена цел е да се креира религиозна држава. Исламот е во срцето на бранот. Исламските групи ги изведоа најважните, најсмртоносните и највозвишените меѓународни напади. Иако не постои директен доказ за нивната поврзаност, хронологијата наведува на тој факт. Еврејските терористи се обидоа да го уништат најсветиот храм на исламот во Ерусалим и започнаа кампања на атентати против палестинските градоначалници. На гробницата на Абрахам (Хеброн 1994), еден Евреин убил 29 муслимански идолопоклоници, додека на другата страна на светот, Он Шинрикјо, група комбинирана од будисти, хинду верници и христијани, испуштија гас во една подземна станица во Токио (1995). Беа убиени 15 луѓе

---

[59] Котовчевски Митко, *"Национална безбедност на Република Македонија"*, Д.2, Скопје, 2000, стр. 109.

[60] Ибид, стр. 34.

и 3000 повредени и со тоа создадоа страв дека наскоро некои групи ќе посегнат по оружјето за масовно уништување.[61] Сличен напад ќе се случеше и во Јордан во 2004 година кога терористите беа откриени додека ги преземаа првите чекори за она што им беше планирано како огромен напад со хемиско оружје. Ако овој напад успееше, се претпоставува дека бројот на жртвите би изнесувал од 20000 до 80000 илјади.[62]

Оптимизмот на деведесеттите бил базиран во многу аспекти на илузија: администрацијата на Клинтон ја дефинирала безбедноста на САД најмногу во однос на одржување на просперитетот. Влијанието на организираниот криминал и корупција на државите во транзиција било прифатено концептуално, но било во голема мерка игнорирано во формулацијата и во имплементацијата на политиката на САД кон Русија. Од друга страна пак, предизвикот од страна на Ал Каеда и меѓународниот тероризам бил третиран како споредна атракција, барајќи некое внимание без напор и без средства. Сепак, илузијата продолжила во првите осум месеци од претседателскиот мандат на Буш, ставајќи акцент на проектилната одбрана како приоритет. Асиметричните закани биле согледани како извор на грижа, но барем имплицитно се сметале за помала грижа од симетричните. Овие илузии биле разбиени на 11 Септември 2001 година. Нападите на Ал Каеда на Светскиот трговски центар и на Пентагон беа најдобар пример на асиметрична војна – 19 мажи, (иако со поддршка од поголема мрежа) беа способни да предизвикаат смрт на околу 3000 луѓе како и огромна материјална и психолошка штета. Како последица, нападите го одбележаа крајот на периодот на оптимизам и почеток на согледување на светот, кој во XXI век не гледаше со симпатии на американската моќ како што претходно се претпоставуваше.[63]

Покрај светските напори да се детектира, да се дезорганизира, да се скрши и да се уништи Ал Каеда, групата преживеала само поради тоа што таа била присутна сегде и поради тоа што децентрализираната мрежа на Ал Каеда работела со групи кои го имале истиот начин на мислење. По акцијата изведена од САД, од нивните сојузници и од нивните пријатели во

---

[61] Кронин, Курт, *Напад на Тероризмот*, НАМПЕС, Скопје, 2009, стр. 61.
[62] Бејлис, Џон и др., *Стратегија во современиот свет*, НАМПРЕС. Скопје, 2009, стр.196.
[63] Бункер, Џ. Роберт, *Не-државни закани и идни војни*, НАМПРЕС, Скопје, 2009, стр.vii.

Авганистан и во Пакистан, јадрото на Ал Каеда, нејзините организатори на напади, обучувачи, финансиери, агенти и други експерти се преместиле кон зоните без закон во Азија, на Блискиот Исток, во Африка и на Кафказ. Траекторијата на операциите на Ал Каеда по 11 Септември го покажувала нејзиниот капацитет да опстои и да се трансформира. И покрај апсењата и убиствата на јадрото на нејзините претпоследни водачи, идеологијата на универзалниот џихад на Ал Каеда против Западот, длабоко всадена во главите на исполитизираните и радикализираните муслимани, ја зациментирале нивната поддршка за Ал Каеда.[64]

Во октомври 2002 година, експертите по тероризам проценија дека постарите членови на Ал Каеда не само што се уште на слобода туку и дека продолжиле со своите терористички активности. Еластичноста на мрежата на Ал Каеда и преминувањето во послаби терористички операции се покажаа смртоносни, откако во октомври 2002 година, сојузниците на Ал Каеда изведоа мали вооружени напади врз американските вооружени сили кои беа на обука на еден мал остров близу Кувајт; детонираа бомби во еден преполн караоке бар во Камбоџа во јужен Пакистан; чамец со експлозив одекна на францускиот танкер со гориво „Лимбург“ на крајбрежјето на Ал Мукала, Јемен; се опустошија идиличните плажи на Бали со автомобил бомба убивајќи над 180 луѓе, беа извршени бомбашки напади во Карачи и во Манила.[65]

По 11 Септември 2001 година, Америка стана епицентар на меѓународната борба против тероризмот. Единствената суперсила или „хиперсила”, Соединетите Американски Држави, по тој ден ја заменија војничката униформа (од Студената војна), со облека на крстоносец, жесток напаѓач на тероризмот.

За овој сложен развој на тероризмот Митко Котовчевски ќе истакне дека во голема мера треба да претставува сериозно предупредување за современите држави кои неминовно треба да се подготват за сите предизвици кои ќе ги продуцира ова зло на иднината.[66]

---

[64] Шалијан, Жерар., *Историја на тероризмот,* Табернакул, Скопје, 2009, стр. 488.
[65] Кронон, О. Курт, *Напад на Тероризмот*, НАМПРЕС, Скопје, 2009, стр. 100.
[66] Котовчевски М., *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје, 2003, стр. 378.

### *3.1.1. Променлива природа на модерниот тероризам – асиметрична моќ на тероризмот*

Во современото живеење, патувањето со автобус, летањето со авион, па дури и одењето на работа прераснува во вежба со смртен ризик. Нашиот свет станува место на стравот. Со појавата на модерниот тероризам, всушност, на секоја чанта гледаме како на потенцијална бомба, а на секој агол – непријател. Почнуваме да се подготвуваме за најстрашното. како што ги барикадираме прозорите пред надоаѓањето бура, ги ограничуваме нашите движења, очекуваме да ги чуеме последните предупредувања и чекаме. Постепено, нашиот свет се менува, станува помал и исполнет со страв, а извесноста на насилството се совпаѓа единствено со неговата непредвидливост. Ова е крајната цел на тероризмот, да ја разниша нашата безбедност, мирната реалност и да нè потсети преку шокот од крвопролевањето, дека без разлика на тоа дали го прифаќаме или не, дали го признаваме тоа или не – ние сме во војна.[67]

Политиката ретко претставува игра меѓу еднаквите, а битката за моќ меѓу оние што ја имаат и оние што ја посакуваат по самата своја природа, претставува неизбалансирана битка. Во суштина, таа е асиметрична. Денес, на почетокот на XXI век, балансот на глобалната сила останува во рацете на западните отворени општества. Сепак, по својата природа, отворените општества се на специфичен начин ранливи во однос на ескалирачката форма на асиметричното политичко насилство – тероризмот. Оние што ја спроведуваат го користат стравот за да го уништат силното чувство на безбедност. Користејќи силно адаптибилни методи, почнувајќи од импровизирани експлозивни направи, па сè до примената на авионите како ракети, тие успеваат да го нарушат балансот на сила, во потрага по нивните сопствени политички цели.[68]

Ако постои една победничка формула во која било асиметрична битка, таа се состои во изнаоѓањето и искористувањето на слабоста на непријателот, што е можно порано и почесто. Тоа е формула која е сфатена

[67] Schröfl. Josef , Schubert R. Samuel , *The asymmetric power of terrorism,* Issue 16 , (Landesverteidigungsakademie) - Political Science – 2005, стр. 1.

[68] Schröfl. Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006, стр. 117.

од страна на кинескиот Сун Цу, германскиот Клаузевиц, мислителите за герилски тактики од XX век, денешните теоретичари на четвртата генерација на војување и спречување бунт и решителниот напад врз Ирак. Едноставно кажано, со зборовите на Самуел Шуберт се работи за уметност на претворање на нееднаквоста во предност.[69]

Основачите на САД ова добро го разбираа. Нивната комбинирана полиција истапи против британските полициски сили, користејќи ја тактиката „удри и бегај"[70] за максимизирање на победата. Послаби во бројка и вооружување, тие избраа да се борат во индиректни битки, користејќи ги ригидните структури на војската на кралот Џорџ. Тие видоа и искористија асиметрична предност. Нивните дела создадоа нација која за само два века стана доминантна светска сила, додека нивните методи оттогаш станаа modus operandi за скоро секое националистичко, сепаратистичко и революционерно движење.[71]

Во последните 50 години оваа стратегија прерасна во тренд. Во битките меѓу слабите и силните, слабите сè почесто ги добиваат војните. Меѓу 1800 година и 1949 година, четири од пет асиметрични конфликти резултираа со победа за силните актери. Сепак, во периодот меѓу 1950 година и 1998 година, трендот драматично се промени. Во далечните места како Куба, Алжир, Мозамбик, Авганистан и Виетнам, послабите сили победуваа 45% од случаите. Апсолутните сили од аспект на материјал и човечки потенцијал не се повеќе гарант за победа. Наместо тоа, послабите сили сè повеќе избираат индиректни битки во урбани средини.[72]

Ако сцените на насилство порано беа ограничени на места како Колумбо или Бејрут, сега се распространија во Њујорк, во Лондон, во Истанбул, во Мадрид и во Москва.[73]

Во временскиот период од осум години, од 1998 до 2006 година, Базата на податоци за тероризмот (ТКВ) брои над 22000 меѓународни и

---

[69] Schubert R. Samuel , *The asymmetric power of terrorism*, Unpublished manuscript , 2006, стр. 36.
[70] Lutz M. James, Lutz J. Brenda, *Global terrorism*, Routledge, London, 2008, стр. 217.
[71] Douglas, J. E. and A. W. Burgess, A. G. Burgess, R. K. Ressler., *Crime classification manual,* John Wiley & Sons, 2006, стр. 19-21.
[72] Schröfl Josef , Schubert R. Samuel , *The asymmetric power of terrorism*, Issue 16 , *(Landesverteidigungsakademie)* - Political Science – 2005, стр. 9.
[73] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006, стр. 118.

домашни инциденти на политичко насилство во кое животите ги загубиле повеќе од 69000 цивили. Колку и да се шокирачки бројките, тие илустрираат феномен кој е во подем: тероризмот сè повеќе прераснува во метод што го избираат слабите во војна против силните. [74]

Над сите останати фактори, имено, ова растечко таргетирање на недржавните актери претставува егзистенционален предизвик за опстанокот на отворените општества. Во дејствувањето насочено кон заштита на сопствените граѓани, многу западни демократски влади ја зајакнуваат безбедноста, ограничувајќи ја приватноста и домашните индивидуални права и водат војни надвор од своите граници. Постојаната закана од напад негативно влијае врз слободните пазарни економии, зголемувајќи ја цената на добрата и услугите, нарушувајќи ја слободата на печатот, ограничувајќи отворени дискусии за домашни и за меѓународни прашања, загрозувајќи ги меѓународните алијанси и основното функционирање на отворените влади. Спротивставувањето на таа закана е неопходно за опстојувањето на моделот на западна демократија, слободно движење, изразување и приватност.[75]

Во текот на 39 години собрани податоци за терористички инциденти, само бомбашките инциденти бројат повеќе од 107000 жртви и скоро 57% од сите терористички инциденти до денес. Уште полошо, бројот на напади годишно се зголемува. Скоро двојно повеќе бомбашки напади се случиле во периодот меѓу 2000 и 2006 година, во споредба со периодот од 1986 до 1999 година.

Додека во текот на 1990-тите во просек се случуваа помалку од три самоубиствени напади во светот, годишно, во периодот меѓу 2001 година и првиот квартал од 2004 година, 243 такви напади убија 1100 луѓе. Оваа бројка ги исклучува жртвите од 11 Септември. Само во 2004 година Центарот за справување со тероризмот на САД идентификуваше 99 инцидентни во 17 земји, во кои животот го загубиле 1149 лица, а ранети биле 3497. Три петини од овие инциденти се случија во Ирак, каде што се одвива асиметрична војна. Навистина, бројот на вакви настани што се

---

[74] Memorial Institute for the Prevention of Terrorism (MIPT), достапно на http://www.mipt.org/publications-archive, датум на пристапување 15.01.2010

[75] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006, стр. 119.

случуваат во Ирак драстично влијае врз промената на бројките, но дури и ако ирачкиот случај се исклучи, бројките остануваат алармантни. Во 2005 година, 39 самоубиствени напади надвор од Ирак резултираа со над 1800 жртви, а во 2006 година, 33 инциденти резултираа со 678 жртви.[76]

Опасниот тренд ја наметнува најсериозната закана што може да се замисли за отворените општества и нанесува удар на непроценливото чувсто на безбедност, коешто е од суштинско значење за слободното движење. Оттука, кога се разгледуваат терористичките тактики на овој феномен, потребно е да се стави посебен фокус. Накусо, најголемата закана од тероризмот за отворените општества лежи во немирот, што тој го поттикнува наведувајќи ги граѓаните доброволно да ги жртвуваат своите слободи кои тешко ги заработиле, во потрагата по безбедност, со што во крајна инстанца се менува природата на самите отворените општества.[77]

Терористичките организации од минатото, како што е Палестинската ослободителна организација, се обидуваа да ги освојат срцата и воодушевувањата на јавноста во нивната битка за националистичките и за идеолошките аспирации. Денешниот тероризам, особено оној на Ал Каеда, нема таква цел. Наместо тоа, тој има за цел да воведе хаос и безредие. Ни најмалку не станува збор за промена на владина политика, туку за уништување на институциите и за фабрикување на отворените општества, а во случајот на Ал Каеда – нивно заменување со теократска власт. Оваа опасност е најголема за нашата современост.

Втората половина на дваесеттиот век го обележува масовното селење на тероризмот надвор од државните и од националните граници.[78] Кон крајот на ’60 – тите години на минатиот век, подемот на тероризмот прерасна во акција што ја исбираат радикалните левичарски крила на политичките движења низ Европа и Блискиот Исток, земајќи заложници и детонирајќи експлозиви во авиони, како дел од нивните напори да привлечат внимание за нивната кауза или за да обезбедат ослободување на нивните соборци, кои се затворени за нивните претходни дела. Во места

---

[76] National Counterterrorism Center, Worldwide Incidents Tracking System, достапно на http://wits.nctc.gov/, датум на пристапување 11.01.2010

[77] Schröfl Josef , Schubert R. Samuel , *The asymmetric power of terrorism*, Issue 16 , *(Landesverteidigungsakademie)* - Political Science – 2005, стр. 11.

[78] Котовчевски Митко, *Национална безбедност на Република Македонија*, Д.2, Скопје, 2000, стр. 34.

како Алжир, Белфаст, Париз и Рим, тероризмот стана скоро секојдневна појава. Насилнички групи од места како Шри Ланка, Северна Ирска и Германија почнаа заемно да учат од своите искуства, под заедничкото обележје на револуцијата во заеднички тренинг кампови во Либија и во Либан, со што беше поставена структурата на глобалната мрежа.[79]

Со завршувањето на XX век, трендот сѐ уште еволуираше. Примената на самоубиствени операции стануваше сѐ почеста, а размерот на уништување и смртност – се́ поголем. Кон ова беа вклучени и илјадници ветерани кои долго време војувале во Авганистан, во Либан, во Босна и во Чеченија, со што беше создадена виртуелна армија без држава. Религиозно мотивираните групи го преземаа водството во она што за нив претставуваше глобална битка против окупацијата, корупцијата и девијантните појави. Базата за глобална, асиметрична војна беше поставена.

Идејата дека политичкото насилство е оправдано доколку неговата цел е насочена, а неговиот деструктивен капацитет ограничен, беше надмината. Размерот сега стана поголем, организациските техники пософистицирани, а технологијата на насилство понапредна.[80]

Денес тероризмот претставува претпочитана тактика на радикалните фундаменталистички групи посветени на целта да ги уништат своите верски и политички противници.[81]

## 3.2. Терористички организации: класификација, тактики и методи

### *3.2.1. Класификација на терористичките организации*

*Не се работи за големината на кучето во битката, туку за големината на битката во кучето*

- Двајт Д. Ајзенхауер

На досегашните четворица јавачи на апокалипсата, војната, гладот, чумата и смртта, им се придружи и петтиот – тероризмот, односно неговите извршители терористичките организации.[82]

---

[79] Libya's Continuing Responsibility for Terrorism, April 15, 1992, Source: Reprinted from "Patterns of Global Terrorism: 1991" APPENDIX C, United States Department of State, достапно на http://212.150.54.123/documents/documentdet.cfm?docid=2 датум на пристапување 21.12.2010 година

[80] College of international and security stydies, PASS, *"Effective Strategies for Combating Modern Terrorism"*. Book 1 of 2. #3575-E, 2006, стр. 6.

[81] Котовчевски Митко, *Национална безбедност на Република Македонија*, Д.2, Скопје, 2000, стр. 34.

Терористичките организации се различни во димензии и во дострел. Целите што ги водат варираат од специфични до премногу општи, од остварливи до виртуелно невозможни. Она што е заедничко за нив е тоа што се политички, автономни, недржавни или субнационални движења со командни и со контролни структури. Што ги прави различни? Што прави една група поразлична од друга?[83]

Пред 2001 година, Федералното биро на САД ги разграничи домашните групи во САД врз основа на нивните идеолошки начела, а меѓународните групи врз основа на тоа дали се спонзорирани од држава или пак се слабо поврзани екстремисти.[84] Освен тоа, поделбата на терористичките организации во големи групации како „десно крило", „лево крило" или со „посебен интерес", ги занемарува суптилните разлики, меѓу нив и обемот на нивните политички цели. Оваа класификација може да ни помогне да ги споредиме, но не ни кажува за нивната организациска структура или за степенот на поддршка што го добиваат од своите заедници. Имено, оваа комбинација на цел, структури, база на поддршка и мотиви, на крајот ја определува силата и дострелот на групата. Смртоносна комбинација може да произведе мрежа како Ал Каеда, способна за лансирање на високомотивирани бомбаши самоубијци.[85]

Процесот на класификација започнува со едноставна, но важна дистинкција за природата на политичките цели на организацијата и поделбата на терористичките групи на секуларни и на религиозни. Религиозно мотивираните групи се стремат кон тоа да имаат уникатни квалитети што ги разликуваат од нивните секуларни колеги. Две заеднички црти се забележуваат низ спектарот на ваквите терористички групи: глобална цел и неограничена битка. Во случајот со Аум Шириникјо се работеше за уништување на човековата цивилизација и нејзина замена со нешто налик на супер-раса. Во случајот со Ал Каеда станува збор за уништување на сите секуларни влади во исламскиот свет и обединување во

---

[82] Котовчевски Митко, *Национална безбедност на Република Македонија*, Д.2, Скопје, 2000, стр. 66.
[83] Schröfl Josef , Schubert R. Samuel , *The asymmetric power of terrorism*, Issue 16 , *(Landesverteidigungsakademie)* - Political Science – 2005, стр. 51.
[84] U.S. Department of Justice, Federal Bureau of Investigation, "Terrorism 2000/2002", достапно на http://www.fbi.gov/publications/terror/terror2000_2001.pdf датум на пристапување 09.01.2010 година
[85] College of international and security stydies, PASS, *Effective Strategies for Combating Modern Terrorism.* Book 1 of 2. #3575-E, 2006, стр. 19.

Калифат. Дури и Хезболах, кој има за цел воведување исламска република во Либан, ја гледа својата борба во контекст на глобалниот конфликт меѓу верниците и неверниците.[86]

Од друга страна, секуларните организации, вообичаено имаа специфични цели, кои се честопати, но не нужно, идеолошки определени. Може да стане збор за создавање независна држава, забрана на тестирање на животни, отстранување окупаторски сили, дури и право да се учи и да се зборува определен јазик. Кои било од овие цели може да се остварливи или не, во зависност од околностите и од нивниот обем. Активностите што ги спроведуваат секуларните групи се генерално насочени кон промена на јавното мнение или зголемување на свеста. Нивното поле на операции и цели е фокусирано. Нивните цели ретко вклучуваат бришење на население, култури или цивилизации. Палестинската ослободителна организација (ПОО) кон крајот на 1980-тите, ИРА, ЕТА и Тамилските тигри се примери на секуларни групи, што ги оправдуваат своите акции врз основа на она за што тие веруваат дека се ограничени и остварливи цели.[87]

Околу 79% од сите терористички групи што се појавиле и исчезнале од 1968 година по својата природа се секуларни. Во 2006 година овие групи беа одговорни за 66% од сите инциденти. Останатите 34% кои беа извршени од страна на религиозно мотивирани групи, сепак предизвикаа 53% од сите жртви.[88]

Религиозниот тероризам и неговите организации не е ограничен географски, со консензуалност, моралност или закон. Наместо тоа, тој ги стекнува своите мисии од Бога, кој според него му го доделил правото да ги спроведува своите дела кога смета дека може и дека треба. Оваа морална власт дадена од Бога, ги прави религиозните групи упорни во своите цели, што во голем степен влијае врз нивната ефикасност. Во 2004 година,

[86] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*,Baden-Baden, 2006, стр. 141.
[87] Schröfl, Josef, Schubert R.Samuel, *The asymmetric power of terrorism*, Issue 16, *(Landesverteidigungsakademie)* - Political Science – 2005, стр. 53.
[88] Sheil M. Birda, *Military fatality rates (by cause) in Afghanistan and Iraq: a measure of hostilities*,Published by Oxford University Press, 2007, достапно на http://ije.oxfordjournals.org/cgi/reprint/36/4/841 датум на пристапување 09.01.2010 година

секуларните групи инволвирани во меѓународните напади убиле во просек 1,31 човек во инцидент, додека религиозните групи 3,2 луѓе во инцидент.[89]

Според податоците, религиозно мотивираните групи се далеку поопасни. Оттука, кога групите се класифицираат, не можеме да ја занемариме поделбата секуларни/религиозни. Сепак, не можеме да се ограничиме на таква општа поделба. Меѓу секуларните и религиозните групи постојат многу важни супподелби. Националниот центар за справување со тероризмот на САД, ова го посочува со одделувањето на седум различни религиозно-терористички групи: Христијански екстремисти; Исламски екстремисти (Сунити, Шиити и неопределени); Евреи и други религиозни екстремисти. Интересно е дека истата институција евидентира само една секуларна политичка група, комбинира енвиронменталистички и антиглобалистички и обединува нео-нацисти, фашисти и бели супрематистички организации во една единствена група. Базата на податоци на Меморијалниот институт за спречување на тероризмот MIPT Terrorism Knowledge Base, зазема децидно поразличен приод и се фокусира на идеолошките карактеристики, класифицирајќи ги религиозните терористички организации во една група.[90]

Религиозните групи можат да се разликуваат од секуларните, по тоа што тие имаат според нивните сфаќања, власт дадена од Бога да дејствуваат, независно од нивното божество. Тие во основа, како што покажуваат бројките, се посмртоносни и насилни, откоколку еден од трите монотеистички верници или култот како Аум Шинрикјо.[91] Оттука, нивните заеднички мотиви, цели ни дозволуваат да дефинираме категорија наречена „религиозен терорист“.[92]

Секуларните групи, сепак, може да се поделат според нивните одделни идеологии, при што нивните цели се движат од реални до глобални. Нивните цели можат да се однесуваат на вклучување граѓани од одделна земја, да бидат ограничени на вклучување претставници на некоја власт или

[89] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006, стр. 142.
[90] Ибид, стр. 143.
[91] Gus Martin, Understanding Terrorism: Challenges, Perspectives, and Issues, London, 2009, стр. 199 .
[92] Heather S. Gregg, *Defining and Distinguishing Traditional and Religious Terrorism*, RAND Corporation Prepared, ISA Conference March 17-20,Montreal, Canada, 2004, стр. 7-16.

можеби да се откажат од граѓаните фокусирајќи се наместо тоа на физичките богатства на комерцијалните компании или влади. Освен тоа, иако можеби може да постои поврзаност меѓу различни секуларни екстремистички идеологии, не може да биде разумна споредбата на групите кои убиваат со оние што не убиваат. На пример, германската Бадер-Мајнхоф банда убила 31 лице во 17 напади, а Народниот фронт за ослободување на Палестина убил или ранил 809 во 103 напади. Енвиронменталистичката екстремистичка група, Фронт за ослободување на земјата, не убила ниту повредила кого било во 55 напади од 1992 година. Всушност, од 537 групи, активни во периодот меѓу 1998 година и 2004 година, скоро половина ниту убиле ниту повредиле некого.[93]

До кој степен оваа поделба влијае врз политичкото насилство? Дали религијата навистина игра улога? Со цел да се даде одговор на овие прашања, мора да се почне со анализирање на определени статистички податоци. За потребите на евалуацијата, направени се 4 споредби, користејќи податоци од MIPT, за период, од 1998 до 2006 година.[94]

Ако се почне со стапката на фаталност, може да се забележи дека првите 20 терористички организации се одговорни за 84% од жртвите и за половина од сите напади. Четири од првите пет и 13 од првите 20, се во определен степен религиозно мотивирани. Првите пет вклучуваат една христијанска и четири исламски групи.

Скоро половина од првите 20 се борат против држава или држави за независност или за идеолошки ориентирана промена на владата. Во листата нема енвиронменталистички или антиглобалистички групи. Доказот е јасен. Организациите мотивирани од сепаратистички, националистички или религиозни причини се најсмртоносни од сите терористички организации (Табела 1).

---

[93] Schröfl, Josef, Schubert, R.Samuel , *The asymmetric power of terrorism*, Issue 16 , *(Landesverteidigungsakademie)* - Political Science – 2005, стр. 57

[94] Ибид.

## Табела 1: Најсмртоносни терористички организации

| Реден број | Терористичка Група | Инциденти | Повредени | Мртви | Вкупно загуби | Стапка на смртност | Стапка на Жртви | Категорија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ал Каеда | 31 | 8804 | 3457 | 12261 | 111.52 | 395.52 | Религиозен Ислам |
| 2 | Организацијата на Ал Каеда во земјата на двете реки | 206 | 3071 | 1647 | 4718 | 8.00 | 22.90 | Религиозен Ислам |
| 3 | Талибан | 347 | 659 | 826 | 1485 | 2.38 | 4.28 | Религиозен Ислам |
| 4 | Револуционерни вооружени сили на Колумбија (FARC) | 548 | 1205 | 632 | 1837 | 1.15 | 3.35 | Националистичка/ сепаратистичка |
| 5 | Ансар Ал Сунан | 76 | 1066 | 584 | 1650 | 7.68 | 21.71 | Религиозен Ислам |
| 6 | Отпор на лордовите (LRA) | 31 | 308 | 534 | 842 | 17.23 | 27.16 | Религиозна христијанска |
| 7 | Риад Ас Салихен | 11 | 1136 | 514 | 1650 | 46.73 | 150.00 | Националистичка / сепаратистичка религиозен ислам |
| 8 | Хамас | 534 | 1856 | 418 | 2274 | 0.78 | 4.26 | Религиозен Ислам |
| 9 | Вооружена исламска група | 7 | 31 | 401 | 432 | 57.29 | 61.71 | Религиозен Ислам |
| 10 | Советот на муџахедините | 78 | 668 | 370 | 1038 | 4.74 | 13.31 | Националистичка / сепаратистичка Религиозен Ислам |
| 11 | Тамилски тигри (LTTE) | 156 | 924 | 358 | 1282 | 2.29 | 8.22 | Националистичка / сепаратистичка |
| 12 | Ал Фатах | 147 | 1023 | 302 | 1325 | 2.05 | 9.01 | Националистичка / сепаратистичка |
| 13 | Маоист | 196 | 414 | 301 | 715 | 1.54 | 3.65 | Националистичка / сепаратистичка ком. |
| 14 | УНИТА (UNITA) | 7 | 177 | 270 | 447 | 38.57 | 63.86 | Комунистичка (неактивна) |
| 15 | Џемаах Исламија | 5 | 699 | 261 | 960 | 52.20 | 192.00 | Религиозен Ислам |
| 16 | Абу хафс Ал Масри | 9 | 826 | 249 | 1075 | 27.67 | 119.44 | Религиозен Ислам |
| 17 | Обединети сили на Колумбија | 76 | 12 | 245 | 257 | 3.22 | 3.38 | Националистичка / сепаратистичка десно крилна конзервативна |
| 18 | Џихад | 30 | 219 | 200 | 419 | 6.67 | 13.97 | Религиозен Ислам |
| 19 | Абу Сајаф (ASG) | 50 | 500 | 196 | 696 | 3.92 | 13.92 | Националистичка / сепаратистичка Религиозен Ислам |

| Реден број | Терористичка Група | Инциденти | Повредени | Мртви | Вкупно загуби | Стапка на смртност | Стапка на Жртви | Категорија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **20** | Лашкар е Таиба | 26 | 365 | **176** | 541 | 6.77 | 20.81 | Националистичка / сепаратистичка Религиозен Ислам |
| | **Вкупно на листата** | 2571 | 23963 | **11941** | 35904 | 20.12 | 57.62 | |
| | **Вкупно за период** | 5228 | 30448 | **14184** | 44632 | 4.69 | 14.17 | |
| | **Проценти** | 49% | 79% | **84%** | 80% | **4.29** | **4.07** | |

*Извор: RAND – AHPT Terrorist Incident Database*

Во Табела 1 може да се забележи дека според стапката на фаталност овие 20 организации се одговорни за 84% од жртвите на тероризмот во овој период како и за половина од сите регистрирани инциденти.

Потоа, ги разгледуваме првите 10 причинители на жртви, наречени најопасни организации. Десетте организации од листата се сторители на 40% од сите напади во овој период, виновни за скоро две третини од сите жртви во овој период. Седум од 10 имаат религиозна компонента во својата борба. Најмалку шест се борат против независност во една или во друга форма. Барем две водат глобална света војна (џихад). И во оваа анализа уште еднаш гледаме врска помеѓу степенот на насилство и терористичките организации кои се борат за сепаратистички, националистички или религиозни причини. Во Табелата 2 се претставени првите 10 организации кои според вкупната бројка на повредени и жртви се највисоко рангирани и според тоа наречени најопасни организации.

**Табела 2: Најопасни терористички организации**

| Реден Број | Терористичка група | Инциденти | Повредени | Мртви | Вкупно загуби | Стапка на смртност | Стапка на жртви | Категорија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ал Каеда | 31 | 8804 | 3457 | 12261 | 111.52 | 395.52 | Религиозен Ислам |
| 2 | Организацијата на Ал Каеда во земјата на двете реки | 206 | 3071 | 1647 | 4718 | 8.00 | 22.90 | Религиозен Ислам |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Хамас | 534 | 1856 | 418 | 2274 | 0.78 | 4.26 | Религиозен Ислам |
| 4 | Револуционерни вооружени сили на Колумбија (FARC) | 548 | 1205 | 632 | 1837 | 1.15 | 3.35 | Националистичка / сепаратистичка Религиозен Ислам |
| 5 | Ансар Ал Сунан | 76 | 1066 | 584 | 1650 | 7.68 | 21.71 | Религиозен Ислам |
| 6 | Риад Ас Салихен | 11 | 1136 | 514 | 1650 | 46.73 | 150.00 | Националистичка / сепаратистичка Религиозен Ислам |
| 7 | Талибан | 347 | 659 | 826 | 1485 | 2.38 | 4.28 | Религиозен Ислам |
| 8 | Ал Фатах | 147 | 1023 | 302 | 1325 | 2.05 | 9.01 | Националистичка / сепаратистичка |
| 9 | Тамилски тигри (LTTE) | 156 | 924 | 358 | 1282 | 2.29 | 8.22 | Националистичка / сепаратистичка |
| 10 | Абу хафс Ал Масри | 9 | 826 | 249 | 1075 | 27.67 | 119.44 | Религиозен Ислам |
| | Вкупно на листата | 2065 | 20570 | 8987 | 29557 | 21.03 | 73.87 | |
| | Вкупно за период | 5228 | 30448 | 14184 | 44632 | 4.69 | 14.17 | |
| | Проценти | 39% | 68% | 53% | 66% | **4.48** | **5.21** | |

*Извор: RAND – AHPT Terrorist Incident Database*

Ако ја разгледаме стапката на ефикасност, може да се забележи непореклива поврзаност меѓу религиозниот мотив и насилството (Табела 3). Девет од 10 најефикасни организации се религиозно мотивирани. Сите девет од нив се исламски. Освен тоа, тие се распространети низ сета планета. Три се или биле инволвирани во конфликти во Африка, три во Централна Азија, еден во источна Азија, Русија и Европа и барем еден во борба која може да се нарече глобална борба против неверниците. Во просек, овие 10 организации имаат стапка на предизвикани жртви над стотици убиени или ранети во еден напад. Ова е повеќе од 14 пати во споредба со сите групи и напади во периодот. Факт е дека религиозните терористички организации се најефективни во предизвикување на масовни жртви.

**Табела 3: Најефикасни терористички организации**

| Реден број. | Терористичка група | Инциденти | Повредени | Мртви | Вкупно загуби | Стапка на смртност | Стапка на Жртви | Категорија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ал Каеда | 31 | 8804 | 3457 | 12261 | 111.52 | **395.52** | Религиозен Ислам |
| 2 | Џемаах | 5 | 699 | 261 | 960 | 52.20 | **192.00** | Религиозен ислам |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Исламија | | | | | | | |
| 3 | Риад Ас Салихен | 11 | 1136 | 514 | 1650 | 46.73 | **150.00** | Националистичка/ сепаратистичка, Религиозен Ислам |
| 4 | Абу хафс Ал Масри | 9 | 826 | 249 | 1075 | 27.67 | **119.44** | Религиозен Ислам |
| 5 | УНИТА (UNITA) | 7 | 177 | 270 | 447 | 38.57 | **63.86** | Комунистичка (неактив.) |
| 6 | Вооружена исламска група | 7 | 31 | 401 | 432 | 57.29 | **61.71** | Религиозен Ислам |
| 7 | Лашкар е Таиба | 26 | 365 | 176 | 541 | 6.77 | **20.81** | Националистичка / сепаратистичка Религиозен Ислам |
| 8 | Јамутаи муџахедини Бангладеш | 12 | 366 | 23 | 389 | 1.92 | **32.42** | Религиозен Ислам |
| 9 | Отпор на лордовите (LRA) | 31 | 308 | 534 | 842 | 17.23 | **27.16** | Религиозна христијанска |
| 10 | Исламско движење на Узбекистан (IMU) | 6 | 142 | 16 | 158 | 2.67 | **26.33** | Националистичка / сепаратистичка / религиозен ислам |
| | **Вкупно на листата** | **192** | **12719** | **5826** | **18545** | **36.59** | **110.15** | |
| | **Вкупно за период** | **5228** | **30448** | **14184** | **44632** | **4.69** | **14.17** | |
| | **Проценти** | **2%** | **42%** | **41%** | **42%** | **7.80** | **7.77** | |

*Извор: RAND – MIPT Terrorist Incident Database*

Кога ги разгледуваме најактивните групи, (Табела 4) се појавува далеку поразлична слика. Оние групи што напаѓаат најчесто се инволвирани или во револуционерни или во националистички/сепаратистички војни. Навистина, 20-те најактивни групи извршиле скоро 73% од сите забележани напади, а сепак интересно е дека предизвикале едвај половина од жртвите, со стапка на жртвите помала од половина од стандардната за сите во базата на податоци. Ал Каеда е единствената најактивна организација која има и религиозен мотив и глобален дострел. Само седум групи имаат специфична религиозна ориентација. Најмалку 16 од нив се борат за сепаратистички, националистички или револуционерни цели во конфликти кои се водат претежно во земји и/или ворегиони во кои се стационирани.

**Табела 4: Најактивни терористички организации**

| Реден број | Терористичка група | Инциденти | Повредени | Мртви | Вкупно загуби | Стапка на смртност | Стапка на жртви | Категорија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Револуционерни вооружени сили на Колумбија (FARC) | 548 | 1205 | 632 | 1837 | 1.15 | 3.35 | Националистичка / Сепаратистичка |
| 2 | Хамас | 534 | 1856 | 418 | 2274 | 0.78 | 4.26 | Религиозен Ислам |
| 3 | Комунистичка партија на Неапол | 402 | 381 | 174 | 555 | 0.43 | 1.38 | Националистичка / сепаратистичка ком. |
| 4 | Талибан | 347 | 659 | 826 | 1485 | 2.38 | 4.28 | Религиозен Ислам |
| 5 | Организацијата на Ал Каеда во земјата на двете реки | 206 | 3071 | 1647 | 4718 | 8.00 | 22.90 | Религиозен Ислам |
| 6 | Баскиска ЕТА (ЕТА) | 204 | 407 | 52 | 459 | 0.25 | 2.25 | Националистичка / сепаратистичка ком. |
| 7 | Комунистичка партија на Индија | 196 | 414 | 301 | 715 | 1.54 | 3.65 | Националистичка / сепаратистичка ком. |
| 8 | Национална ослободителна армија (Колумбија) | 186 | 207 | 111 | 318 | 0.60 | 1.71 | Националистичка / сепаратистичка/ комунистичка |
| 9 | Палестински исламски џихад | 177 | 899 | 163 | 1062 | 0.92 | 6.00 | Националистичка / сепаратистичка / Религиозен Ислам |
| 10 | Тамилски тигри (LTTE) | 156 | 924 | 358 | 1282 | 2.29 | 8.22 | Националистичка / Сепаратистичка |
| 11 | Ал Фатах | 147 | 1023 | 302 | 1325 | 2.05 | 9.01 | Националистичка / Сепаратистичка |
| 12 | Ослободителен фронт на Корзика (FLNC) | 142 | 23 | 1 | 24 | 0.01 | 0.17 | Националистичка / Сепаратистичка |
| 13 | Ослободителен фронт на Асам | 91 | 423 | 70 | 493 | 0.77 | 5.42 | Националистичка / сепаратистичка комунистичка |
| 14 | Бригадата на Ал Акса | 84 | 31 | 18 | 49 | 0.21 | 0.58 | Националистичка / Сепаратистичка/ Религиозен Ислам |
| 15 | Советот на муџахедините | 78 | 668 | 370 | 1038 | 4.74 | 13.31 | Националистичка / сепаратистичка, Религиозен Ислам |
| 16 | Ансар Ал Сунан | 76 | 1066 | 584 | 1650 | 7.68 | 21.71 | Религиозен Ислам |
| 17 | Обединети сили на Колумбија | 76 | 12 | 245 | 257 | 3.22 | 3.38 | Националистичка / сепаратистичка деснокрилна конзервативна |
| 18 | Граѓанска борбена група (PWG) | 75 | 122 | 112 | 234 | 1.49 | 3.12 | Националистичка / сепаратистичка ком. |
| 19 | Ослободителниот фронт на земјата | 55 | 0 | 0 | 0 | 0.00 | 0.00 | Еколошка |
| 20 | Абу Сајаф (ASG) | 50 | 500 | 196 | 696 | 3.92 | 13.92 | Националистичка / сепаратистичка |

| Реден број | Терористичка група | Инциденти | Повредени | Мртви | Вкупно загуби | Стапка на смртност | Стапка на жртви | Категорија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | религиозен ислам |
| | **Вкупно на Листата** | **3930** | **23963** | **6580** | **2471** | **20.12** | **57.62** | |
| | **Вкупно за Период** | **5228** | **30448** | **14184** | **44632** | **4.69** | **14.17** | |
| | **Проценти** | **73%** | **79%** | **46%** | **46%** | **0.45** | **4.07** | |

*Извор: RAND – MIPT Terrorist Incident Database*

Пресекот на сите овие табели покажува две неоспорни тенденции. Религиозно мотивираните терористички организации се поефикасни во убивањето и повредувањето, отколку нерелигиозните, при што заземаат девет од 10-те врвни места за стапка на жртви. Всушност, 14 врвни групи по процент на жртви кои имале религиозен елемент, убиле 9833 или 69,3% од сите жртви за девет години. Националистичките/сепаратистичките и револуционерните движења се најактивните извршители на терористичко насилство.

Со сигурност можеме да заклучиме дека постои позитивна врска меѓу религијата и политичкото насилство. Религиозните мотиви драматично дејствуваат во зголемувањето како на обемот, така и на дострелот на терористичките организации. Можеме, исто така, да заклучиме дека постојат групи инволвирани во напади за цели кои се револуционерни, за национална независност или сепаратизам што исто така се инволвирани во терористичка дејност.

Кога две сили ќе се обединат, јасно е дека можноста за насилство расте. Сепаратистичките групи со исламски предзнак што се борат во Русија и во Израел ја илустрираат оваа позиција. Исто така, и случајот со Ирак кога во периодот меѓу август 2004 година и мај 2005 година бунтовниците убиваа во просек повеќе од 800 цивили месечно. Од инвазијата во 2003 година, нападите постепено растат, како и процентот на жртви. Во 2006 година, повеќе од 60% од сите терористички напади биле во Ирак и предизвикале 12% од сите поврзани жртви. Острото зголемување на

нападите и бројот на жртвите укажува на непредвидливоста на комбинацијата на религијата и на бунтовништвото. Исто така во прилог на теоријата оди дека Ирак е новиот терен за тренинг за терористите од следната генерација.[95]

Во Русија, во Израел и во Ирак, помали и претежно локални групи се бореа со поголеми сили, при што секоја од нив беше инволвирана во асиметрични војни и ја користеше тактиката на тероризмот, интересен факт со оглед на тоа што тероризмот не е потребна тактика во извршување напад. Вклучувањето на религијата во националистичкото/сепаратистичкото движење ја влошува фреквентноста на нападите и причинетите жртви. На пример, од 1998 година до 2006 година Хамас извршил повеќе терористички напади, убиства и повредил повеќе лица отколку ЕТА, ИРА и Тамилските тигри заедно (Табела 5).[96]

**Табела 5: Споредба на жртви помеѓу Хамас и три секуларни терористички организации**

| | Инциденти | Повредени | Мртви | Вкупно Загуби |
|---|---|---|---|---|
| **Хамас** | **534** | **1856** | **418** | **2274** |
| **Баскиска ЕТА** | 204 | 407 | 52 | 459 |
| **Тамилски тигри** | 156 | 924 | 358 | 1282 |
| **Вистинска ИРА** | 32 | 70 | 30 | 100 |
| **Вкупно** | **392** | **1401** | **440** | **1841** |

*Извор: RAND – MIPT Terrorist Incident Database*

Иако податоците покажуваат зголемен степен на насилство поврзано со вклучувањето на религијата во комбинацијата од мотиви на терористичките организации, исто така, укажуваат и на комплексноста во категоризирањето на терористичките организации. Постои јасна дистинкција меѓу чисто секуларна организација и чисто религиозните институции. Сепак, кога организацијата што се бори за револуционерни или за националистички цели ќе ја премине линијата на поделба секуларни/религиозни, категоризацијата станува нејасна. Имено, во оваа

[95] Keen, David, *Complex emergencies*, Polity, Cambridge, 2008, стр. 94.
[96] Schröfl, Josef, Schubert, R.Samuel, *The asymmetric power of terrorism*, Issue 16 , *(Landesverteidigungsakademie)* - Political Science – 2005, стр. 65.

фаза почнуваме да сфаќаме дека не се работи само за целта во разликите на терористите. Наместо тоа, треба да ги анализираме базите на поддршка и структурите на овие организации.[97]

### *3.2.2. Базата на поддршка*

Политичките организации не можат да постојат без свои корења и оттука потребна им е заедницата за да им обезбеди база на поддршка, регрутирање и извор на легитимитет. Длабочината на овие корења се дефинираат според обемот и квалитетот на базата на поддршка на терористичката организација, со што се определува нејзината сила и век на постоење. Кога организацијата ќе ги изгуби своите корења, таа го губи не само својот легитимитет, туку и целиот raison d'etre.[98] Оттука терористичките организации мора да бидат вградени во заедниците за кои што се борат.[99]

На терористичките организации им се потребни пари, оружје, недвижнини и пред сè луѓе за да можат да растат, да планираат, да тренираат и да извршуваат. Потребен им е морален легитимитет, што го добиваат од лидерите во нивните заедници, а во случајот на оние што се со религиозни мотиви, од нивните воени институции. Честите напади врз окупираните територии во Ирак, како и бомбардирањата на возовите во 2004 година во Мадрид и бомбардирањата во Лондон во 2005 година, бараа комбинација од овие елементи.[100]

Пред Ал Каеда да го направи ваквото одбележување, постоеше значителна разлика меѓу терористичките групи поддржани и неподдржани од државата, што беа забележани преку степенот на пристап на организацијата до големи финансии и воени средства. Најопасни од сите терористички организации беа оние што добиваа државни разузнавачки податоци и финансирање. На пример, Иран го финансираше и го поддржуваше Хезболах. И Сирија соработуваше во тој процес. Судан го

---

[97] College of international and security stydies, PASS, *Effective Strategies for Combating Modern Terrorism.* Book 1 of 2. #3575-E, 2006, стр. 28.
[98] *Raison d'être* е фраза позајмена од францускиот, каде што тоа значи "причина за постоење"
[99] Schröfl Josef , Schubert R.Samuel , *The asymmetric power of terrorism*, Issue 16 , *(Landesverteidigungsakademie)* - Political Science – 2005, стр. 66.
[100] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006, стр. 149.

засолни Осама бин Ладен, а Либија служеше како централна сцена за заеднички тренинзи на палестинските и на европските терористи во 1970-тите. Сепак, најнасилните и најефикасни терористички форми што постојат денес, функционираат целосно без државно спонзорство. Фактот дека во Либан, во долината Бека се организираат кампови за тренинзи или дека во Судан има оперативци е послаб индикатор кој укажува на државно спонзорство отколку на слабата природа на нивните влади.[101]

За терористичките организации, исто така, се потребни институции што ќе дадат морална логика на нивната борба, задача што е полесна за религиозните отколку за секуларните групи. Од овие корења расте моралната оправданост. На пример, благосостојбата и образованието се примарниот финансиски и инфраструктурен фокус на Хезболах и на Хамас. Сепак, организацијата на Абу Нидал чии мотиви беа исклучително насочени кон политичка промена, на својата заедница не понуди длабоки програми за социјална благосостојба. Поради тоа, оваа организација никогаш не достигна членство по бројност поголемо од неколку стотици члена и имаше потреба од државно спонзорство за да опстои.[102]

Поделбата на религиозни и на секуларни организации е повторно очевидна. Како што секуларните движења можат да ги повикаат оние со слично размислување, религиозните можат да ги повикаат оние со иста вера, што им обезбедува поширок и подлабок домет преку границите и јазичните разлики. Дејвид Арон од корпорацијата Ранд сликовито го опишува во „Три години подоцна":

*Според џихадистите, претставени преку примерот на Ал Каеда, исламот е под смртоносна закана од Западот. Изворот на оваа закана се САД. Тие ги гледаат Американците како нови Монголци. За доказ им служат воените американски бази на Блискиот Исток,во Персискиот залив и во Централна Азија.*

Одговорот на овие збиднувања е џихадот – дефиниран како вооружена борба. САД, оттука, претставуваат и закана и можност за џихадистите. Во услови кога се непријатели на исламот, тие се и заеднички

---

[101] Schröfl Josef , Schubert R.Samuel , *The asymmetric power of terrorism*, Issue 16 , *(Landesverteidigungsakademie)* - Political Science – 2005, стр. 67.
[102] Ибид, стр. 68.

непријател и оттука се база за градење единство меѓу различните национални, етнички и племенски исламски групи.[103] Интересно, поткрепата на религиозните групи врз религиозните институции за легитимитет е единствената можност за спречување и стопирање на терористичките операции. Имајќи ја моралната доверба со која се влијае врз јавната поддршка, религиозните лидери на Хамас, на Хезболах и на ИРА, можат во голем степен да влијаат врз степенот на насилство.[104]

### *3.2.3. Нов тренд во тактиките на терористичките организации*

Последните трендови се во насока на обединување на помалите или „ад хок" формираните групи во слабо поврзани мрежи под раководство на поголемите организации. Ал Каеда сè повеќе дејствува на овој начин и припојува кон себе групи што се толку мали што е тешко да се дефинираат како организации. Еден таков пример е Мадрид, каде мала група локални екстремисти очигледно ги планираа и ги извршија бомбашките напади во координација со лидерите на Ал Каеда. Друг пример е Ирак, каде Абу Мусаб Заркави организираше сопствена операција, изврши неколку поголеми операции, стекна јавна поддршка од Осама бин Ладен и потоа го закачи името на својата организација до Ал Каеда во Ирак.[105]

До 2005 година, Ал Каеда и нејзината мрежа (AQN) содржеа најмалку 29 различни групи што се борат за распространување на исламот во земјите од Азија до Северна Африка. По објавувањето на нивната позната фатва, од 1998 година бројот на напади што ги извршија тие и нивните сојузници постепено порасна од 12 до над 146 во првите шест месеци само од 2005 години.

Во текот на истиот период, нивните вештини драматично се зголемија. Според запишаните податоци за сите терористички напади во периодот, мрежата на Ал Каеда извршила 24% од вкупниот број жртви, убивајќи или повредувајќи повеќе од 27000 лица (Табела 6).

---

[103] David Aron, *Three years after: next steps in the War on Terror*,Rand Corporation, Santa Monica, 2005, стр. 4.
[104] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006, стр. 151.
[105] Weaver Anne Mary, "The Short, Violent Life of Abu Musab al-Zarqawi", June 8, The Atlantic, 2006, достапно на http://www.theatlantic.com/doc/200607/zarqawi датум на пристапување 12.01.2010 година

**Табела 6: Мрежата на Ал Каеда VS сите други**

| Година / Преглед | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Инциденти –Ал Каеда** | 19 | 11 | 18 | 26 | 33 | 55 | 166 | 375 | 224 | 927 |
| **Жртви – Ал Каеда** | 5770 | 245 | 84 | 5667 | 1400 | 1944 | 4323 | 6063 | 1609 | 27105 |
| **(AQN) Преглед на жртви** | 56% | 7% | 3% | 52% | 14% | 23% | 27% | 28% | 6% | 24% |
| **(AQN) Преглед на инциденти** | 0% | 4% | 21% | 0% | 2% | 3% | 4% | 6% | 14% | 4% |

*Извор: RAND – MIPT Terrorist Incident Database*

Со извршувањето на двата најзначајни терористички напади во историјата, кои предизвикаа над 5000 жртви во 1998 година во Кенија и над 3000 во Њујорк и Вашингтон, организацијата најави дека ќе следат уште напади. Во меѓувреме, годишното дејствување на нејзината мрежа драматично порасна во периодот меѓу 2001 година и 2005 година, кулминирајќи со 26% од сите предизвикани жртви. Во 2002 година мрежата беше одговорна за скоро 14% од вкупниот број жртви таа година. Интересно е што дејствувањето на мрежата даде мешани сигнали во 2006 година, остварувајќи голем број напади, но во голем степен намалувајќи го бројот на жртвите.

Корпоративната визија на Ал Каеда може да се припише на секое движење што ја споделува клучната цел за отстранување на секуларните, или едноставно, само на неисламските влади од муслиманските земји. Не се работи само за матична организација. Ал Каеда и нејзината мрежа претставуваат глобална револуција. Освен тоа, организацијата не е само чисто религиозна. Со својата дефинирана слика на идна влада, како што е објаснето во муслиманското учење, кое што се распространува на голема географска територија, групата може, исто така, да се смета и за сепаратистичка/националистичка, дури можеби и за револуционерно или дисидентско движење. Ал Каеда никогаш не премина преку секуларно-религиозната поделба, бидејќи беше создадена токму на средина, и како таква може да го користи како своја база на поддршка големиот број

верници во исламскиот свет кои го делат својот сон за силен и обединет муслимански свет и за враќањето на возвишеноста на Калифатот.[106]

На крај, структурата на организацијата може да претставува желба на која било успешна франшизна организација што поседува акции од бизниси клучни за да се финансира и да се одржи мрежата со маркетинг агентите и регрутирањето спроведено од страна на оние што пропагираат низ светот, во џамиите и во медресите. Ал Каеда и нејзината мрежа претставуваат модел на комерцијализирана борба и политичко насилство, во буквална смисла: инкорпориран тероризам (Terrorism Incorporated).[107]

Ако ги разгледуваме и ги анализираме тактиките на терористите, ќе заклучиме дека терористите ги напаѓаат своите цели на многу различни начини. Несомнено кога екстремист што дејствува во насока на заштита на животната средина кога ќе изврши напад врз некоја градежна фабрика, со цел да ја истисне индустријата, материјалната штета е голема, но според податоците, овие напади ретко резултираат во директна загуба или дури повреда на животи. Кога терористите самоубијци се детонираат во автобуси, сепак, материјалната штета и цената на животот достигнува огромни размери.[108]

Навистина, долгогодишните податоци покажуваат јасна дистинкција меѓу оние тактики што предизвикуваат големи жртви или оштетување на имотот и оние што ги причинуваат двете; со тек на време, терористите сè повеќе се одлучуваат да вршат бомбашки напади.

Процентот на жртви во неконвенционални напади, барикадни/заложнички ситуации, киднапирања лица, атентати и бомбашки напади, се зголеми, додека во напади со киднапирања и вооружени напади се намали (табела 7).

---

[106] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006, стр. 77.

[107] Whittaker J. David, Terrorists and terrorism in the contemporary world,Routledge, 2004, стр. 33.

[108] Schröfl Josef , Schubert R. Samuel , *The asymmetric power of terrorism*, Issue 16 , *(Landesverteidigungsakademie)* - Political Science – 2005, стр. 97.

**Табела 7: Споредување на процентот на жртви според тактиката (1968-1997 наспроти 1998-2006)**

| Тактика | 1968-1997 | 1998-2006 | % | Најново време |
|---|---|---|---|---|
| Висок степен на неконвенционални напади | 0 | 1773 | | се зголемува |
| Барикади/заложници | 7.12 | 36.65 | 415% | се зголемува |
| Низок степен на неконвенционални напади | 0.63 | 2.67 | 324% | се зголемува |
| Киднапирање | 0.33 | 0.95 | 188% | се зголемува |
| Атентати/убиства | 1.28 | 2.02 | 60% | се зголемува |
| Бомби | 5.08 | 6.44 | 27% | се зголемува |
| Арсен | 1.06 | 0.6 | -43% | се намалува |
| Вооружени напади | 7.21 | 3.07 | -57% | се намалува |
| Киднапирања/грабнувања | 4.18 | 1.03 | -75% | се намалува |

*Извор: RAND – MIPT Terrorist Incident Database*

Ако ја споредиме примената на различни техники во периодот 1998-2006, се појавува јасна слика за трендот во изборот на тактиката. Примената на бомбашки напади ја задржува својата позиција со најголем дел од нападите, иако, изненадувачки е фактот дека процентуалната застапеност на овие напади се намалува со текот на времето. Важно е дека атентатите, кои растеа во периодот меѓу 1999 година и 2002 година, го достигнаа врвот во 2003 година, по што забележуваат драматичен пад. Другите тактики, вклучувајќи ги киднапирањата, никогаш не ја поминаа маргината од 400 напади годишно, и заедно никогаш не ја достигнаа стапката од 20% од тактиките што се применуваат секоја година во овој период. Всушност, до 2004 година, бомбашките и вооружените напади заземаа скоро 80% од вкупниот број на сите терористички напади и никогаш не беа застапени со помалку од 65% во тој период. Освен тоа, ако се насочиме единствено кон бројот на нападите, можеме да забележиме дека вооружените напади годишно се зголемувале за 17 пати, додека, бомбашките кои во 1998 година беа за шест пати побројни во споредба со последните, се зголемиле тројно.[109]

---

[109] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006, стр. 159.

Ако го разгледаме бројот на жртвите во тој период, се појавува слична слика. Повторно, најголемиот број жртви се должат на бомбашките напади, како според бројност така и изразено во проценти. Со исклучок на бројката на жртви во 2001 година, која се должеше на неконвенционалните напади, стапката на сите жртви предизвикани од бомбашките напади никогаш не се симна под 80% и заедно со вооружените напади едвај се намали под 8%. Всушност, во тој период само со бомбашките напади беа убиени или повредени четири пати повеќе лица отколку со следниот по бројност вид напади и три пати повеќе отколку со сите други тактики заедно, вклучувајќи ги и нападите од 11 Септември. Ако ги разгледаме податоците, можеме да забележиме дека бројот на жртвите предизвикани од бомбашките напади, од 1999 година се зголемил за повеќе од четири пати. Оттука, кога ги анализираме трендовите во тероризмот, или кога бараме стратегии за справување со него, студијата/анализата на бомбашките напади мора да биде во основа на идните истражувања.[110]

Бомбашките напади се особено опасна тактика за цивилното население. Тие се настани со моментално дејство и силно влијание и ги разнишуваат основите на чувството за безбедност во општеството, го застрашуваат населението и го принудуваат да бара безбедност од властите по која било цена, вклучувајќи ги и нивните тешко заработени граѓански слободи. За разлика од пожарите или дури и вооружените напади, кои би можеле да се вклучат во „криминалниот домен“, бомбашките напади се неизбежно смртоносни и скоро е невозможно да бидат спречени.[111] Достапноста до воените експлозиви, само ја влошува ситуацијата. Најмалку 20 активни домашни или меѓународни конфликти беснееја на планетата на почетокот на 2005 година. Овие конфликти обезбедија солидна почва за тренинг и снабдување со оружје, бомби и експлозивен материјал за терористичките организации. Ако го парафразираме Хофман, *ако некој може да си го дозволи, може и да го добие.* Покрај тоа, производството на бомби, е сè подостапно и поедноставно. Произведувачот на бомби –

[110] Schröfl Josef , Schubert R. Samuel , *The asymmetric power of terrorism*, Issue 16 , *(Landesverteidigungsakademie)* - Political Science – 2005, стр. 104.
[111] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006, стр. 160.

терорист може да влезе во продавниците за хардвер и да купи електронски компоненти, вклучувајќи коло, жици, антени и телефони од кои сите можат да бидат интегрирани со воените експлозиви; да активира гранати и мини за да создаде импровизирани експлозивни направи. Ваквите направи можат да бидат разурнувачки врз цивилниот и воениот персонал, како што можеше да се забележи скоро секој ден во Ирак, од инвазијата во 2003 година.[112]

Навистина, терористите самоубијци можат да бидат претходница на меѓународен тероризам, со деструктивно дејство во градовите во светот. Како метод за убиство, тие се ненадминливи. Како стратегија за асиметрична војна, скоро е невозможно да бидат запрени.

Модерното доба на теророт со самоубиствени напади започна во 1983 година кога претходниците на Хезболах во Либан запалија камион натоварен со експлозиви во касарна на американските трупи. Тогаш животот го загубија 241 маринец. По кратко време силите на САД и на Франција беа принудени да се повлечат. Тамилските тигри од Шри Ланка го согледаа успехот од овој метод и во 1987 година, започнаа своја сопствена кампања против владата во Шри Ланка. Во текот на 1980-тите Тигрите го трансформираа методот во наука, разработувајќи различни техники, почнувајќи со велосипеди сè до нуркачи. Ал Каеда го доусоврши овој метод.[113]

Од средината на 1990-тите послабите сили што беа вклучени во асиметрични конфликти против отворените општества ја усовршуваа оваа уметност. Хамас, Палестинскиот исламски џихад, Бригадите на страдалниците на Ал Акса како и либанскиот Хезболах, сите вклучени во тековните борби за независност или револуционерни битки, редовно ги обновуваа нивните вештини и ги рафинираа методите и техниките за испорака. Во периодот меѓу 1998 година и 2004 година имаше најмалку 329 самоубиствени напади, кои причинија над 16000 жртви, во споредба со претходните 17 години кога беа извршени помалку од 100 напади со 2700 жртви. Во двегодишниот период, од 2005 година до 2006 година беа

---

[112] College of international and security stydies, PASS, *"Effective Strategies for Combating Modern Terrorism"*. Book 1 of 2. #3575-E, 2006, стр. 37.

[113] Davis Mike, *A History of the car bomb*, Camberra , Australia, 2007, достапно на http://www.scribd.com/doc/16666459/Car-Bombs датум на пристапување 01.03.2010 година

извршени 543 напади кои резултираа со над 14000 жртви, од кои што повеќе од 400 беа само во Ирак.

Најголемиот развој се случи по инвазијата на коалицијата врз Ирак, која создаде виртуелна лабораторија за самоубистветиот терор. Од почетокот на инвазијата, во текот на 2006 година, самоубиствените бомбашки напади беа спроведени 522 пати одделно. Скоро ниту една цел не беше исклучена од крвопролевањето, вклучувајќи ја џамијата Шиит Аи Аскари, стара еден милениум, која беше бомбашка цел во 2006 година, како и Црвениот крст, чија централна канцеларија беше предмет на удар заедно со четири полициски станици во Багдад, во октомври, 2003 година.[114]

Ако ги разгледаме првите 10 сторители на самоубиствени напади во периодот меѓу 1998 година и 2006 година, можеме да забележиме дека самоубиствениот тероризам не е сведен единствено во доменот на религиозно мотивираните групи. Три од групите, имено Ал Фатах, ПФЛП и Тамилските тигри, се децидно секуларни организации и заедно извршиле 46 самоубиствени напади. Иако останатите седум групи имаат религиозен елемент во својата борба, шест се јасно инволвирани во активно востание и често пати се нарекуваат глобално џихадистичко движење. Сепак, иако голем број од групите се религиозни во својата природа, како што се и нивните поддржувачи, борбата што ја водат, асиметричната војна во која се инволвирани, се чини дека е заедничка одлика меѓу нив. Религијата може и игра улога, но не претставува единствен фактор. Навистина, аргументот на Папе дека самоубиствениот тероризам доаѓа во наплив како резултат на востанијата и на војните, се чини дека во голем степен се совпаѓа со податоците (графикон 1).

[114] *Balthasar Staehelin*, "Iraq: indiscriminate violence increases civilian distress",27-10-2004, достапно на http://www.icrc.org/Web/Eng/siteeng0.nsf/iwpList74/927D51C2698B002AC1256F390047EB87 датум на пристапување 12.01.2010 година

**Графикон 1: Првите 10 активни самоубиствени групи 1998-2006 година**




*Извор: RAND – MIPT Terrorist Incident Database*

Наједноставната причина за зголемувањето на самоубистveниот тероризам би можело да биде тоа што тој функционира. Неодамнешната историја на самоубиствени кампањи открива неколку ограничени победи. Кампањата на Хезболах против Франција и САД на почетокот на 1980-тите, како што е општо познато, ги принуди САД и Франција на итно повлекување од Либан, како и Израел во 2000 година, со што беше ставен крај на 22-годишно воено присуство.[115] Самоубиствената кампања спроведена подоцна против Израел од страна на Хамас и на Палестинската исламска џихадистичка група, суштествено ја наруши спогодбата од Осло и веројатно одигра улога во одлуката на Израел да спроведе еднострано повлекување од појасот Газа. Кампањата на Ал Каеда против САД што беше насочена против дипломатски, цивилни и воени цели во Арабија, во Африка и во САД, се совпадна со брзото намалување на силите на САД во Саудиска Арабија. Дури и во Шри Ланка, годините на самоубиствен терор се одвиваа со иста жестина сè додека не започнаа мирните преговори меѓу Владата и Тамилските бунтовници. Се чини дека онаму каде што самоубиствениот терор се применува повремено, барем во некои делови, се постигнува

[115] Art J. Robert, Richardson Louise, *Democracy and counterterrorism: lessons from the the past*, Washington, 2007, стр. 276.

определена победа. Имено оваа лекција ја научија досегашните терористички групи, а сега и Глобалното исламско востание.[116]

Но сепак, самоубиствениот тероризам не секогаш ќе ја оствари посакуваната цел. Хамас и Палестискиот исламски џихад не се поблиску до целта за создавање нивна сопствена држава отколку до уништувањето на Израел. Хезболах не успеа во создавањето исламска држава во Либан, а Тамилите сè уште немаат целосна автономија. Оттука, се чини дека методот на самоубиствениот тероризам функционира добро за непосредни тактички цели, но се покажува неуспешен на стратегиски план. Успешен е за победа во кампањи, но нема добиено ниту една војна.

Можеби ова е една од причините поради која терористичките организации се обидуваат да ги усовршат своите оружја за напад. Неспособни да добијат, да изградат и да испорачаат модерно вооружување за борба, терористите постојано разработуваат софистицирани техники со кои широкодостапните материјали би ги претвориле во неконвенционално оружје. Трендот во насока на разработување на сè поиновативни форми на водење војна продолжува непречено со години, за што сведочи напредокот со мешањето на вештачкото ѓубре и горивото дизел за создавање високо експлозивни детонации со ниска температура и долго согорување.[117] Во тој контекст, се споменува и примената на малите пловни објекти како торпеда, за прв пат демонстрирани од страна на Тамилските Тигри, а подоцна и од Ал Каеда, со високоуспешни напади врз танкерите за гориво и врз воените бродови. Претворањето на патничките авиони во ракети е само уште еден чекор во оваа насока и нема причина да се верува дека овој тренд ќе исчезне. Освен тоа, постои огромен доказ дека различни групи прават големи напори за да ги добијат потребните материјали за предизвикување

[116] Russell L. Richard, “The Global Islamic Insurgency:Saudi Arabia in its Crosshairs“,CSRC discussion paper 05/46 September 2005, достапно на http://209.85.135.132/search?q=cache:MOLTuO4-CSkJ:kms1.isn.ethz.ch/serviceengine/Files/ISN/43981/ichaptersection_singledocument/3B93E6CF-760C-49B6-9BC8
247EA51E6531/en/03.pdf+Global+islamic+insurgency+have+understood.&cd=1&hl=en&ct=clnk датум на пристапување 12.01.2010 година

[117] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006, стр. 166.

масовни жртви, преку обиди за примена на оружја за масовно уништување.[118]

Фактот дека вакви оружја сè уште не биле ефективно употребени, многу веројатно претставува знак за сложената природа на нивното производство и испорака, отколку за недостаток на намера и волја. Навистина, ниту една група не ги применила „неконвенционалните“ методи во значителен обем, пред сè хемиското, биолошкото, радиолошкото и нуклеарното оружје.[119]

Многу експерти веруваат дека во иднина веројатно ќе бидат применети радиолошките напади. По барање за оправдание од страна на Бин Ладен, во 2003 година радикален саудиски свештеник издаде фатва велејќи дека „ако бомба која убие 10 милиони од нив и изгори толку нивна земја колку што тие изгореле муслиманска земја, е фрлена врз нив, тоа би било дозволиво“.[120] Меѓународната агенција за атомска енергија во својата база на податоци за недозволена трговија содржи список на кој се наоѓаат најмалку 18 потврдени запленувачи на украден ХЕУ или плутониум. Планови за нуклеарна бомба беа најдени во нападнати и освоени места-бази на Ал Каеда во Авганистан. Како што покажаа Бан и Виер, „мала, но посветена терористичка група со ресурси би можела многу веројатно да дизајнира и да создаде барем необработена нуклеарна бомба. А опасноста дека тие ќе можат да добијат нуклеарен материјал потребен за да го сторат тоа е многу реална“.[121]

Сајбер-тероризмот е уште една форма за која многу се зборува, а сепак се работи за форма која е далечна во однос на стратегискиот терор. Позната како Стратегиско информатичко војување (СИВ), во воените и во безбедносните кругови, сè поверојатно е дека може да предизвика масовна смртност или да создаде паника. Современата инфраструктура, почнувајќи од семафорите до централите, од безбедносните системи за заштита од опасните биолошки и хемиски агенси до банкарските и кредитните сметки

[118] Barker J. Craig,*The protection of diplomatic personnel*,Ashgate Publishing, Ltd., Burlington, 2006, стр. 114.
[119] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006, стр. 166.
[120] Gingrich Newt, *Winning the future: a 21st Century Contract with America* , Regnery Publishing, Washington, 2005, стр. 3.
[121] Purkitt E. Helen, *Annual Editions: World Politics 06/07*, McGraw-Hill, 2006, стр. vi.

на скоро секоја индивидуа, може да се применуваат за целите на планирањето на терористички напади и можат во краен степен да бидат претходница во координирањето на повеќекратен напад. Дали преку уништување на комуникациските линии, инсталирање вирус во мрежата за контрола на летови или во системот за регулирање на сообраќајот во еден град, сајбер ударот може да нанесе силен удар и да го втурне во хаос модерното општество кое зависи од технологијата. Освен тоа, оваа асиметрична верзија на сајбер информатичко војување го поседува потенцијалот да биде голем мултипликатор на сила и да им создаде широки можности на терористите повторно со авиони да вршат напади врз кули од големите градови.[122]

Фактот дека терористичките групи ќе применат широк спектар на средства за водење војна е клучен во изучувањето на овој феномен. Ако се земе предвид сѐ што знаеме за нивната софистицираност, капацитетот за учење и развојните трендови, сепак нема причина да веруваме дека терористите нема да прибегнат кон некој или кон сите наброени методи.

Во услови кога терористите сѐ повеќе прибегнуваат кон самоубиствените и неконвенционалните напади, верувањето што постоеше долго време дека „терористите сакаат луѓето да гледаат, а не да умираат" повеќе не може да се смета за веродостојно.

Од досегашната анализа може да заклучиме дека последниот бран на тероризмот, религиозниот тероризам, всушност доведе и до поделба на терористичките организации на религиозни и на секуларни. Според сите анализи на терористичките организации очигледно е дека религиозните терористички организации се далеку поопасни во однос на секуларните. Секуларните, пак, најосновно се делат на сепаратистички и на националистички, кои истовремено се и најопасни.

Доколку се навратиме и ги погледнеме табелите може да се забележи дека одредени сепаратистички, па дури и националистички терористички организации се поврзуваат меѓусебно и по религиска основа. Религиозно мотивираните терористички организации се поефикасни во убивањето и

---

[122] Schröfl Josef, Pankratz Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*,Baden-Baden, 2006, стр. 169.

повредувањето, отколку нерелигиозните, при што заземаат 9 од 10-те врвни места за стапка на жртви. Всушност, 14 врвни групи според процент на жртви кои имале религиозен елемент, убиле 9833 или 69,3% од сите жртви за осум години.

Па така, иако осум од десетте најсмртоносни организации се исламистички, тие се поврзани и со сепаратистичко/исламистички организации. Но она што најмногу загрижува е поврзувањето и обединувањето на религиозните исламистички организации од сиот свет. Така Ал Каеда, на пример, веќе има свои „партнерски организации" на три континенти. Она што на крајот уште повеќе загрижува е поврзаноста на бомбашките напади и на самоубијците со религиозни терористички организации. Најсмртоносните, односно напади со најголем интензитет и човечки жртви се изведени од страна на бомбаши самоубијци кои што најчесто се дел од религиозна терористичка организација. Но, она што радува е дека методот на самоубиствениот тероризам функционира добро за непосредни тактички цели, а се покажува неуспешен на стратегискики план, што би значело дека во иднина е можно да се менуваат методите на терористите. Поради овој факт, Религиозниот бран, кој според одредени теоретичари ќе трае уште најмалку дваесетина години, и понатаму ќе се одликува со нанесување големи човечки жртви и материјална штета од страна на бомбаши самоубијци, но терористите ќе бараат и други методи преку кои ќе се стремат да ги остварат своите стратегиски цели.

### 3.3. Атрибути на транснационалниот организиран криминал

Организираниот криминал е историски феномен кој постои стотици, а во некои случаи, илјадници години во многу различни општества. Но интересно е што за разлика од вообичаениот криминал, вистинскиот организиран криминал, како што ние го дефинираме, не е присутен насекаде. Одредени карактеристики на организираниот криминал се разликуваат во однос на земјите носители и на оние што не го поддржуваат.

Транснационалниот организиран криминал претставува закана за сите нации. Кога организираниот криминал ескалира, економскиот развој,

политичката независност, животната средина, човековата и глобалната безбедност се загрозени.

Транснационалните криминални групи се главните корисници на глобализацијата. Тие се движат лесно преку границите, целосно искористувајќи ја анонимноста обезбедена со новите форми на информатичката технологија, регулативите за банкарската безбедност и тајноста на меѓународните финансии. Работат со многу различни националности или се групираат мултинационално.

Не постои единствено прифатена дефиниција за транснационалниот организиран криминал. Во 1994 година, научниците го дефинираа „меѓународниот криминал" со вклучување кривични дела чие формирање и извршување со директни или со индиректни последици вклучува повеќе од една држава.[123]

Според Конвенцијата за борба против транснационалниот организиран криминал на ОН, организираните криминални групи се во состав од „три или од повеќе лица, формирани за одреден временски период, со координирано дејствување да извршат едно или повеќе тешки кривични дела или прекршоци... со цел да добијат, директно или индиректно, финансиска или друга материјална корист."[124] Експертите веруваат дека транснационалните организирани криминални мрежи значително се разликуваат во структурата, силата, големината, географскиот опсег, обемот и во разновидноста на нивното работење. Џејмс О Финкенауер и Јури А. Воронин коментираат дека во САД, како и во Русија не постои универзално прифатена дефиниција за „организираниот криминал".[125] Општото ниво на криминал во една земја е очигледен примарен услов за појавата на организиран криминал. Земјите со високо ниво на криминал многу почесто се вклучени во меѓународни криминални активности, отколку земјите со ниско ниво на криминал. Тоа е затоа што организираниот криминал и општиот криминал се под влијание на истите

---

[123] Gerhard O. W. Mueller, "Transnational Crime: Definitions and Concepts," *Transnational Organized Crime*, vol. 4, Autumn/Winter 1998.
[124] The United Nations Convention Against Transnational Organized Crime.
[125] James O. Finckenauer, Yuri A. Voronin, "The Threat of Russian Organized Crime", *U.S. Department of Justice Office of Justice Programs*, June 2001, достапно на <http://www.russianlaw.org/roc_doj.pdf>, Датум на пристапување 27.04.2011 година, стр. 2.

фактори. Криминалот е поврзан со степенот на урбанизација и индустријализацијата и социјална дезорганизација, фактори кои произведуваат можности за повеќе криминал. Фактите покажуваат дека поголема е веројатноста организираниот криминал да биде поприсутен во градови и во држави со напредни нивоа на економски развој во однос на руралните. Исклучок е мафијата во руралната Сицилија.

Економскиот развој, индустријализацијата и урбанизацијата ја стимулираат и ја олеснуваат побарувачката на стоки и услуги. Кога постои обилното снабдување на легален, регулиран производ, нема поттик за организираниот криминал да стане добавувач. Кога ја имаме спротивната состојба, најчесто тогаш можеме да видиме зголемување на организираниот криминал што ги исполнува неисполнетите побарувања. Овие побарување може да бидат за дрога, огнено оружје, или за сексуални работници, или тоа може да биде за некоја услуга, како што се обезбедување и заштита или разрешување спорови кога не постои прифатливо законско средство за тоа.[126]

Влијанието на организираниот криминал врз безбедноста, економијата и државната стабилност е повеќестрано. Негативните влијанија на транснационалниот организиран криминал ги генерираат следните појави:

- ⇨ Закана за безбедноста и стабилноста преку зголемување на корупцијата во владите и во приватниот сектор што резултира со пораст на сивата економијата. Во една корумпирана средина транснационалниот организиран криминал ќе се развива сè додека постојат неефикасни судски системи ја поддржуваат корупцијата, а ризикот од затворска казна е многу малку веројатен.[127]
- ⇨ Криминалните активности ги пренасочуваат приходите од јавните проекти, што значи дека државите ќе имаат недостиг од потребните ресурси за основните услуги, како што се

[126] James O. Finckenauer, Yuri A. Voronin, "The Threat of Russian Organized Crime", *U.S. Department of Justice Office of Justice Programs*, June 2001, достапно на <http://www.russianlaw.org/roc_doj.pdf>, Датум на пристапување 27.04.2011 година, стр. 3.
[127] Murat Cokgezen, "Corruption in Kyrgyzstan: Facts, Causes and Consequences", *Central Asian Survey*, March 2004, 23(1), стр.81.

здравството, образованието и безбедноста на своите граѓани. Во Екатеринбург (Русија) државата се смета како виновник за лошата физичка безбедност за нејзините граѓани.[128]

⇨ Бизнисмените се вртат кон криминалот за да си обезбедат физичка заштита за себе и за своите семејства и бизниси. Тогаш криминалот почнува да се прикрива зад фасадата од легитимноста и во свои раце да ги зема работите што се од интерес на заедницата и опстојувањето на државата. Кога во една држава ќе се создадат вакви предуслови за функционирање на криминалот, тогаш таа е доведена до прашање дали ќе биде слаба па дури и пропаднатa држава.

⇨ Транснационалниот организиран криминал и штетите предизвикани од корупцијата ги одвраќа и ги уништува легалните бизниси.

Дестабилизација на регион или на држава често резултира со безбедносни тензии во околни области – земји. Во 1993 година, руската мафија шверцувала 4.4 тони радиоактивен берилиум од регионот Свердловск на Русија до Вилнус, Литванија.[129] Берилиумот бил измешан со радиоактивен ураниум и цезиум, неколку од основните компоненти за изградба на нуклеарно оружје. Руската мафија имала купувач во Австрија за купување берилиум за 2.700.000 $, кој пак имал купувач во Цирих подготвен да плати 24.000.000 $.[130] Во март 2004 година, уапсен е узбекистански криминалец во Душанбе (Таџикистан) кој превезувал 3 грама плутониум, наводно, наменет за црниот пазар. Се претпоставува дека плутониумот бил од Русија.[131]

Транснационалниот организиран криминал има дури и негативни последици за екологијата. Според Луис Шели, редовен коментатор за

---

[128] Yuriy A. Voronin, "Organized Crime: Its Influence on International Security and Urban Community Life in the Industrial Cities of the Urals", Comparative Urban Studies Project Occasional Paper No.17, March 1998, стр. 9.
[129] Atomic Archive, "Information on Nuclear Smuggling Incidents", достапно на <http://www.atomicarchive.com/Almanac/Smuggling_details.shtml>, Датум на пристапување 27.04.2011 година
[130] Yuriy A. Voronin, "Organized Crime: Its Influence on International Security and Urban Community Life in the Industrial Cities of the Urals", Comparative Urban Studies Project Occasional Paper No.17, March 1998, стр.17.
[131] CSIS, "Tajikistan Report", *Russia and Eurasia Report*, Vol. 1, No. 3, March/April 2004, стр.7.

настаните околу меѓународниот криминал, оперирањето на носителите на транснационалниот организиран криминал во евроазиските држави, е организиран во стилот на „брз" профит. Занемарувањето на организираниот криминал во евроазиските држави, доведе до прекумерно рибарење за кавијар, што преку ноќ предизвика сериозна еколошка штета.[132]

Транснационалниот организиран криминал е повеќестран систем што функционира на повеќе нивоа, тој е проактивен и реагира на можностите кои произлегуваат како од домашните така и од странските економии, како и во пропустите или неефикасноста на полицијата и на судството. Транснационалниот организиран криминал создава извори за профит, преку пласирање и недозволена трговија со одредени супстанции, за потоа да го снабдува пазарот што тој го создал. Со тоа го растура легалниот капитален пазар и кога ќе почувствува дека владее со него, почнува да претставува закана за глобалната безбедност, а истовремено предизвикува очај кај луѓето што живеат во внатрешноста на зоните на оперирање на транснационалните криминални групи.

### *3.3.1. Криминал – тероризам, партнерство и трансформација*

Крајот на Студената војна и подемот на глобализацијата истовремено придонесе за порастот на новите транснационални криминални групи. Овие групи станале важни чинители во глобалната нелегална економија центрирана во слабите држави, а државните интервенции во Италија и во САД, го забавиле растот на мафијата и придонел за распад на картелот Меделин во Колумбија.[133]

Подемот на глобализацијата по падот на Советскиот Сојуз, придонел за пораст на транснационалниот криминал. Зголемениот меѓународен транспорт, комуникацијата, мобилноста, на помалите криминални групи им овозможиле зголемен пристап на меѓународните пазари. Покрај тоа, глобализацијата маргинализира и осиромаши многу заедници од земјите во развој, принудувајќи ги да се впуштат во незаконски активности за да

---

[132] Louise I. Shelley, "Transnational Organized Crime: An Imminent Threat to Nation-State?", *Journal of International Affairs*, Winter 1995, 48, No.2, стр.471.

[133] Peter Reuter, "The Decline of the American Mafia," *The Public Interest* (Summer 1995): 89-99; *White Paper on Police 1994*, Chapter IV: Promotion of Measures against Organized Crime Groups: National Police Agency, Government of Japan, 1995: 54-61 reprinted in *Trends in Organized Crime* 1, no.3 (Spring 1996): стр. 49-57.

преживеат. Со падот на цените на суровите производи во глобализираната економија, многу земјоделци, менторирани од страна на дилери со дрога, се свртеле кон одгледување дрога – единствен спас за економски да опстанат. Нивното единствено средство за опстанок го гледале со влез во сивата економија. Останатите ја напуштале нивната заедница, преселувајќи се во далечни богати земји, во потрага по работа за издршка на нивните семејства.[134]

Со крајот на Студената војна, конфликтот помеѓу суперсилите се заврши и започна ерата на помали регионални конфликти што се појавија во Африка, на Балканот и во поранешен Советскиот Сојуз.[135] Во овие нови конфликтни зони, моќните криминални групи заработија многу пари, обезбедувајќи преку своите криминални активности фондови за купување оружје и плати за борците. Оперирајќи на меѓународно ниво, тие ги развија нелегалните пазари со дрога, со луѓе, со оружје и со дијаманти.[136]

Поради нивната алчност тие не сакаат овие конфликти да завршат и да се решат. Во таа смисла, нивните интереси се спојуваат со оние на терористите. Терористите од политички причини сакаат да го срушат постојниот систем на една држава, со што делат заедничка цел со криминалците. И двете групи се базираат на насилство и заедничка цел - неред во државата. Од 1990-тите терминот „пропаднати држави" им се припишува на оние држави во кои што за една влада не може да се каже дека има ефективна политичка контрола во рамките на своите граници зад она што може да се разбере како период на транзиција или повремени граѓански судири. Класичен случај на пропадната држава е Авганистан. Окупирана од СССР во 1979 година, Авганистан стана клучна точка во Студена војна, со тоа што САД обезбедуваа суштинска финансиска и воена поддршка за муџахединскиот отпор. Затоплувањето на односите меѓу САД и СССР го натера советскиот премиер Горбачов да прогласи повлекување на трупите од крвавиот и нерешлив конфликт во 1988 година. Со тоа заврши

[134] Kevin Bales, *Disposable People: New Slavery in the Global Economy* (Berkeley: University of California Press, 2000).
[135] William Reno, "Shadow States and the Political Economy of Civil Wars," in *Greed & Grievance:*Economic Agendas in Civil Wars, op. cit., стр. 43.
[136] Greg Campbell, Blood Diamonds: Tracing the Deadly Path of the World's Most Precious Stone (Boulder, CO: Westview, 2002).

поддржуваната војна меѓу двете сили, но не и конфликтот во Авганистан, каде што продолжија ривалските фракции со граѓанската војна во моќниот вакуум создаден од неочекуваното губење интерес од двете најмоќни земји во светот. Политичките записи од ова за САД во смисла на зголемувањето на антиамериканските терористички групи од муџахедини е добро евидентирано, но Авганистан уште еднаш се покажа како клучно засолниште за глобалната индустрија со хероин. Иронично, но падот на Талибанците, по нападот предводен од САД во 2001 година, придонесе за зголемување на анархијата во земјата и зголемување на извозот на опијати кон Западот и покрај обидите на владата за сузбивање на производството на наркотици.[137]

Криминалните и терористичките организации се борат за да преживеат, сакаат да го прошират својот делокруг на активности, се обидуваат да развијат пософистицирани вештини и тактики, или едноставно бараат надворешна асистенција за специфични, истовремени услуги, наменети за поддршка и експертиза на други лица, дури и ако таквите лица имаат различни филозофски убедувања. Соработката може да им послужи како силен множител за да ги зајакнат своите способности, нивната инфраструктура и зголемување на нивното богатство. Меѓутоа, таквата соработка исто така претставува и голем ризик. Партнерството, во одредени моменти, може да доведе до успешни сојузи, но тие, исто така, можат да имаат потенцијал за сеење семе на недоверба и конкуренција, како и можност за пропусти кои негативно ќе им се одразат. Формирање такви партнерства може да доведат до зголемен надзор и контрола од владини безбедносни агенции, кои во друг случај не би можеле да им посветат посебно внимание и ресурси на индивидуалните активности на овие организации. Генерално, мотивите за соработка помеѓу криминалните и терористички организации се: финансиската одржливост, географскиот развој, персоналната заштита, логистичка поддршка, поддршка на заеднички криминални активности, како и воведување трети страни, за олеснување на организациските цели. На моменти, криминалните

[137] Хју, Питер, *Поим за глобална безбедност*, Табернакул, Скопје, 2009. стр. 263.

активности спроведени од страна на терористите можат да бидат продолжување на идеолошките постулати на групата.[138]

По завршувањето на Студената војна и последователното опаѓање на државите спонзори на тероризмот, криминалните активности станаа главен извор на приходи за терористички групи низ светот. Транснационалниот организиран криминал и корупцијата се теми за кои безбедносните аналитичари сè повеќе вршат истражувања и анализи за тероризмот, а најчесто е разгледувано прашањето како тероризмот и транснационалниот организиран криминал се вкрстуваат и се оддалечуваат. Од гледна точка на терористичките организации, главната мотивација за партнерство и адаптирање кон криминални тактики е одржување и развој на организацијата со цел финансирање и извршување на идеолошките активности.[139]

Напорите за проширување на делокругот на терористички организации може да продуцира слабости кои можат да се искористат од страна на властите. Овие слабости може да доведат до полесно лоцирање и попречување на терористичко-криминалните активности. Од друга страна, со текот на времето, терористичките групи, поради зголемување на нивниот делокруг и трансформација на нивните активности од профитабилна природа, можат да се трансформираат од организација која е главно идеолошки мотивирана во идеолошко профитабилна организација. Некои тврдат дека терористичките групи ги делат особините со бунтовничките групи, кои што се особено мотивирани да учествуваат во криминални активности, исклучиво како извор на финансирање.[140]

Од гледна точка на криминалните синдикати, мотивите за соработка со терористичките организации вклучуваат една единствена заедничка цел, зголемување на финансиската благосостојба на криминалните групи. Многу аналитичари претпоставуваат дека големата желба на криминалните синдикати за пристап до нелегални средства и брзо збогатување, го

[138] John Rollins, Liana Sun Wyler, International Terrorism and Transnational Crime: Security Threats, U.S. Policy, and Considerations for Congress, March 18, 2010. стр. 5
[139] Richard Barrett, "*The Economic Crisis: Al-Qaeda's Response*," Washington Institute for Near East Policy, Policywatch #1485, March 9, 2009.
[140] Karen Ballentine and Jake Sherman, eds., The Political Economy of Armed Conflict: Beyond Greed and Grievance, 2003.

надминуваат стравот од потенцијалните ризици што се јавуваат преку соработка со терористички групи со идеолошка мотивација.[141]

Во некои случаи, одредени криминални групи, особено оние што се релативно помлади, помали и полабаво организирани од традиционално хиерархиските синдикати, станале идеолошки радикализирани и активно спроведувале операции кои не само што резултирале со нелегални профити, туку, исто така, ги исполнувале и целите на терористичките групи. Во друг случај, пониски ешалони на терористичките организации не ги следеле директивите на своите водачи за дистанцирање од криминални организации, па доаѓало до склучување заеднички зделки на претприемништвото. Некои аналитичари сугерираат дека, со оглед на глобалната финансиска криза и неможноста државите спонзори на тероризмот и други традиционални донатори да обезбедат исто ниво на ресурси, како во минатото, може да се случува сè почесто и сè повеќе овој феномен да ја децентрализира природата на терористички групи.[142]

### *3.3.2. Криминалот како продолжување на терористичката идеологија*

За некои терористички групи, криминалните активности се продолжување на терористичката идеологија. За други, преовладува мислењето дека овие активности нема да го оцрнат нивниот легитимитет кај нивните поддржувачи или перцепцијата за духовната чистотата на своите идеали и цели. На пример, мексиканската Запатистичка ослободителната национална армија (EZLN), избра да се воздржи од профитабилна незаконска трговија со дрога што се одвива низ нејзините области на оперирање во јужниот дел на Мексико.[143] Други групи ја гледаат нивната идеологија како компатибилна со одредени видови криминални активности, како што е трговијата со дрога. Револуционерните вооружени сили на Колумбија (FARC) најчесто се наведуваат како ваков пример. Некои

---

[141] Assistant Secretary for Terrorist Financing David S. Cohen Remarks to the ABA/ABA Money Laundering Enforcement Conference, 10/12/2009, Достапно на http://www.treasury.gov/press-center/press-releases/Pages/tg317.aspx Датум на пристапување 28.04.2011 година

[142] John Rollins, Liana Sun Wyler, International Terrorism and Transnational Crime: Security Threats, U.S. Policy, and Considerations for Congress, March 18, 2010. стр. 6.

[143] Chris Dishman, “Terrorism, Crime, and Transformation,” *Studies in Conflict and Terrorism*, Vol. 24, 2001, стр. 44.

аналитичари, сепак, и натаму се скептични дека членовите на терористичките групи од идеолошки причина би се вмешале во криминални активности. Некои тврдат дека терористичките групи се занимаваат со криминални активности, како, на пример, шверц со дрога, не за да привлечат внимание на себе, туку како извор за финансиска поддршка и опстојување на групата. Таквите оправдувања се само за да се избегне реториката на неисполнување на идеолошките цели на тврдокорните терористички групи и да се спречи преминување во криминалните структури на некои од поновите, криминално едуцирани членови. Најновата светска литература ги истакнува радикалните исламистичките оправдувања за ангажирање во криминални активности, почнувајќи од трговијата со дрога до сајбер-проневери и грабежи на банки. Еден од најстарите примери на такво оправдувања е фатвата на Хезболах од 1980-тите која гласи: „Ако не можеме да ги убиеме со пушка, можеме да ги погубиме со дрога.“[144]

Уште поблизок пример е изјавата на Кан Мохамед, еден авганистански Талибанец осуден во САД на две доживотни казни, кој ја оправдува подготвеноста да се продава хероин, бидејќи тој тоа го гледа како форма на џихад: „Дали тоа е со опиум или со пукање, тоа е нашата заедничка цел.“[145]

За некои исламисти, кражбата против оние што не ги делат нивните верски убедувања, се смета за оправдана. За таа цел, духовниот лидер на југоазиската исламистичка екстремистичка група Џемах Исламија (ЈI), Абу Башир Бакар, рекол: *„Ако можете да ја земете нивната крв, тогаш зошто да не го преземете нивниот имот?“*[146]

Слично оправдување, изјавил лидерот терористичката група на Фатах ал Ислам, која е дел од мрежата на Ал Каеда: *„крадење пари од неверниците, од банки и од институции што им припаѓаат на невернички*

---

[144] Rex A. Hudson et al., “A Global Overview of Narcotics-Funded Terrorist and Other Extremist Groups,” Federal Research Division, Library of Congress, May 2002, стр. 10 , Достапно на http://www.loc.gov/rr/frd/pdf-files/NarcsFundedTerrs_Extrems.pdf, Датум на пристапување 28.04.2011 година

[145] U.S. Department of Justice (DOJ), “Member of Afghan Taliban Sentenced to Life in Prison in Nation’s First Conviction on Narco-Terror Charges,” December 22, 2008.

[146] David E. Kaplan, “Paying for Terror,” *U.S. News & World Report*, December 5, 2005.

*режими и земји, се нешто што Алах ни го дозволува да го направиме. Овие пари се одземени од нив и правилно наменети за џихад.* "[147]

Имран Самудра, во својата автобиографија (член на Џемах Исламија), напишана за време на издржување на затворската казна за нападите од 2002 година на Бали, ги охрабрува и ги поттикнува аспирантите за џихад, да се вклучат во хакирање и он лајн измами на кредитни картички, проневери и перење пари.[148]

### *3.3.3. Криминално-терористички алатки*

Следното поглавје ги проширува разновидните криминални активности поврзани со терористичките групи. Ваквите активности спаѓаат во следните категории: прибирање средства преку криминални активности, материјална и логистичка поддршка и корупцијата преку недостатоците во владеењето на правото. Големината на криминалот може да варира од мали кривични дела, како што се повремени кражби на злато или правење на фалсификувани документи, до систематски големи транснационални кривични дела, како што се меѓународната трговија со оружје и со дрога. Ако членовите на терористичката група се вклучени во криминални активности, тие имаат тенденција да бидат вклучени во неколку форми на криминал, често во комбинација на кривични дела од мали и од големи размери и најчесто за различни оперативни потреби. На пример, за Тамилските тигри во Шри Ланка, се знае дека се вклучени во различни форми на криминални активности, вклучувајќи изнудување, трговија со дрога, кредитни картички, измами за социјална заштита, измами за осигурување, сајбер криминал, фалсификување пари, пиратерија на правата од интелектуална сопственост, разбојништво, шверц на луѓе, киднапирање за откуп, како и шверц со оружје.[149]

Одредени региони на светот, се, исто така, особено познати по криминални активности и линкови со терористички групи. Во раните 1980-тите арапските терористи испратиле илјадници припадници од нивните групи во речиси недостапните џунгли на планинските региони помеѓу

---

[147] Matthew Levitt and Michael Jacobson, "Drug Wars," *The New Republic*, January 27, 2009.
[148] Dennis Lormel, "Credit Cards and Terrorists," Counterterrorism Blog, January 16, 2008.
[149] Steven Hutchinson and Pat O'Malley, "A Crime-Terror Nexus? Thinking on Some of the Links between Terrorism and Criminality," *Studies in Conflict & Terrorism*, Vol. No. 12, December 2007, стр. 1102.

Бразил, Аргентина и Парагвај (познатата како три гранична област или како TBA – La Triple Frontera). Тие биле стационирани во терористички кампови, каде што вршеле обука и складирале оружје, надвор од дофатот на локалните полициски сили. Во овие кампови припадници на Хезболах, Ал Гама Ал Исламија, Исламски џихад, Ал Каеда, Хамас и Либанската мафија која работи со дрога, работеле слободно и отворено, во партнерска врска со локалните претставници на организираните криминални групи и корумпираните владини службени лица. Се занимавале со шверц на дрога, оружје, луѓе, фалсификување пари и патни исправи, измами и пиратерија.[150] Западна Африка е уште еден потенцијален регион на криминално–терористичка конвергенција. Во декември 2009 година тројца оперативци на Ал Каеда по потекло од Мали, по четири месеци следење од страна на американската агенција за спречување криумчарење на дрога, беа уапсени во Гана под обвинение за „нарко-тероризам“.[151]

### *3.3.4. Финансирање преку криминал*

Терористичките групи обезбедуваат пари преку криминални активности поради задоволување на сите свои финансиски потреби и поради тоа што потенцијалниот профит направен преку криминал се смета за премногу атрактивен за да се игнорира.[152] Намалувањето на државните спонзорства на терористички организации по крајот на Студената војна, во комбинација со меѓународните безбедносни напори, воспоставени по терористичките напади на 11 Септември 2001 година, извршија притисок врз многу терористички групи да најдат финансиска и материјална поддршка на друго место. Како што владините притисоци продолжуваат да го ограничуваат бројот на традиционалните извори на финансирање на тероризмот, некои терористички организации се свртеле кон нетрадиционалните активности и сојузништва за нелегално финансирање.

---

[150] David Meir-Levi , Connecting the South American Terror Dots, FrontPageMagazine.com | Monday, August 09, 2004, Достапно на http://archive.frontpagemag.com/readArticle.aspx?ARTID=11889 датум на пристапување 29.04.2011 година

[151] Stephen Ellis, The Sahara's new cargo: drugs and radicalism, Apr 14, 2010, достапно на http://pubsub.com/The-Saharas-new-cargo-drugs-and-radicalism-Stephen-Ellis_Citizen-Journalism-Conflict-Democracy-and-government-lgufxTVBStd,98zl6szkBq4E датум на пристапување 30.04.2011 година

[152] Louise I. Shelley, “Addressing the Links of Crime and Terrorism,” Symposium on Global Terrorism and International Cooperation,” Turkey, March 2008, стр. 163. Достапно на http://policy-traccc.gmu.edu/resources/publications/Symposium%20Turkey%202008.pdf датум на пристапување 30.04.2011 година

Ова вклучува извори како што се приватните богати донатори, добротворни невладини организации, како и традиционалните извори поврзани со организираниот криминал.[153]

Многу набљудувачи се согласуваат дека профитот од криминалните активности терористите го сметаат за главен извор на финансирање. Прилично нов тренд и феномен кај терористите, иако истиот не е премногу посакуван и не секогаш се смета за пожелен. Нивото на стекнати противзаконски финансиски средства со криминални активности е делумно непознато, а се должи на тајниот карактер на операциите кои ги изведуваат криминално-терористичките организации и неспособноста на безбедносните агенции да имаат целосен увид за систематски и континуирано да ги собираат и анализираат овие податоци.[154]

Се смета дека гравитацијата кон криминални извори на финансирање претставува природен потег за терористичките групи, кои веќе се вешти во тајно оперативно работење. Со оглед на усовршените способности за тајно работење и избегнување на безбедносните агенции кои работат на откривање и неутрализирање на терористичките групи, криминалот се смета како профитабилен и со низок ризик. Сепак, и во поново време, криминалните активности не можат секогаш да бидат главен извор на финансирање на терористичките групи. Тие се финансирани од приватни донатори со „длабоки џебови“, од личното богатство, од добротворни организации и од корумпирани режими.

Финансиската поддршка преку криминал, исто така, се реализира кога се зема „данок“ или се наплаќа надомест – „рекет“ за заштита што ја даваат криминални групи кои што оперираат во одреден регион или коишто ги користат линковите на терористите. Ал Каеда и Хезболах добиваат финансиски средства од „данокот“ на шверцерските операции со дијаманти во Западна Африка и профит од музичка пиратерија од три граничната

[153] John Rollins, Liana Sun Wyler, International Terrorism and Transnational Crime: Security Threats, U.S. Policy, and Considerations for Congress, March 18, 2010. стр. 9.
[154] U.S. Government Accountability Office (GAO), “U.S. Agencies Should Systematically Assess Terrorists’ Use of Alternative Financing Mechanisms,” GAO-04-163, November 2003. Достапно на http://www.gao.gov/new.items/d04163.pdf датум на пристапување 01.05.2011 година

област во Јужна Америка.[155] Курдистанската работничка партија во Турција (PKK), повремено се финансира со собирање „данок“ од бизниси со криумчарење дрога. Понекогаш криминалните организации што оперираат на „нивниот“ терен самоиницијативно донираат финансиски средства, бидејќи тие имаат симпатии за терористичката кауза. Таков е случајот со кланот Мансур. Станува збор за криминално семејство од Аруба, кое работело со перење пари и криумчарење дрога, а голем дел од финансиските добивки ги донира за Хезболах.[156]

Во неколку случаи, врската помеѓу криминалните форми на финансирање и терористичките групи или поединци може да биде последица на случајност и случајна можност. Средствата за финансирање на терористичките бомбашки напади во 2004 година во Мадрид, делумно биле овозможени од марокански трговци со хашиш. Слично на ова, локациите за производство на колумбискиот кокаин се на територија под контрола на Револуционерни вооружени сили на Колумбија познати како ФАРК. Тие прво ги оданочуваат правците што ги користат дилерите на дрога, за подоцна да ги контролираат поголемите зделки на кокаин бизнисот, за на крајот приходите од дрогата да станат основните извори за финансирање на нивното работење и инфраструктура. Криминалните активности со низок ризик, исто така, можат да бидат извор на финансиски средства за терористичките групи. Тамилските тигри и некои помали ќелии на Ал Каеда, наводно, произведуваат лажни кредитни картички или се вклучени во измами со кредитни картичка.[157] Други терористички субјекти се познати по изнудување пари од сопствената дијаспора во светот, под претпоставка дека нивните иселеници од страв на одмазда нема да пријават извршено кривично дело.[158] Изнуда од дијаспората може да биде значаен и постојан извор на средства. Процените велат дека пред 2001 година една терористичка група собрала до еден милион американски долари во период

[155] Angel Rabasa , “Chapter Seven: The Convergence of Terrorism, Insurgency, and Crime,” in Beyond al-Qaeda, Part 2: The Outer Rings of the Terrorist Universe, RAND Corporation, 2006, стр. 102, 140.
[156] Mark Schapiro, “Big Tobacco: Uncovering the Industry’s Multibillion-Dollar Global Smuggling Network,” The Nation, May 6, 2002. Достапно на http://www.thenation.com/article/big-tobacco датум на пристапување 02.05.2011 година
[157] Steven Hutchinson and Pat O'Malley, “A Crime-Terror Nexus? Thinking on Some of the Links between Terrorism and Criminality,” *Studies in Conflict & Terrorism*, Vol. No. 12, December 2007, стр. 1097.
[158] „Terrorist Financing,” *Financial Action Task Force*, February 29, 2008. стр.18. достапно на http://www.oecd.org/dataoecd/28/43/40285899.pdf датум на пристапување 02.05.2011 година

од еден месец, од иселениците во Канада, во Велика Британија, во Швајцарија и во Австралија.[159]

### *3.3.5. Поддршка и обезбедување при транспорт и шверц*

Криминално логистичките активности се во срцето на многу оперативни терористички групи. Тие често имаат потреба од нелегална набавка на оружје на црниот пазар, криење на финансиските средства преку перење пари, шверц на луѓе преку граница, одржување комуникациски системи кои избегнуваат детекција и воспоставување безбедносна инфраструктура за заштита на операциите. Терористичките групи набавката на оружје ја остваруваат од криминалните групи, преку размена на произведени стоки, како дрога за оружје.[160] ФАРК, на пример, за остварување на своите цели, како што се набавка на оружје и комуникациска опрема, одржува контакти со руски, украински, хрватски и јорданскиот криминални семејства и вооружени групи од повеќе од десетина странски земји. Некои аналитичари се загрижени дека терористичките групи можат да работат и да соработуваат со криминалните групи, со цел да набават оружје и нуклеарен материјал, преку криминалните патиштата на шверцот од Русија преку Кавказ и Централна Азија.[161]

Терористичките групи можат да бидат вклучени во шверц на луѓе и други криминални активности кои вклучуваат транспорт, не само како извор на нивно финансирање, туку и како логистичка поддршка. Како што објаснува извештајот на Комисијата од 11 Септември, терористите употребуваат заобиколни методи да патуваат без да бидат откриени, вклучувајќи користење фалсификувани пасоши и визи, канали за шверц на луѓе, корумпирани владини претставници, емиграција со промена на

---

[159] Kurth Cronin „Foreign Terrorist Organizations“, CRS Report for Congress, February 6, 2004. Достапно на http://www.fas.org/irp/crs/RL32223.pdf датум на пристапување 02.05.2011 година

[160] Eugene Oscapella, *The Relationship Between Illegal Drugs and Firearms*, Department of Justice (Canada), July, 1998. Достапно на http://www.cfdp.ca/terror.htm датум на пристапување 02.05.2011 година

[161] Sonia Ben Ouagrham-Gormley, “An Unrealized Nexus? WMD-related Trafficking, Terrorism, and Organized Crime in the Former Soviet Union,” Arms Control Association, *Arms Control Today*, 2007. Достапно на http://www.armscontrol.org/act/2007_07-08/CoverStory датум на пристапување 02.05.2011 година

идентитетот.[162] „За терористите“, се вели во извештајот на Комисијата од 11 Септември „патните исправи се идентично важни како и оружјето. Терористите мора да патуваат тајно за да се состанат, да тренираат, да планираат или да одредат цели и простор за напад.“[163]

Во друг случаи, криминалните организации ги плаќаат терористички групи за вооружена заштитата и обезбедување на нивните операции или за обезбедување премин на нивните стоки низ територија контролирана од терористите. Јужноамериканските и либански шверцери со дрога, за обезбедување на своите активности регрутирале дел од регионалните терористички групи како „Блескав пат“[164] од Перу и палестинската „Народниот фронт за ослободување на Палестина Генерална команда“, а други, како, на пример, Тамилските тигри и колумбиската М-19, давале безбедносна поддршка на правците по кои се одвива меѓународниот шверц, за заштита од владините полициски сили.[165]

Членовите на Северноафриканската терористичка организација (AQIM) АКИМ – Ал Каеда во исламскиот Магреб, ги обезбедуваат пратките на кокаин низ Сахара за ФАРК – Револуционерните вооружени сили на Колумбија.[166] Постои можност терористичките групи и транснационалните криминални организации, несвесно да се поддржуваат едни со други во криминалношверцерски активности. Терористички групи можат да ги користат истите техники што се користат од страна на криминалните организации за криење, пренос и перење на нивните пари. Заедничките методи на криминалните и на терористички групи, вклучуваат употреба на алтернативни системи на дознака на пари, познати како хавала или хунди,[167] масовен шверц на готовина, перење пари базирано на трговија со стоки со

---

[162] Sara Carter, “Al Qaeda Eyes Bio Attack from Mexico: Seeks White Militias as Allies,” *Washington Times*, June 3, 2009. Достапно на http://washingtontimes.com/news/2009/jun/03/al-qaeda-eyes-bio-attack-via-mexico-border/ датум на пристапување 03.05.2011 година

[163] 9/11 Commission, Final Report of the National Commission on Terrorist Attacks Upon the United States, 2004, стр. 384.

[164] Shining Path (Sendero Luminoso на шпански) е маоистичка бунтовничка герилска организација во Перу. Од страна на Перуанската влада е опишана како терористичка организација. Се наоѓа на листата на терористички организации на Стејт департментот на САД, ЕУ и Канада.

[165] Steven Hutchinson and Pat O'Malley, “A Crime-Terror Nexus? Thinking on Some of the Links between Terrorism and Criminality,” *Studies in Conflict & Terrorism*, Vol. No. 12, December 2007, стр. 1104.

[166] „Arrest Link al-Qaida, Drugs,“ Associated Press, December 19, 2009.

[167] Неформален трансвер систем на пари, пари што се пренесуваат преку мрежа на хавала брокери, кои првенствено се наоѓаат на Блискиот Исток, во Северна Африка, во Јужна Азија и на Рогот на Африка.

висока вредност, вклучувајќи благородни метали и скапоцени камења, како облик на складирани вредности. Друг метод што се користи за премостување на официјалниот финансиски систем е преку курири на огромни суми на кеш, кој вклучува физички транспорт на големи суми на пари од една во друга јурисдикција. Националната стратегија за перење пари на САД од 2007 година, огромните суми шверцувани пари и дрога ги идентификува како „најголемите и најзначајните закани со кои се соочува спроведувањето на законот."[168]

Перењето пари базирано на трговија, опфаќа различни шеми коишто вклучуваат увоз и извоз на стоки за балансирање на сметките. Иако властите во минатото не ставале голем акцент на чувствителноста на меѓународната трговија од перење пари, експертите од неодамна загрижено алармираат за зголемено перење пари од страна на трговците со дрога, терористичките групи, вклучувајќи ги и шверцерите на оружје за масовно уништување.[169] Класичен пример за трговија базирана на перење пари, е Црната берза на пезоси (BMPE)[170], која започнала во 1980-тите, како механизам за колумбиските шверцери на дрога да се разменуваат со валкани долари, за чисти колумбиски пезоси. Во такви случаи, трета компанија ќе купи трговски артикли, како цигари, со „валкани" американски наркодолари, кои ги обезбедиле колумбиски шверцери со дрога, додека профитот од цигарите, што се чисти колумбиски пезоси, ќе одат за шверцерите со дрога. Според процената од 2004 година на американската Агенција за борба против дрогата, преку Црната берза на пезоси, годишно се пере дрога во вредност од околу пет билиони долари.[171]

Други форми на перење пари базирани на трговијата вклучуваат перење преку фалсификувани сметки, кои прикажуваат под или над-вреднување, или општо лажно прикажување на вредноста на трговските стоки, особено во зоните на надворешната трговија. Високата вредност на скапоцените метали и камења, вклучувајќи ги златото и дијамантите, исто така, се смета за атрактивна форма за перење пари базирано на трговијата.

[168] U.S. Government, 2007 National Money Laundering Strategy, стр. 5.
[169] The Wolfsberg Group, "The Wolfsberg Trade Finance Principles," January 2009.
[170] Црната берза на пезоси е мулти милијарди долари вредна колумбиска дрога поврзана со програма за перење на пари, вклучувајќи бизниси лоцирани во САД, Колумбија и ширум светот.
[171] U.S. Government, 2005 U.S. National Money Laundering Threat Assessment.

Таквите скапоцени стоки полесно се транспортираат од готовината и нивната суштинска вредност и количество релативно лесно се манипулира за трговски цели.

### 3.4. Интеракција меѓу тероризмот и криминалот

Не постои единствен модел за интеракција меѓу терористичките групи и транснационалните криминални организации. Врските помеѓу нив можат да имаат многу форми, базирани на различни актери, различни мотиви, цели и предизвици. Постојат многу фактори во одлуката за меѓусебна соработка и партнерство, вклучувајќи ја и желбата за одржливост и развој на организацијата, балансирана со долгорочни стратегиски разгледувања. Во одредени моменти, лидерите на терористичките организации може да одобруваат и да ги насочуваат нивните членови од пониските нивоа да ги прошират врските и активностите со криминалните групи. Во други случаи, хиерархиското раководство може да ги насочи своите ќелии или тимови да бидат самоодржливи, без посебни насоки кои упатуваат кон криминалните извори на финансирање, сè додека формираното криминалнотерористичко партнерство не претставува ризик за терористичката организација и исполнување на нејзините цели. Аналитичарите во голема мера се согласуваат дека врските меѓу терористичките и транснационалните криминални групи, вклучувајќи го и користењето заеднички тактики, е тешко да се идентификуваат или да се потврдат. Обемот и природата на нивната соработка, исто така, варира. Ограничените непотврдени сознанија главно служат како основа за откривање на криминалнотерористичките врски.[172]

Она што е јасно од постојната литература на оваа тема е дека криминално-терористичката врска значително може да се разликува. Во некои случаи, терористите и криминалците меѓусебно си ги „позајмуваат“ тактиките и техниките, но операциите ги извршуваат со „домашни“ ресурси.

[172] John Rollins, Liana Sun Wyler, International Terrorism and Transnational Crime: Security Threats, U.S. Policy, and Considerations for Congress, March 18, 2010. стр. 13.

### *3.4.1. Коалиција помеѓу криминалните групи и терористичките организации*

Терористичките организации функционираат во форма на мрежно поврзани, надворешни алијанси. Повремено, во истата средина остваруваат контакти и соработуваат и со криминалните организации. Овие врски варираат по длабочина и трајност. Некои терористички групи ги гледаат врските со надворешните криминални мрежи како краткорочни „бракови“ од корист, каде што актерите градат моментални бизнис врски. Во други случаи, овие врски се многу поцврсти, па терористичко-криминалните групи креираат трајна коалиција. Во таква коалиција, криминалците и терористите реализираат комплементарни активности, но со посебни улоги. Често, терористите физички ги обезбедуваат криминалците, им обезбедуваат контакти и непречен пристап до шверцерската мрежа. За ова добиваат одреден паричен надомест. Некои аналитичари ова го објаснуваат како паразитска врска, каде што терористите се хранат од криминалните активности и профит, додека криминалците продолжуваат да оперираат без да бидат казнети.[173]

Оваа коалиција останува стабилна, сè додека двете страни имаат корист од соработката. Веднаш штом едната група не ѝ треба на другата, коалицијата можат да се растури или нејзиното значење може да биде намалено за некој од учесниците. Талибанците се пример за бунтовничка организација вклучена во големи терористички активности, која влезе во коалиции со криминалните мрежи.[174]

Според Стејт департментот, Талибанците редовно се поврзуваат со извршени терористички напади врз цивили, врз владини претставници и врз меѓународни невладини организации во Авганистан.[175] На 3 јули 2002 година, во согласност со Извршната наредба 13224, тогашниот претседателот Џорџ Буш ги идентификуваше Талибанците како специјално одредени глобални терористи (SDGT - Specially Designated Global

[173] Steven Hutchinson and Pat O'Malley, “A Crime-Terror Nexus? Thinking on Some of the Links between Terrorism and Criminality,” *Studies in Conflict & Terrorism*, Vol. No. 12, December 2007, стр. 1104.
[174] Треба да се истакне, дека движењето на Талибанците не е монолитно и постојат различни фракции во неговите рамки, со различни нивоа на инволвираност во трговија со дрога.
[175] U.S. Department of State, *Country Reports on Terrorism 2008*, стр.142.

Terrorist).[176] Во јуни 2008 година, Советот за безбедност на ОН, усвои резолуција со која се осудуваат Талибанците за нивните „тековни и повеќекратни криминално-терористички дејства коишто претставуваат причина за смртта на недолжни цивили“.[177] Државниот секретар на САД, Хилари Клинтон, за време на разговорите во Индија во јули 2009 година Ал Каеда и Талибанците ги именуваше како терористи.[178]

Трговијата со наркотици е еден од неколкуте извори на финансирање на Талибанците. Тие се финансираат и од изнудувања, киднапирања, како и од приватни донации на поединци од државите од Персискиот Залив.[179] Иако тврдокорните талибански борци не беа поврзани најдиректно со одгледувањето и дистрибуирањето на опиумот, оставајќи им го тоа на нивните криминални сојузници, сепак тие имаат голема улога во тргувањето со дрога во Авганистан, со околу 3,4 милијарди долари, обезбедувајќи рај за трговците со дрога. Околу 98% од опиумот во Авганистан се произведува во седум провинции во југозападниот дел на државата, кои се наводно под контрола на Талибанците.[180] Процените варираат во однос на важноста на недозволената трговија со дрога, како извор на финансирање на Талибанците. Според извештаите на НАТО и разузнавачките заедница на САД, Талибанците заработуваат од 60 до 100 милиони долари годишно, со своето учество во нарко индустријата.[181] Аналитичарите на ОН, ја прикажуваат сумата од 125 милиони долари,[182] додека Ричард Холбрук, американскиот специјален претставник за Авганистан и Пакистан, во август

---

[176] Report for Congress, Terrorist Financing:The U.S. and International Response, December 6, 2002, стр.5. достапно на http://www.law.umaryland.edu/marshall/crsreports/crsdocuments/RL31658_12062002.pdf датум на пристапување 05.05.2011 година; Office of foreign assets control, specially designated nationals and blocked persons, April 29, 2011. стр. 394. достапно на http://www.treasury.gov/ofac/downloads/t11sdn.pdf датум на пристапување 05.05.2011 година
[177] U.N. Security Council, “Security Council Resolution 1822,” June 30, 2008.
[178] Hillary R. Clinton, U.S. Secretary of State, “Remarks Following ITC Green Building Tour and Discussion,” New Delhi, India, July 19, 2009, достапно на http://www.state.gov/secretary/rm/2009a/july/126206.htm датум на пристапување 05.05.2011 година
[179] CRS Report RL32686, Afghanistan: Narcotics and U.S. Policy, by Christopher M. Blanchard. U.N. Office on Drugs and Crime (UNODC), достапно на http://www.fas.org/sgp/crs/row/RL32686.pdf датум на пристапување 05.05.2011 година
[180] UNODC, “Afghanistan: Opium Survey 2008,” November 2008, стр. 2. Достапно на http://www.unodc.org/documents/crop-monitoring/Afghanistan_Opium_Survey_2008.pdf датум на пристапување 05.05.2011 година
[181] Slobodan Lekic, “U.S. Envoy: Most Taliban Funds Come From Overseas,” Associated Press, July 28, 2009, достапно на http://www.vredessite.nl/andernieuws/2009/week34/07-28_funds.html датум на пристапување 08.05.2011 година
[182] „Afghanistan’s Narco War: Breaking the Link Between Drug Traffickers and Insurgents”, Senate Foreign Relations Committee, Committee Print, S.Prt. 111-29, 111th Congress, 1st Session, August 10, 2009, стр.10.

2009 година изјави дека Талибанците добиваат повеќе пари од симпатизерите во Персискиот Залив отколку од трговијата со дрога.[183] Во меѓувреме, авганистанските власти проценуваат дека половина од запленетиот опиум во земјата има некаква врска со Талибанците.[184]

Експертите оценуваат дека огромната добивката што ја добиваат Талибанците преку нелегална трговија со дрога, има дестабилизирачки ефект врз Авганистан и им овозможува зголемување на нивните капацитети и зајакнување на нивните шверцерски позиции. Од профитот со дрога што го остваруваат Талибанците, преку обезбедување пратки и безбедносна заштита, индиректна добивка има и Ал Каеда заедно со нивните регионални симпатизери. Меѓутоа, ако интересот на некоја од страните опадне, коалицијата помеѓу нив пропаѓа. На пример, во текот на 2001 година, во сезона на растење на афионот, Талибанците еднострано решија да спроведат забрана за производство на опиум, што таа година довело до редукција во производството на опиум до 95%. Идните прекини на соработка би можеле да настанат доколку дилерите на дрога одлучат да ги прекинат врските со локалните талибански команданти. Тоа би се случило ако Талибанците повеќе не бидат во можност да ги обезбедат објектите и правците за испорака на дрога, тогаш тие повеќе нема да им бидат од корист на криминалците – шверцери на наркотици.

### *3.4.2. Терористички организации со периферни врски до криминалните групи*

Некои терористички групи избегнуваат формирање алијанси со криминални синдикати, создавајќи свои капацитети или влегувајќи во партнерството со симпатизери на криминални групи. Сепак, децентрализирани ќелии, тимови, или соработници со периферни врски на криминалната организација можат да бидат вклучени во криминални активности – со или без знаење на раководството. Понатаму, таквите терористички групи може да формираат врски со други терористички групи,

[183] Slobodan Lekic, "U.S. Envoy: Most Taliban Funds Come From Overseas," Associated Press, July 28, 2009.

[184] Gretchen Peters, "Taliban Drug Trade: Echoes of Colombia," *Christian Science Monitor*, November 21, 2006, достапно на http://www.csmonitor.com/2006/1121/p04s01-wosc.html датум на пристапување 08.05.2011 година

кои се повеќе наклонети за партнерство со криминални субјекти или непосредно се вклучени во криминални активности.

Ал Каеда е терористичка организација што не е директно наклонета кон криминални активности и криминални организации. Одредени аналитичари веруваат дека ова е делумно поради тоа што нивното раководство има строги идеолошки верувања и е против одредени криминални активности. Лидерите на Ал Каеда ќе го изгубат својот идеолошки и теолошки легитимитет кон своите приврзаници, ако бидат вклучени во криминални активности што ги повредуваат постулатите на исламот. Ова би можело да биде објаснување зошто врвните оперативци на Ал Каеда не се директно вклучени во нарко индустријата во Авганистан и покрај нивната близина и длабоки врски со Талибанците. Официјалните извештаи на владата на САД тврдат дека не се пронајдени никакви докази за тоа дека Ал Каеда профитира од трговија со наркотици, или пак дека мрежата на талибанските пари од дрога, води до раководството на Ал Каеда.[185] Комисијата од 11 Септември 2001 година, заклучила дека не постојат докази дека Осама бин Ладен, парите во организацијата ги добива од трговија со дрога.[186]

Ал Каеда најголемиот дел од своето финансирање го остварува од богатите донатори и добротворни организации од арапската заедница, особено во Персискиот Залив. Пред нападите од 11 Септември, американската Централна разузнавачка агенција (ЦИА) проценува дека годишниот буџет на Ал Каеда бил околу 30 милиони долари.[187]

Постојат докази дека во екот на глобалната рецесија организацијата немаше финансиски да опстои доколку беше директно вклучена во профитирање од трговија со хероин во Авганистан. На пример, во јуни 2009 година, Мустафа Абу и Бин Ладен ги повикале приврзаниците да донираат пари бидејќи борците биле во недостиг на храна, оружје и други резерви.[188]

Додека раководството на организацијата не е вклучено во криминални активности, нивните партнери се активни. Огранок на Ал Каеда

---

[185] „Afghanistan's Narco War: Breaking the Link Between Drug Traffickers and Insurgents", стр.10.
[186] 9/11 Commission, Final Report of the National Commission on Terrorist Attacks Upon the United States, 2004, стр. 171.
[187] Ибид, стр. 170.
[188] William Maclean, „Al-Qaida's Money Trouble", Reuters, June 15, 2009.

во Ирак, остварува профит преку киднапирање, изнуда и шверцерски врски. Морнарицата на САД во декември 2003 година изјави дека уапсените мажи на еден брод во Персискиот Залив, се фатени со хашиш во вредност од 10 милиони долари, а истрагата покажала дека тие биле со „чисти врски" со Ал Каеда во Ирак.[189] Дополнително, некои аналитичари веруваат дека Ал Каеда може да е инволвирана во нелегален бизнис со дијаманти во Западна Африка, а од неодамна и шверц на кокаин во Западна Африка и Сахара преку Ал Каеда во исламскиот Магреб (AQIM).[190] Додека извештајот на Комисијата од 11 Септември 2001 година објави дека „не видела убедливи докази дека Ал Каеда се финансира со тргување дијаманти", други аналитичари тврдат дека Ал Каеда ги конвертира африканските дијаманти во пари, а потоа во анонимна преносива форма на богатство што се користи за перење пари.[191]

### *3.4.3. Закана од оружје за масовно уништување – Ал Каеда и нејзините можности*

Тероризмот е значаен предизвик за американските воени сили во XXI век. Терористичкото насилство во последниве години се појавува како инструмент на политички обесправените во асиметричен облик на конфликт. Примерите од претходните децении најдобро ја илустрираат ескалацијата на терористичките напади: нападот со автомобил бомба врз Американската амбасада во Либан во 1983 година, Светскиот трговски центар во Њујорк во 1993 година, американскиот воен станбен комплекс на Кулите Кхобар во Саудиска Арабија во 1996, амбасадите на САД во Кенија и во Танзанија во 1998 година и нападите извршени од Ал Каеда во САД на 11 Септември 2001 година.

Очигледно е дека терористите најчесто планираат да организираат и да извршат напади за да се предизвикаат масовни жртви и да го привлечат

---

[189] Thom Shanker, "Navy Seizes Hashish; Sees Ties to Al Qaeda," The New York Times, December 20, 2003 достапно на http://www.nytimes.com/2003/12/20/world/navy-seizes-hashish-sees-ties-to-al-qaeda.html датум на пристапување 08.05.2011 година

[190] Douglas Farah, "Report Says Africans Harbored Al Qaeda," The Washington Post, December 29, 2002. Достапно на http://www9.georgetown.edu/faculty/irvinem/cct510/sources/washingtonpost-africans_al-qaeda_diamonds-12-29-02.html датум на пристапување 08.05.2011 година

[191] 9/11 Commission, стр. 170; Rabasa "For a Few Dollar$ More: How Al Qaeda Moved into the Diamond Trade," Global Witness, 2003 достапно на http://www.globalwitness.org/library/few-dollar-more-how-al-qaeda-moved-diamond-trade датум на пристапување 08.05.2011 година

светското внимание.[192] Важноста на тероризмот и оружјето за масовно уништување (ОМУ) е една од суштинските задачи во Стратегија за национална безбедност на САД, во која се наведува: „Да се оневозможат нашите непријатели да ни се заканувaат нам, на нашите сојузници, како и на нашите пријатели, со оружје за масовно уништување“.[193] Во некласифицираниот извештај на Централната разузнавачка агенција на САД (ЦИА) до Конгресот на САД, е наведено дека повеќето, од над 30 назначени странски терористички организации, имаат изразено интерес за стекнување на оружје за масовно уништување.[194]

Постојат бројни фактори што ги ограничуваат терористите да користат ОМУ. Кај повеќето терористички групи доминираат политичките цели, а своите интереси ги остваруваат преку традиционални, етнички, националистички или идеолошки организации.[195] Употребата на ОМУ е ризична и за терористите и со себе носи можност за тешка одмазда. Меѓутоа, зголемувањето на билансот на жртвите од терористичките напади во текот на последните неколку години доведе до зголемување на терористичкиот фанатизам и ерозија на традиционалните ограничувања што ја негираат употребата на ОМУ. [196] Ал Каеда беше силна терористичка група која оперираше во Авганистан на територијата на слаба држава. Ал Каеда им плаќаше на талибанските министри, за да можат слободно да работат, а Бригадата – 055[197] беше најефикасната борбената сила на талибанската војска. Ал Каеда беше во можност да направи сè што сака без какво било мешање од страна на талибанските власти, а како невладин актер, беше во можност да дејствува надвор од нормативите на државата. Операциите на Ал Каеда во Авганистан вклучувале широка мрежа на терористички кампови за обука, а во некои од нив е спроведено

---

[192] Department of State, *Patterns of Global Terrorism 2001* (Washington, D.C.: Department of State, May 2002), стр. 66.

[193] The National Security Strategy of the United States of America, (Washington, D.C.: The White House, March 2006), стр.1.

[194] Director of Central Intelligence, DCI Weapons Intelligence, Nonproliferation, and Arms Control Center, Unclassified Report to Congress on the Acquisition of Technology Relating to Weapons of MassDestruction and Advanced Conventional Munitions, 1 January Through 30 June 2003 (Washington, D.C., January 2002), стр. 7.

[195] Ehud Sprintzak, “The Great Superterrorism Scare” *Foreign Policy* Fall, 1999.

[196] Department of State, Patterns of Global Terrorism 2000, April 2001.

[197] Елитна герилска организација спонзорирана и обучена од страна на Ал Каеда, која беше интегрирана во талибанската армија помеѓу 1995 и 2001 година.

истражување и се обезбедени услови за инструкции и настава за употреба на хемиски и на биолошки материјали.[198]

Ал Каеда и понатаму останува најголема закана, за можна употреба на нуклеарно, на хемиско и на биолошко оружје. Американската разузнавачка заедница објави дека Ал Каеда се обидува да се стекне со ОМУ. Сознанијата добиени врз основа на спроведени истраги и анализи од воените операции во Авганистан, покажуваат дека Талибанците и Ал Каеда продолжуваат да вршат експерименти за развивање биолошко оружје и добивање радиоактивни материјали за радиолошко оружје.[199]

Има јасни индикации дека дел од актуелните светски џихад групи пројавуваат интерес за ОМУ, подготвеност да го користат, но постојат и индиции дека тие и го поседуваат. Во 1998 година, Осама бин Ладен отворено призна дека интересот за стекнување ОМУ, е негова верска должност.[200] Во едно негово интервју, Осама бин Ладен, изјави: *„Ние не треба да правиме разлика помеѓу војници и цивили. Што се однесува до тоа колку сме загрижени, тие сите се наши цели, и тоа е она што вели фатвата"*. Покрај тоа, портпаролот на Ал Каеда, Сулејман Абу Гаит изјави: *„Ние имаме право да убиеме четири милиони Американци – два милиона од нив деца – да прогониме и повредиме двојно повеќе и да осакатиме стотици илјади. Ние имаме право да се бориме со хемиско и со биолошко оружје, со цел тие да се заразат од фатални и од необични болести од кои боледуваат муслиманите како резултат на американското хемиско и биолошко оружје"*.[201]

Фаќањето на Калид Мохамед откри детални информации за плановите за производство на хемиско и на биолошко оружје. Според запленетите документи, осомничени членови на Ал Каеда поседуваат планови, производствени спецификации за производство на биохемиски агенси, како и потребни материјали за производство на цијанид, а се

---

[198] John Parachini, Putting WMD Terrorism into Perspective, THE WASHINGTON QUARTERLY AUTUMN 2003, стр.8.

[199] Director of Central Intelligence, Testimony before the Senate Select Committee on Intelligence, February 6, 2002.

[200] TIME. (1998, December 23), достапно на http://www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/shows/binladen/who/edicts.html датум на пристапување 10.05.2011 година

[201] Ben N. Venzke and Aimee Ibrahim, *al Qaeda Tactic/Target Brief*, Version 1.5 (Alexandria, VA: IntelCenter, 2002), стр. 8-10.

обидувале да произведуваат антракс.[202] Во декември 2002 година Абу Шихаб ал Кандахари, модератор (во тоа време) на еден исламистички интернет форум (al-mojahedoon.net) објави напис со наслов „нуклеарна војна е решение за уништување на САД", што сигнализираше поддршка на оние што се во раководството на глобалниот џихад за користење нуклеарно оружје.[203]

Од почетокот на деведесеттите години, па до денес, Ал Каеда како и чеченските групи се обиделе да добијат ОМУ, а особено хемиско и биолошко преку ситни кражба, државни спонзорства, и на крај, кога овие средства не вродиле со плод, се обидувале со внатрешно производство. За време на воените операции во Авганистан, од страна на коалициските сили се пронајдени траги од рицин и од антракс, а биле пронајдени докази со видео материјали на Ал Каеда на кои се експериментира со непозната супстанца врз кучиња.[204] Во август 2002 година, за курдската исламистичка група Ансар ал - Ислам (групата наводно имала врски со двете Ал Каеди и Иран, а работела со околу 150 авганистански Арапи) од страна на Би Би Си (BBC News) беше објавено дека имаат тестирано рицин врз домашни животни и најверојатно и врз човек кој подоцна починал.[205]

За политичко-религиозна група, како што е Ал Каеда, желбата за контрола и производството на нуклеарно оружје е двојна. Прво, објавувањето дека се стекнале со нуклеарното оружје ќе има извонредно психолошко влијание врз целната група. Веродостојна закана создадена преку контролирање на нуклеарното оружје, значително ќе ја поддржи секоја политичка цел на терористичката група. Второ, групата може да одлучи дека придобивките од детонирање на оружјето ги надминува вредностите на заканата. Експлозија од таква направа веднаш ќе ги исполни стратегиските цели на групата нанесувајќи разурнувачки удар против

---

[202] Gellman, B. Al qaeda near biological, chemical arms production. *The Washington Post,* (2003, March 23), стр. AI, A10.
[203] Paz, R. Global jihad and wmd: Between martyrdom and mass destruction. *Current Trends in Islamist Ideology 2,* (2005). стр. 74-86.
[204] Robertson, N. „Tapes shed new light on bin laden's network: CNN.com/U.S." (2002). Достапно на http://articles.cnn.com/2002-08-18/us/terror.tape.main_1_al-qaeda-tapes-bin-terrorist-network?_s=PM:US датум на пристапување 10.05.2011 година
[205] BBC News. „Us knew of bioterror tests in iraq" (2002, August 20) , достапно на http://news.bbc.co.uk/2/hi/americas/2204321.stm датум на пристапување 10.05.2011 година

потенцијалниот непријател. Физичката штета ќе биде катастрофална, исто како и огромното психолошко и економско влијание врз преживеаните.[206]

Подеднакво важна е подготвеноста на групата за иновација на нејзиниот ментален склоп. На една терористичка организација која ќе се определи за употреба на ОМУ, ќе ѝ треба високо ниво на технолошка свест, што ќе бара одредено ниво на интеракција со пошироката научна и технолошка заедница. Овој услов за интеракција со надворешни лица може да биде тежок за групи што имаат потреба од изолација, за одржување на нивната организација. Покрај тоа, терористите, а особено нивните раководства, ќе мора да бидат отворени за нови идеи. Членовите ќе треба да се чувствуваат удобно при истакнување свои предлози, преземање иницијатива и испробување нови приоди. Во многу терористички организации, контролата и потиснување на поединецот се од суштинско значење, а врз различноста на ставовите и мислењата, се гледа како закана за безбедноста и стабилноста на групата. Конечно, терористичка група што размислува за нуклеарен тероризам ќе треба да го согледа како позитивен ризикот што произлегува од таква операција, бидејќи тоа ќе ја стимулира и ќе ја солидаризира групата.[207]

Со определување за водење нуклеарен тероризам, терористичките групи се движат по слепа улица. Сè додека се противат на иновации, тие ќе продолжат да ги користат традиционалните методи, но со глобализацијата и подемот на модерната технологија, како и со новите радикални лидери, се наметнува неопходноста за примена на пософистицирани методи при извршување на терористичките напади. Одлуката за извршување нуклеарна терористичка операција, од нив ќе побара нови капацитети во поглед на персонал, опрема и материјали, вклучувајќи нови вештини, знаење и развивање нови планови и мрежи. Сите овие иновации би претставувале нови непознати предизвици, заседи и ризици.

---

[206] Alexander Kelle and Annette Schaper, “Terrorism Using Biological and Nuclear Weapons: A Critical Analysis of Risks After 11 September 2001,” PRIF Report No. 64, Peace and Research Institute, Frankfurt, 2003, стр. 28-29.

[207] Adam Dolnik, “All God’s Poisons: Re-evaluating the Threat of Religious Terrorism with Respect to Non-conventional Weapons,” study prepared for Defense Threat Reduction Agency under contract to Center for Nonproliferation Studies, Monterey Institute of International Studies, Summer 2003, стр. 20-22.

## 3.5. Бунтовништво – борба помеѓу слабите и силните, концепт и структура

Денес како главни глобални безбедносни закани можеме да ги идентификуваме четирите типови на недржавни вооружени групи: бунтовници, терористи, паравоени милиции и криминални организации. Овие закани претставуваат директна стратегиска опасност за нациите – држави во светот. Помеѓу овие вооружени групи постојат големи разлики. Разбирањето на тие разлики е од суштинско значење за борба против секој од овие видови на вооружени групи.

Колку и да е стара војната, во исто време еволуирале бунтовништвото и неговите тактики. Без разлика на начинот на кој се одвиваат бунтовите, тие во суштина претставуваат вооружена борба против власта од една или од повеќе групи коишто не можат да ги постигнат своите политички цели со конвенционални методи.[208]

Стратегиите разработени од страна на бунтовничките групи и организациски и оперативно се разликуваат од другите видови на не-државни вооружени групи. Бунтовите се долготрајни форми на неконвенционално војување преку водење борба со нерегуларни воени сили и нелегални политички организации. Бидејќи бунтовничките сили имаат послаба воена моќ од државните владини безбедносни субјекти, бунтовите се карактеризираат со употреба на асиметрична војна како централна алатка за поткопување и соборување на власта. Инструментите на насилство што се користат од страна на бунтовниците се движат од герилски операции, тероризам, саботажа, политички акции, психолошки операции до разузнавачки активности. Бунтовите се борба за власт и за легитимитет, а нивната цел е уништување на моќта и за легитимитетот на владата и во исто време преземање на истите под нивна контрола.[209] И покрај тоа што вооружените напади врз владините институции се клучни за бунтовништвото, клучната битка се одвива во долгорочно освојување на

---

[208] Steven Metz, Raymond Millen, INSURGENCY AND COUNTERINSURGENCY IN THE 21st CENTURY, Strategic Studies Institute, Carlisle, 2004, стр. 2.

[209] NSIC, The National Strategy Information Center, достапно на http://www.strategycenter.org/programs/adapting-americas-security-paradigm-and-security-agenda/glossary-of-key-terms/ датум на пристапување 25.04.2012 година

„срцата и умовите“ на населението, како клучен фактор за победа и трансформација на општеството.[210]

Според Бард О′ Нил, автор на „Бунтовништво и тероризам: во срцето на модерната револуционерна војна“, бунтовништвото е опишано како „свесно користење на политичките ресурси и насилството за уништување, реформулирање или одржување на легитимноста на еден или на повеќе политички аспекти.[211] Според анализите на ЦИА од 1980-тите години, „бунтовништвото е долгорочна политичко-воена активност, насочена кон остварување целосна или делумна контрола врз ресурсите на државата, остварена преку употреба на недржавни воени сили и на нелегални политички организации.“[212]

Според „Водичот за анализата на бунтовништвото“ на ЦИА, се утврдени четири варијации на бунтови што се разликуваат според својата типологија – политичко, воено, традиционално и урбано организирани. Клучните варијабли по кои може да се направи разлика помеѓу нив се идеологијата, мотивацијата, лидерството и нивното минато, организациската структура и оперативната стратегија.

Според нивните аспирации, О′ Нил издвојува неколку различни видови бунтовнички движења:

***Анархистичко***, кое има далекусежни нереални цели. Тие бараат преку насилство и штрајкови да се елиминираат сите институции на системот кои за нив се нелегитимни и непотребни.

***Револуционерно бунтовништво*** *или бунт за рамноправност,* кое има за цел да наметне нов политички и општествен поредок на државата врз основа на систем на вредности. Раководството на овие движења формира централно контролиран апарат или организација, што го мобилизира народот за радикално да ја трансформира социјалната структура во рамките на постојната политичка заедница.

---

210 Colleen Bell, „War by Other Means: The Problem of Population and the Civilianisation of Coalition Interventions“ , Working Paper No 02-09, University of Bristol, стр. 15.

211 Bard E. O'Neill, Insurgency & Terrorism: Inside Modern Revolutionary Warfare, Washington, 1990, стр. 13.

212 Central Intelligence Agency, Guide to the Analysis of Insurgency, стр. 2. достапно на http://www.fas.org/irp/cia/product/insurgency.pdf датум на пристапување 26.04.2012 година

***Традиционално бунтовништво,*** кое има за цел фундаментална промена на политичкиот и на општествениот поредок. Традиционалните бунтови често се идентификуваат како „национални“ и „ослободителни“.[213] Националните бунтови се организираат против власта и нивните разлики во идеологијата, етничката припадност, економската класа и други политички прашања. Од друга страна, на ослободителните бунтовнички движења, цел им се елементите во државата кои ги перцепираат како окупатори. Како класични случаи на бунтовништво во XX век можеме да ги посочиме Виетнам, Малаја, Сомалија, Босна, Сиера Леоне, Конго, Колумбија и Косово.[214]

***Милениумски бунтовни*** се движења кои не планираат да го заменат постојниот систем со нов или со некој од минатите години, туку со режим што постоел во далечното минато и е со вкоренети врски со нивните предци и религијата. Милениумските бунтови се света војна помеѓу силите на „доброто и злото“. Тие по обем се транснационални. Милениумските бунтови имаат многу заеднички елементи со револуционерните бунтови, а главна заедничка карактеристика им е почитта и посветеноста на идеологијата, како одраз на апсолутната вистина и правда. Радикалното исламско движење најчесто се идентификува како милениумски бунт. Најистакнати потомци кои денес се најактивни се припадниците на Муслиманското братство кое е основано 1928 година од Хасан ал Бана и претставува глобално салафи џихад движење.

***Плуралистички бунтови,*** чија цел е револуционерна трансформација на политичкиот систем, во кој се потенцирани вредностите на индивидуалните слободи, права и компромис.

***Сецесионистички бунтови,*** претставуваат обид за отцепување од државата и воспоставување независна политичка заедница.

***Реформистички и заштитнички бунтови,*** се помалку амбициозни во однос на нивните аспирации. Тие се стремат за правична распределба на

---

[213] William Thomson, „The Process of Islamic Radicalization in Intra-State Conflict: Insurgent Grievance and Leadership in the First Chechen War and the Tajik Civil War“, Small Wars Journal, стр. 2. достапно на http://smallwarsjournal.com/sites/default/files/857-thomson.pdf датум на пристапување 26.04.2012 година

[214] Steven Metz, „New Challenges and Old Concepts: Understanding 21st Century Insurgency“, Parameters, 2000, стр. 22. достапно на http://www.carlisle.army.mil/usawc/parameters/Articles/07wnter/metz.pdf датум на пристапување 26.04.2012 година

политичките и на економските добра на системот, а не за радикални преуредувања. За нив пожелно е да го задржат бунтот на статусква, бидејќи од таквиот статус очекуваат да произлезат релативни предности.[215]

Врз основа на горенаведените фактори, можеме да заключиме дека основни карактеристики на бунтовништвото се:

- ⇨ преземање долготрајни политички и воени активности, насочени кон делумно или кон целосно стекнување контрола на територија на една држава;
- ⇨ бунтовниците ги постигнуваат своите цели преку употреба на неконвенционални воени сили и нелегални политички организации;
- ⇨ бунтовниците користат тактики што се движат од герилски операции, тероризам, саботажа на политичка мобилизација, политичко дејствување, психолошки операции, разузнавачки и контраразузнавачки активности.

Секој од овие инструменти на бунтовништвото е дизајниран за да ја ослаби моќта и легитимноста на владината коалиција, а во исто време да ја зголеми моќта и легитимноста на бунтовничката група. Бунтовништвото може да се дефинира како „масовно движење што се стреми да го собори *статус кво* преку субверзија, политичка активност, востание, вооружен конфликт и тероризам". По дефиниција, бунтовничките движења се „подмладоци" на востанијата што се стремат кон соборување на формираните влади или општествени структури. Сите тие се масовни востанија што ги користат оружјата на послабите (субверзија, герила тактики, тероризам) против воспоставената моќ на државите и за конвенционалните воени сили. Голем број од нив, вклучувајќи го и исламистичкиот џихад, ги земаат своите борци од редовите на сиромашните социоекономски групи, а нивното раководство – од отуѓените, радикализирани елити.

Бунтовничката тактика во смисла на асиметрична војна постоела со векови, а теориите за бунтовите биле создавани од страна на теоретичарите како Мао Це Тунг, Т.Е. Лоренс, Во Нгуен Гиап и Че Гевара. Од сите нив

---

215 Bard E. O'Neill, *Insurgency and Terrorism*, Washington, 2005, стр. 19-29.

Мао Це Тунг се смета за татко на бунтовите во XX век. Неговите расправи за герилското војување нудат детаљен филозофски поглед и принципи за спроведување на бунтовничкото војување. Це Тунг користи комбинација на герилско војување, мобилно војување и позициско војување со Кинеската народна армија за крајната победа против владеењето на Чанг Кај Шек.[216] Трифазната „народна војна" или „долготрајната граѓанска војна", беше успешно применета и во Виетнам од страна на Виетконг. Првите две фази се состоеле од политичка организација и примена на војување со герилска тактика, а третата се концентрирала на конвенционално војување, поради намалената воена моќ на владините сили, поради претходните применети тактики на асиметрично војување.[217]

### *3.5.1. Мутирачка природа на бунтовите во XXI век*

Во контекст на глобализацијата и на заживувањето на исламистичката идеологија, војните во Авганистан и во Ирак ни илустрираат колку еволуирале карактеристиките на бунтовништвото во XXI век. Содржината на бунтовничката идеологија премина од марксизам во исламизам. Ова предизвика голем број стратегиски промени во бунтовништвото. Исламските бунтовници не бараат да се исполнат некои практични цели, туку исполнување на тоа што тие го сметаат за нивен верски повик. Што се однесува до стратегиските цели, некои исламистички групи сè уште се стремат за воведување „исламска држава", што подразбира воена победа врз власта во државата, додека други се обидуваат да ја поткопаат власта и да се ослободат од странското присуство. Религиозните лидери се двигатели на политичка мобилизација. Исламизмот повикува на концептот на мачеништво и ветување награди во животот по животот, што резултира со зголемување на самоубиствените напади како многу популарна бунтовничка тактика.

Идеологијата на транснационален радикален ислам што ги внесе бунтовите во XXI век е изразувањето на незадоволството кон САД, во кои

---

[216] Cold Warriors - Mao zedong, Encyclopedia of the New American Nation, достапно на http://www.americanforeignrelations.com/A-D/Cold-Warriors-Mao-zedong.html даум на пристапување 29.04.2012 година

[217] Metz, S., Millen, R., „Insurgency and Counterinsurgency in the 21st Century: Reconceptualizing Threat and Response", Strategic Studies Institute, 2004, стр. 9.

се гледа лидер и главен корисник на неправедниот и неизбалансираниот процес на глобализација.

Глобализацијата сама по себе го трансформираше лицето на бунтовите во последните неколку децении. Последиците од интернет револуцијата, овозможија постоење глобална публика и брз начин за реклама на нивната кауза, привлекување поддршка и создавање „виртуелно светилиште“ за бунтовниците.[218]

Бунтовниците можат да испраќаат видеа на киднапирани лица и извршување убиства речиси моментално, а преку меѓународните мрежи можат да пренесуваат снимки од борбите во реално време. Интернетот се покажа како моќно средство за собирање средства и поддршка не само од локалната туку и од глобалната публика. Оваа психолошка поддршка има големо влијание, бидејќи предизвикува привлекување на вниманието на медиумите и притоа непосредно ја зголемува публиката која е изложена на информирање, создава поголем број можни донатори и претставува дополнување и голема поддршка на бунтовничката мрежа.

Поради медиумите кои претставуваат глобален фактор, мали тактички напади можат да постигнат стратегиски ефект. Затоа на оперативно ниво дифузните и автономни ќелии имаат тенденција да го заменат формалниот организациски маоистички тип на бунтовнички организации. Ваквите бунтовнички формации се приспособуваат на стратегијата на исцрпување и провокации и претставуваат главна карактеристика на бунтовништвото во XXI век. Влијанието на глобализацијата е очигледно во присуството на транснационалниот карактер на модерниот бунт. Директната соработка помеѓу бунтовничките движења е илустрирано преку мултинационалното присуство на Ал Каеда во Пакистан, во Авганистан, во Иран и во Ирак.

Во однос на техничкиот напредок, експлозивните направи кои за прв пат се користеа во Чеченија, многу брзо се размножија во Ирак и во Авганистан. Исто така, употребата на самоубиствени бомбашки напади како оружје значително се зголеми, дури и во местата каде што претходно не

[218] Kilcullen, David, „Counterinsurgency Redux“, Survival, 48, no. 4, International Institute for Strategic Studies (IISS), 2006, стр. 3.

постоеја како воена тактика. Ова може да се припише на преголемата изложеност на глобалните медиумски мрежи, на бунтовнички групи што традиционално ги користат овие тактики на самоубиствени бомбашки напади.

Во минатото најзначајна компонента на бунтовите била нивната доминантна рурална компонента. Причината е јасна, бунтовниците морале да се кријат во руралните области за да преживеат. Денес е очигледна една нова мутирана рурално урбана бунтовничка кампања. Класичната теорија за бунтовите како примарен го третира бунтот во руралните области, додека урбаниот бунт се смета како поддршка на изведената акција (Виетнам, Малаја или Ирската граѓанска војна). Бунтовничките кампањи во кои се вклучени урбани елементи се Аден, Алжир, Кипар и Палестина. Но, тие на крајот имале доминантна рурална компонента, бидејќи прикривањето е подобро и полесно во руралните области.[219]

Но денес оваа практика во случаите со Ирак и со Авганистан е мутирана. Урбаната џунгла во Багдад и во Кабул, со нивните забранети небезбедни области и секташки сиромашни квартови, овозможуваат далеку полесно и подобро прикривање и маскирање отколку отворените пустини надвор од долините на реките Тигар и Еуфрат или населените пустини и шуми во Авганистан. Инцидентите во Авганистан и во Ирак почесто се случуваат во урбаните центри со подметнување експлозивни направи и предизвикување многу цивилни жртви, отколку во приградските населби.

Овие изведени терористички напади се со помал обем и се краткорочни, исто како и во традиционалните бунтови, но во овој случај напаѓачите се вклопуваат во урбаната средина и секогаш се присутни на теренот. Медиумското присуство, исто така, е поголемо во градовите, дополнително разгорувајќи ја пропагандата за применетите тактики, предизвикувајќи страв и шок кај населението и противничките сили. Како одговор на овие урбани напади, во немоќ, од страна на владините сили се преземаат традиционални противбунтовнички методи како блокирање и претрес на села, полициски час и контрола на намирници и храна. Во Ирак и

---

[219] Robert Thompson, „Revolutionary War in World Strategy 1945-1969“, Taplinger, New York, 1970, стр. 21.

во Авганистан наидоа на остри критики, поради дополнително влошување на состојбата во урбаните средини и зголемената негативната пропаганда од страна на медиумите.[220]

Интернетот, мобилната телефонија и телевизиската покриеност, овозможуваат мрежна координација, при што од корен се менуваат бунтовничките тактики. Тајните весници, пиратски радиостаници и плакати, се користат во руралните места, каде што нема мрежна покриеност на теренот. Модерните бунтовнички тактики масовно како тактика користат бомбашки, наместо традиционалните рурални заседи. Импровизираните експлозивни направи (IED) и самоубиствените бомбашки напади ги заменуваат класичните напади што се изведуваат со огнено оружје. Со оваа промена во тактиките намален е ризикот за жртви и не е потребен голем број борци за да се изведе акцијата.

Можеме да заклучиме дека денес бунтовите значително се разликуваат од оние во 1960-тите. Примената на модерната технологија и преминувањето од рурално во урбано бунтовништво, тешко може да се сузбие со традиционални методи. Класичната противбунтовничка борба е неопходна, но не е доволна за успех против современите бунтови.

### *3.5.2. Ал Каеда помеѓу тероризмот и бунтовништвото – спротивставени парадигми*

Ако детално ги проучиме терористичките организации и бунтовничките движења, ќе откриеме важни разлики меѓу нив. Во 1960-тите години „тероризмот" се користел како погрден збор за да ги дискредитира и да ги делегитимизира различните типови на вооружени групи. Прекарот „терористички" беше користен од страна на владите за пропагандни и политички цели во војната против бунтовничките движења. Целта им била да се обезвредни угледот на движењето, да се прикаже нивната кауза како нелегитимна и да се прикаже дека нивните методи се надвор од законите на војната. Како илустративен е примерот од 1960-тите кога администрацијата на САД ги оквалификува бунтовниците на Виетконг за терористи.[221]

---

[220] Paul Williams, „Security Studies: An Introduction", Taylor & Francis, New York, 2008, стр. 396.

[221] Carol Winkler, „In The Name Of Terrorism: Presidents On Political Violence In The Post-world War II", Era SUNY Press, New York, 2006, стр. 18.

Во 1970-тите, голем број бунтовнички групи, во нивното дејствување се потпираат на терористички тактики. Како пример за тоа е бандата на Бадер Маинхоф-фракција на Црвената армија, италијанските Црвени бригади и јапонската Црвена армија. Тие немале посебна желба за да се воспостави масовно општествено движење, туку напротив овие бунтовничко-терористички групи биле составени од мали ќелии на издвоени поединци вградени во општеството. Нивните клучни карактеристики биле:

- ⇨ преку закани или употреба на насилство сееле страв за остварување политички цели,
- ⇨ терористичките акти биле дизајнирани да имаат застрашувачки психолошки ефект што ќе се вкорени во поширокатa публика,
- ⇨ сè почеста цел биле недолжни цивили и други субјекти кои според меѓународните норми имале статус на заштитени поединци и групи.

Според овие карактеристики можеме да забележиме дека постои разлика меѓу терористичките и бунтовничките методи на дејствување. Важна разлика постои во поглед на целите и на тактиките. Меѓутоа, бунтовничката употреба на насилство може да вклучува и терористички акти. Но, исто така, тие се потпираат на тактика на герилска војна, водена од неконвенционални мали единици, кои извршуваат напади против државните субјекти и безбедносните сили, за да ги вознемират и изморат, принудувајќи ги притоа да ги потрошат своите ресурси.

Бунтовничките групи користат разни видови политичко тактизирање за да ја пренасочат моќта во државата. Тие тоа може да го сторат од револуционерни цели како што е опишано погоре – да го заменат или да го соборат постојниот општествен поредок. Исто така, нивните аспирации можат да бидат воспоставување автономија на дел од територијата и повлекување на окупаторската власт. Овие разлики графички се претставени подолу во дијаграмот, на кој може да се забележи дека постојат преклопувања помеѓу тероризмот и бунтовништвото, но, исто така, постојат и големи области каде што тие не се вкрстуваат (Слика1).

**Слика 1: Разлики и вкрстувања помеѓу тероризмот и бунтовништвото**




Меѓународниот тероризам, што се појави во 1970-тите, беше инициран од „неидентификувани“ терористички групи, формирани од мали ќелии на отуѓени поединци во западното општество, а не од бунтовнички движења со определени остварливи цели. Иако, постоеле терористички групи кои својата дејност ја базираат на бунтовништво, како Палестинската ослободителна армија (PLA), која од страна на западните разузнавачки служби се смета за една од најважните и најопасните групи на Блискиот Исток,[222] во западната народна култура, почетокот на тероризмот се поистоветува со неидентификуваните ќелии на радикализирани, нихилистички индивидуалци. Оттука, се појави нова парадигма која оттогаш има силно влијание во јавниот дискурс.

Во оваа широкоприфатена концепција, која ја застапуваат многубројни претставници на законодавните институции и креатори на западните политики, терористите се сметаат за нетипични, девијантни индивидуи, кои не се вклопуваат во општеството. Терористите се криминалци, чии методи и цели се подеднакво неприфатливи. Тие применуваат насилство делумно за да го шокираат населението и владите, но и да извршат влијание врз нив, а бидејќи се психолошки или морално грешни (злобни) индивидуи со нив „нема преговарање“. Во оваа парадигма тероризмот е првенствено проблем за спроведување на законот и оттука се применува приод базиран на случај, во кој клучната цел е да се пронајдат и да се фатат оние што ги извршиле терористичките напади.

[222] Drew Middleton, P.L.O. RAIDS: DANGER SIGN FOR MIDEAST; Military Analysis, New York Times); Foreign Desk, June 1, 1983, достапно на http://www.nytimes.com/1983/06/01/world/plo-raids-danger-sign-for-mideast-military-analysis.html датум на пристапување 03.05.2012 година

Оваа парадигма има силно влијание врз приодот и водењето на „војната против тероризмот“, бидејќи зборот „тероризам“ се содржи во неговиот наслов. Оттука произлегува дека примената на тероризмот како тактика е само една издвоена компонента од бунтовништвото, занемарувајќи ги другите аспекти на конфликтот. Неуспехот во победа врз тероризмот и уништување на терористичките групи се доказ за неуспех на водењето „војна против тероризмот“. Меѓутоа, одговорот на Австралија на бомбардирањата на Бали во 2002 беше првенствено фокусиран врз „изведување на терористите пред правдата“ – оттука централната улога на безбедносните агенции беше ангажирање во приод базиран на случај, на легални докази.

Парадигмата за бунтовништво е сосема поинаква. Според овој приод, бунтовниците се сметаат за претставници на прашања или проблеми прифатливи во рамките на едно општество. Владите се стремат кон тоа да ги поразат бунтовниците првенствено преку „освојување на срцата и на умот“ на широката популација, процес кој нужно честопати вклучува компромис и преговори. Методите на бунтовниците се сметаат за неприфатливи, но нивните проблеми често пати се сметаат за легитимни, доколку за нивно решавање се залагаат со мирољубиви средства.

Ова е причината поради која одредени општества честопати ги прифаќаат бунтовите што не применуваат насилство, туку што се стремат кон остварување на целите преку политички средства, како, на пример, оние на Нелсон Мендела и на Гери Адамс. Слично на ова, според оваа парадигма, сметаме дека бунтовниците користат насилство во рамките на внимателно интегрирана политичко-воена стратегија, а не како психопати. Во оваа парадигма, бунтовништвото претставува целокупен владин проблем, а не само воено прашање или проблем од доменот на спроведување на правото. Врз основа на ова, усвоен е приод базиран на стратегија за спротивставување на бунтот, каде клучна цел е пораз или маргинализирање на бунтовничката стратегија, а не „фаќање на сторителите“ на конкретните дела. Во Табела 8 накратко се прикажани принципиелните разлики идентификувани меѓу парадигмите на тероризмот и на бунтовништвото. Сепак, како што се забележува, парадигмата за тероризмот во голема мера

претставува популарен стереотип, а не анализа што ја споделуваат повеќето аналитичари, кои тероризмот го сметаат за подгрупа на бунтовништвото.

**Табела 8: Тероризмот и бунтовништвото како спротивставени парадигми**

| ТЕРОРИЗАМ | БУНТОВНИШТВО |
|---|---|
| Терористот се смета за девијација што не претставува ништо/никого | Бунтовникот ги претставува подлабоките проблеми во општеството |
| Нема преговори со терористи | Клучно е да се освојат „срцата и умот" на луѓето |
| Методите и целите се подеднакво неприфатливи | Методите се неприфатливи, целите – не задолжително |
| Терористите се со психолошки и морални недостатоци, со персонални (психопатски) склоности кон насилство | Бунтовниците применуваат насилство во рамките на интегрирана политичко-воена стратегија – насилството е инструментален, не централен дел во нивниот приод |
| Тероризмот претставува проблем во доменот на спроведување на правото | Бунтовништвото е проблем на владата |
| Противтероризмот применува приод базиран на случај фокусиран на фаќање на сторителите на терористичките дела | Противбунтовништвото применува приод базиран врз стратегија фокусиран на совладување на бунтовниците |

*Извор: David Kilcullen, Countering Global Insurgency, The Journal of Strategic Studies, Vol. 28, No. 4, 597 – 617, August 2005*

Од горенаведеното произлегува дека парадигмата за бунтовништвото дава подобар ментален модел за тековните конфликти отколку што тоа го дава стереотипот на тероризмот. Тековните акции во „војната против тероризмот" се несразмерни, доколку се разгледуваат низ призма на парадигмата на тероризмот. Некои акции (како меѓународната соработка во доменот на спроведување на законот и на акциите за спречување на финансирањето на тероризмот) прецизно се совпаѓаат со парадигмата на тероризмот, додека други (војната во Ирак и во Авганистан, иницијативите против пролиферација, растечкото влијание во Централна Азија, задржувањето на Северна Кореја и Иран) се сомнителни и неповрзани со антитерористичката агенда. Доколку се разгледува низ призмата на борба

против бунтовништвото, овие акции сосема имаат смисла. Тие прецизно влегуваат во состав на трите текови од класичната борба против бунтовништвото – помирување, освојување на срцата и на умот на граѓаните и спречување на создавање прибежиште и спонзорство однадвор.

Како пример ќе ја земеме кампањата на САД во Ирак. Таа се стреми за реструктурирање на сцената што го создаде *џихадот* со отстранување на антидемократските тенденции што се причина за исламистичкиот немир (пацификација). Исто така, се осврнува и кон основните проблеми посочени од Ал Каеда во нејзината Декларација за војна[223], кои во голема мера беа поврзани со режимот на санкции воведени против Ирак во времето на Садам (освојување на срцата и на умот). Воената акција против Ирак, предизвика отстранување на американските трупи од Саудиска Арабија (друг клучен проблем за Ал Каеда) и прати клучна порака до државите кои го поддржуваат тероризмот (откажување прибежиште и поддршка).[224] На стратегиско ниво, кампањата во Ирак, им дозволи на западните сили да се борат против џихадот во земја по нивен избор. Ова на Западот му ја даде стратегиската иницијатива – џихадистите се фокусираа врз Ирак, а не врз директни напади на Западот. Според горенаведеното, војната во Ирак несомнено подобро се вклопува во парадигмата на „борба против бунтовништвото“ отколку во парадигмата за традиционалната „борба против тероризмот“.

Традиционално, бунтовите се внатрешни конфликти. Нивната цел е промена на власта во рамките на границите на една нација. Меѓутоа нивните операции можат да преминат и на териториите на соседните држави, од каде што ќе добијат поголема поддршка отколку во рамките на сопствената територија. Преку анализа на Ал Каеда и нејзиното глобално дејствување, нејзините активности можеме да ги дефинираме како глобално бунтовништво. Концептот на глобален бунт ќе го тестираме со истите принципи како традиционалното бунтовништво.

---

[223] Jihad Against Jews and Crusaders, World Islamic Front Statement, 23 February 1998, достапно на http://www.fas.org/irp/world/para/docs/980223-fatwa.htm датум на пристапување 03.05.2012 година
[224] David Rennie, America to withdraw troops from Saudi Arabia, The Telegraph, 30 Apr 2003, достапно на http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/middleeast/saudiarabia/1428786/America-to-withdraw-troops-from-Saudi-Arabia.html датум на пристапување 03.05.2012 година

Која е целта на бунтовите: промена на структурата на моќ, соборување влади, промена на општествен поредок. Која е целта на Ал Каеда?

Прво, групата е радикално сепаратистичка. Ал Каеда се стреми да го сочува и да го шири пуританскиот, строгиот фундаменталистички ислам со изолирање од модерната западна култура. Само со елиминирање на искушението на западните идеи, исламската заедница на верници може правилно да му служи на Алах. Во блиска иднина, ова би значело протерување на сето западно присуство од Арабија, што значи потреба од чистење на исламските земји од западното влијание. Строгиот исламски свет, дизајниран од Ал Каеда, неибежно ќе се најде во судир со западните идеи. Тоа значи дека ќе биде неизбежен судирот помеѓу сепаратистичката идеологија на Ал Каеда и современиот демократски поредок.[225] Ал Каеда сама по себе не се обидува да се оддели од одредена влада, таа се обидува да го оттргне и да го одвои исламот од западното политичко, верско и културно влијание. Ова секако претставува промена во структурата на глобалната светска моќ. Кој е мотивот на Ал Каеда?

Идеологијата е од клучна важност за опстанокот на еден бунт. Таа претставува инспирација за извршување терористички напади. Во текот на својот живот Осама бин Ладен, (а денес неговите заменици), многу јасно ја искажувал мотивацијата на групата преку неговите декларации – фатви од 1996 и од 1998 година за света војна – џихад. Во нив тој го искажува непријателството кон САД како верска должност, што ќе биде наградена од Бога.[226] Постојат многу известувања што ја откриваат идеологијата на групата. Еве некои од нив:

- „Јасно е дека Америка и Западот воопшто, премногу го мразат исламот и муслиманите што тоа не може да се опише. Нашиот тероризам е добро прифатен, бидејќи е против Америка, а со поразување на Америка ќе престане и поддршката за Израел кој ги убива нашите деца (изјава на бин Ладен октомври 2001).“[227]

---

[225] John Martin, „Defeating Terrorism: Strategic Issue Analyses“, DIANE Publishing, Darby, 2002, стр. 8-9.
[226] Carlos A. Mojica, „ America and The Will of God“, Xlibris Corporation, Bloomington, 2007, стр. 18.
[227] Suzanne J. Murdico, „Osama Bin Laden“, The Rosen Publishing Group, New York, 2007, стр. 61.

- „Поминаа три месеци од благословените напади против глобалните неверници, против Америка, шефот на неверниците, два месеци од почетокот на волшебната крстоносна војна против исламот, овие настани се од особено значење за муслиманите" (говор на Бин Ладен на 26.12.2001 година).[228]
- „Правото за убивање Американци и нивни сојузници, цивили, војска е индивидуална должност за секој муслиман кој може да го направи тоа, во која било земја, со цел да се ослободи џамијата Ал Акса и Светата џамија од нивна окупација, а нивните војски да се протераат надвор од сите земји на исламот, да бидат поразени и да не можат да му се закануваат на секој муслиман. Ова е во согласност со зборовите на Севишниот бог".[229]

Како Ал Каеда ги исполнува своите цели? Бунтовниците ги мобилизираат своите ресурси. Тие организираат индиректни, неконвенционални, исцрпувачки напади со цел уривање на легитимитетот на власта, нејзината поддршка, принудувајќи ги на дефанзива. Бунтовниците се претопуваат во месното население, вешто се прикриваат на сигурни места, подготвувајќи и водејќи долготрајна, етапна кампања што се одвива во нивна корист. Ал Каеда има многу сличности во овој поглед. Следбениците на Осама бин Ладен, денес успешно ги мобилизираат сите оние што се бесни на влијанието и присуството на Западот во исламскиот свет. Миграцијата на насилството што го промовираше Осама бин Ладен, беше поттикнато од стационирање на американските трупи во Саудиска Арабија, најсветите места за исламот Мека и Медина, за време на Заливската војна. Многу млади исламски радикали ги напуштиле своите семејства, а често и удобниот и богат живот, за да ја посетуваат терористичката обука во камповите на Ал Каеда. Нивните напади не може да се каже дека во целост се насочени против соборување на некоја влада, но дефинитивно се во насока на уништување на волјата на американскиот народ и вршење политички притисок за повлекување на западното

---

[228] Osama bin Laden Excerpts - Al-Jazeera TV Broadcast, December 27, 2001, достапно на http://www.september11news.com/OsamaSpeeches.htm датум на пристапување 04.05.2012 година
[229] Al Qaeda's Fatwa, NewsHour, Feb. 23, 1998, достапно на http://www.pbs.org/newshour/terrorism/international/fatwa_1998.html датум на пристапување 04.05.2012 година

присуство од регионот. Овие напади се многу значајни за зајакнување на каузата помеѓу следбениците на Ал Каеда. Во 1996 година Осама бин Ладен го цитираше инцидентот во Сомалија и ја докажа очигледната политичка слабост на САД – јавното мислење, кога еден убиен американски војник беше влечен по улиците на Могадишу, по што следеше и повлекувањето на американските војници од Сомалија и од Руанда.[230]

Терористичките напади што ги организира Ал Каеда од воена гледна точка се неконвенционални. Од 1998 година па до денес Ал Каеда изврши голем број напади преку самоубиствени бомбашки напади изведени со авиони, автомобили, камиони, врз цркви, синагоги, конзулати, училишта и воени бази и бродови. Целта им варирала од лесни цивилни мети до високообезбедени воени инсталации.[231]

Во периодот кога привидно мируваат и не се извршуваат напади, џихадистите на Ал Каеда се обучуваат и се организираат во оддалечени региони низ сиот свет. До неодамна Авганистан беше светото место за обука, за подоцна кампoвите за обука да се дисперзираат во Пакистан и во останатите држави на Блискиот Исток. Конечно денес тие немаат потреба за криење и искористување на маскирните карактеристики на тешко пристапните терени. Тие денес се помешани во глобалната светска популација, живеат по домовите на европските метрополи и земаат часови за летање во училишта на крајбрежјето на Флорида. Другите форми на надворешна поддршка што се состои од: финансирање, разузнавачки информации, пристап, оружје и донации добиваат од државни и недржавни актери. Бунтовничкиот карактер на групата им овозможува флексибилност во изборот на место и време за извршување напади. Тие се способни да извршат неколку континуирани напади или да се кријат во неограничен период без никаква временска обврска за дејствување. Во еден регион од светот групата може да експанзира, додека во друг да тлее и да мирува.

Идеолошката мрежа на Ал Каеда, центарот на гравитација во војната против тероризмот, претставува глобално движење, посветено на

[230] Brian Bethune, „The ghost of a man I never knew“,Macleans.ca, August 27, 2007, достапно на http://www.macleans.ca/culture/media/article.jsp?content=20070827_108289_108289 датум на пристапување 05.05.2012 година

[231] Yoram Schweitzer, „Al-Qaeda and Suicide Terrorism: Vision and Reality“, Military and Strategic Affairs Volume 2, No. 2, October 2010, стр. 105-106.

панисламската визија, група на чисти исламски држави, ослободени од западното влијание во регионот на Блискиот Исток. Нивниот начин на организација, неконвенционалната употреба на насилство, идеолошките мотиви и политичките цели имаат голема сличност со бунтовништвото, но на глобално ниво.

* * *

Традиционалната остра поделба помеѓу тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал, повеќе не е соодветна поради, еволуција на истите и нивните вкрстени методи за постигнување на целта. Сличност помеѓу терористичките и криминалните групи може да се забележи во методите и во тактиките на киднапирање и изнудување. Вкрстување помеѓу бунтовниците и транснационалните криминални групи е очигледна во трговијата со нелегално оружје и наркотици, кои некои бунтовнички групи ја применуваат за финансирање на нивните активности.

Многуте примери на соработка меѓу тероризмот и организираниот криминал даваат јасна слика дека врските меѓу овие две моќни закани за националната и глобалната безбедност се широко распространети, динамична, и опасни. Како резиме, вообичаената разлика помеѓу терористички и криминални организации е навистина една недогледна перспектива со чисто финансиски мотиви во една крајност и чисто идеолошки или политички цели во другата. Дебатата за нивните цели ќе продолжи, но повеќето терористички групи мораа да се движат кон средината, вкрстувајќи ги криминалните со терористичките цели, со што успешно би се реализирала крајната цел. Од практични цели, терористичките и криминалните организации во одредени сегменти, наоѓаат дека е корисно да соработуваат едни со други, во ширењето на нивните цели.

Планирањето за нападите на 11 Септември беше спроведено во Хамбург, Германија. Терористите кои ги минираа возовите во Мадрид 2004 година беа поддржани од криминални структури. Кинеските шверцери познати како „змиски глави“ развиле трговија и заштитени врски со ИРА во Ирска. Врските помеѓу тероризмот и транснационалниот криминал, не се јавуваат исклучиво во земји во развој и транзиција, туку и во региони без

силни државни институции во кои комбинацијата на транснационалниот криминал и тероризмот се често застапени.

За новите меѓународни криминални актери, потребата од државата и утврдената глобалната економија е многу помала од традиционалните криминални групи. Со нивните краткорочни цели за опстанок, нивните интереси не се спојуваат со оние што се заинтересирани за градење на државата, ниту во поддршка на постојниот меѓународен финансиски систем. Падот на акциите на берзите како реакција на терористичките акти, или падот на туризмот на Бали или на Синај, не е од интерес за овие нови криминални групи, бидејќи, за разлика од традиционалните криминални групи, тие не „перат“ пари во одморалишта или преку акции. Нивните политички пресметки се многу различни од оние на криминалните групи, кои поради нивните обемни инвестиции, бараат меѓународна финансиска стабилност за да ги обезбедат своите инвестиции. Во регионите каде транснационалните криминални групи и терористи конвергираат, особено во триграничната област во Латинска Америка, на Балканот, Кавказ, во конфликтните зони во Западна Африка, Авганистан се обезбедени безбедни прибежишта за поддржување на терористите и нивните операции. И покрај тоа што во овие региони нема монопол врз овие активности, се претпоставува дека тие имаат главна улога во нарушување на меѓународната безбедност.

Вкрстувањето на транснационалниот криминал и тероризмот е највоочливо во региони со висока стапка на сива економија. Во овие региони, незаконски активности на двете групи се најмалку видливи. Финансирањето на тероризмот преку криминални активности е со најмал ризик, а обемот и времетраењето на соработката е најистакната.

Ширењето на ОМУ – независно дали тоа ќе биде помеѓу нации или помеѓу терористи, во голема мера ги зголемува шансите за нуклеарно насилство, до мерка што не може да се толерира. Пролиферацијата на ОМУ, ги зголемува шансите нуклеарното оружје да падне во рацете на ирационални луѓе, кои би извршиле самоубиство без грижа за судбината на светот. Ирационални или психотични лидерите на воени фракции или терористичките групи, може да се одлучат за употреба на нуклеарни оружја

под нивна контрола, за да се стимулира глобалната нуклеарна војна, како чин на одмазда против човештвото како целина. Во друго сценарио, нуклеарен напад врз еден американски град, може да убие повеќе од половина милион луѓе, а да предизвика штета поголема од еден трилион долари. Постојат многу сценарија од овој тип што би можеле да се реализираат.[232]

Многу експерти стравуваат дека организираните криминални групи ќе им помогнат на терористите или на пропаднатите држави да се здобијат со ОМУ. Покрај ОМУ како закана,[233] многу експерти сметаат дека најголема закана е дека терористите би можеле да развијат и користат нуклеарни бомби.[234] Региони како што е поранешниот Советски Сојуз, подлежат на критики за несовесно чување на нуклеарниот материјал. За да се ублажи загриженоста на Стејт департментот дека поранешните советски научници може да бидат подмитени од страна на криминални мрежи, во Русија и во Украина, започнаа проекти кои не се поврзани со ОМУ. Ризикот од пролиферација на нуклеарни материјали беше истакнат во 2003 година, кога официјалните претставници на меѓународната разузнавачка заедница открија дека пакистанскиот нуклеарен физичар, А. К. Кан, продавал нуклеарна технологија на Северна Кореја, на Либија и на други независни странки.[235]

Дестабилизирањето на врските помеѓу транснационалниот криминал и тероризмот се покажа како невозможно, бидејќи креаторите на политиките во светот продолжуваат да размислуваат за криминалот во поглед на традиционалните парадигми. Разидувањето во политиката помеѓу САД и Европа, најочигледно во однос на војната во Ирак, е лесно воочливо на меѓународната политичка сцена. Разидувањето во политиката помеѓу САД и Европа, најочигледно во однос на војната во Ирак, е лесно воочливо

---

[232] Mathew Bunn, Anthony Wier, and John Holdren, "Controlling Nuclear Warheads and Materials: A Report Card and Action Plan," Project on Managing the Atom, Harvard University, March 2003, стр. 18-23.
[233] Sharon A. Squassoni., *Nuclear, Biological, and Chemical Weapons and Missiles: Status and Trends*, CRS Report RL30699. February 20, 2008. достапно на http://ncseonline.org/NLE/CRSreports/08Mar/RL30699.pdf датум на пристапување 11.05.2011 година
[234] Testimony of Rensselaer Lee, Senior Fellow, Foreign Policy Research Institute, before the Subcommittee on Prevention of Nuclear and Biological Attacks, House Homeland Security Committee, September 22, 2005.
[235] CRS Report RL32595, *Nuclear Terrorism: A Brief Review of Threats and Responses*, by Jonathan Medalia, September 22, 2004.

на политичката сцена. Американските креаторите на политиките во периодот по 11 Септември, се фокусираа исклучиво на тероризмот, додека нивните европски колеги се фокусираа многу повеќе на транснационалниот организиран криминал. Ниту во САД, ниту во Европа, креаторите на политиките немаат интегрирано размислување што се бара за справување со овој нов предизвик.

Со сигурност можеме да констатираме дека глобализацијата во голема мера го олесни сплотувањето и вкрстувањето на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал, со што е створена една сериозна комплексна безбедносна закана. Терористичкото насилство е во постојан раст, додека и криминалците за одредени селективни цели користат насилни методи кои понекогаш можат да бидат во форма на тероризам. Освен насилството, за транснационалните криминални групи корупцијата е многу важен инструмент. Алијансите помеѓу терористите и криминалците се во постојан пораст, преку формирање бизнис организации и мрежни структури, како дел од нивните операции. Според горенаведеното, ефикасно справување против терористичките и криминалните структури побарува детално анализирање на криминално-терористичките врски.

Покрај тероризмот, од страна на западните експерти и бунтовништвото се смета како манифестација предизвикана од религиозен екстремизам. Очигледно е дека Ал Каеда претставува мешавина од основата во бунтовничките стратегии – масовна мобилизација и вооружено дејствување. Ал Каеда не го претставува тероризмот, туку бунтовништвото изразено преку салафистичката теологија која допира до сиот муслимански свет и го промовира теророт. Тоа е движење кое практикува урбана верзија на војување, со активности кои по природа се повеќе воени отколку политички. Тие не практикуваат употреба на герилски групи базирани во руралните области што водат систематска кампања за соборување на владите. Напротив, Ал Каеда има разработена рурално-урбана стратегија на насилство која паралелно се одвива врз цивилни цели и владини институции, создавајќи нестабилност и недоверба во политичката способност и волја кај своите непријатели.

Исламското бунтовништво не е нов феномен. Целите на ова движење се револуционерни и предвидуваат промена на општеството на религиозна основа, а владата по природа е автократска и контролирана од страна на свештеници. Исламистичката влада во Иран, Талибанците во Авганистан и во Судан се идеален пример. Новата салафистичка администрација строго би го спровела шеријатскиот закон и би ги блокирала воените и културните влијанија на Западот.

Милитантната исламистичка идеологија илустрира паралелна хиерархија позната како виртуелна држава, „дава“ (da'wa – долгорочна реисламизација и инфилтрација во општеството во секоја ќелија како начин за воспоставување политичка контрола). Со ова алтернативно општество се опфаќаат основните социјални програми, кои се наменети да докажат дека фундаменталната политика е успешна, а притоа ќе создадат масовна база на поддршка што подоцна ќе се претвори во политичка моќ. Тука спаѓаат исламските хуманитарни организации, невладини организации за помош, џамиите, медресите и болниците, преку кои се унапредува нивната идеологија и политичка идеја, за подоцна да преминат во масовно движење.

Некои од факторите што ја направија стратегијата на Мао ефикасна, се присутни и во „револуцијата“ на Ал Каеда. Клучниот фактор за масовната мобилизација на Ал Каеда е во верската основа на нејзината идеологија, обидувајќи се да создадат еден нов начин за остварување на целта. Исто така, масовните терористички напади негативно влијаат и ја поткопуваат стратегијата и политичките цели на западните сојузници, масовно го мобилизираат муслиманскиот свет, генерираат нови регрути, пари, престиж, демонстрирајќи ги глобалните капацитети за еден нов вид насилство.

Ал Каеда е една од стоте најсмртоносни исламски милитантни групи, формирани во последните 25 години.[236] Опасноста што се наметнува произлегува од нејзината подготвеност за употреба на ОМУ, нејзиниот глобален дострел и ,најважно, од нејзината револуционерна и

---

[236] Rohan Gunaratna, „Inside Al Qaeda: Global Network of Terror“, Columbia University Press, New York 2002, стр. 240.

експанзионистичка идеологија.[237] Големината на организацијата, нејзините политички цели, нејзините трајни врски со исламското фундаменталистичко социјално движење обезбедува силни докази дека Ал Каеда не е терористичка група, туку бунтовничко движење. Нејзина примарна стратегија се терористички акции и масовните мобилизациски техники што го зајакнуваат нејзиното влијание и еластичност. Уникатни елементи во нивната методологија претставуваат транснационалните вмрежувања и коалиции со криминалните организации од мултиетнички состав.

Сите овие фактори заедно, претставуваат причина за справување со овој асиметричен непријател, на еден неконвенционален начин, преку водење на една долга неконвенционална војна, војна што ќе спречи оваа глобална исламска бунтовничка кампања да прерасне во војна помеѓу цивилизации.

---

[237] Michael Scheuer, „Through Our Enemies' Eyes: Osama Bin Laden, Radical Islam, and the Future of America",Brassey, Virginia, 2002, стр. 170-177.

## 4. ЕВОЛУЦИЈА НА ВОЈНИТЕ

Почетокот на XXI век беше сведок за развојот на меѓународната средина одбележана со значителна несигурност, нестабилност и сè побрзите промени. Старите познати „правила на игра“ се избледени, почнуваат да се појавуваат нови, а настаните се одвиваат со огромна брзина и темпо, што честопати ја надминува способноста на носителите на одлуки ефикасно да реагираат. Не е изненадувачки што голем број аналитичари денес тврдат дека светот, е сè повеќе хаотичен и непредвидлив, отколку во кој било период во историјата. Најочигледни се предизвиците во сферата на националната безбедност.

Додека заканата од глобална војна останува далечна, многу опасности лебдејат и сè побрзо се појавуваат нови предизвици. Закани од регионален конфликт, пролиферација на оружје за масовно уништување и опасности од бунтовниците и од глобалниот тероризмот не само што постојано се присутни туку во одредени случаи се зголемуваат и стануваат посилни. Проблемите на пропаднатите држави и меѓународниот организиран криминал сè уште егзистираат. Природните катастрофи и влијанието на климатските промени се́ повеќе ја одбележуваат глобална сцена. Изгледите за спроведување електронски и информатички напад (на пример, „сајбер војна“) се во пораст.[238]

Изминатата деценија бележи значителен пораст на темпото и потенцијалните импликации на научните и технолошките иновации. Напредок во областите, како што се: информатичката и комуникациската технологија (ИКТ), биотехнологијата, „интелигентните“ материјали и нанотехнологијата постојано расте, со потенцијално револуционерни последици за човештвото. Исто така, радикални промени се случуваат во воената сфера, а во последниве години сме сведоци на постојана зголемена интеграција на информатичките системи за управување и напредни технологии во воените организации. Примерите вклучуваат подобрена сензорска опрема и подобрување на прецизноста, опсег и убиственост на оружјето. Сепак, овие иновации може да предизвикаат многу спротивни

---

[238] Peter J. Gizewski, The global security environment: emerging trends and potential challenges, Annual Meeting of the Canadian Political Science Association, Ottawa, Canada, 27 May 2009, стр.1.

ефекти. Работата на мошне моќни волуметриски направи (т.е. зголемената експлозијата, термалните и воздушните експлозиви), заедно со зголемениот интерес во создавањето електромагнетни оружја, може да резултира со промени кои го неутрализираат прецизното насочување и приспособливоста на последиците својствени за други технологии. Всушност, развојот на биотехнологијата го одржува потенцијалот за болести способни за уништување цели народи. Реално постои голема загриженост во сиот свет биолошкото оружје да не стигне во рацете на недржавни актери, кои би го употребиле за ширење на опасни болести, врз луѓето, врз животните и врз растенијата.[239]

Дополнителни притисоци ќе произлезат од демографските поместувања. Во земјите во развој трендовите укажуваат на продолжен пораст на населението и брзата урбанизација. Ваквите трендови би можеле да извршат огромен стрес и притисок врз природните ресурси во светот. Урбаните средини може да бидат особено тешко погодени, преку природниот прираст во комбинација со значителна миграција на популацијата, ќе се зголеми притисокот и ќе се надминат достапните ресурси на инфраструктурата. Моментално, околу 25 до 50 проценти од урбаните населби во земјите во развој, живеат во сиромашни супстандардни услови со мал или без пристап до вода и санитарии.[240] Еден исход од ова можат да бидат зголемени граѓански немири и внатрешни војни, проследени со хуманитарна криза. Многу веројатно е дека би се изместил балансот на регионална моќ до тој степен, што на крајот би можеле да се зголемат меѓудржавните тензии, а можеби дури и изгледите за војна.[241]

На долг рок, влијанието на клучните актери – Кина, Бразил, Индија, Русија, на чело со американската доминација на меѓународниот систем, најверојатно, ќе се зголеми уште повеќе, форсирана од силите на глобализацијата, технолошките иновации и на крајот – моќта во светот.

---

[239] Raymond Zilinskas, *Biological Warfare: Modern Offense and Defense,* Boulder: Lynne Rienner Publishers, Colorado, 2001. стр. 61.

[240] Central Intelligence Agency, *Long-term Global Demographic Trends: Reshaping the Geopolitical Landscape* (Washington D.C.: Central Intelligence Agency, July 2001.

[241] Во иднина, државите на Блискиот Исток и Африка може да бидат особено ранливи на демографско предизвикана нестабилност. И двата региона доживуваат брз урбан развој. Во иднина се очекува пораст на „млади групи“ на население меѓу 14-25 години – старосна група на население кое обично бара поголеми можности за вработување и пристап до ресурсите од другите.

Впрочем, веројатно е дека САД и понатаму ќе се задржат на водечкото место во глобалната политика до средината на векот, а можеби дури и подолго. Но потоа постепено ќе се зголемува и моќта и влијанието на други региони и земји. Резултатот ќе биде зајакнување на мултиполарниот свет, што ќе биде во функција на неколку државни и недржавни актери, кои ќе градат тесни сојузи заедно или едни против други, а крајна цел ќе биде балансирањето на моќта и зачувувањето на безбедноста. Мирот ќе биде одржуван преку деликатно балансирање на внатрешните и на надворешните ограничувања на државите. Државите што имаат вишок на моќ ќе бидат во искушение да ја искористат, а послабите ќе бидат во постојан страв. [242]

Недостатоците од обновливи и необновливи ресурси ќе ги зголемуваат проблемите. Како резулта на климатските промени, порастот на населението и неконтролираната урбанизација, многу земји во развој ќе доживеат деградација и намалување на плодното земјиште, на шумите и на свежата вода за пиење. Ситуацијата најверојатно ќе ја отежни зголемената сиромаштија, гладот и болестите. Уште еднаш, националните влади ќе бидат под притисок, а изгледите за општествена нестабилност, ќе се зголемат. Недостатокот на вода ќе претставува посебно акутен проблем. Според проценките до 2050 година, најмалку 60 држави, со речиси половина од светската популација, ќе спаѓаат во категорија на држави со ограничени ресурси на вода.[243]

Во новоформирата средина на XXI век нации со компетентни воени сили и способни разузнавачки агенции, повеќе нема да стравуваат од нивните соседи и дури ќе можат да ја обезбедат безбедноста и на други држави. Глобализацијата, меѓусебната соработка и економската благосостојба, негуваат релативно стабилна и мирна меѓународна и домашна средина за повеќето развиени земји. Загриженоста за безбедноста во XXI век во голема мера претставува можност од колатерални штети предизвикани од дејствувањето на одметнатите држави, терористички и криминални елементи кои не ги почитуваат и не ги признаваат

[242] Kenneth Waltz, “Structural Realism after the Cold War, *International Security*, Vol. 25, No. 1 (Summer 2000). стр. 13.
[243] Vaclav Smil, *Global Catastrophes and Trends: The Next Fifty Years*, (Cambridge: MIT Press; 2008), стр. 199.

територијалните и законски граници; го користат хаосот и беззаконието на пропаднатите и неуспешни држави. Во границите на овие држави, не само што терористите, криминалците и политичките опортунисти бараат предност, туку и дел од населението се чувствува обесправено, неправедно и фрустрирано, бидејќи нивната култура, општеството и институции не се успешни. Овие фактори водат до насилство и до други штетни дејства.[244] Конвенционалните воени сили се лошо опремени да одговорат на овие феномени што се шират низ населението, особено во урбаните средини. Често, и покрај најдобрите владини намери или одлуки на членките на меѓународната заедница, или можеби како директен резултат на овие акции, бунтовите во овие држави можат да се вкоренат. Тоа е новата реалност на XXI век, во која бунтот е најпосакувана форма на војна „од страна на оние што сакаат да ја соборат или на сила да ја променат власта". Во голема мера се изведуваат во урбаните средини особено лоши за војување и приспособување на безбедносните сили.[245]

Конфликтите во Авганистан и во Ирак, се војни во кои САД не беа подготвени да војуваат во 2001 година. Огромната американска конвенционална воена надмоќ е реалност која ниеден нивен потенцијален непријател директно не би ја предизвикал. Наместо тоа, тие би ги нападнале асиметрично, избегнувајќи ја нивната сила, огнената моќ, маневарот, технологијата, со цел да стигнат до нивните слаби точки, на начин што го применуваа бунтовниците во Авганистан и во Ирак. Неопходно е да се анализираат и да се следат искуствата од овие конфликти, за полесно лоцирање и справување со заканите што доаѓаат во иднината.

### 4.1. Еволуција на модерниот конфликт

Низ историјата голем број воени експерти, филозофи, историчари се обидувале да ја сфатат комплексноста на војувањето. Оваа проблематика

---

[244] David Galula, *Counterinsurgency Warfare, Theory and Practice*, New York: Praeger, 1964, стр. 8.
[245] *Joint Publication (JP) 1-02, Department of Defense Dictionary of Military and Associated Terms*, Washington, DC: Joint Chiefs of Staff, April 12, 2001, as amended October 31, 2009, стр. 266.

предизвикува долги и комплексни расправи што не се подложни на брзо и на лесно решавање.[246]

За подобро да се разбере еволуцијата на модерното војување, важно е да се разбере еволуцијата на војување во текот на последните три века. Воените теоретичари ја имаат поделено оваа еволуција во неколку различни генерации. Денес природата на војната поттикната од геополитиката, економијата, напредокот на технологијата и внатрешната и надворешната динамика на прогресот на различни општества достигна една критична точка што е сосема различна од војните водени во минатото.

Прва генерација војни (1ГВ). Првата генерација на војни е термин што за прв пат е користен во 1989 година од страна на воените аналитичари на САД, осврнувајќи се на најраните фази на организирани, контролирани од државата вооружени сили за водење војна во модерната ера.[247] Ова е генерација војни коишто еволуирале веднаш по појавата на долгите пушки – мускети. Тоа биле војни што се воделе во редови и во колони, а битките биле формални со целосно уредено борбено поле. Од првата генерација војни произлегува фактот дека на боиштето е создадена воената култура и ред. Појавата на разликите помеѓу „воената“ и „цивилната“ униформа, војничкиот поздрав, внимателното унапредување и рангирање, биле производ на првата генерација војни.

Со Договорот во Вестфалија, се ставил крај на триесетгодишната војна (1618-1648 година), позната како една од најдеструктивните војни во историјата на Европа. Овој договор им дал независност на германските држави кои дотогаш биле полу независни компоненти на Светската Римска Империја. Со ова цврсто се утврдил суверенитетот на националната држава, што значи, меѓу другото, дека владите ќе имаат ексклузивно право да се организираат и да одржуваат свои сопствени војски. Во тоа време, многу армии и држави биле контролирани од страна на религиските лидери и многу војни се воделе во „вечната борба“, или се дејствувало субверзивно преку мито и атентати. Со првата генерација модерно војување се создал

---

[246] William T. Johnsen, The principles of war in the 21st century: strategic considerations, U.S. Army war college, August 1, 1995, стр.1.
[247] Lind, William S.;Nightingale, Keith;Schmitt, John F.; Sutton, Joseph W.;Wilson, Gary I. *The Changing Face of War: Into the Fourth Generation.* Marine Corps Gazette, (1989).

јасен и правилен начин на војување. Првите проблеми се појавиле во средината на XIX век, кога редот во борбеното поле почнал да се распаѓа. Масовните армии, војници кои, всушност, сакаат да се борат (во XVIII век главна одлика на војниците била дезертерството), пушките мускети, тогашните минофрлачки и автоматското оружје, направија познатите тактики на редови и на колони првично да застарат, а потоа да претставуваат самоубиство. По ова, растеле противречностите меѓу воената култура и дезорганизацијата на борбеното поле. Културата на ред на борбеното поле која еднаш била воспоставена, сè повеќе била во спротивност со новонастанатата средина на војување. Втората генерација војни е одговор за оваа контрадикција.

Втора генерација војни (2ГВ) се војни што нанесуваат поголеми загуби. Инспирирано од развојот на автоматското оружје и од модерната артилерија, војувањето зачекорило на следното ниво. Главните атрибути биле линеарниот оган и движењето. Американската граѓанска војна и Првата светска војна ја прикажаа оваа транзиција, а повеќето од армиите низ сиот свет, сè до денес, се структурирани според моделот на овој концепт. Тој строго го следел балансот на нација-држава. Доктрините се мошне шематски во нивната концепција и имплементираните методологии се засновани на пристап од врвот надолу.

Во XIX век, иновациите во побрзо и поефикасно полнење на орудијата, допринело оружјето да достигне поголем дострел, поголема прецизност и побрз интервал на отворање оган. Оттука марширање на армиите во редови и во колони, во директен налет на концентриран оган, би предизвикало огромни загуби. Поради тоа била развиена нова стратегија. Втората генерација војни сè уште одржувала борбени редови, но повеќе се фокусирала на употребата на технологијата, за да овозможи подобар маневар на помалите единици. Со тоа на овие помали единици им било олеснето и забрзано движењето по боиштето, биле намалени концентрираните загуби во жива сила, а голема предност била поддршката и заштитата со артилериски оган.

Можеби и главната промена во споредба со тактиките од првата генерација војни, била големата важност на индиректниот оган. Тактиката

на втората генерација војни се сумира во француската максима „артилеријата освојува, пешадијата окупира“. Масовната артилериска огнена моќ ја заменила масовната пешадиска сила. Овој концепт до одреден степен останал применлив и по појавата на новите генерации војувања, така што крајот на втората генерација не е чисто дефиниран како во првата генерација војни. Развојот на брзите офанзивни напади на борбеното поле со целата воена механизација и оружје, ги истакнал недостатоците на статичките огнени позиции и бавното движење на пешадијата, така што ова може да се смета за почеток на крајот на втората генерација војни. Придонесот од втората генерација се гледа во технолошкиот развој и подемот на рововско војување, артилериска поддршка, равој на извидувачки единици, широка употреба на маскирни униформи, развој на радиокомуникациите и маневрите на огнените тимови.

Трета генерација војни (3ГВ): маневрирање. Револуционерниот развој во менталната и во физичката мобилност овозможена од тенковите, од авионите и развојот на комуникациските технологии, го дозволи имплементирањето на 3ГВ. Брзите маневри со големи размери резултираа со колапс на непријателскиот борбен систем во замена за директна борба и уништување. Тоа беше нелинеарна форма на војување базирана врз основа на иновативните концепти како блицкриг[248] и стратегиска парализа. Тоа им овозможи на помалку бројните сили да го изненадат и да го збунат нивниот поголем противник преку потпирање на брзината и маневарот.

Употребата на блицкриг за време на германската инвазија на Франција за прв пат ја покажа моќта на брзината и на маневарот против статичните артилериски позиции и рововската одбрана. Со употреба на тенковите, механизираната пешадија и блиската воздушна поддршка, Германците биле во можност брзо да се пробијат низ линеарната одбрана и поразување на заднината. Придонесите на третата генерација се базираат на концептот за надминување на технолошките недостатоци, преку употреба на паметна стратегија. Како што линеарната борба се ближела до крајот, сè

---

[248] Blitzkrieg, на германски значи брза војна, концентрација на тенкови, пешадија, артилерија и воздушни сили на едно место, со една единствена цел, со голема брзина да навлезат и да ја скршат непријателската линија. Со ова го дебалансираат непријателот, отежнувајќи му да одговори адекватно на која било точка на фронтот.

побрзо почнале да се појавуваат нови начини за движење на боиштето. Акцент е ставен на зголемување на брзината на коњицата, развојот на хеликоптерите го дозволи вметнувањето на непријателска територија, а напредната ракетна технологија овозможи да се избегне непријателската одбрана и да се напаѓа на големи растојанија. Брзината што е составен дел на овие методи, го направи неопходно независното одлучување на единиците во предните линии. Од ова произлегла и потребата за поголема доверба во помладите старешини, кои командувале со пониски единици во предната линија, и верување дека тие ќе ги постигнат поставените цели без мешање од повисоката команда и штабовите.[249]

На помалите единици во првите редови им била дозволена поголема флексибилност во донесување одлуки за справување со промените на состојбите на теренот, отколку на командантите кои биле оддалечени од фронтот. Иницијативата била поважна од дисциплината (грешките се толерирале бидејќи доаѓале од преголемата иницијатива), а сето тоа зависело од самодисциплината, а не од наметнатата дисциплина. Со ова почнала да се распаѓа строгата воена дисциплина на борбеното поле, која во претходните епохи теоретски била премногу важна за водење успешна битка.

Карактеристиките како децентрализација и самоиницијатива, нè внесуваат од третата во четвртата генерација војни, но од друг аспект четвртата генерација војни означуваат радикални промени во војувањето во споредба со времето од постигнување на мирот во Вестфалија. Во 4ГВ државата го губи монополот над војната. Низ сиот свет, државните воени сили, се наоѓаат себеси во војна против недржавни актери, како Ал Каеда, Хамас, ФАРК и Хезболах. Скоро секаде, државите губат.[250]

По крајот на Втората светска војна, се создаде една нова форма на војување. На моменти се нарекува субверзивна или револуционерна војна. Таа фундаментално се разликува од војните од минатото по тоа што

---

[249] Third generation warfare, достапно на http://www.absoluteastronomy.com/topics/Third_generation_warfare датун на пристапување 22.05.2011 година

[250] William S. Lind, „Understanding Fourth Generation War", MILITARY REVIEW, September -October 2004, стр 13, достапно на http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/milreview/lind.pdf датум на пристапување 24.05.2011 година

победата не се очекува од судир на две армии на бојното поле. Ова соочување, кое во минатото се гледаше преку уништување на непријателската армија во една или во повеќе битки, повеќе не се јавува.

## 4.2. Четврта генерација војни – нерегуларно војување од страна на недржавни актери

По Втората светска војна, западните вооружени сили беа најуспешни против противници чие оружје, методи на организација, како и начинот на размислување бил сличен со нивниот. Конфликтите, како, на пример, Израелската шестдневна војна[251] (1967 година) и Првата заливска војна[252] (1991година), ги илустрираат западните армии и нивната совршена победа против противници кои одговараат на нивните воени способности.

Операцијата „Пустинска бура" драматично ги демонстрираше новите можности на она што се нарекува „воено-технолошка револуција во војувањето". Оваа технолошка револуција опфаќа многу области, вклучително, од самостојно нишанење и прецизност на оружјето до софистицирани сензори за изненадување и одржување, уреди за ноќно дејствување и одбрана со тактички балистички ракети. Голем дел од оваа револуција го следи развојот на новите технологии, како што се микропроцесирање информации коишто се познати и во нашиот секојдневен живот. Експлоатацијата на овие и на новите технолошки достигнувања, ветувале дека значително ќе се менува природата на војување, како што тоа претходно се случувало со доаѓањето тенкови, авиони и носачи на летала. Оваа војна била тест за една цела нова генерација оружја и системи за војување.[253]

Истовремено, со американските напори да се постигне револуција во воените вештини во 1990-тите, други државни и недржавни актери во сиот

---

[251] Mitchell Bard, The 1967 Six-Day War, достапно на http://www.jewishvirtuallibrary.org/jsource/History/67_War.html датум на пристапување 01.06.2011 година

[252] Blackwell, James. *Thunder in the Desert*, Bantam Books, London, 1991., Cordesman, Anthony and Wagner, Abraham. *The Lessons of Modern War - Volume IV: The Gulf War*, Westview Press, Oxford, 1996., Dugdale-Pointon, TDP. (2 June 2002), The Gulf War 1990/1991, достапно на http://www.historyofwar.org/articles/wars_gulf1990.html датум на пристапување 01.06.2011 година

[253] U.S. Department of Defense, *Conduct of the Persian Gulf War, Final Report to Congress*, Washington, DC: U.S. Government Printing Office, April 1992, стр. 27

свет бараат начини и средства што би можеле да ги искористат за да се порази американската воена моќ. На крајот од операцијата „Пустинска бура“ стана јасно дека повеќето земји никогаш нема да имаат воен капацитет да ги победат САД на бојното поле и затоа мора да најдат алтернативни начини за остварување на своите стратегиски цели. Еден од овие актери, терористичката Ал Каеда, разви методи и доктрини, кои на крајот ѝ овозможија да го изведе катастрофалниот напад на територија на САД.

Успехот во Заливската војна ја подгреа оваа заблуда. Со појавата на прецизни орудија, беше фрлен во сенка придонесот и неопходноста од маневарот на копнените сили на терен, сили кои би обезбедиле коалициско единство и создавање оперативни и тактички можности преку пронаоѓање, фиксирање и уништување на ирачките сили и обезбедување – искористување на чувствителните објекти и локации.

Распадот на Советскиот Сојуз во почетокот на 1990-тите години се чинеше дека ја нагласи воената, економската и идеолошката доминацијата на Западот. Сепак, по падот на Берлинскиот ѕид, се појавија новите закани. Геополитичката динамика на модерното време, сѐ повеќе предизвикуваше ерозија на монополот на државата врз војните. Ова доведе до појавата на 4ГВ што се водат помеѓу државите и идеолошките недржавни актери. Суштината на ова војување лежи во индиректните стратегии преземени од страна на субјектите во 4ГВ, што најчесто ги заобиколуваат директните воени соочувања со државните армии, напаѓајќи го цивилното население, културата или институциите на системот. Ова, исто така, може да се опише како едно од најголемите промени во војувањето, бидејќи со мирот во Вестфалија на државата ѝ беше отстапен монополот врз војната, што сега беше изгубен. Исто така, со 4ГВ се распадна и европскиот модел на војување. 4ГВ се манифестира преку високоизолирани, мобилни, предаторски мрежи кои работат надвор од рамките на националните држави. Овие војни се лансирани од страна на адхок воини и главно според нивниот облик и структура се морални конфликти.[254]

[254] Evolution of Modern Warfare, Jul 10th, 2010 достапно на http://viewstonews.com/index.php/evolution-of-modern-warfare/military датум на пристапување 01.06.2011 година

*Битката во Могадишу(1993)*

Во декември 1992 година американскиот претседател Џорџ Буш постариот, одлучи американските вооружени сили да им се приклучат на Обединетите нации во заедничка операција позната како операција „Обновена надеж“, со примарна мисија враќање на редот во Сомалија. Земјата беше опфатена со граѓанска војна, сиромаштија и гладување, а во текот на следните неколку месеци, ситуацијата станува сè полоша.

На 3 октомври 1993 година, единиците на САД составени главно од припадници на ренџерите, Делта форс – специјални операции и воздушна поддршка од 160-тиот Специјален воздухопловен полк, се обидоа да го фатат министерот за надворешни работи на Сомалија, Омар Салад, и неговиот главен политички советник, Мохамед Хасан Авал. Планот бил, со брза акција од воздух со МХ-60 „блек хоук“ хеликоптери, да се заробат, и со конвој по земја да се транспортираат кон базата на САД.[255]

Операцијата била проектирана да трае не подолго од половина час. Ренџерите требало да пристигнат на местото на фаќање неколку минути по започнување на операцијата. Но тоа не било постигнато бидејќи сомалиската милиција и граѓаните имале поставено огнени барикади со камења кон улиците што воделе кон Могадишу. Како резултат на тоа, гумите на возилата се уништени, а пристигнувањето на ренџерите на местото на случување значително отежнато.[256]

Три хеликоптера беа соборени во почетната фаза на нападот, а ситуацијата се влоши уште повеќе кога конвојот заедно со тимот за напад предолго го чекале сигналот за почеток на извлекувањето. Секоја страна била во очекување другата да им даде сигнал, по што се соочиле со непотребни одлагања. Тимот за напад кој успеал да се движи и бил во можност да стигне до местото на првата хеликоптерска несреќата со високи очекувања за спасување, бил проголтан од интензивен оган отворен од герилците, при што биле задржани значителен период и покрај воздушната хелихоптерска поддршка.

---

[255] "Task Force Ranger: Somalia". To Fight With Entrepidy. Достапно на http://www.johndlock.com/tfwi/somalia.php3. датум на пристапување 01.06.2011 година

[256] Clarke, Walter, and Herbst, Jeffrey, Learning from Somalia: The Lessons of Armed Humanitarian Intervention, Westview Press, 1997.

Битката заврши на 4 октомври 1993 година. Американските сили конечно беа евакуирани од ОН во пакистанска база. Осумнаесет американски војници загинаа, а 79 беа ранети. Малезиските сили загубиле еден војник, а седум биле повредени, додека Пакистанците имале двајца повредени. Жртвите на сомалиската страна, се проценуваат од 500 до над 2000 луѓе. Два дена подоцна, од минофрлачка граната што падна во објект на американската војска, загина уште еден американски војник, а беа повредени уште десетина лица. Телата на загинатите американски војници беа влечени низ улиците на Могадишу и прикажувани на меѓународни вести. Ова беше најдолгата, најкрвава битка за американските војници по Виетнамската војна. На 7 октомври 1993 година, тогашниот претседател на САД, Бил Клинтон, соочен со негативното јавно американско мислење, одговори со прекин на ловот по лидерот на бунтовниците, Фара Аидид. Повлекување на американските сили од Сомалија се случи во март 1994 година.[257]

Има тврдења дека Ал Каеда и Осама бин Ладен, биле вклучени во обука и финансирање на борците на Адид. Во својата книга од 2001 година, репортерот на Си Ен Ен телевизијата (CNN), Питер Берген, го интервјуира Осама бин Ладен, кој ги потврдува овие тврдења. Според Берген, Бин Ладен тврди дека герилците од Сомалија кои се вклучени во убиството на американските војници во 1993 година, се директно поврзани со неговата терористичка група, а истото претходно го потврдил во арапскиот весник „Ал Кудс ал Араби“.[258]

Борците на Ал Каеда во Сомалија биле под команда на Мохамед Атеф, подоцна убиен од страна на американските сили во Авганистан. Според Си Ен Ен, Ал Каеда тврди дека испорачува голем број дизајнирани ракетни фрлачки на гранати (RPG) од руско потекло, со инструкции за

---

[257] Henriksen, Thomas, Clinton's Foreign Policy in Somalia, Bosnia, Haiti, and North Korea, Hoover Press, Stanford, 1996, стр. 12.

[258] Frontline: hunting Bin laden: who is bin Laden?: interview with Osama bin Laden (in may 1998) | PBS. достапно на http://www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/shows/binladen/ датум на пристапување 02.06.2011 година

модифицирање за поефикасно дејство против американските хелихоптери во Сомалија.[259]

Битката во Могадишу за САД претставува вистински скандал што го отворил прашањето за справувањето на постојниот тактички концепт во новонастанатата борбена – урбана средина. Ова прашање покрена серија на РАНД студии во 1990-тите години, при што беа идентификувани не само обемот и комплексноста на тактичката урбана средина, но исто така и на оперативно ниво на урбаниот конфликт. Заклучокот од овие истражувања е дека има ограничен број примери за заеднички операции во урбана средина и практично не постои никаква меѓуагенциска координација при изведување на урбаните операции.[260]

Противниците на САД низ светот, а и тие самите, се свесни дека војните од четвртата генерација војување, досега САД ги загубија во повеќе наврати: Виетнам, Либан и Сомалија. Оваа форма на војување, исто така, ги порази Французите во Виетнам и во Алжир и Советскиот Сојуз во Авганистан. Од неа крвареа Русија во Чеченија и САД во Ирак, во Авганистан, како и во други области каде што тие се ангажирани во војната против тероризмот. Овие порази на големите сили, од многу послаби противниците, во 4ГВ се од суштинско значењето за да може да се разбере оваа нова форма на војување што бара соодветно приспособување.

Конфликтите во Ирак и во Авганистан ги покажуваат нејзините карактеристики. Бунтовниците испраќаат една порака до нивните поддржувачи, друга до неопределеното население, а трета за коалициските власти. На поддржувачите им се кажува дека тие ја бранат верата и нивната земја од надворешниот агресор. Пораката до неопределените или про-коалициски сонародници е да останат надвор од борбата што се води помеѓу нив и надворешните агресори, кои на крајот „ќе ја напуштат нивната земја“. Конечно, на коалицијата, особено на Американците, им се препорачува да

---

[259] Phil Hirschkorn and Deborah Feyerick, CNN New York Bureau, Ex-copter pilot can't link bin Laden to Somalia, April 23, 2001, достапно на http://archives.cnn.com/2001/LAW/04/23/embassy.bombings.trial.01/index.html датум на пристапување 02.06.2011 година

[260] Russell W. Glenn’s: *Marching Under Darkening Skies*, Santa Monica, CA, 1998.

се повлечат од нивната земја или да бидат подготвени за ангажирање во една бескрајна, многу скапа војна.[261]

Според анализите од војните во Ирак, во Чеченија, во Авганистан и во палестинските области, повеќето од жртвите во овие војни се цивили. Понатаму, повеќето од овие загуби не се предизвикани од воено оружје, туку од оружје изработено од материјали достапни на пазарот. Така, противниците немаат потреба од формирање воена инфраструктура, како што беше пример во претходните генерации војни.

Четвртата генерација војни ги експлоатира меѓународните, транснационалните, националните и субнационалните мрежи за сопствени политички цели. На недржавните актери во 4ГВ, за остварување на нивните цели им се достапни сè поголем број на меѓународни канали: Обединетите нации, Северноатлантската алијанса (НАТО), Светската банка, Организацијата на нафтени извозници (OPEC) и десетици други. Примарната задача на практикантите на четвртата генерација војни е да создаде политичка парализа во меѓународните организации (што вообичаено не е тешка задача) против одредена нација што претставува нивна цел. Секоја од овие организации има различни функции во меѓународните односи, со свои слабости што можат да се искористат за пренесување политичка порака до нивните лидери. Можеби нема да се промени свеста на националните лидери и водачи на овие организации, но може да се забави или да се парализира меѓународниот одговор.[262]

Опсегот на можностите на четвртата генерација противници е многу широк. Важно е да се запамети дека таков противник нема потреба од голем команден и контролен систем. Во времето кога американските сили фрлаат сè повеќе пари и работна сила во командувањето и во контролата, комерцијалната технологија го прави светот сигурно место за комуникации достапни на секој што поседува лаптоп и кредитна картичка. Таа исто така обезбедува пристап до еден метар резолуција на сателитски снимки, екстензивни информации за движења на американските војници,

---

[261] Thomas X. Hammes, Insurgency: Modern Warfare Evolves into a Fourth Generation, Institute for National Strategic Studies National Defense University, No. 214, January 2005, стр. 2.

[262] Col. Chander Malhotra, Fourth Generation Warfare, Microsys Infomedia Pvt. Ltd., 10/12/2009. достапно на http://www.defstrat.com/exec/frmArticleDetails.aspx?DID=216 датум на пристапување 05.06.2011 година

непосредно ажурирање на националните дебати и меѓународни форуми. Конечно, таа обезбедува светска финансиска мрежа која што е доста безбедна. Всушност, со ширењето на интернет кафулињата не е потребна ниту кредитна картичка ниту лаптоп, потребно е само разбирање за тоа како функционира електронската пошта, интернет пребарувачот и некои основни познавања за собирање податоци и разузнавање од отворени и човечки извори.[263]

Четвртата генерација војни се одржува во комплексна околина на конфликти со низок интензитет. Секој потенцијален противник на САД, со сигурност ги проучувал Заливската војна, операцијата „Слобода за Ирак" и операциите во Авганистан. Тие разбираат дека доколку САД обезбедат јасна цел, без разлика колку таа е добро утврдена, таа цел ќе биде уништена. Исто така, го имаат предвид успехот на Сомалијци и сандинистите. Тие, исто така, ги гледаат и континуирано ги апсорбираат лекциите од: Чеченија, Босна, Авганистан и Ирак. Тие нема да се борат на конвенционален начин.[264]

Овие војни претставуваат микс од меѓународни, транснационални, национални и субнационални актери. Оперативните планери на четвртата генерација војни, мора да ги употребат сите расположливи средства за водење војна, а САД ќе мора да се справуваат со актери од сите нивоа, па дури и на тактичко ниво. Предизвик ќе бидат насилните, но и ненасилните актери. Терминот неборци (noncombatant) лесно се препознава во конвенционалните конфликти меѓу државите, препознатливи во четвртата генерација војни, вклучувајќи ги државните и недржавните актери. Ненасилните актери, легално наречените неборци, ќе бидат критичниот дел од тактичките операции. Преку злоупотреба на народните толпи, (протестантите), објави по медиумите и интернет веб страници како и преку други ненасилни методи, четвртата генерација воини лесно може да создаде голема тактичка дилема за нејзините противници. Тактичките ресурси на

---

[263] Walkers World: 4th Generation Wars, Washington (UPI) Jun 24, 2005. достапно на http://www.spacewar.com/reports/Walkers_World_4th_Generation_Wars.html датум на пристапување 06.06.2011 година

[264] Stephen S., U.S. Marines and irregular warfare, 1898-2007: anthology and selected bibliography, United States Marine Corps Quantico, Virginia, 2008. стр. 7.

полицијата, разузнавањето, војската, пропагандата и политичката сфера, ќе бидат потребни за нивно справување и сузбивање.[265]

Преку согледување на актуелните конфликти како конфликти од четвртата генерација војни, можеме да доловиме уште една слабост на современите демократски држави, а тоа е нивната немоќ за справување со заканите од ОМУ. Дури и ограничен биолошки напад со заразен агенс, на пример чума, ќе резултира со затворање на главните сегменти на воздушниот сообраќај, транспортот, трговијата. Големите сипаници (вариолата) би предизвикале карантин на цели области што би биле погодени од болеста, додека не помине периодот на инкубација. Следат загуби од милијарди долари поради нарушената трговија, како и продолжување на загубите во годините потоа поради последователните судски постапки.[266]

Нападите со ОМУ нема да се фокусираат на физичко уништување, туку на отсекување и прекин на комуникации со одредена област. Способноста да се затворат објектите на поштата и зградата на Сенатот на САД со две испорачани писма со антракс е доволен доказ како без употреба на оружје може да се блокира и да се затвори одредена област.[267] Овие напади со ОМУ можат да бидат и пораспространети. Употребата на контејнери за транспорт, би се искористило за пренесување ОМУ и високоексплозивни материјали во големи количини, кои што претставуваат потенцијална закана, која преку затворање на меѓународните воздушни рути може да предизвика далеку поголеми и поскапи штети на меѓународната трговска мрежа.

Конечно, терористите дури и не мора да обезбедат материјали за едноставни хемиски напади. Во катастрофата од 1984 година на хемиската фабрика во Бопал, Индија, загинаа повеќе луѓе отколку на 11 Септември, а многу повеќе се здобија со сериозни долгорочни повреди. Бопал беше

---

[265] Thomas X. Hammes, Insurgency: Modern Warfare Evolves into a Fourth Generation, Institute for National Strategic Studies, National Defense University, No. 214, January 2005, стр. 6.

[266] Thomas X. Hammes, The Sling and the Stone: On War in the 21st Century, Zenith Imprint,St. Paul, 2006, стр. 217.

[267] Armed Forces journal, Volume 142, Issues 1-12, Army Times Pub. Co., 2004, стр. 43.

несреќа, но претставува претходник за катастрофален терористички хемиски напад.[268]

Постоењето хемиски фабрики и протокот на токсични индустриски хемикалии потребни за поддршка на животот на населението, се потенцијални елементи за хемиски напад кои се секогаш присутни. Како дополнување на тоа се широкопознатите потенцијални мети за хемиски напад, кои се истражени од страна на терористите, како течниот природен гас во танкерите, цистерните со гориво, радиоактивниот отпад и други достапни материјали за извршување идни напади. Овие се само некои од ресурсите што денес им се достапни на интелигентните и на креативни противници.[269]

Четвртата генерација војни, со нивната временска рамка, организираност и цели, се многу различни од конвенционалните војни. Од особена важност е фактот дека временската рамка е значително поголема. Неуспехот да се разбере клучниот фактор на 4ГВ, е главната причина зошто повеќето истражувачи не го ценат предизвикот кој го презентираат четвртата генерација непријатели. Ако за пример гиземеме САД, кои сакаат да водат кратки, добро дефинирани војни, вклучувањето во петгодишната војна во Виетнам (1965-1970 година) беше долга војна. Нацијата влезе во војна која веќе беше во тек, а ја напушти пред да заврши. Дури и тогаш, американската јавност сметала дека земјата е предолго во војна.[270]

Четвртата генерација војни се долги војни. Кинеските комунисти се бореле 30 години[271], виетнамските 28, а сандинистите 18 години.[272] Палестинците даваат отпор на израелската окупација 41 година, а некои тврдат дека тие се борат од 1948 година.[273] Ал Каеда се бори за својата

---

268 Thomas X. Hammes, Insurgency: Modern Warfare Evolves into a Fourth Generation, Institute for National Strategic Studies National Defense University, No. 214, January 2005, стр. 6.

269 Thomas X. Hammes, The Sling and the Stone: On War in the 21st Century, Zenith Imprint,St. Paul, 2006, стр. 221.

270 Mark Barringer, The Anti-War Movement in the United States, *The Oxford Companion to American Military History,* Oxford UP, 1999, достапно на http://www.english.illinois.edu/maps/vietnam/antiwar.html датум на пристапување 02.07.2011 година

271 The Communist Party of China (CPC, CCP), достапно на http://www.chinatoday.com/org/cpc/ датум на пристапување 02.07.2011 година

272 William M. Rierson, Embracing the Joint-Training Enterprise, достапно на http://www.airpower.au.af.mil/AIRCHRONICLES/apj/apj08/fal08/rierson.html датум на пристапување 02.07.2011 година

273 Nasser El-Morshidy, War in the Land of Peace: Palestine, www.islam.org.hk, April 2011, достапно на http://www.islamhk.com/en/?p=31&a=view&r=109 датум на пристапување 02.07.2011 година

визија за светот уште од основањето на Мактаб ал Кидамар во 1984 година.[274] Други бројни бунтови во светот траат со децении. Според тоа, кога станува збор за ваков вид борба, мора да се планира децениска посветеност за справување со неа.

Четвртата генерација противници се далеку поразлични од нивните претходници. Тие повеќе се фокусирани во спроведување на долгата политичка одржливост и оправданост, отколку на својата краткорочна тактичка ефикасност. Тие не се гледаат себеси како воени организации, туку како мрежи кои генерираат политичка моќ која е од клучно значење за овој тип војување. Овие организации се обединети преку своите идеи. Раководството на овие организации е мрежно поврзано, за да обезбеди стабилност и континуитет кога се нападнати. Нивна најважна цел не е да се победи на бојното поле, туку да се одржи идејата на организацијата.[275]

Овие противници се фокусираат на политичките аспекти на конфликтот, бидејќи тие го прифаќаат фактот дека војната во крајна линија е политички акт. Со оглед на тоа дека крајна цел им е промена на свеста кај политичко раководство на нивниот непријател, фокусот на краткорочните цели им е концентриран во промена на јавното мислењето кај различни општествени групи. Тие знаат дека времето е на нивна страна. Оваа модерна герилска војна се разликува од останатите, по тоа како мрежните транснационални актери ја водат и ја претвораат во асиметрична војна.[276]

Истакнатиот американски воен стратег Хари Самерс, ја прераскажува изјавата на еден северно виетнамски полковник, кој реплицира на тоа дека САД никогаш не биле победени на борбеното поле. Тој вели „тоа може да е така, но исто така е ирелевантно“.[277] Поради долгата временска рамка и нивната политичка природа, целите помеѓу противниците во 4ГВ се различни. Четвртата генерација противници не бараат пораз на непријателските сили. Тие предизвикуваат ерозија на политичката волја кај противникот, па може да се случи да победат дури и ако на спротивната

---

[274] Chris Wogan, Amiraqa and the New American Century, Lulu.com, 2004, стр. 68.
[275] Thomas X. Hammes, The Sling and the Stone: On War in the 21st Century, Zenith Imprint,St. Paul, 2006, стр. 222.
[276] Scott D. Yancy, ADAPTING PROFESSIONAL MILITARY EDUCATION TO THE CURRENT THREAT, Maxwell Air Force Base, Alabama April 2006, стр. 25.
[277] Harry G. Summers, *On Strategy: A Critical Analysis of the Vietnam War* (Novato, CA: Presidio Press, 1982), стр.1.

страна се наоѓа воена сила што во голема мера е надмоќна. Тие избираат да водат војна на друг начин. Во Никарагва, Чеченија, Авганистан и Палестина, бунтовниците никогаш не ги победиле непријателските воени сили. Тие се фокусираат на победа на војни, а не на битки.[278]

### *4.2.1. Физичка димензија*

Целта на војната воопшто е да се уништи воената моќ на противникот, т.е. да се редуцираат неговите сили по обем и во состојба по која нема да биде во можност да продолжи со понатамошното ангажирање. Тоа значи дека државата треба да биде освоена или окупирана од страна на посилната воена сила, а нејзините вооружени сили уништени, разоружани и пасивизирани. Состојбата со освоената држава мора да биде таква со што ќе се обезбеди дека во понатамошниот период нема да генерира нови воени сили или сили на отпорот кои всушност би значиле и дека војната сè уште не е завршена.

Во однос на постигнатите крајни цели на војната т.е уништување воена моќ на државата на противникот, потребно е и да се влијае и на моралот или волјата кај населението на поразената држава за понатамошно давање организиран отпор. Историјата на војните и на војувањето е поврзана со ставање на испит и досегнување на крајните можности и капацитети на воената сила и особено во примената на новата воена технологија, сè со цел да се нанесат неподносливи загуби на спротивставената страна во судирот. Поради тоа, можеме да кажеме дека физичката димензија на војување го има и доминантното значење за постигнување на конечниот успех во војната. Во прилог на тоа, ќе ја потенцираме постигнатата прогресија во бројот на жртвите помеѓу Првата и Втората светска војна, или пак најавите за општа катаклизма што може да настапи со примената на нуклеарното оружје, кое што за прв пат го употребија вооружените сили на САД врз јапонските градови Хирошима и Нагасаки, во 1945 година, и со што всушност и се обележи и крајот на Втората светска војна.

[278] Anthony D. McIvor, Rethinking the Principles of War, Naval Institute Press, Annapolis, 2007, стр. 272

Опасноста лежи во тоа дека, колку се поголеми целите што се поставени во војната, толку е и поголем капацитетот на силите што се врзуваат т.е. што се користат за остварување на овие цели. Од друга страна, доколку овие цели не се постигнат, дотолку полоши ќе бидат и последиците од постигнатиот (односно непостигнатиот) успех. Крајна цел на војната е всушност потчинување на политичката волја на противникот, односно негово принудување да ги исполни поставените услови на победничката страна во судирот.

Но во реалноста се случува нешто друго. На почеток од војната, во судирот помеѓу конвенционалните сили, целта на посилната страна во судирот е со наметнување директен вооружен судир, со изведување на стратегиски операции и кампањи да му нанесе неподносливи загуби на противникот, да ги уништи неговите сили и да изврши разоружување на неговите воени ефективи. Но, дури и кога ќе се уништат вооружените (воените) сили на противникот, сепак не можеме да сметаме дека сме ја покориле и „волјата за отпор" на противникот. Така, всушност претходно поставената реална цел за уништување на инструментот на вооружената моќ на противникот, којшто е претставен преку неговите вооружени сили, станува апстрактна цел. Ова од причина што земјата може да биде освоена, но не и покорена, а разоружувањето на противникот како нужен предуслов за мир ретко се постигнува во реалноста.

Во однос на поставената политичка цел и нејзината вредност (иако оваа цел не треба да биде сфатена како апстрактна цел, за која е потребно неподелено жртвување), доколку достигнувањето на оваа цел поставува високи императиви на вредносно т.е. на борбено ангажирање, најчесто се отстапува од оваа цел и се склучува примирје. Безбројни се примерите во историјата на војувањето кога во состојба на судир на нееднакви противници, посилната страна во судирот се откажува од понатамошното ангажирање, пред сè поради високата цена на војувањето. Во овој случај доволно е да ја спомeнеме состојбата со ангажирањето на војската на САД во Виетнамската војна (1965 – 1973 ) кога САД се повлекуваат од овој судир поради големите загуби (околу 65000 загинати и преку 300000 повредени војници) или пак, состојбата со неподносливите човечки загуби на

Хитлеровата коалиција на источниот фронт во 1942 година која ќе доведе, по прв пат, моќните нацистички сили стратегиската офанзива да ја заменат со стратегиска дефанзива, што ќе доведе и до пресврт во понатамошниот тек на Втората светска војна.

Поради трошењето на ресурсите на завојуваните страни, со право се поставува прашањето, како да се влијае на состојбата со која ќе се зголемуваат трошоците за водење на војната на противникот, односно како да се зголеми цената на успехот којашто тој треба да ја плати. За да се постигне ова, на инфериорната страна ѝ стојат на располагање две можности: давање отпор и тоа пред сè вооружен отпор со неподносливи загуби или продолжување со отпорот во постконфликтниот период, што за доминантниот противник ќе значи претрпување неподносливи загуби и трошење на ресурсите што, на крајот ќе доведе до негово откажување од поставени цели во војната.

Што се однесува до посилната страна во војната, таа може да ги намали трошоците на војувањето на само еден единствен начин, и тоа: со скратување на времето на ангажирање во военииот судир, т.е. со достигнување на поставената почетна цел на војната, во што е можно покус временски период. Во однос на оваа цел, од пресудно значење е уште и потребното време за подготовки, како и трошоците на ангажираните сили од почетокот па сè до крајот на вооружениот судир. Притоа, треба да се има во предвид и тоа дека современото војување ги става на проба највисоките технолошки стандарди, со користење на современите вооружени системи чија цена најчесто можат да ја платат само богатите и моќни противници, учесници во судирот.

Заговорниците на 4ГВ, во однос на физичката димензија на војување се определуваат за примена на оние форми и методи на војување кои би требало да им овозможат да ги стави под удар конвенционалните сили на државната војска, на посупериорната окупациска сила. Притоа, се користат со веќе познатите стратегии на терор и закани, со тактиката на асиметричното војување, конфликт со низок интензитет, и тоа во подолг временски период. И уште многу позначајна димензија на овој настап е во овој наметнат судир покрај неподносливите загуби, истовремено да се

влијае и на политичката волја на супериорните конвенционални воени сили на противникот. На крајот физичкото повлекување на конвенционалната и на посупериорната страна од судирот, всушност го обележува и крајот на судирот и признавање на поразот во војната.

#### *4.2.2. Психолошка димензија*

Уште на почетокот се чини дека сме ослободени од обврската да зборуваме за психолошката димензија на 4ГВ. Ова од едноставна причина, што многубројни аналитичари на војната го поедноставуваат овој пристап или поточно го идентификуваат со подготвеноста за соработка на локалното население ослободено од психолошките фрустрации, стресови, отуѓеност и пред сè во однос на последиците што произлегуваат од воените активности. Притоа, постои само еден единствен предуслов, а тоа е да се обезбеди соработка на локалното население со нововоспоставените институции на власта. Со обезбедена соработка сите проблеми и пречки што се јавуваат со присуството на воениот фактор на теренот ќе бидат многу полесно совладани. И обратно, доколку оваа соработка изостане, т.е. доколку постојат видливи празнини во однесувањето на населението кон властите, се доведува во прашање и третманот на окупациските сили на теренот, а со тоа им се дава можност на протагонистите на 4ГВ да го привлечат и да го придобијат населението на своја страна т.е. за сопствени цели на војувањето.

Доколку сакаме да извршиме анализа на психолошките аспекти и тоа пред сè на последиците од војувањето со кои се соочуваме во 4ГВ, тогаш, на овој проблем мораме да му пристапиме повеќедимензионално. Прво, во однос на психолошките предности, се чини дека окупациската сила поседува високо морално и психолошко ниво, пред и во текот на воената интервенција или кампања, и тоа пред сè поради високото ниво на информираност на трупите, подготвеноста за борбено ангажирање и убеденоста за исправноста на целите на војувањето. За разлика од нив, нивните опоненти би требало да бидат затекнати во поинфериорна позиција, свесни за тоа дека нивната земја претставува објект на напад или инвазија и

дека настапува период на страдања на народот и нанесување неподносливи загуби со неизбежни рушења на инфраструктура во земјата.

Во понатамошниот тек од операциите, т.е. во услови на окупација и продолжено присуство на воените сили, состојбата се менува во корист на опонентите на окупациските т.е. инвазиските сили. Притоа, се користи немоќта на окупациските сили за придобивање на населението и тоа се повикува на зачувување на изворните национални, културни, историски, традиционални и други вредности кои што се нарушени од страна на окупациските сили, и сето тоа во функција на јакнење на отпорот, на вооруженото и на невооруженото спротивставување. Искуствата покажуваат дека колку што е подолго воеhistото присуство на окупациските сили во земјата, толку повеќе е изразена и немоќта за пасивизирање на просторот и „победоносно“ и достоинствено повлекување на воените сили од судирот т.е излегување од војната.

Кога станува збор за психолошките операции што ги преземаат воените сили и други невладини агенции на окупираните подрачја, овие операции исто како и другите типови операции го пополнуваат просторот на оперативниот спектар, со основна цел да се зајакне интензитетот на конвенционалните операции и обезбедување на воспоставување на инструментите на власта на окупираното подрачје. Притоа, можеме да зборуваме за влијанието на внатрешни и на надворешни фактори со кои се зголемува или се намалува интензитетот и ефектите на психолошките операции. Како внатрешни фактори би биле: нивото на опременоста, расположливиот персонал, процените на командниот персонал, користење со здобиените придобивки од претходните операции и сл. Додека пак како надворешни фактори би биле достапноста на средствата за комуницирање со јавноста, можноста за дисеминација на „наменските“ информации, агентурните способности, соработката со локалните агенции и мрежи на влијанија и др.

Психолошките операции претставуваат дериват, но истовремено и важна конституента на борбените операции и често можат да претставуваат успешен катализатор што води кон успех или пак ги ублажува состојбите кои што можат да водат кон неуспех на операцијата.

Основни задачи на психолошките операции би биле: подобрување на ефектите на борбените операции, зголемување на интензитетот на информирањето на населението на одреден простор, оспособување и зајакнување на комуникациските мрежи и влијанија, противпропагандни активности, мерки за јакнење на отпорот на бунтовничките движења, користење на историските, културните, јазичките и други разлики на просторот заради јакнење на отпорот против протагонистите од 4ГВ и др.

Истовремено, присутни се и одредени ограничувања кои протагонистите на психолошките операции мора да ги земат предвид, како што се: планирањето на ангажирањето на силите во однос на расположливиот спектар на операции, некомплетноста на информациите, процените, потребите од широка координација и истовремено ограничување на информациите за акциите, одредување квалификуван персонал, процена на целните групи на влијанија и др.

### *4.2.3. Морална димензија*

Во однос на барањето за смислата за моралната (менталната или рационалната) димензија на 4ГВ, би можеле да кажеме дека тука наидуваме на првата противречност во однос на ставот на Клаузевиц. Тој пишува дека војната претставува продолжување на политиката со други средства. Меѓутоа на ментално ниво, во 4ГВ би можеле да ја извртиме оваа теза и да кажеме дека „политиката претставува развој на војната со примена на други средства“.

Тука особено е значајно да се сфати и тоа дека за да се постигне целосен успех во 4ГВ мора да се научи како да се постигнат локалните политички цели и да се стекнат оперативни и тактички предности кои ќе водат кон стратегискиот успех. Како локални цели би можеле да се земат, на пример: разбирањето на локалната култура, интеграцијата со локалното население, препознавање и задоволувањето на основните животни потреби и други потреби на населението, развојот на ефективен систем на разузнавање на тактичко и на оперативно ниво и друго.

Во однос на најмоќното ниво на војната, моралното ниво, клучот на победата лежи во успешноста на доминантната воена сила е во тоа да се

убеди локалното население за исправноста на целите што се постигнати со преземниот акт на воена интервенција и истовремено да се постигне состојба на идентификација и придобивање на населението во однос на поставените цели, да се искористат стекнатите придобивки и предности што се нудат на теренот итн. Сето ова е во функција на обидите за оддалечување од непријателот т.е. од оние кои би можеле да се стават во нивна заштита. Тоа најчесто е многу тешко изводливо пред сè поради фактот дека надворешни инвазионисти најчесто се идентификуваат со некоја друга култура (многу често се и припадници на друга религија), така што за воспоставувањето на целосниот спектар на влијанија врз општите и врз посебните услови на заедницата, потребен е подолг временски период.

Притоа, окупациската (инвазиската) сила секогаш одново ќе го поставува истото прашањето и ќе ги бара одговорите на тоа исто прашање т.е.: „ Дали се однесуваме правилно и полезно и дали има уште нешто што би требало да се направи, а што дотогаш не било направено?“ На пример, не може истовремено да се напаѓа и да се тероризира локалното население и да се бара истото тоа население да се идентификува со целите и посебните барања на окупациската сила. Окупациската сила мора да се однесува на начин со кој нејзините постапки не смеат да претставуваат закана за историската култура, религијата и начинот на живеењето на локалното население.

Од друга страна пак, ваквото однесување на окупациската сила може да биде сфатено во смисла да проекција на слабост, мекост или колебливост во настапите. Ова може да биде, исто така, фатално, бидејќи во повеќето култури, човекот не сака да се идентификува со послабиот. Во повеќето ситуации на војни „критичен момент ќе претставува тоа како да се придобијат младите луѓе, кои се во полна физичка зрелост и се многу лесно подводливи за борба. Во односот кон оваа целна група луѓе, потребна е демонстрација на сила и повпечатливо присуство на окупациските сили на теренот. Истовремено, важно е да се разбере и изразената потреба на младата популација за идентификување со посилниот и праведниот, но истовремено и изразената подготвеност за борба против оние што ќе ги омаловажат или ќе ги повредат нивните чувства.

Во однос на секојдневието и на акциите што се водат на дневна основа (ден за ден), застапено е златното правило на морален план, кое се состои во следното начело: „не прави го она дело, постапка или акт, со коешто, кога истото тоа дело некој би ти го направил тебе, би те принудил да стапиш во борба“. Активностите на окупациските сили не смеат да бидат предизвикувачки и да го испровоцираат локалното население до таков степен што, ова население соочено со неподнослива репресија, неправди и дискриминација, ќе започне со борба и пружање „сенароден“ и масовен отпор. Поради тоа препорачливо е, доколку дошло и до грешки во настапот, особено во делот на примената на воената сила, а грешките можат да се поправат, да постои обид ваквите грешки да бидат исправени, штетите надоместени и притоа не смее да се заборави дека таквата грешка или грешки не смеат да се повторат. Ова нè доведува и до долната граница на извојувањето на победа на морално ниво:„вашиот збор и вашата акција мора да имаат вредност“.

На крајот не треба да заборавиме дека 4ГВ се води на домашен фронт. Заговорниците на оваа војна ќе настојуваат да извојуваат стратегиска победа, пред сè со отфрлање на моралните вредности на окупациската сила, особено во однос на обидите за пропагирање на доминантната културна, економска и политичка моќ, историска државотворна супремација, можност за остварување и ширењето на сферите на влијанија и доминација и др. И тука окупациската сила мора да размислува за состојбата со јавната поддршка на борбата и за градење симпатии кај делот од заговорниците од 4ГВ. Доколку окупациската сила не успее во ова, сигурно ќе го доведе во прашање и успехот на стратегиско ниво, со што всушност и ќе го доведе во прашање и успехот на војната, во целина.

#### *4.2.4. Приватни воени компании*

Со тековните конфликти на Блискиот Исток, што се производ на глобалната војна против тероризмот, се провлекува една од најконтроверзните теми поврзани со асиметричните војни на XXI век, а тоа е употребата на приватните воени организации. Нивното присуство е забележително во конфликтните подрачја на Ирак и во Авганистан, во кои

доминира американската воена сила. Во достапната светска литература која се занимава со проучување на овој феномен се користат многу изрази: приватни воени компании, компании за обезбедување, приватни воени и безбедносни контрактори и слично.

Во минатото државите биле главен носител на сите активности на меѓународен план и до неодамна врз основа на меѓународното право беа и единствен ексклузивен субјект кој има право на употреба на сила. Но со почетокот на XX век се појавиле и други носители кои имале влијание врз меѓународните односи (меѓународни владини и невладини организации, мултинационални компании, цркви, религиски центри и движења, групи на луѓе и поединци) по што државите го изгубиле ексклузивитетот на единствени субјекти. Прашањето за национална одбрана и безбедност станува депривилегирано право на државата исто како претходно препуштените права за контролата на интернационалната трговија и финансиите. Безбедноста што се темелела на војската, станува условена од процесите што се случуваат во сите сфери на општеството. Намалувањето на воените димензии на системот на национална безбедност се заменија со зголемување на улогата на други безбедносни служби (полиција, разузнавачки агенции, системи за заштита на населението). Но наведените јавни безбедносни сили, сепак немаат доволно капацитети, луѓе, средства и можности да ги преземат одговорните задачи што им се наметнуваат, при што се отвора широк спектар и нова димензија на бизнис со приватниот безбедносен сектор. Сето ова на светските владетели на мирот и на војната им ја создало потребата за пронаоѓање други можности за продолжување на нивните глобални цели, но со променети средства. Во решавање на тие проблеми приватните безбедносни организации стануваат лост во исполнување на зададените цели.

Трансформацијата на вооружените сили е значаен сегмент во развојот на приватните безбедносни организации. Улогата на вооружените сили кои претставувале највисок гарант за безбедноста, неповратно е изменета, направена е концептуална трансформација на мали стручни и мобилни единици, насочени кон хуманитарни активности и интервенции во странство. Со сè поголемата географска распространетост на воените

операции низ светот, се јавила потребата одредени функции на вооружените сили да се понудат на приватни безбедносни организации кои можат да ги исполнат нивните барања. Постепено доаѓа до издвојување на оние функции од воениот сектор кои не се пресудни за директно борбено дејствување (non-core function) и се препуштаат на приватниот безбедносен сектор.[279]

Модерните приватни воени контрактори – ПВК (PMC – private military contractor), како воена институција значително се разликуваат од постарата традиционална идеја за платен војник – платеник. Модерната манифестација на платеничка армија еволуирала од оригиналните „кучиња на војната“ во еден современ правен субјект, управуван од страна на слободниот пазар и динамиката на понуда и побарувачка како и политичките сили што ја форсираат глобализацијата.[280] Во опишувањето на природата на современите ПВК, експертот по политички науки од Институтот Брукингс, П.В. Сингер, вели дека ПВК се корпоративни тела што нудат широк спектар на услуги, од тактички борбени операции и стратегиско планирање, до логистичка поддршка и техничка помош.[281]

Постојат ПВК кои се тесно специјализирани за извршување на услуги од воен тип на првата линија на боиштето (*Blackwater, Executive Outcomes, Sandline, Kroll, Triple anopy, Control Risks, ArmorGroup, Aegis).* За активностите на овие ПВК секогаш се води најголема полемика при нивното вклучување во воени мисии. Причината е во тоа што овие ПВК во борбената зона реализираат воени операции на тактичко ниво. Како пример за учество на ПВК во борбени дејства се „Извршен избор“ (Executive Outcomes) во Ангола и во Сиера Леоне и „Црна вода“ (Blackwater) во Ирак. Овие ПВК во минатото станаа „легенди“ со нивните директни судири и борбени активности против бунтовниците, со нивната тактика за обезбедување на ВИП личности, кои за таа цел користеле вооружување со голема огнена моќ и борбени хеликоптери.[282]

---

[279] Elke Krahmann, „States, citizens and the privatization of security“, Cambridge University Press, New York, 2010, стр.247.

[280] Justin Dugyon, The Orator, Volume 5, Nu Chapter University of Washington, Spring 2010, стр. 30. Достапно на http://students.washington.edu/nupsa/Docs/Volume5/Dugyon.pdf датум на пристапување 03.08.2011 година

[281] P.W. Singer, „Outsourcing War“, *Foreign Affairs*, (March/April 2005), стр. 120

[282] Jeremy Scahill, „Blackwater: the rise of the world's most powerful mercenary army“, Nation Books, 2008, стр. 190,191.

Обуката е значајна активност на ПВК. Приватните воени контрактори се лиценцирани од страна на Стејт департментот на САД и имаат склучено договори со владите на: Нигерија, Бугарија, Тајван и Екваторијална Гвинеја за обука на војници и за реорганизација на воениот состав.[283] Ист пример е и случајот со МПРИ (Military Professional Resources International - MPRI) тимот кој имаше своја улога во реконструкција на воените сили во Хрватска, во Босна и Херцеговина, во Бугарија и други држави. И нашата држава не остана заобиколена. Во 1998 година МПРИ тимот склучи договор за реконструкција и обука на Армијата на Република Македонија.[284] Меѓутоа тие, исто така, беа вклучени и во обуката на припадниците на Ослободителната војска на Косово (ОВК – UCK) и ОНА (Ослободителна национална армија).[285] Практично тие истовремено ги обучуваа и двете страни од конфликтот во 2001 година во Македонија.

Еден од моментално најактуелните примери за обука на воените сили на САД, што ги извршуваат ПВК, е Црна вода (Blackwater), која на своите полигони во Северна Каролина изведува обука за противтерористичка борба со припадниците на морнаричката пешадија на САД. Пресуден настан што придонесе за обука од страна на ПВК е терористичкиот напад на Ал Каеда врз американскиот воен брод УСС Кол (USS Cole), во Јемен 2000 година, во кој загинаа 17 морнари. Воените анализи кои следеле по нападот, утврдиле дека на маринците на бродот пред упатување во мисија не им била овозможена противтерористичка обука и обука со оружјето со кое треба да војуваат.[286]

Логистичка поддршка и услужни дејности се активности со кои се занимаваат голем број ПВК (Halliburton, KBR, SAIC) и претставуваат најпрофитабилни области на работење. Логистичките услуги се движат од изградба на кампови и нивно одржување, подготовка на храна, прочистување вода, испорака на хуманитарна помош, храна, гориво,

---

[283] Yeoman, Barry. "Soldiers of Good Fortune", Mother Jones. May/June 2003, достапно на http://motherjones.com/politics/2003/05/soldiers-good-fortune 03.08.2011 година

[284] James R. Davis, „Fortune's Warriors: Private Armies and the New World Order", Douglas & McIntyre, Vancouver, 2002, стр. 111.

[285] Gavin Cawthra, Robin Luckham,„ Governing insecurity: democratic control of military and security", Zed Books, London, 2003, стр. 290.

[286] Jeremy Scahill, „Blackwater: the rise of the world's most powerful mercenary army", New York, 2007, стр. 104.

медицински резерви, поштенски услуги до одржување затвори, воени транспортни возила, одржување и управување со информатичките, со борбените и со комуникациските системи. Тие ги одржуваат и ги управуваат најсофистицираните системи за вооружување на најсовремените воени авиони како В-2, F-117 невидливиот борец, „апачи“ хеликоптерите, КС-10 авиони танкери воздух-воздух, U-2 извидувачки авиони и беспилотни летала.[287] ПВК обезбедуваат логистичка поддршка на теренот насекаде во светот каде што е распоредена американската војска.[288] ОН која нема сопствени сили, често се потпира на услугите на ПВК при реализирање на операции за поддршка и спроведување на мирот.[289]

Советодавните услуги, стратегиските и административните експертизи се едно од најсилните подрачја на активностите на ПВК (MPRI, DynCorp, Vinnell). Со дејствување во овие области помагаат во развојот на стратегиски и доктринарни документи, анализа и стручна обработка на подрачјата од национален интерес и давање препораки. Дополнителни подрачја на дејствување се реформите во безбедносниот сектор во земјите во транзиција и реконструкција по воена интервенција (Ирак и Авганистан).[290]

Разузнавачките активности се врвот на пирамидата од услугите што ги обезбедуваат ПВК (Titan, CACI). Тоа се исклучително ризични активности и се исклучително чувствителна компонента во мозаикот на односи помеѓу воените сили – цивилната структура на власта и приватните организации. ПВК кои овозможуваат разузнавачки услуги, за овој тип задачи вработуваат поранешни разузнавачи и аналитичари од владините безбедносни агенции. Делокругот на нивните активности се движи од разузнавачко, сателитско и воздушно извидување, фотографско прикажување и толкување, разузнавачка анализа на собраните податоци, па сè до психолошко и информатичко војување. Како добар пример за ваква

---

[287] David G. M., The potential of private military corporations (PMCs) in hemispheric security and defence, Washington, DC., APRIL 2004. стр. 13.

[288] Jo Ann Hoffman & Vance B. Moore, The growing importance of Private Defense Contractors, Defense Base Act Lawyers Blog April 17, 2011. достапно на http://www.defensebaseactlawyersblog.com/2011/04/ датум на пристапување 07.08.2011 година

[289] Mercenaries could become 'privatised' peace force, Mail online, Aug 07 2011, достапно на http://www.dailymail.co.uk/news/article-100051/Mercenaries-privatised-peace-force.html датум на пристапување 07.08.2011 година

[290] Robert Mikac, „Fenomen privatnih vojnih organizacija“, Polemos 10 , 2007, стр. 91.

соработка е концептот наречен „Потполно разузнавачко решение“ (Total Intelligence Solutions).[291] Тој концепт за разузнавачко собирање и обработка на информации, го лансираа Кофер Блек, Роберт Ричер и други поранешни припадници на ЦИА во 2007 година. Кофер Блек е потпретседател на ПВК „Црна вода“ (Blackwater), лице со претходно 28-годишно искуство во ЦИА во Управата за операции и директор на Противтерористичкиот центар. Роберт Ричер е поранешен помошник на заменик-директорот за операции во ЦИА. Концептот овозможува 24-часовна разузнавачка методологија за аналитичко собирање податоци. Корисник на овие услугите е Министерството за одбрана на САД.[292]

Втората половина на XX век и почетокот на XXI век ќе останат запаметени по брзите промени кои во неповрат го сменија светот. Тој период е значаен по неколку настани и процеси што се значајни за развојот на ПВК.

Со крајот на Студената војна и редефинирање на светската безбедносната стратегија, се намали напнатоста помеѓу големите сили и дојде до распаѓање на биполарната структура на меѓународниот систем. Сето тоа придонесе за трансформација на воените сили и намалување на нивната бројна состојба. Иако опасноста од глобални конфликти била минимална, на повидок излегле многу нови конфликти, што ја зголемиле потребата од менаџирање и управување со кризи и отстранување на последиците со воена сила. Во многу краток период се случиле дијаметрално спротивни активности. Преку политичко дејствување се редуцирале воените сили во сите држави во светот, за потоа да се докаже дека има зголемена потреба од нив. Во овој период изразено е приближување на приватниот безбедносен сектор од маргините кон центарот на случувањата. Приватните воени организации стануваат нераскинливо врзани со сите меѓународни ангажирања на воените сили на САД. Деведесеттите години од минатиот век претставуваат пресвртница.

---

[291] Former CIA and Counterterrorism Experts Respond to Security and Intelligence Demands of the Private Sector, Total Intelligence Solutions, LLC, Media Release, February 20, 2007, достапно на http://www.prnewswire.com/news-releases/former-cia-and-counterterrorism-experts-respond-to-security-and-intelligence-demands-of-the-private-sector-58023627.html датум на пристапување 08.08.2011 година

[292] Jeremy Scahill, „Blackwater: the rise of the world's most powerful mercenary army“, New York, 2007, стр. 456.

ПВК се од толку витално значење за тековните воени операции, за што аналитичарите сугерираат дека САД повеќе не можат да војуваат без поддршка од ПВК.[293]

Заливската војна и операцијата „Пустинска бура“ во 1991 година е првиот конкретен глобален предизвик за новиот светски поредок и за тогашниот претседател на САД, Џорџ Буш. По неуспешните обиди по дипломатски пат и санкции Ирак да се принуди за повлекување од Кувајт, САД формирале голема меѓународна коалиција, по што на 17 јануари 1991 година, започнала операцијата „Пустинска бура“.[294] По едномесечно бомбардирање, од Саудиска Арабија започната е копнена офанзива, која за четири дена ја исфрлила ирачката војска од Кувајт. Под контрола на сојузниците бил голем дел од територијата на Ирак, по што биле прифатени сите услови за примирје. За овој амбициозен план сојузниците ги немале потребните ресурси, а сами не можеле да реализираат ваков потфат, па затоа помош побарале во приватниот безбедносен сектор. Во поширокиот контекст на подготовки и изведување на операцијата, приватниот сектор во однос на редовните сили учествувал во сооднос 1:100 (еден припадник на ПВК во однос на 100 регуларни војници).[295]

Терористичкиот напад врз САД од 11 Септември 2001 година темелно ја смени перцепцијата за глобалната безбедност, по што е воведена нова парадигма во меѓународните односи насловена како, Глобална војна против тероризмот (Global War on Terror). Овој настан фундаментално го промени односот на САД кон меѓународниот тероризам, по што се отфрлија старите противтерористички пристапи, на комбинација од механизми, како што се: дипломатски активности, економски санкции и меѓународно координирани законски мерки. Тогаш, претседателот Буш објавува дека САД се ангажирани во војна против тероризмот.[296] Со започнување на операцијата „Трајна слобода“ (Enduring Freedom) во Авганистан во 2001

---

[293] Deborah C. Kidwell, „Public War, Private Fight? The United States and Private Military Companies“, Fort Leavenworth, Kansas, стр. 22.

[294] Martin Gitlin„„ Operation Desert Storm“, Minnesota, ABDO, 2009, стр.11.

[295] Paulaj R., *Contractor support on the battlefield*, Strategy Research Project, Carlisle barracks, Pennsylvania, 09 April 2002, стр. 2.

[296] Kenneth R. Bazinet, *A Fight vs. Evil, Bush and cabinet tell U.S.*, Daily news Washington bureau, Monday, September 17th 2001, достапно на http://www.nydailynews.com/archives/news/2001/09/17/2001-09-17_a_fight_vs__evil__bush_and_c.html датум на пристапување 12.08.2011 година

година и „Слобода за Ирак“ (Iraqi Freedom) во Ирак во 2003 година, како дел од глобалната војна против тероризмот, отворен е голем спектар на операции кои имаат потреба од многу голем човечки и финансиски потенцијал. Во неможност да се зголемат регуларните воените сили на теренот, улогата на приватниот безбедносен сектор доаѓа до сè поголем израз, не само во обезбедување на приватна и деловна безбедност, туку исто така и воена поддршка за домашните и меѓународните вооружени сили.[297]

Во операцијата „Слобода за Ирак“ (Iraqi Freedom) од 2003 година, во однос на операцијата „Пустинска бура“, која се одвивала 12 години порано, односот на припадниците на ПВК во однос на редовните воени сили за десет пати е зголемен и изнесувал 1:10. Веќе во 2009 година односот помеѓу ПВК и воените сили на САД и коалициските сили заедно изнесува 1:1. Во 2011 година односот помеѓу регуларните воени сили и ПВК во Ирак и Авганистан изнесува 1,2:1.[298]

На тој начин ПВК добиваат сè поголема улога како сила за поддршка во војната против тероризмот, но и за остварување на глобалните цели на САД, често истакнувани од страна на министерот за Одбрана на САД, Доналд Рамсвелд (2001-2006 година).[299]

Со завршување на конвенционалните воени операции во Авганистан пролетта 2002 година, конфликтите продолжиле меѓу војската на САД и коалициските сили од една страна против Талибанците и Ал Каеда на другата страна, сега водени како асиметрична војна. За кратко време земјата била преплавена со војската на САД, со коалициски сили (НАТО), со голем број на цивилни организации за реконструкција, невладини организации и агенции, донатори, набљудувачи, приватни воени организации и многу други. По завршување на конвенционалните операции и почетокот на привидната стабилност во државата, набрзо безбедносната состојба во земјата се влошила. Главен стожер во поствоените операции била војската

[297] Elke Krahmann, „Private Security Companies and the State Monopoly on Violence: A Case of Norm Change?“, Peace Research Institute Frankfurt (PRIF) 2009, стр. 5.
[298] Moshe Schwartz, *Department of Defense Contractors in Afghanistan and Iraq: Background and Analysis*, Congressional Research Service, May 13, 2011, стр. 6. достапно на http://www.fas.org/sgp/crs/natsec/R40764.pdf датум на пристапување 11.08.2011 година
[299] Secretary Rumsfeld's Remarks to the John Hopkins, Paul H. Nitze School of Advanced Internation, U.S. Department of Defense, December 05, 2005, достапно на http://www.defense.gov/Transcripts/Transcript.aspx?TranscriptID=1361 датум на пристапување 11.08.2011 година

на САД со одредена поддршка од НАТО сојузниците, во воспоставување и одржување безбедна животна средина, поддршка на реконструкциски операции и градење и обука на домашните безбедносни структури преку реформа на целокупниот безбедносниот сектор.[300]

Во состав на оваа мисија било вклучено и обезбедување цивилни експерти од Министерството за одбрана на САД, придружни компании и нивни вработени, со директна заштита од борбените единици. Сите останати учесници кои не се на главниот правец на напор, па дури и владините агенции на САД, не уживале привилегии за обезбедување од страна на Армијата на САД. За безбедноста на своите вработени и нивните проекти, другите вклучени субјекти морале сами да се погрижат. На теренот дејствувале шест испреплетени компоненти: 1) Армијата на САД, 2) коалициските сили, 3) претставници на владините институции на САД – Стејт департментот, USAID (главна агенција на САД за давање поддршка во земјите во кои се спроведуваат реформи), Инженерискиот корпус на САД, претседателот на Авганистан, Бурханудин Рабани, и неговиот потесен кабинет, 4) компании за поддршка на сојузничките воени формации и за други државни институции, но кои не се основниот стожер на поствоените операции, 5) организации за реконструкција за сопствен профит и 6) невладини и хуманитарни организации. Од сите овие компоненти само две биле во можност да вршат обезбедување: Армијата на САД и ПВК.[301] Армијата на САД ги обезбедува сопствените сили и повеќето коалициони сили на теренот. Сите други се упатени да бараат обезбедување од ПВК.

Главни причини за зголемување на потребата од ПВК и нивните оперативни способности биле влошената безбедносна состојба на теренот (од која преку ноќ сите се нашле во животна опасност) и неподготвеноста и неинформираноста за безбедносната ситуација на теренот, бидејќи многу компании брзале да влезат во работа со цел енормна заработка во реконструкциски зафати, а притоа занемарувајќи ги безбедносните

---

[300] Military role in Afghanistan, Military-world, August 13, 2011, достапно на http://www.military-world.net/military_role_in_afghanistan.html датум на пристапување 13.08.2011 година
[301] Robert Mikac, „Fenomen privatnih vojnih organizacija“, Polemos 10 , 2007, стр. 94.

побарувања. Исто така, ангажирањето на ПВК се реализирало многу побрзо и поевтино отколку побарувањата од Армијата на САД.[302]

ПВК не само што вршат олеснување во однос на персоналот, тие исто така го намалуваат бројот на жртвите од војната. Тие апсорбираат повеќе од 25% од загинатите во акција, со што ги намалуваат потребите за употреба на политичките средства потребни за поддршка за одржување на конфликтот. До крајот на 2009 година ПВК пријавиле скоро 1800 загинати и 40000 повредени лица во Ирак и во Авганистан. Со влошување на состојбата во Авганистан, од јануари 2010 година, повеќе смртни случаи имаат ПВК, отколку воените сили на САД и на Коалиција.[303]

Од практични причини овие жртви не се прикажуваат и се „надвор од книгите", во смисла дека немаат реално влијание врз политичките одлуки за војната. Како што истакнува Питер Сингер: „Нема негодување кога припадниците на ПВК се повикуваат и се распоредуваат, па дури и кога се убиени. Ако расте смртноста помеѓу американските војници, тоа е закана дека полека ќе опаѓа поддршката од јавноста. Жртвите на ПВК не се вбројуваат во официјалните статистики. Тоа значи дека ПВК претрпеле повеќе загуби отколку Коалицијата на сојузничките земји заедно. Загубите се толку големи што досега ниедна американска дивизија ги нема доживеано."[304]

Како последна, најкритична предност е тоа што ПВК можат да извршуваат посебни задачи кои американските воени и цивилни сили едноставно не можат да ги извршат. Некои задачи, како, на пример, обезбедување голем број преведувачи се очигледни и широко применливи. Другите специфични ситуации се обезбедување на примарната снабдувачка линија на границата помеѓу Авганистан и Пакистан, каде што Американската армија нема доволно сопствени сили. Таа снабдувачка линија поминува низ области кои се жестоко контролирани од страна на Талибанците или локални банди кои наплаќаат за употреба на патот. Дури и

[302] Moshe Schwartz, Department of Defense Contractors in Afghanistan and Iraq: Background and Analysis, Congressional Research Service, May 13, 2011, Стр. 5.
[303] Steven L. Schooner and Colin D. Swan, "Contractors and the Ultimate Sacrifice," Service Contractor, September 2010, стр. 17.
[304] Peter W. Singer, *21st Century Defense Initiative, Outlook: Break the Blackwater Habit*, October 08, 2007, достапно на http://www.brookings.edu/interviews/2007/1005militarycontractors.aspx датум на пристапување 14.08.2011 година

многубројно присуство на американски трупи не ја гарантира испораката на намирниците. Меѓутоа, тука настапуваат ПВК, кои прикажуваат микс на воена сила, лични врски и преговарачки вештини со што се одржува коалициското снабдување на линијата.

Меѓутоа, за време на нивното учество во конфликтните зони на Авганистан, ПВК создаваат голем број проблеми, од тактичко до стратегиско ниво. Првенствено нема контрола врз квалитетот и стручноста на лицата кои се вработуваат во ПВК, а потоа се ангажираат во конфликтни подрачја. Исто така, дури и ако активностите што ги извршува одредена ПВК се под надзор на лице одредено од властите, тоа нема никаков увид врз „дневните активности и контакти" што ги остваруваат платениците на терен. Конечно за сите неправилности кои ќе се направат одговорна е Американската влада, која ги ангажира ПВК.[305]

Нивното присуство може драматично да ја смени структурата на моќта на локално ниво. Со наметнување на прашањето за нивниот легитимитет, ПВК се сериозни надразнувачи на расположението на домашното население. За нив, вооружените платеници претставуваат неодговорна паравоена формација која ја наметнува својата волја преку секојдневните средби со локалното население, на пример, принудувајќи го да се движи надвор од локалните патишта, на погрешна страна од патот, притоа вперувајќи оружје во него. Дури и невооружените платеници го иритираат населението, бидејќи го третираат со недостаток на почит и доверба.[306]

ПВК и нивните платеници се дел од синџирот на командување со трупите во Авганистан, меѓутоа регуларните воени единици на теренот се под команда на воен офицер, додека ПВК не се. Додека ПВК и Владата на САД работат на прашањето за координација помеѓу приватните и регуларните вооружени сили, останува фактот дека платениците не се под воена команда. Употребата на ПВК, исто така, го покренува прашањето за оперативна команда и контрола. Американските воени команданти немаат директна контрола врз приватните воени контрактори и можат да ги

---

[305] T.X. Hammes, Private Contractors in Conflict Zones: The Good, the Bad, and the Strategic Impact, Strategic Forum, USA National Defense University, November 2010, стр 5.
[306] Ибид, стр 6.

користат само со претходно утврдени договори. Како резултат на тоа ПВК претставуваат слаба точка во ефективните борбени операции, кои зависат од ефикасна логистика, мисија која ја извршуваат најголем дел од ПВК ангажирани во воените зони. Причината зошто ПВК остануваат надвор од синџирот на воена команда, ја објаснува еден сопственик на британски ПВК кој вели дека „Ние не би им овозможиле на своите вработени да бидат под команда на војската... Бидејќи војската може да ги ангажира надвор од нивниот делокруг на активности и притоа да го изгубат нивното осигурување.“[307]

На 16 август 2010 година, претседателот на Авганистан, Хамид Карзаи одлучи дека сите ПВК во рок од четири месеци мора да ги прекинат операциите во Авганистан.[308] За жал, ова не се исполни бидејќи ИСАФ и повеќето хуманитарни организации се потпираат на вооружени ПВК, кои ја гарантираат нивната безбедност, која е од суштинско значење за извршување на мисиите низ Авганистан.

На крај се поставува прашањето: Што е заедничко помеѓу обезбедувањето на авганистанскиот претседател, изградбата на затворски комплекс во заливот Гуатанамо, собирање разузнавачки податоци во Ирак и во Авганистан, уништување на посевите во Колумбија и управувањето со комуникациските и информатички системи за превенција од терористички напади врз САД? Во координација со националните сили за безбедност, сите наведени задачи самостојно ги извршуваат приватни воени организации.

## 4.3. Атрибути на четврата генерација војни

### *4.3.1. Стратегиски аспекти*

Војните од четвртата генерација имаат за цел да го променат начинот на размислувањето на креаторите на политичкото и военото одлучување, и

---

[307] David Isenberg, *Security Contractors and U.S. Defense: Lessons Learned from Iraq and Afghanistan*, World Politics Review, 14 Jun 2011, достапно на http://www.worldpoliticsreview.com/articles/9151/security-contractors-and-u-s-defense-lessons-learned-from-iraq-and-afghanistan?page=2 датум на пристапување14.08.2011 година

[308] Afghan Leader to Ban Security Contractors, CBSNews.com, August 16, 2010, Достапно на http://www.cbsnews.com/stories/2010/08/16/world/main6776999.shtml датум на пристапување 14.08.2011 година

тоа на најдиректен начин. Но оваа промена не може да се постигне на традиционален начин т.е. преку постигнувањето на целите од третата генерација војни и особено не во однос на делот на капацитетите и можноста за регенерација на силите.

Ниту епиката на одлучувачките битки од Наполеоновата ера, па и широките опфатни маневри на високоподвижните сили на XX век, не се релевантни за новиот начин на војување. Многу порелевантен е начинот на кој одредени пораки се испраќаат кон креаторите на политиката, како и оние што би можеле да имаат влијание на нив. Иако овие пораки се насочени кон одредени целни групи, секоја од пораките е уредена на начин со кој тие треба да ја постигнат основната цел на војувањето т.е. да предизвикаат промена на политичката позиција на непријателот во однос на дефинирањето на условите на судирот и сето тоа во корелација со националните карактеристики. Состојбите во Ирак и во Авганистан ги покажуваат наведените одлики. Во секоја од нив бунтовниците испраќаат една порака кон своите симпатизери, друга за неопределениот дел од населението, а трета кон доносувачите на политичките одлуки. Пораката за неопределените сонародници кои сè уште не се ангажирани е да се држат понастрана од борбата помеѓу бунтовниците и освојувачите, особено од Американците, кои сепак на крај ќе си заминат, а тие остануваат тука и понатаму подготвени за пресметка со своите политички неистомисленици и особено со воените соработници (колаборационисти). На крајот, пораката е јасна, да се убедат владите на коалициските сили и особено Американците да се повлечат од судирот.

Во спротивно, ризикуваат да бидат вовлечени во бесконечен и многу скап судир и на крајот да бидат принудени поразени да се повлечат од судирот. Во однос на човечките загуби војните од четвртата генерација, според обемот т.е. бројот на загинатите и повредени лица (пред сè поради долгорочноста на владеењето на теророт и последиците од насилствата) ни најмалку не се разликуваат од претходните генерации војни. Ова подеднакво се однесува на степенот на крвопролевањето кај населението како и страдањата кај припадниците на окупациските сили.

Бројот на загинатите и ранети војници, на крајот од 2009 година, на страната на Армијата на САД ја надмина бројката од 5000 убиени и повеќе од 27000 ранети војници. Поразителен е и фактот дека најголем дел од војниците настрадале како последица на експлозии од приручни експлозивни полнења или на експлозии на бомбаши самоубијци. Само мал дел (околу 7%) од загубите се последица на заседи на конвои и на директни воени акции, на чистење на теренот во противгерилски акции и особено во противбунтовнички операции.

Тука не се земени предвид бројот на загинатите и на ранетите војници и цивили од ирачката страна, кој од почетокот на воената интервенција до денес ја надминува бројката од преку 250000 убиени и преку 500000 ранети лица. Долгорочноста на последиците причинети од рушењата на клучната инфраструктурата, при што се користени проектили од осиромашен ураниум (заради зголемување на пробивната моќ на експлозивите), намерното уништување на биосферата и други појави на неконтролирано користење на оружјето од страна на моќните конвенционални сили, според некои процени ќе имаат толкави долгорочни последици за населението во Ирак, кое се изразува во алармантни бројки од повеќе милиони луѓе, со последици врз генеричната слика на семејствата, менталната слабост и деградацијата.

Со ова, во значителна мера се менува и стратегискиот пристап на протагонистите од четвртата генерација војни. Ова од причина што во општество со нарушени економски и општествени односи и во состојба на неможност за воспоставување целосна окупациска контрола, сето тоа има негативно влијание врз стопанскиот развој, додека пак од друга страна ресурсите стануваат достапни за секого. Се чини дека во ваква состојба донесувачите на одлуките се ослободени од одговорноста на загубите над недолжното население. Од друга страна пак, парите и идеите, поради својата достапност и можноста да се дигитализираат, стануваат единствено мерило кое подлегнува на грижлив транспорт.

На стратегиско ниво, особено значење му припаѓа на влијанието на медиумите. Окупациската сила ги користи медиумите за позитивна промоција на политиката на интервенции и оправдување на целите, како и

можноста да влијае на јакнење на довербата на силите на воената коалиција, додека кај нивните противници од четвртата генерација војни состојбата со нагласено присуство на окупациските сили со јавно прикажување на слики на загинати и ранети војници на страната на окупациските сила од една страна и на состојба на страдања на недолжното цивилно население од друга страна, треба да послужи како инструмент за притисок врз донесувачите на политички и на воени одлуки за менување на курсот на ангажирање т.е. за повлекување на силите од судирот. Како пример би можела да ја наведеме состојбата со медиумската заситеност и сликата на загинатите американски војници кои беа влечени по улиците во Сомалија, што имаше и големо влијание на одлуката за американското повлекување од воено ангажирање во оваа земја.

### *4.3.2. Политички аспекти*

Заговорниците за водење војни од четвртата генерација во пласирањето на сопствените политички цели најчесто се користат со интернационални, со транснационални и со субнационални мрежи. На располагање им е широк дијапазон на интернационални посредници: ОН, НАТО, Светската банка, ОПЕК и многубројни други организации. Секоја од овие организации има различити функции во меѓународните односи, па поради тоа истите се користат за испраќање пораки, кои се различни според својот карактер и содржини. И покрај тоа што, од една страна, овие организации не се во состојба радикално да влијаат врз промените на ставот кај националните лидери, истите сепак, на некој начин можат да се употребат да ја намалат реакцијата или да го парализираат меѓународниот одговор.

Првенствена цел на протагонистите на војни од четвртата генерација е да се постигне политичка парализа, како во однос на меѓународното опкружување така и кај целните нации. Освен со политички средства и методи, планерите своите влијанија врз целните општествата можат да ги остварат и на поинаков начин. На пример, тие знаат дека од оценката за состојбата со сигурноста и безбедноста во одредена земја, во голема мера зависи добивањето на некој кредитен аранжман. Тоа на напаѓачите им дава

поволен терен и можност да влијаат врз состојбата во некоја земја во која дури и самата закана од нарушување на состојбата може да биде доволна да изврши сериозно влијание на финансиските аранжмани, што секако ќе значи зголемување на чуствителноста на и онака веќе радикално дивестираниот економски простор во таа земја.

Нападите на милицијата на Ал Садр на инфраструктурата за производство на нафта во јужен Ирак ја илустрира оваа состојба. Нигериските бунтовници, со заканите за прекин во производство на нафта, ја принудија Нигериската влада на преговори. Состојбата со нарушеното безбедносно опкружување во постконфликтниот простор на Р. Македонија, обележена со постојаните закани за дестабилизација на земјата, особено на оние што доаѓаат од челниците на партиите на македонските Албанци, имаат актуелно, но и секако далекусежно негативно влијание на состојбата во земјата, пред сè во однос на кредитните аранжмани, влегувањето и правецот на движењето на трговскиот и на финансискиот капитал во земјата и секако сето тоа влијае на оддалечувањето на нашата земја од интеграциските процеси и приближувањето кон НАТО и кон ЕУ.

Протагонистите од четвртата генерација војни во спроведување на своите цели на оригинален и на кохерентен начин го користат влијанието и моќта на транснационалните организации при што, на пример, покрај екстремистичките организации, како што е, на пример, екстремниот Исламски џихад, тука ги вклучуваат националистичките организации како што се движењата во Палестина, Курди, водечките христијански цркви, хуманитарни организации, економски структури, па дури и криминални организации, како што се трговци со дрога и трговци со оружје.

Клучни карактеристики на транснационалните организации се состојат во тоа  всушност ниедна од овие организации да не ги ограничува своите активности во рамките на границите на една држава, со што ја избегнуваат и лојалноста кон која било од нациите, па дури понекогаш и се ослободени од лојалноста кон сопствена организација.

Примарните цели на пораките од четвртата генерација војни се упатени кон политичките институции и лидерите на земјите што се директно вклучени во војната. На пример, многу добро е познато дека ако

дојде до намалувањето на финансиските средства што се издвојуваат за воени цели, а коишто ги одобрува Конгресот на САД, тоа всушност ќе значи не само запирање на воените акции на силите на САД во одреден регион, туку, исто така, и дека САД ќе мораат со голема сигурност, на подолг рок да се откажат од целосната поддршка на нивните коалициски партнери.

Политиката на сојузништва, интересите и позициите на страните во судирот се менуваат, пред сè, и во зависност од политичките, економските, социјалните и воените карактеристики и од поставените цели во судирот. Оваа карактеристика, всушност, ја следи и сета историја на конвенционалното војување (на пример, Италија, исто како и Бугарија, ја промени страната во судирот, насред Втората светска војна). За недржавните ентитети ( племиња, кланови, бизнис заедници, криминални групи, расни групи, субнационални и транснационални групи), што се однесува до сојузништвата тие полесно ги менуваат, со последици кои се помалку катастрофални, како според својот карактер така и во однос на поставените цели и интереси на сојузот. Честите промени на сојузите и на сојузништвата, претставува и основна карактеристика кај протагонистите од четвртата генерација војни.

Во однос на формирањето и одржувањето на алијансите, Глен Х. Снајдер во своето дело „Политики на алијансите“ ја наведува состојбата на постојано поставувани прашања и барање на одговори за одржување на Алијансата, за тоа:

- кои се придобивките и трошоците за Алијансата;
- кои иницијативи за здружување произлегуваат од анархичната и мултиполарна структура на системот;
- какви иницијативи произлегуваат од неструктуралните фактори, како што е нерамноправноста на воената сила и на конфликтните и на заедничките интереси;
- што определува кој за кого ќе формира алијанса;

⇨ што определува како се распоредуваат придобивките и трошоците меѓу членовите на алијансата и др.[309]

Во теоријата на алијансите различни политички и воени аналитичари нудат различни структурирани, линеарни, статистички, интересни и други модели на формирање и одржување, односно се бараат причините за распадот или за одржувањето на познатите светски алијанси.

### *4.3.3. Оперативни техники*

На оперативниот планер од четвртата генерација војни му стојат на располагање за избор широк дијапазон на препознатливи форми и методи на дејствувања. Ова особено се однесува во делот на изборот на различни патишта за пласирање на информациите и на пораките.

Традиционалните дипломатски канали, службени и неслужбени не претставуваат единствен начин на комуницирање и изразување влијанија. Се појавуваат нови покомплексни и пософистицирани форми на мрежни комуникации кои стануваат конкуренција на службените комуникации. Ова првенствено се однесува на можноста за брзо пренесување информации во медиумскиот простор, при што во однос на контролата и намената на пораките се зголемува и опасноста за нивна диверзификација и фрагментација.

Еден од растечките и најважните патишта за пренесување пораки и информации претставува интернетот, како моќно средство, и тоа особено во делот на кампањите што се насочени кон обичниот човек. За да успее планерот на операциите од четвртата генерација војни мора да ја одреди пораката што ќе сака да ја испрати; да го избере соодветниот начин за пренесување на пораката; да ја избере мрежата на пренесување на пораката; составот на повратните информации кои ќе му потврдат дека пораката е примена и др. На пример, во Босна и Херцеговина, држењето во заробеништво на членови на мисијата на ОН, од страна на српските сили, за време на кампањата на военото бомбардирање на НАТО во 1995 година, претставуваше прв чекор во тој циклус. Медиумите беа искористени за испраќање слики на мировници кои со железни ланци беа врзани за дрва и

[309] Глен С. Снајдер., *Политики за алијансите*, Академски печат, Скопје, 2009, стр. 55

огради. По ова, Србите го очекуваа влијанието на овој приказ, пред сè во однос на реакциите на различните влади. Карактеристично е да се забележи и тоа дека притоа медиумските информации се многу побрзо пласирани во однос на оние што пристигнуваа по воените канали и редовните известувања на коалициските сили.

За време на интифадата Палестинците донесоа оперативна одлука за ограничување на употребата на насилство. Тие им се спротивставија на Израелските вооружени сили со масовни протести и ангажирање млади луѓе и тинејџери кои на овие сили фрлаа со камења и ластегарки и запаливи смеси. Притоа, иако силите на отпорот можеа да изведат забележителни герилски акции тие се определија на поинаков пристап, сè со една единствена цел да ја неутрализираат поддршката што ја имаше Израел од страна на светската јавност и особено од ООН, за сето ова на крај да имаше влијание и на отсуството на одлучувачка акција на Изралеските воени сили, влијаеше на израелските национални избори и на крајот доведе до потпишување на Договорот од Осло (1993), со кој се призна автономијата на палестинската држава.

Во таа насока, беа и серијата на бомбашки напади што ги извршија ирачките бунтовници против привремената коалициска влада–полицијата, претставниците на ОН, невладините организации, коалициските партнери, курдската политичка странка и верските поглавари на Шиитите. Секој од овие настапи, иако тактички одделени по простор и време, идеално се вклопуваа во вкупната оперативна слика, сè со една единствена цел – напад на стратегиските позиции и интереси на САД и нивните сојузници и оневозможување на нивното понатамошно присуство во оваа земја.

Во Ирак и особено во противбунтовничките операции во Авганистан, коалициските сили сè уште ги немаат пронајдено позициите на раководствата на бунтовниците, пред сé во раната фаза од нивното формирање. Од друга страна пак, се доаѓа до препознатлив образец во извршените напади на бунтовничките сили, кои се производ на изграден кохерентен пристап на овие организации, сè со една единствена цел нанесување загуби, исцрпување на ресурсите и на крајот принудување на коалициските сили да се повлечат од земјата. Се поставува прашањето: Како

побунетите сили, без координација, можат постојано да влијаат на зголемувањето на ангажираните сили во кампањата?

Бунтовниците можат да го следат и до одредена мера да го ценат учинокот и реакцијата на силите на САД и на коалициските сили, на владините ирачки односно авганистански воени сили и пред сè, во однос на реакцијата на меѓународните медиуми. Нападите кои се успешни брзо се емитираат, додека оние неуспешните промашените не наидуваат на интерес кај медиумите.

За работите да бидат уште покомпликувани четвртата генерација војни во себеси ги инкорпорира елементите на војување од претходните генерации војни. Дури во време кога Израел се бореше против силите на интифадата, главнината на израелските конвенционални сили мораше да биде држана во активна состојба, пред сè, насочена кон границите на соседните непријателски држави. Истата ова состојба, на комплетно ангажирање на мобилизираните воени сили на Армијата на САД беше застапена и во војната во Виетнам на почетокот од судирот против герилските сили, додека кон крајот на војната во судирот со северновиетнамските вооружени сили.

Јасно е дека новата генерација војни настојува да го стави непријателот на самиот раб на издржливост и тоа, пред сè, во однос на неговите дилеми за понатамошно ангажирање во судирот. Ова всушност претставува и една од основните карактеристики на војните од четвртата генерација. Дејството на протагонистите на овој вид војна нема да биде ограничено во делот на просторот на нападнатата држава, туку ќе се одвива и во сите делови од светот. Иако одредени позиции ќе бидат поатрактивни за напад, нема да биде поштеден ниту еден елемент од општество и просторот на водечката држава на коалицијата и просторот на другите држави – нејзините сојузници.

Спектарот на можните противници е мошне шаренолик. Но најважно во сето тоа е да се запомни дека таквиот противник не бара гломазен систем на командување и контрола. Во време кога моќните конвенционални воени сили ангажираат сè повеќе пари и луѓе во командно-контролниот систем, комерцијалната технологија низ светот овозможува лесна комуникација,

достапна за секого. Таа, исто така овозможува, со сателитски снимки од еднодимензионална резолуција, следење на состојбите на борбеното поле и движењето на трупите на водечката сила и силите на коалициските партнери па дури и состојбата со нивното моментално ангажирање. Истовремено, интензивно се следат, на пример, националните расправи како и форумите и меѓународните конференции кои ги засегаат интересните сфери на побунетите сили. Идеите и средствата можат да се пренесат со најразлични методи, на пример, користењето интернет, сè до обични мрежи и пораки вметнати во тајното огласување. Сето ова овозможува брзо откривањето на активностите на софистицираниот непријател на оперативно, па дури и на тактичко ниво.

4ГВ во делот на оперативната вештина се произнесува со особено тежок проблем за којшто мора да се изнајде решение, дури и на дневна основа. Овој проблем се состои, пред сè, во наизглед едноставниот настап на противниците, којшто истовремено, според својот карактер и по својата природа е премногу сложен за успешна операционализација. Ова е од причина што, центарот на гравитација[310] на противниците во 4ГВ најчесто е недостижен. Ова беше, на пример, и основната причина за неуспехот на Советската инвазија во Авганистан. Советската оперативна доктрина не го препозна центарот на гравитацијата на противникот, кој не се наоѓаше во вооружената борба туку го имаше во религијата, во исламот и во канонот на регионалните племенски заедници. Така, Советите своето ангажирање го редуцираа на тактички акции, при што нивната армија, и покрај широката техничка супериорност, во судирот со авганистанските муџахедини се покажа крајно неефективна.

4ГВ во одредени ситуации ги надминува основите на сите претходни три генерации војни. Во случајот со четвртата генерација војни, во делот на оперативната вештина на војување настанува поврзување на човекот поединец со голем број независни центри на моќ, со истовремена изолација на непријателот, од што нужно произлегуваат многубројни центри на моќ на тактичко ниво. Конфликтите од 4ГВ вообичаено ќе воспоставуваат повеќе

[310] Карактеристики, можности или локации од кои нациите и сојузите, воените сили или други групи ја црпат слободата на ангажирањето,физичката сила и волја за борба (ААП-6)

независни центри на моќ, не само на стратегиско ниво, туку во сите форми и модели на оперативно и на тактичко ниво на војување.

На крајот, и покрај тоа што елементи од претходните три генерации војни се содржани во 4ГВ, тие сепак се разликуваат. Нам за жал сè уште не ни се познати сите закани со кои ќе се соочат припадниците на конвенционалните сили во 4ГВ. Притоа, од особено значење за конвенционалните сили е да останат отворени кон новите состојби и да не ги заборават постапките, како и научените лекции од претходните ангажирања.

#### *4.3.4. Тактички фактори*

4ГВ се одвиваат во комплексно опкружување, во полн спектар на операции на конвенционалните сили, но истовремено и во услови на судири од низок интензитет, асиметрични закани, постојани закани од употреба на оружје за масовно уништување и други околности.

Состојбата со борбените способности на водечките вооружените сили и особено на вооружените сили на САД како водечка сила на НАТО алијансата е таква што во услови на примена на конвенционални судир од 3ГВ т.е. кога овие сили имаат јасна цел, без разлика на степенот на утврденост и заштитата на таа цел, па дури и независно од просторната димензија, истата сигурно ќе биде уништена. Најновите случувања во конвенционалните судири во кои беа ангажирани силите на НАТО алијансата, во судирите во поранешна Сојузна Република Југославија во Ирак и во Авганистан, самиот почеток од војната ја покажа сета доминација на воените сили што им нанесоа одлучувачки и неподносливи загуби на вооружените сили на противникот, со потполно уништување на воената, на патната, на индустриската и на техничката инфраструктура. Со ова стана и сосема јасно дека ваквиот судир со доминантниот конвенционален противник, вооружените сили на нападнатите држави не ќе можат долго да го издржат.

Но претходно, истовремено овие земји ја видоа и беа сведоци на сета немоќ и неуспехот во ангажирањето на конвенционалните сили при воспоставувањето на окупациската власт во некои други земји и особено во

борбата против герилските и бунтовничките сили. Претходно го видоа успехот на Сомалијците и на Сандинистите, извлекоа поуки од војните во Чеченија, Босна, во поново време во Ирак и во Авганистан. Поради тоа за очекување е дека противниците на конвенционалните воени сили, со голема сигурност, при изборот на начинот на спротивставување ќе настојуваат да го избегнат отвореното вооружено спротивставување, од причина што во тој случај стануваат лесна мета за доминантните конвенционални сили.

Во настојување да го променат начинот на размислување на клучните актери, пред сè во донесувањето одлуки за понатамошно ангажирање на силите во судирот, протагонистите од 4ГВ избираат и употребуваат неколку клучни тактички правци за пренесување на пораките до претседателите, премиерите, членовите на влади, членовите на законодавниот дом па дури и кон граѓаните на целните држави. Најчесто, висококонцентрираните пораки ќе доаѓаат преку медиумите, при што колку што е подраматична и покрвава сликата пораката е посилна. Провокативните пораки со долгорочно дејство ќе бидат проследени и преку работни, верски, економски, академски конференции и собири. Во испраќање на пораките ќе бидат користени различни тактички активности, како што се, на пример: направени премини во бегалски логор, ексклузивни интервјуа со водителите на побуни, грабнувања, акти на линч со отсекување глави, бомбашки напади, атентати и друго.

Во 4ГВ се користат со различни средства на тактичко ниво, пред сè од спектарот на т.н. „неборбени“ средства. Неборбените и ненасилните актери кои го претставуваат критичниот дел во тактичкото дејствување, легално се инфилтрираат помеѓу народот, протестантите и тие се многу често застапени и во медиумите. Достапноста на интернетот и на веб-страниците и користењето многубројни други ненасилни методи и форми на современото комуникациско и мрежно поврзување и ангажирање, можат да доведат до состојба на појава на недоумици и тактички дилеми кај противникот. Ова значи дека ќе има потреба да се вложат дополнителни напори и да се работи со организациските структури и ресурсите во полицијата, разузнувачката служба, војската, пропагандата, па потоа во

политичката сфера, сè во функција на решавање на низата проблеми и отстранување на деструктивноста што ваквите активности ја иницираат.

Тактичките воени акции, како, на пример, терористички, герилските, партизански (ретко конвенционалните) акции најчесто ќе бидат поврзани со пораки насочени кон различни целни групи. Бомбашкиот напад на 19 септември 2003 година на седиштето на ОН во Ирак, го убеди раководството на ОН за неопходноста од повлекување на мисијата во Ирак. Палењето на нафтените капацитети, исто така, имаа директни последици на подигањето на светската цена на нафтата. Ова е типичен пример кога издвоени мети за напад имаат иста стратегиска цел. Нападите на објектите на зградата на Парламентот и на Владата во Авганистан и клучните командни системи и мрежи за комуникација на авганистанската војска од страна на Талибанците во Кабул (во јануари 2010 година), исто така, беа насочени во правец на понатамошно зајакнување на присуството на НАТО коалициските сили, т.е. исцрпување на ангажираните ресурси, со истовремено оставање порака за неможност за уништување на герилските и на бунтовничките сили.

### *4.3.5. Употреба на оружје за масовно уништување*

Доволен е само еден кус поглед на состојбата со моменталните судири во светот, па веднаш да се воочи ранливоста на светот од нападите со средства за масовно уништување. Дури и ограничен биолошки напад со разни агенси би резултирал со затворање на главните сегменти на воздушниот сообраќај во светот, со сериозни нарушувања на состојбата со размени на стоки и услуги како и појава на сериозна нерамнотежа во трговската размена со одредени подрачја во светот. Ваквата состојба би предизвикала потполн карантин (затворање) на заразените подрачја, сè додека не помине периодот на инкубацијата. Очигледно е дека нарушувањето во трговската размена би предизвикала и огромни финансиски загуби.

Нападите со ОМУ не би имале за цел само физичко уништување и девастација на одредено населено подрачје, туку пред сè спречување на пристапот и нарушување на состојбите кон одредено подрачје. Можноста

само еден поединец да го затвори подрачјето на Сенатот на САД и поштенскиот уред со две писма заразени со вирусот антракс, претставува вистински пример на употреба на хемиско оружје кое очигледно ги надминува редовните канали на контрола и следење на уништувачкото дејство на овие „супстрати“' со можност за масовно уништување.

Уништувачкото дејство многу брзо би можело да биде пренесено на поголем простор. Употреба на контејнерски транспорт со можност за испорака на ОМУ или експлозив со високи експлозивни карактеристики на големи далечини, би можело да има многу подалекусежни и посериозни последици врз сигурноста на цели региони и подрачја.

Терористите не мора да се ограничуваат на материјали за извршување едноставен хемиски напад. Доволно е да се потсетиме на катастрофата на фабриката за хемиски производи во Бофало во Индија која уби повеќе од 60000 илјади луѓе, додека многу повеќе луѓе страдаа како последица од здобиените долготрајни повреди. Иако, овој случај може да се третира како несреќен случај, останува сомнежот и истовремено предизвикот на разузнавачката дејност, во случај на хемиски напад. Потребно е, исто така, да се нагласи и опасноста од можноста за терористички закани и напад со средства за транспортирање токсични индустриски хемикалии, а кои се неопходни за одржувањето на современиот стил на живеење. Освен препознатливите можности за хемиски напад, терористите ги истражуваат како потенцијални и можностите за користењето на танкерите за превезување нафта, течен плин, камиони со гориво, радиоактивниот отпад, па дури и други т.н. второстепени материјали. Тоа се само дел ресурсите и средства што му се достапни на интелигентниот и на креативен противник на 4ГВ.

### 4.4. Методи на војување во четвртата генерација војни

И покрај фактот за неопходноста од менување на конвенционалниот пристап во војувањето, неговите заговорници продолжуваат во своите настојувања и слепо придржување кон основите на овој начин на војување. Од друга страна пак, истите тие заговорници, на крајот, ќе се најдат затекнати па дури и изненадени од состојбите на теренот, при што и

најголемите ортодокси меѓу нив (меѓу воените аналитичари и особено меѓу високиот команден персонал), сепак ќе мора да одговорат за нужноста за промени на ваквиот пристап кон војувањето.

Наместо центричнотеренско (позиционо) војување и центрично маневарско војување коешто е застапено во класичните офанзивно-дефанзивни операции, сè повеќе доби на значење центричнопопулистичкиот пристап на војувањето. Овој нов став произлезе од епилогот на катастрофалните состојби до кои дојде при етаблирањето на „новите“ национални држави во 1990-тите години на минатиот век, а кои беа последица на несразмерната примена на воена сила, како и денес, поради последиците и од постојаните предизвици со кои се соочуваат силите на НАТО алијансата во постокупацискиот период, во „глобалната војна против тероризмот“.

Од друга страна пак, поборниците на 4ГВ како да немаат за цел да организираат класично востание чија цел е да ги срушат воспоставените институции на државата. Стратегиите на овие движења ги немаат карактеристиките на класичната стратегија на востаничките движења, туку настапуваат со некаква апстрактна, глобална и апокалиптична стратегија. Дефинитивно станува јасно дека во однос на конвенционалното војување, многу поважно е да се постави за цел да се владее и да се контролира состојбата на теренот отколку да се порази непријателот на бојното поле. Војничката супериорност на инвазивните сили самите по себе се без легимитет со којшто треба да се здобијат, ризикуваат на крајот да претрпат тотален неуспех.

Поради сето тоа, најзначајно е сфаќањето на фактот дека доколку воените лидери сакаат да ја добијат војната, мора да отстапат од принципите и од методите на конвенционалното војување, при што од исклучителна важност е да ја сфатат потребата за почитување на ограничувањата со кои се среќаваат во примената т.е. во употребата на конвенционалните воени сили. Тука е многу значајно да се истакне дека препознатливиот и здобиен легитимитет со обезбедено присуство на просторот, добиа многу поголемо значење, отколку примената на сиот останат спектар на инструменти на моќ.

Притоа, се мисли на дипломатијата, на информатичката доминација, на воената или на економската супериорност итн.

Во еволуцијата на 4ГВ се применуваат повеќе методи на војување, а во оваа прилика ќе се задржиме само на неколку од нив.

### *4.4.1. Метод на ескалација*

Во водењето на 4ГВ, во основа постојат два основни пристапа или модели на војување. Првиот би можеле пошироко да го наречеме и како „метод на деескалација (попуштање)," додека вториот „метод на ескалација" (засилување, проширување).

Поради потребата од појаснување на методот на ескалација и истакнување на случајот на негова успешна примена, ние го именуваме како „Хама метод". Притоа, „Хама методот", всушност се однесува на примерот на грубата и неконтолирана примена на конвенционални сили од страна на сириската војска и држава раководена од тогашниот сириски претседател Хафез ел Асад, во неговата пресметка со недржавниот ентитет на Муслиманското братство во градот Хама, во Сирија, во 1982 година.

Побунетото сунитско Муслиманско братство сакало да влијае врз сириската политика со примена на насилство. Сирискиот диктатор Хафез ел Асад навремено е предупреден од своите разузнавачки извори дека Муслиманското братство има намера да изврши атентати врз голем број државни и политички претставниците на владејачката Баат партија. Всушност, евидентно било дека од 1979 година Муслиманското братство има моќ и политичка поддршка за да го сруши од власт Алавит-Батист режимот.[311]

На втори февруари 1982 година сириската армија се разместува околу градот Хама, опкружувајќи го со 12000 војници. Борбите траеле три недели. Првата недела операцијата се изведувала за „повторно враќање на контролата врз градот", а следните две за „лов на бунтовниците".[312] Како резултат на уништувачкото дејство на сириската армија убиени се помеѓу

[311] Defence Intelligence Agency, Syria: Muslim Brotherhood Pressure Intensifies (U), DIA Library, 1982, стр. 1.
[312] Seale, Patrick, *Asad, the Struggle for the Middle East*, University of California Press, California, 1989, стр. 332-333

10000 и 25000 лица и уште поголем број се ранети и повредени. Со користење тешка артилерија, оклопни сили и најверојатно со користење отровен гас, остварено е огромно ниво на деструкција. Со ова се обележува и крајот на намерите на Муслиманското братство за рушење на Баат партијата и на претседателот Хафез ел Асад. На крајот на оваа операција, еден преживеан граѓанин од градот Хама ќе изјави:

„Никогаш повеќе Муслиманското братство нема да се занимава со политика, туку само со религија."[313]

Резултатот на уништувањето на градот Хама е јасен, со јасна и трајна порака за преживеаните. Во натписот од 20 јуни, 2000 Christian Science Monitor пишува „Сирија во спасувањето на Хама проговори со ѓаволскиот глас на Западот". Но многубројни Сиријци, вклучувајќи ги и трговците од сунитската класа, кои имаа успех за време на владеењето на Алавит, исто така, ќе забележат дека ваквата груба завршница, сепак, на крајот ќе резултира со стабилност долги години потоа.[314]

Она што го карактеризира „Хама" методот е неконтролираната примена на сила со што се нанесуваат огромни загуби и рушења и, секако, акција која се завршува за многу кус период. Брзината претставува основа на „Хама" методот. Доколку се послужиме со „Хама" методот, постои огромен ризик дека ваквиот пристап може да нè доведе до состојба на катастрофа на морален план. Всушност, тука се настојува целта да се постигне во што е можно пократок временски период и на локално ниво, без притоа да му се дозволи на противникот да се соземе во однос на реакцијата, или во идеален случај, никој да не знае што всушност се случува околу него. Примената на „Хама" методот е многу непопуларен и како таков многу ретко применлив, пред сè, поради ризикот во соочувањето и осудата на овој пристап од домашната и од меѓународната јавност. Истовремено, потребно е да се нагласи дека е многу лесно, но сепак фатално да се избере курсот кој лежи помеѓу „Хама" методот и методот на

---

[313] Winslow T. Wheeler, Lawrence J. Korb, *Military Reform: An Uneven History and an Uncertain Future*, Stanford Security Studies, Stanford, 2009, стр. 201

[314] Scott Peterson, *How Syria's brutal past colors its future*, The Christian Science Monitor / June 20, 2000, достапно на http://www.csmonitor.com/2000/0620/p1s3.html датум на пристапување 07.11.2012 година

деескалација. Овој курс води кон неизбежен пораз, пред сè, поради моќта на послабиот противник.

Историчарот Мартин В. Кревелд ја споредува ваквата состојба и настапот на конвенционалните сили со нивата уништувачка моќ со состојба и пример на возрасен човек кој продолжува со силно тепање и претепување на дете на јавно место. „Гледајќи ја состојбата со претепувањето на детето, секој набљудувач отстрана ќе покаже симпатии кон детето. Наскоро се интервенира од надвор и при тоа, возрасниот ќе биде приведен. Недоразбирањето е дотолку поголемо што акцијата на возрасниот е оценета како криминална“.[315]

Но што се случува со армиските државни сили кои настојуваат да направат разлика помеѓу „Хама“ методот и методот на деескалацијата? Се чини дека спектакуларниот крај на послабиот противник поврзан со неизбежните цивилни жртви и изразената уништувачка моќ на оружјето ќе има поразително влијание на состојбата со моралот и кај двата противника. Ова е причината зошто примената на „Хама“ методот мора да биде брза. Секое настојување да се направи компромис помеѓу овие два модела води кон продолжено насилство од страна на државните армиски сили, но истовремено продолженото лошо однесување ќе има за последица фатален крај за окупациската сила.[316]

### *4.4.2. Метод на деескалација*

Во состојба на судир на армиските сили на доминантната сила (која е вообичаено и инвазивна сила) со армиските сили на инфериорниот противник, во современи услови на војување, се постигнува брз и тотален пораз на силите на инфериорниот противник. Овој пораз настапува не само на локално туку и на стратегиско и на меѓународно ниво, меѓу другото и поради силното медиумско влијание на војната во домашната и во светската јавност.

За да се прикаже вистинскиот развој на настаните и истовремено да се долови развојот на ситуацијата во 4ГВ, се служиме со приказната за

[315] Дискусија помеѓу Мартин ван Кревелд и Вилијам С. Линд, , Норвешка, Мај, 2004, Верген.
[316] FMFM 1-A, Draft 4.3, *Fourth Generation War*, Imperial and Royal Austro-Hungarian Marine Corps, 12 August 2008, стр. 19.

Давид и Голијат, која е стара 3000 години, при што сите ние, слушателите многу често се идентификуваме со Давид, иако предноста во силата и моќта е на страна на Голијат. Денешните конфликти со низок интензитет ја претставуваат асиметријата во 4ГВ. Асиметријата во контекст на моделот „Давид и Голијат" се однесува на завојуваните страни кои од една страна се мали, недоволно вооружени индивидуи или банди, поведени од националистички, религиозни или економски побуди, за од друга страна, противници да се суперсилите како САД и Русија. Денешните „средства за војување" на НАТО или на Варшавскиот пакт, како што се суперсонични бомбардери, модерни тенкови, сателитски наведувана артилерија, се немоќни во справувањето со денешните методи на „Голијат", а тоа се земање заложници, бомбаши самоубијци, импровизирани експлозивни направи и застрашувачко брзи деструктивни урбани напади.[317]

Во основа, доколку се откажеме од грубата манифестација која е содржана во овој пристап, единствена опција која е прифатлива за инвазивните сили, е да после брзиот и тотален пораз на инфериорниот противник, да го примени методот на деескалација. Ова всушност значи дека, во услови кога конвенционалните сили се соочени со ситуација и можност за примена на насилство, најчесто своите напори треба да ги фокусираат на спуштањето на нивото на конфронтацијата. Тие ова треба да го прават на тактичко, но истовремено и на оперативно и стратегиско ниво.

Како метод кој често се применува во водењето 4ГВ е популарно наречениот „мафија" метод. Со примена на „мафија" методот, секој го добива својот дел од „колачот". Како мафијата изведува окупација? Клучен успех за успех на мафијата е тајната употреба на сила, парите и оружјето. Доколку треба некое лице „да се исфрли од игра", тоа обично се прави прикриено и тивко. Правило е „да не се оставаат отпечатоци". Во случајот на водење 4ГВ, една од техниките кои може да се применат, е со прикриено снимање и употреба на камера на секоја борбена патрола. Доколку некој отвори оган на нив, наместо да се одговори соодветно и да се ризикува да настрадаат цивили, се снима напаѓачот. Потоа се поставуваат снајперисти

[317] Tim Blackmore, *War X*, University of Toronto Press, Canada, 2011, стр. 37

или се прави „договор" според „мафија" методот и некој од локалните жители ќе се погрижи за негово ликвидирање.[318]

Доколку треба да се остави одредена специфична порака до јавноста, луѓето кои се убиени од страна на мафијата речиси никогаш не се пронајдени. Ваквиот вид дејствување бара трпение и подолг временски период за сочекување погодна ситуација за извршување на нападот, кој, исто така, ќе има и промотивна улога. Доколку треба да се остави порака до пошироката јавност, тогаш може да се применува и јавна употреба на насилство. Но ова обично се избегнува поради создавање негативно јавно мислење за целите на организацијата. Мафијата, исто така, работи на принципот „секој добива свој дел". Ако сте подготвени да работите со мафијата, ќе добиете дел од профитот. Парите се моќен мотиватор, особено во посиромашните делови на светот, каде што и се одвиваат 4ГВ. При контакт со локалното население, конвенционалните сили треба внимателно да дизајнираат пристап, така што секој што соработува со нив треба да добива парична награда. Доколку „бизнисот" се проширува и сѐ поблиску е до остварување на посакуваната цел, висината на паричната награда за соработникот треба да расте. Ова, исто така, е важно за остварување стабилна ситуација и по повлекувањето на конвенционалните сили. Доколку сите профитираат од „бизнисот" и од новонастанатата ситуација, локалното население ќе има помалку мотиви за враќање на поранешната нестабилна ситуација.[319]

### *4.4.3. Процес на градење на непријателската држава*

Во ситуација на инвазија и окупација, кога доминантните воени сили преземаат операции или воени кампањи од полн спектар, овие сили најчесто се во состојба многу лесно, и тоа во целост, да ги уништуват државните вооружени сили на противникот.

Иако изгледа многу податливо, искористувањето на ваквата можност може да ја доведе во опасност судбината т.е. опстанокот и на поразената

[318] William S. Lind, *The January Seminar*, Military.com, February 12, 2004, достапно на http://www.military.com/NewContent/0,13190,Lind_021204,00.html датум на пристапување 07.11.2012 година

[319] FMFM 1-A, Draft 4.3, *Fourth Generation War*, Imperial and Royal Austro-Hungarian Marine Corps, 12 August 2008, стр. 24.

држава. Доколку се случи потполно уништување на вооружените сили на државата, на нејзината воена и цивилна власт, со рушење на основите на институциите на претходната државна власт, ваквата состојба подоцна ќе наметне низа потешкотии, при што едноставно нема да биде можно да се изврши реконституција на поразената држава. Истовремено, ваквата состојба на „уништена држава" може да предизвика распаѓање и воедно појава на обиди за креирање поголем број помали држави, што од друга страна може да послужи како плодна почва за ангажирање на протагонистите од 4ГВ. И тогаш, во состојба на наизглед сигурна победа, окупациската сила ќе се доведе себеси во состојба да биде вовлечена во долг и исцрпувачки судир со неконвенционални противници од 4ГВ и на крајот можеби да излезе како поразена страна од судирот.

**Слика 2: Новиот оперативен концепт на доминантен маневар, прецизно ангажирање, фокусирана логистика и целосна заштита на трупите**




*Извор: Joint Vision 2010, Joint Warfighters&T Plan, Chapter II – Vision and Strategy*

Поради тоа, потребно е да се научи како „да се сочува непријателската држава". Притоа, и во зависност од ситуацијата спецификностите на состојбите во одредена држава и подрачје состојбите со ваквиот пристап можат да варираат. Но во многу случаи клучот во

зачувувањето на „непријателската државата“ ќе биде во зачувувањето на нејзините вооружени сили. Ова всушност претставува некакво оживувањето на практиката од XVIII век, која може да послужи и како добра поука: на пример, да се оправдаат постапките на противничките вооружени сили како постапка на „одбрана на честа на нацијата“. Наместо да се навредуваат и да се деградираат нејзините припадници т.е. воените заробеници треба да бидат третирани со почит. Доколку се работи за високи офицери, тие треба да бидат третирани како „почесни гости“, да се поканат на заеднички дружења и свечености, итн. За сето време на траењето на конфликтот, потребно е во сите акции што ги преземаат конвенционалните сили да се охрабрат припадниците на поразените вооружени сили и тие да се придобијат и истовремено да им се укаже на потребата од „зачувување на нивната држава“.

Ваквиот третман би требало да биде застапен и во однесувањето кон цивилните службеници во поразената држава. Од голема важност е државната бирократија да продолжи со својата работа. При ова, исто така, е многу значајно да се изградат институциите на власта од централно кон локално ниво и притоа да се работи на тоа поставените државни службеници да останат на должност и по повлекувањето на окупациските сили од земјата.

Прашањето на зачувување на основите на поразената држава добија особено на значење во однос на воспоставувањето на новата економска инфраструктура, која е неопходна за нормализирањето на животот во општеството. Со ваквиот пристап се гради и довербата кон намерите и посакуваните цели на окупаторската т.е. инвазивната сила.

Од особена важност е да се работи на повторна изградба на институциите на поразената држава. Уште поважно од ова е да се поврати довербата и да се воспостави однос на соработка на овие институции со јавноста т.е. со локалното население. За да се постигне тоа, потребно е од страна на окупациската сила најпрво, повторно да се воспостават овие институции. Ако тие не успеат во оваа намера, откога тие ќе заминат (а сепак ќе заминат), останува ризикот стекнатите придобивки од војната да бидат засекогаш загубени. Ова воедно ќе значи враќање на стариот режим

т.е. враќање на власт на претходно срушените институции на поразените политички противници.

Во однос на најмоќното ниво на војната – моралното ниво, клучот на победата лежи во позитивните намери и успехот со кој ќе се убеди локалното население да се идентификува со вредностите и со целите на окупациската сила. Во состојба кога и најчесто надворешните – инвазиските сили претставуваат некоја друга култура (најчесто и друга религија), воспоставувањето состојба на целосна доверба во нововоспоставените институции на власта ќе претставува силен предизвик за окупациските сили.

Притоа, треба секогаш да се има на ум фактот дека 4ГВ се води на домашен фронт, при што нејзините протагонисти ќе настојуваат да извојуваат стратегиска победа со отфрлање на присуството на окупациските сили и со извојување на победа, пред сè, на морален план.

Окупациската сила мора да направи измени во стратегискиот пристап во однос на веќе познатата примена на сили од втората и третата генерација војни чии последици се во потполно уништување и рушење на нападнатата држава. Наместо тоа, потребно е окупациските сили од стратегиска офанзива да преминат во стратегиска дефанзива, во комбинација со моќно присуство на конвенционалните сили и другите сили на просторот, при што, овие сили треба да бидат употребени исклучиво при справување со центрите на отпорот. Притоа, особено во однос на примената на сила, окупациските сили мора да бидат крајно одмерени и контролирани, сè со цел да се намалат загубите и истовремено да се влијае на градење доверба кај населението во однос на нивното понатамошно присуство на окупираниот простор.

### 4.5. Тероризмот како легитимна стратегија и тактика

Во пресрет на претседателските избори во САД во 2004 година, на медиумите беше прикажана порака од Осама бин Ладен, во која тој вели дека идните напади на Ал Каеда против американските граѓани ќе зависат

од активностите на американскиот народ, а не од исходот на изборите.[320] Со други зборови, Бин Ладен и неговите следбеници сфатија дека без разлика на резултатот од изборите, политиката на САД во војната против тероризмот нема да се смени. Американската политика ќе се смени само кога ќе се смени волјата на народот. Најбрзиот начин да се влијае врз волјата на народот е преку акти на тероризам. Откога влијанието на волјата на една нација е еден од носечките столбови на војната, а тероризмот е ефикасен инструмент за поттикнување, во изминатите години тероризмот стекна многу голем легитимитет како средство на војната. Д-р Дејвид Такер, експерт за одбрана и за неконвенционалните конфликти, во 1970-тите години на минатиот век напишал:

*Тероризмот, дефинирајќи го во сите облици во коишто можеме да го замислиме, сега се идентификува во секојдневната употреба на нелегитимно насилство, кое е штетно за нашите интереси, исто како што ќе бидат штетни воените дејства на нашиот непријател, неоправдани и несовесни.*[321]

Оттогаш па до денес, во XXI век, се случија значителни промени во односот кон тероризмот. Тероризмот стана полегитимен како стратегија или како тактика во војна, иако сè уште ни е во корист противниците во 4ГВ да ги означуваме како „терористи“, од што би произлегло дека употребата на теророт е негативна.

Стратегијата е широко прифатен концепт за постигнување одредена цел. Таа „го утврдува правецот на движењето".[322] Според Мериам Вебстер речникот, стратегијата е опишана како „наука и уметност на военото командување, што овозможува контакт со непријателот во поволни услови“. Зборот „стратегија", исто така, подразбира различни употреби на стратегијата. Еден пример е стратегијата на одвраќање преку „меѓусебно сигурно уништување“ во случај на нуклеарна војна. Исто како и другите неконвенционални средства што се користат во 4ГВ, тероризмот

---

[320] "Bin Laden claims responsibility for 9/11", CBC News. October 29, 2004. Retrieved May 25, 2010. достапно на http://www.cbc.ca/news/world/story/2004/10/29/binladen_message041029.html датум на пристапување 12.11.2012 година

[321] Tucker, D. „Skirmishes at the edge of empire: the United States and international terrorism“, , Connecticut: Praeger , Westport 1997, стр. 57.

[322] Jomini, Baron, A. H., „The art of war“, Greenhill Books, London, 1838, стр. 175.

претставува стратегија. Субјект може да одлучи дека ќе започне кампања на терор со цел да влијае на волјата на противникот, така што противникот е принуден да го прифати понудениот резултат. Во овој случај тероризмот е стратегија.

Тактиките се средства што се користат за извршување на стратегијата.[323] Нивна област на дејствување се методите за вклучување на воените сили во борба и оттаму се поврзани со моменталната стратегија на теренот. Секој посебно и самостојно изведен терористички чин го декларира тероризмот како тактика. Тероризмот како форма на војна од страна на револуционерните движења секогаш се сметал за легитимен. „Терорист е лице кое се обидува да создаде околина во која владее екстремен страв и вознемиреност.... но во тој обид не успева“.[324] Доколку тој успее во тоа, тој ќе биде револуционер или борец за слобода. Во денешно време, време на трансформација на лицето на војната, тероризмот стекнува легитимитет стекнат преку демократизација на општествата.

Најјасна слика за менување на вредностите во општеството е растечкото влијание на глобализацијата и слободата на медиумите. Во западните либерални демократии, во медиумите постојано се емитуваат примери во кои за изнудување на информации врз „осомничени“ терористи и невини лица се применуваат методи кои претставуваат тортура, а воедно претставуваат начин на работа на терористите.

### *4.5.1. Клучни елементи во четвртата генерација војни и четвртата генерација терористи*

Како адут за борба против современите асиметрични закани, големите воени сили ги сметаат специјалните единици, кои би требало успешно да се справат со асиметричните непријателите од 4ГВ. Причината за ова е тоа што акциите на специјалните единици се, исто така, спектакуларни како и тероризмот. Нивните мисии се одвиваат далеку од очите на јавноста, за по завршената акција, таа да биде емитувана пред сета светска јавност и притоа се зајакнува нивниот имиџ. Како последна најуспешна акција на специјалните единици може да се спомене

[323] Ибид.
[324] Johnson, C., „Revolutionary change“, Stanford University Press, Stanford, 1982, стр. 152.

ликвидирањето на првиот човек на Ал Каеда во 2011 година, Осама бин Ладен. Ова само по себе остава впечаток дека тероризмот повеќе претставува војна отколку тактика на 4ГВ.

**Табела 9: Споредба на клучните елементи од 4ГВ и 4ГТ**

| Клучни елементи | 4ГВ | 4ГТ |
|---|---|---|
| **Цел** | Наметнување на волјата на противникот преку уништување на неговата морална сила наместо класично уништување на воениот потенцијал. | Влијае врз волјата на целта со создавање чувство на несигурност. |
| **Стратегија** | Прикажување на непријателската воена неефикасност во комбинација на средства, вклучувајќи постепено уништување, зголемување на економските трошоци, психолошки операции, пропаганда и дипломатија. | Изненадувачки напади со користење неочекувана и асиметрична смртоносна сила врз целта, со огромно влијание врз јавноста. |
| **Тактика** | Спорадични, пролонгирани и брзи напади, тероризам, обвинувања за кршење на човековите права, хакирање и нарушување на комуникациите и за основните услуги. | Главно се изведува преку самоубиствени бомбашки напади, воени злосторства и силување, грабнување авиони, киднапирања и егзекуции. |
| **Примарни Цели** | Вооружените сили, населението, владата. | Специфични клучни лица и населението. |
| **Метод на разбивање на кохезијата на целта или алијансата** | Со дипломатија (разузнавачки продор), директната акција (тероризам преку недржавни актери), културни војна (трговија со дрога, создавајќи расцеп во плурални општества (врз основа на вера и народност), економска војна (хакирање мрежи, забавување на слободно движење на трговијата, предизвикува губење на продуктивно работно време). | Со создавање чувство на несигурност преку асиметрични смртоносна акти. |

Горната табела ни покажува дека 4ГВ во суштина, како и во сите генерации на војната, е борба да се наметне волјата од едната страна на друга. 4ГВ вклучува еднострано користење на многу различни начини да ја наметне својата волја на другата страна. Ниту еден од начините не е ефикасен сам по себе.

Наместо тоа, комбинација на средства создава синергија потребна за да се постигне целта. Тероризмот е еден одличен премер за влијание врз волјата на противникот. Во 4ГВ тоа е најефективното воено средство кое е на располагање на послабата страна.

* * *

Можеме да заклучиме дека временското траење на 4ГВ е различно и тоа ќе зависи, пред сѐ, од односот на силите, од формите и методите на војување, од поставените цели на окупациската сила итн. Од особена важност е да се заклучи дека во историјата на војувањето овие временските периоди стануваат сѐ подолготрајни. И покрај свеста за овој факт, голем дел од воените аналитичари не придаваат особена важност на магнитудата на опасностите што произлегуваат од продолженото времетраење на современите конвенционални војни.

Кога доминантната воена сила влегува во војна, таа настојува да води кратка и добро дефинирана војна. Како критериум со кој се оценува долготрајноста на војната се зема периодот во кој војната не трае повеќе од пет години. Но 4ГВ се сосема поинакви војни. Анализата на временската рамка на војувањето на кинеските и виетнамските комунисти, санданистите, палестинците, чеченците, борбата на Ал Каеда која се бори за своја визија на светот повеќе од 20 години, можеме да заклучиме дека 4ГВ е потполно поинаков вид на војна, пред сѐ, и поради долготрајноста на нејзините политички цели. Ова од причина што актерите на овој тип војна, себеси не се сметаат како дел од некаква воена организација, туку пред сѐ, како мрежа која постојано генерира политичка моќ, што е од исклучителна важност за овој вид војување. Ваквиот начин на војување, пред сѐ, се базира на хомогеноста на нејзините протагонисти. Водствата и организацијата се вмрежени така што можат да опстанат и да го задржат континуитетот во случај да бидат нападнати и во сите услови на поголема или на помала загрозеност. Водството знае дека неговата најважна функција е да ја одржи идејата на организацијата, а не во извојувањето на победата на бојното поле.

Овие противници се усредоточуваат кон политичките аспекти на судирот, затоа што сметаат дека војната во нејзината суштина претставува политички акт. Ова и од причина, што крајната цел на војната е во промената во мислењето на политичкото водство на противникот, а непосредните цели претставуваат само катализатор насочен кон менувањето на мислењето на различни целни групи. Тие знаат дека времето е на нивна страна. Противниците во 4ГВ не тежнеат војнички да ги поразат противничките сили. Тие предизвикуваат, пред сѐ, ерозија во политичката

волја на противникот, а до победа може да се дојде дури и кога воената сила на противникот е ненападната. Тежиштето е на победа во војната, а не на победите во битките.

Преку дефинирањето на карактерот на 4ГВ постепено го легитимираме тероризмот како дел од војната. Разумно е тероризмот да се прифати како стратегија и тактика која мора да биде избалансирана со нова теорија за војната. Многу попрактично ќе постапиме ако побрзо прифатиме дека за справување со овој нов асиметричен непријател потребни ни се неконвенционални државни воени сили, повеќе отколку конвенционалните. Постојаните критики за моралната деградација на конвенционалните капацитети која е својствена за стратегијата на тероризмот, нема да ги одврати оние што го користат, поради неговата очигледна вредност. Во арената на 4ГВ, изучување на тероризмот и на современите асиметрични закани, мора да бидат дел од сите наставни програми и обука за проблемот да се постави во центарот на вниманието. Ова ќе ја зголеми свеста во борбата против новата генерација современи недржавни актери, а притоа ќе ги охрабри конвенционалните воени сили полесно да ги пребродат ограничувањата кои им се наметнати со правилата за војување. Оваа реалност мора да биде што побрзо прифатена, бидејќи не може да се очекува дека далеку послабиот непријател ќе се бори според условите на посилниот. За успешно справување со тероризмот, мораме да прифатиме дека тоа е стратегија и тактика на 4ГВ. Исто како што треба да се развива доктрина за водење војни во кои главна стратегија е маневарот, мора да се развива доктрина за борба против тероризмот во 4ГВ. Денес некои подржувачи на 4ГВ ја нарекуваат со ново име „бунтовништво". Друга заедничка перцепција на 4ГВ е како форма на војна во која се користат само терористички техники. Тоа ќе биде поблиску до вистинската природа на 4ГВ, како неконвенционална војна која се користи со сите начини со кои што може да ѝ се спротивстави на огнената моќ и на техничката супериорност на конвенционално моќните армии. Поради поволниот соодност на трошоците и користа, тероризмот мора да биде составен дел од 4ГВ. Сепак, 4ГВ не се однесува само на тероризмот, бидејќи опфаќа уште четири сфери на дејствување: политички, економски, социјални и воени.

Тероризмот се наоѓа во воената сфера, но може да влијае и на другите три. Важноста на тероризмот во 4ГВ лежи во оваа реалност.

# 5. АНГАЖИРАЊЕ НА КОНВЕНЦИОНАЛНИТЕ ВООРУЖЕНИ СИЛИ ВО ЧЕТВРТАТА ГЕНЕРАЦИЈА ВОЈНИ

## 5.1. Ангажирање на конвенционалните сили

Конвенционалните сили се видовите сили на вооружените сили (ВС) на една земја и најчесто се состојат од три компоненти, и тоа: копнената војска (КоВ), военото воздухопловство (ВВ) и воената морнарица (ВМ). Со овие три вида всушност се покриваат сите три димензии на просторот (копно, море, воздух – вселена).

### *5.1.1. Ангажирање на копнената војска*

Копнената војска ја претставува главнината на воените сили во судирот со противниците од 4ГВ, како во однос на вкупната структура на ангажираните сили така и во однос на оперативниот спектар на употреба на силите.

Ангажирањето на копнената војска во услови на 4ГВ не е во чиста и препознатлива форма и всушност мора да ја набљудуваме во контекст на претходната т.е. третата генерација војни, поточно како нејзино продолжение.

Во овој дел накусо ќе се осврнеме на концептот на синхронизација на бојното поле и важноста за операциите што се превземаат низ спектарот на воените конфликти. Притоа, ќе ги опфатиме комбинираните операции кои бараат внимателна координација заради обезбедување на континуитет на борбената поддршка и особено логистичка поддршка. Оваа координација мора да биде застапена помеѓу зоните (inter-theatre) и во самата зона (intra-theatre) на операции, а се изразува во ефикасна поддршка, рационално искористувањс на сите расположливи ресурси и на крајот во употреба на силите за постигнување на стратегиските цели.

Операциите на оперативно и на тактичко ниво се изведуваат со цел да се пронајде непријателот, да се фиксира и на тој начин да му се одземе неговата слобода на дејствување, да се нападне противникот и притоа да се постигне тотален пораз врз неговите ефективни сили. За исполнувањето на оваа цел операциите мора да се изведувни истовремено и би требало да бидат интегрирани. Во однос на оперативната рамка на борбеното поле

операциите се изведуваат во длабочински, во блиски и во заднински подрачја.

За ангажирањето на силите на копнената војска во судирот со противниците од 4ГВ карактеристично за овие сили е дека многу ретко ќе се користат самостојно т.е. ќе се употребуваат како видовска компонента. Копнените сили најчесто ќе изведуваат операции на поврзување на најмалку уште на еден до два вида (најчесто во содејство на воено воздухопловство и воената морнарица) т.е. како интервидовска и интерродовска компонента. Ова значи дека, на пример, во противгерилска операција или во операција за чистење на теренот од остатоци на отпорот, на тактичко или на оперативно ниво покрај единиците на копнената војска ќе се користат и силите на военото воздухопловство, одреден контингент на специјални сили, сили за психолошки операции, сили за зајакнување на командувањето и логистичката поддршка и други сили. Тука најчесто се користи терминот „Организација на сили за задача". Ваква организација на сили за задача всушност претставува комбинирана интервидовска структура и структура на здружени родови како и наменска организација за извршување посебна мисија, односно задача. Основниот бенифит од здруженото функционирање е во синергијата до која се доаѓа како резултат на групирањето на комбинираните родови што на крајот треба да придонесе за високата ефикасност во извршувањето на поставените цели.

Нивото и составот т.е. формациите на единиците најчесто ја ограничува димензијата на реорганизирањето која би можела да настапи во текот на извршувањето на мисиите. Се работи за флексибилна борбена сила која мора да биде способна да ги извршува транзициските операции во сите временски услови и во услови на даденото опкружување на просторот на операциите. При формирањето на ваквите контингенти од особено значење е да се постигне:

- ⇨ заедничко разбирање на сите нивоа на доктрините, на тактиките, на техниките и на процедурите ( ТТП);
- ⇨ офанзивните акции треба да се преземаат секогаш кога за тоа постои можност, сѐ со цел да се поддржи целиот концепт на операциите на командантот и тие да бидат во согласност со ТТП;

- ⇨ обезбедување високо темпо на операциите;
- ⇨ воспоставување единство во примената на процесното планирање по циклуси и навремено одлучување со почитување едноставни процедури во раководењето со силите на бојното поле.

Во услови на окупација којашто настапува по завршувањето на конвенционалниот судир, копнената војска вообичаено е вид што се врзува за операциските простор, и тоа, пред сè, за обезбедување и контрола на територијата. Во услови кога во потполност не е пасивизиран просторот на државата, употребата на копнените сили ќе се одвива на територија под контрола на непријателот, како и според цели контролирани од страна на герилските, на терористичките или на бунтовничките сили. Обично овие операции се ограничени, како во однос на големината така и во однос на ангажираните сили, т.е. можеме да кажеме дека се работи за специјални операции. Силите можат да се употребат со нивно пренесување по воздушен пат, во комбинација со другите сили, како што се специјалните, полициските сили и силите за контрола на територијата.

Овие операции можат да бидат изведувани во тесно содејство со другите сили или да бидат независно употребени длабоко во територија под контрола на непријателот и без директна врска со другите сили. При планирање на нивното ангажирање, мора да се земат предвид просторната надлежност т.е. командната одговорност за просторот на нивната употреба.

Акциите на копнените сили ќе бидат изведувани со висока динамика и примена на офанзивна акција, со уфрлање заради собирање разузнавачки податоци или стекнување на други предности, во однос на целта. И покрај внимателното планирање и преземените подготовки, нивото на неизвесност на овие операции е многу повисоко во однос на која било друга операција. Најновите показатели за големината и начинот на употребата на копнените сили, особено на оние во операциите во Ирак и во Авганистан, покажуваат изразена ефикасност кога употребата на овие сили се комбинира со ангажирање на новофомирараните воени сили во земјата домаќин.

### *5.1.2. Ангажирање на военото воздухопловство*

Улогата на военото воздухопловство во 4ГВ се сведува на изнаоѓање на можности за унапредување на начинот со кој военото воздухопловство, со својата огнена моќ може да им помогне т.е. пред сè, да го засили темпото на ангажирањето на копнените сили, при што најчесто се разгледуваат две прашања, и тоа: искористување на широкиот спектар на борбени можности т.е. огнената моќ и можноста за пренесување трупи на големи далечини. Барањето на вистинскиот одговор на ова прашање се наоѓа во изнаоѓање на вистинскиот модел за обука на персоналот на воените воздухоплови, во однос на познавање на просторот на ангажирање, со основна цел пронаоѓање на центрите на гравитација на противниците од 4ГВ. Притоа, како центри на гравитација се земаат оперативните системи, командните места, позициите на борбените и на раководните група на бунтовниците итн.

Во прирачникот на Air & Space Power Journal, се забележани четири клучни елементи како одговор на военото воздухопловство против центрите на гравитација на противниците од 4ГВ, и тоа: разузнавањето, прецизноста, масовноста и мобилноста.

Во однос на активностите на военото воздухопловство од критична важност е можноста за искористувањето на неговата ефективна моќ со која се зголемуваат борбените можности на копнените сили и особено во операциите на специјалните сили, во борба против терористичките, герилските и бунтовничките сили  и во давање помош при транспортот на единиците по воздушен пат.

Од друга страна пак, „воздушните кампањи од поголеми размери неминовно предизвикуваат големи колатерални штети и масовни разурнувања со многу слаби ефекти за терористите, кои во суштина претставуваат флуиден непријател“.[325]

При ова се значајни три предизвици со кои се соочува военото воздухопловство во судирот со противниците од 4ГВ, и тоа: прво почитување на точноста во изведувањето на борбените операции (при тоа не се работи за часови туку за минути и секунди), второ приспособување на

---

[325] Митко Котовчевски, „Борба против тероризмот“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004, стр. 157

широкиот спектар на воздушните можности на авијацијата и трето селекцијата на целите кои можат да имаат и стратегиски ефект.

Во однос на изборот на целите од особено значење е да се задоволат два принципи: да се определи тактичкото и оперативното значење на целите од една страна, и флексибилноста т.е. опасноста која е присутна со изборот на цели, при што е потребно да се исклучи можноста од колатерални загуби со непроценлив и со ненадокнадлив карактер. Тука е особено важно да се истакне значењето на целите т.е. опасностите што произлегуваат од несоодветно фокусирање на целите од страна на пилотскиот персонал којшто ракува со така моќни машини. Притоа, подеднакво е важен и планирачкиот процес во донесување на одлуките за ангажирање на воздухопловните сили и истовремено самостојноста на пилотскиот персонал во однос на борбеното ангажирање.

Во однос на ефектите врз целите, дејствата на военото воздухопловство можат да имаат крајно негативно влијание, пред сè во однос на свртувањето на јавното мислење против окупациските сили, во целина. Ова особено доаѓа до израз во медиумските кампањи во кои се прикажуваат колатералните загуби како последица на дејствата врз целите, со жртви кај цивилното население, нанесување штети врз инфраструктура, со предизвикување еколошки катастрофи, епидемии и слично. Во понатамошниот тек од операциите за воспоставување на мирот, во земјата во која се интервенира од пресудно значење е искористување на транспортните и на оперативните можности на военото воздухопловство за санирање на последиците од војната, за помош на жртвите во војната, во снабдување со продукти за исхрана и враќање на основните економски функции на државата.

### *5.1.3. Ангажирање на воената морнарица*

Основната улога на воената морнарица во 4ГВ е во поддршка и транспортот на трупи на конвенционалните сили, како и во обезбедување на постојано воено присуство на просторот на операциите. Окупациските сили најчесто се преставени од земјата лидер како и од земјите членки на воените коалиции. Ангажираните трупи на операцискиот простор пред тоа мораат да

совладаат оддалечени простори кои се најчесто одвоени со континенти. Притоа, воената морнарица со своите транспортни капацитети има одлучувачка улога. Според проценитe за ангажираноста на трупите во операциите во Ирак и во Авганистан, прекуокенскиот (интерконтиненталниот) транспорт на трупите како логистичка поддршка со која се обезбедува постојано присуство на просторот, учествува со над една третина од вкупните трошоци во операцијата.

Секако, воената морнарица како компонента на воените сили и во демонстрацијата на сила, има значајна улога со обезбедување на постојано присуство на силите во поморскиот дел, при што овој вид ја интегрира и воздушната компонента (носачи на авиони) на просторот. Воената морнарица е значајна и по можностите и нејзиното брзо преместување на гравитациското средиште на операциите, на поширок оперaциски и стратегиски простор.

### 5.2. Ангажирање на специјалните сили

Ангажирањето на специјалните сили најчесто се поврзува со воени конфликти кога ангажирањето на конвенционалните сили е несоодветно, преуранeто или едноставно не е можно. Во вакви ситуации ангажирањето на специјалните сили е особено погодно во ангажирањето на силите од страна на националната командна структура и тогаш овие сили најчесто се користат како увертира пред изведувањето на воените кампањи од поширoки размери. Основна карактеристика на користењето на специјалните сили е ниската цена на ангажирањето на силите и незначителниот ризик, во случај на неуспех на операцијата.

Употребата на специјалните сили најчесто се врзува за извршување на следните задачи:

- ⇨ демонстрација на решителност на нацијата за преземање акции од воен карактер;
- ⇨ обезбедување национално воено присуство на одреден простор и за одредено време;

- ⇨ обезбедување поддршка на националните и на сојузничките сили во критичните моменти од изведувањето на воените операции или воени кампањи;
- ⇨ изведување брзи и тајни акции како одговор на загрозеноста на националната сигурност на одредена земја, додека, во воени услови за изведување многубројни акции, за поддршка на конвенционалните сили и на силите на окупираните подрачја;
- ⇨ подобрување на оперативната положба на силите и обезбедување на сигурност на политичката власт која се воспоставува на окупираните подрачја[326].

Истовремено, примената на овие сили овозможува да се одржи флексибилност на акциите и истовремено да ги комплементираат придобивките од преземните акции, а за кои изостанува висок ниво на публицитет и демонстрацијата на воена моќ. Ваквите состојби противниците во 4ГВ секогаш ќе настојуваат да ја злоупотребат.

Во однос на тајноста на операциите кои ги изведуваат специјалните сили, некои од овие операции се тајни, на пример извидувачко-разузнавачки операции, додека, на пример, противтерористичките и противгерилските акции се повпечатливи и тие оставаат силен белег меѓу населението.

Постојат четири категории на конфликти во кои се користат специјалните сили, и тоа во: противбунтовнички операции, изненадувачки операции, противтерористички операции и во операциите за одржување на мирот.

Специјалните сили во начело не се погодни за ангажирање во операции за одржување на мирот, пред сѐ поради тајноста на нивното ангажирање кое предизвикува одредени резерви кај земјата домаќин.

Во оваа прилика ќе дадеме осврт на ангажирањето на специјалните сили во првите три типа операции.

### *5.2.1. Противбунтовнички операции*

Специјалните сили ја овозможуваат поддршката на сојузничките и на сопствените сили во противбунтовничките операции чија цел е рушење на

[326] „ Doctrine for army special operation forces, (FM -100-25)“, Headquarters, Departmenet of the Army U.S.

владата на земјата домаќин. Притоа, примената на овие сили, поради нивниот карактер, обученоста и опременоста ги прави идеални за ангажирање, во договор со властите на земјата домаќин и соодветно на новонастанатото оперативно опкружување. Првенствена намена на специјалните сили на окупираните подрачја е и во давањето поддршка и во обуката на специјалните сили и на воените сили на земјата домаќин.

И обратно, кога се во прашање заштитата на националните интереси, специјалните сили можат да бидат ангажирани за зајакнување на воените сили и бунтовничкото движење и насочување на овие сили против властите што ја претставуваат противничката страна во судирот.

Современиот неконвенционален и асиметричен пристап, во кој максимално се користат предностите на технологијата, и тоа, пред сè, за офанзивни цели, има поинаков и засега невиден и непредвидлив центар на гравитација. Овој центар на гравитација, или поточно речено многубројни центри на гравитација е имун на супериорната воена сила која не отстапува од препознатливиот директен пристап, односно наметнување на еден и единствен уништувачки удар на главнината на силите на противникот. И всушност сиот неуспех на судирот на конвенционалните сили со противниците и особено со бунтовничките сили е во тврдоглавоста во барањето еден единствен центар на гравитација, кој од друга страна претставува основен супстрат и агенс со кој се јакне и се храни отпорот на протагонистите на 4ГВ. Решението е всушност токму во разбирањето за правилната примена на инструментите на моќ (дипломатија, економија, војска и информација), во дизајнирањето на воените операции и тоа пред се, во операциите против герилските и противбунтовничките сили.

### *5.2.2. Изненадувачки операции*

Специјалните сили во изненадувачките операции се ангажираат заедно со конвенционалните сили или со владините разузнавачки агенции. Ова од причини што овие операции поради тајноста на подготовките и нередовноста во ангажирања на планираните контингенти на сила, истовремено се краткотрајни и најчесто се во голема зависност од конкретните борбени услови на теренот. Овие операции најчесто можат да

се сфатат како операции за одговор на кризи, но со силен политички легитимитет и публицитет (одек во јавноста). Ваквото ангажирање на специјалните сили се однесува на следните типови на операции, и тоа:

- ⇨ офанзивни операции од помал обем и гонење на противничките сили;
- ⇨ операции за спасување и поддршка на операции од поширок обем;
- ⇨ манифестација на сила и присуство на теренот;
- ⇨ операција на асистенција и поддршка на клучен персонал;
- ⇨ помош при катастрофи;
- ⇨ неконвенционално војување;
- ⇨ поддршка на органите на цивилната власт;
- ⇨ пасивизирање на просторот.

### *5.2.3. Противтерористички операции*

Овие операции вклучуваат офанзивни активности и мерки кои ги преземаат владини и национални агенции заради спречување, одвраќање и одговор на терористички акции. Првенствена задача на специјалните сили во противтерористичките операции се изразени во нивните способности за квалитетна процена на опасностите, користење соодветни средства и форми и методи на ангажирање со кои се отстранувaa или неутрализира опасноста од терористички акции. Најчесто мисијата на овие единиците е поврзана за спасувачки мисии, мисии за враќање на чувствителен материјал којшто станал достапен за терористичките организации и во случај кога е потребно да се нападне инфраструктурата на терористите.

Поради нискиот профил на повеќето терористички организаци, тајноста на постоењето и планирањето на нивните активности, идентификацијата на објектите и одредувањето на мисијата во противтерористичките операции кои ги изведуваат специјалните сили има особена тежина. За жал, противтерористичката акција најчесто уследува како последица на изведена терористичка акција, т.е. како нејзин одговор.

### 5.3. Улогата на военополициските сили

Во изменетите општи и посебни околности што го обележуваат амбиентот на државата која е објект на интервенција, окупациските сили ќе настојуваат во што е можно покус временски период да го пасивизираат просторот, да воспостават внатрешен ред и мир во државата и да обезбедат непречено функционирање на нововоспоставените институции на власта. Една од основните задачи на конвенционалната војска во понатамошниот тек од војната ќе претставува разоружувањето на непријателската војска и полиција и уништување на паравоените и на бунтовничките групи. Но, се чини, дека најважна задача ќе претставува отстранувањето на последиците во инфраструктурата, кои се настанати како последица на бомбардирањата, со што всушност ќе се овозможи нормално функционирање на општеството. Окупациските сили истовремено ќе се соочат и со други предизвици, како што се националната, етничката и религиската поделеност во општеството, политичките групи и нивното влијание, влијанието на локалните лидери и на традицијата, крвни одмазди и друго. Овие задачи ги надминуваат надлежностите на воените сили, па така во справување со овие закани неопходно е потребно вклучување воено-полициски сили и сили за воспоставувањето на редот, полициски сили, владини агенции и други сили и организации на редот.

Од друга страна пак, во состојба на интензивни внатрешните немири проследени со експлозии на бомби на улиците на градовите, крвави пресметки на групи од различна етничка, национална и религиска припадност, во судирите на припадници на разни вооружени групи и кланови, па сè до состојба кога во операциите што ги изведуваат конвенционалните сили против силите на отпорот (противтерористички, противгерилски и противбунтовнички операции) страда и невино население. Во тој општ кошмар и хаос проследен со страдања на невини жртви, се пројавуваат многубројни структури кои што се обидуваат на организиран начин да ги отстранат последиците и да учествуваат во повторното воспоставување на редот. Оттаму произлегува и императивот што се поставува пред окупациската сила за обука на полициски сили и на сили за обезбедување на редот од составот на населението на окупираното подрачје,

на усвојување соодветен систем за обука и инструкции преку кои што ќе се раководи, ќе се управува, ќе се менторира, но воедно уште многу позначајно, ќе се контролира просторот и ќе се работи на враќање на довербата во постапките што ги преземаат окупациските сили меѓу народот.

Во однос на повторното воспоставување на инструментите на сила на окупираните подрачја, окупациските сили ги насочуваат своите напори, најмалку во два правца, и тоа: прво, во повторна изградба и обука на полициски и на специјални сили и второ, во поставување на основите за изградба на конвенционалните воени сили.

Огромно е значењето на полициските сили во градењето на состојбата на доверба, како и воспоставувањето на редот и мирот на окупираните подрачја. Притоа, особено е значајно почитувањето на воспоставениот кодекс на однесување, внесување одредени промени во системот на контрола на слободата на однесувањето на населението, кој можеби по многу нешто ќе се разликува од оној во минатиот период. Притоа, окупациските сили не смеат да заборават дека мора да го почитуваат вредносниот кодекс на однесување, традицијата, културата и особено влијанието на религијата, однесувањето на јавни места, на собири итн.

Од друга страна пак, противниците од 4ГВ ќе се користат со одредени организации со кои ќе настојуваат да воспостават контрола на територијата и на населението на просторот. Притоа, ќе ја искористат секоја погрешна постапка на окупациските сили за свртување на вниманието на народот и за отворено спротивставување на обидите за воспоставување окупациска власт. Организациските форми на настап и промоција најчесто се поврзани со традиционалните организации на овие општества, како што се кланови, групи на доверба, религиски групи, браќа по крв итн. Веднаш потоа следното ниво се организации со кои се поттикнува отпорот кон окупациските сили, како што се: организации за помош и поддршка на населението, организации за воспоставување на цивилна контрола итн. и, на крајот организации за вооружено спротивставување како што се герилски групи, терористички групи, и во услови на слабеење на моќта на окупациската сила, во појава на првите вооружени формации што би ја

претставувале основата на новите конвенционални сили. Во услови кога ќе настапи последната фаза т.е. градењето конвенционални сили, ваквата состојба го обележува крајот и губењето на војната од страна на окупациските сили.

* * *

Специјалните сили традиционално се дел од конвенционалните воени сили, додека нивното поле на дејствување е неконвенционално. Кога конвенционалните армии се попречени во извршување на своите операции, со методите на неконвенционални непријатели, генералната перцепција е дека специјалните сили ќе бидат најсоодветни за да се победи овој непријател. Оваа перцепција не е неоправдана. Навистина, изреките како што се „против оган бори се со оган“ или „постави крадец, за да фатиш крадец“ имаат временски тестирана логика. Кога конвенционалните сили ќе се соочат со тешка неконвенционална воена ситуација и притоа со ангажирање на специјалните сили ќе излезат како победници, првата мисла што паѓа на ум е зголемување на бројноста на специјалните сили.

Конвенционалните сили победуваат со својата бројност, со воздушните сили, големата огнена моќ и со супериорната обука. Специјалните сили придонесуваат за победа на цели, кои се погодни за употреба на нивните вештини, оружје, тактики, обука, физичката кондиција и организација. Специјалните сили се во одреден сегмент симетрични за водење на 4ГВ и оттаму тие се идеална воена сила за борба против недржавните непријатели од 4ГВ. Може да заклучиме дека специјалните сили се лек за еден дел од воениот аспект за справување со 4ГВ, бидејќи тие можат да се борат со поголем степен на ефикасност отколку конвенционалните сили. Конвенционалните сили имаат клучна улога во конвенционалната војна. Доколку државите имаат непријатели кои ќе им се спротивстават само конвенционално, барањето за конвенционалните сили сè уште ќе постои. Меѓутоа, научените лекции и историјата на 4ГВ во изминатите 40 години, ни докажува дека послабиот противник изнаоѓа начин да се спротивстави на воено посилниот конвенционален противник и притоа да ги негира неговите бројни предности.

4ГВ вклучува интензивни воени офанзивни и дефанзивни операции. Дефанзивната компонента не бара исто ниво на вештини кои се потребни за офанзивната компонента. Затоа единиците со пониско ниво на обука можат да ги преземат воено-полициските обврски, како и извршување на безбедносни задачи. Идеално, овие полициски сили во форма на жандармеријата се идеални во соработка со локалните полициски сили, која има слични етничка и работна култура со локалното население. Локалната полиција има најдобри јазични и културни вештини, кои е многу тешко да се стекнат, да се развијат и да се одржуваат. Онаму каде што полициските локални сили се ослабени и корумпирани, заедничките централни полициски сили можат многу да помогнат во градењето на полициската мрежа. Во Ирак, во отсуство на доволно полициски сили од ваков тип, особено кога немало локални ирачки полициски сили, оваа празнина е пополнета од страна на приватните воени контрактори.

# 6. ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ВОЈНАТА

Веднаш по првичниот воен успех на воените сили на САД во 2001 година и соборувањето на талибанскиот режим во Авганистан, многу брзо почнаа да се формираат бунтовнички муџахедински групи. Мешаните бунтовнички групи кои беа формирани од Талибанци, Хезб и Ислами, мрежата Хагани, странски платеници, локални племиња и криминални организации вршеа постојан притисок за да ја урнат авганистанската влада. Напорот на САД и коалиционите партнери во справувањето со муџахединските сили понудија одлична можност за да се оцени тоа што функционира и тоа што не функционира во однос на војувањето против асиметричен непријател со конвенционални средства во неконвенционална борбена околина.

Во оваа глава ќе бидат проучени почетоците и природата на бунтовите во Авганистан во поновата историја и факторите што придонеле за нивен пораст. Зошто најмодерната софистицирана воена технологија не успеа да се справи со бунтовничките групи од 4ГВ и не ги исполни очекуваните резултати во сузбивање на заканите за стабилноста во Авганистан? Како Ал Каеда и Талибанците успеаја да се спротивстават на многубројната конвенционална воена супериорност на САД и коалициските партнери и доведоа до промена на суштината и водење на војната во XXI век?

## 6.1. Почетоците на неконвеционално војување – употреба на конвенционални воени сили против недржавни актери

Бунтовите не се нова појава во Авганистан. Преку истражување на поновата историја, во оваа глава, ќе ја анализираме способноста на Владата во Авганистан да воспостави ред во државата, капацитетот на домашните безбедносни сили за спроведување на законите и надворешната поддршка, како критични фактори што имаат влијание врз оживување на Талибанците во 2002 година.

Во 1973 година кралската династија која владеела со Авганистан повеќе од два века, била насилно сменета од власт. Кралот Захир Шах бил

соборен од страна на премиерот и негов роднина Сардар Даут. Тој се прогласил за претседател на Авганистан и веднаш започнал со реформите и со модернизацијата на земјата. Тој го вовел симнувањето на превезот на авганистанската жена и нејзино учество во прогресот на државата.[327] Тогаш се формирале двете комунистички партии Кхалт и Парчам. Во 1978 година армиските офицери на Кхалт комунистичката партија извршиле државен удар, при што бил убиен претседателот Сардар Даут. На негово место дошол Нур Мохамед Тараки, а по ликвидирањето на Тараки во 1979 година на власт дошол Хафизулах Амин. За време на неговото владеење во земјата од страна на радикалните исламистички противници биле организирани бројни антикомунистички протести. Москва сè повеќе била загрижена дека Амин ќе се сврти кон Западните сили. Така, започнува времето на бунтовништвото во Авганистан.[328]

Во текот на следните триесетина години, Авганистан доживеа најмалку четири големи бунтови водени од страна на муџахедините. Војната против Советскиот Сојуз 1979-1994 година, враќањето на Талибанците на власт 1994-2001 година, соборување на талибанскиот режим од страна на САД 2001-2002 година и враќањето на Талибанците од 2002 година, па сè до денес. Целта на сите овие бунтовнички војни е да се урне постојниот режим и да се воспостави нов, кој би бил по мерка на бунтовничките сили и на нивните спонзори.

Авганистан е земја со екстремно променлива клима. Централниот и источниот дел е планински и достигнува 7485 метри надморска височина. На север и на југозапад постојат суви рамнини со просечна надморска височина од 500 метри. Температурата се движи околу 50 степени Целзиусови во лето и минус 17 степени во зима. Таа е земја без излез на море. Граничи со Иран на запад, Пакистан на југ и на исток и државите од поранешниот Советски Сојуз на север, а Кина е на само 76 километри.[329]

---

[327] Abdullah Qazi, Sardar Mohammad Daoud Khan, *Afghanistan online*, 2001, достапно на http://www.afghan-web.com/bios/yest/daoud.html датум на пристапување 16.01.2012 година

[328] Seth G. Jones, „Counterinsurgency in Afghanistan", Rand Corporation, Santa Monica, 2008, стр. 25.

[329] Erinn Banting, „Afghanistan: The land", Crabtree Publishing Company, New York, 2003, стр. 4.

**Карта 1: Географска карта на Авганистан**




*Извор: Карта на Авганистан, достапно на http://geology.com/world/afghanistan-satellite-image.shtml датум на пристапување 16.01.2012 година*

Земјата се простира на 647500 km² содржи значителни наоѓалишта на природен гас и нафта, но тие во голема мера останале неискористени поради конфликтите што ја зафатиле земјата во период од 1979 година. Економијата на земјата е заснована врз земјоделството и со векови наназад во голема мера зависи од инфраструктурата за наводнување. До советската инвазија од 1979 година, земјата беше самоодржлива во производство на храна, но две децении подоцна (кон крајот на 1990-тите години) војните и сушите доведоа до уништување на системот за наводнување и на земјоделскиот сектор. Во Авганистан претежно доминира племенска култура составена од различни етнички групи. Историски, најдоминантна и најсилна племенска група во Авганистан се Паштуните со 42% од популацијата (околу 12 милиони), Таџик со 27%, Хазара и Узбек со 9%, Аимак со 4%, Туркмен со 3%, Балуш со 2% и други 4%.[330] Се проценува

[330] United Nations Office on Drugs and Crime, Addiction, crime and insurgency : the transnational threat of Afghan opium, United Nations Publications, Oct 30, 2009, стр. 115.

дека во 2011 година, Авганистан брои околу 29 милиони жители, со 44% од населението на возраст под 15 години.[331]

Во април 1978 година мала група обучени советски офицери ја презема контролата врз Владата и прогласува формирање Демократска Република Авганистан, која би била уште една потчинета држава која ќе се граничи со Советскиот Сојуз. Тогашниот претседател Тараки (марксистички лидер) најавил широки реформи кои требале да доведат до уништување на старата авганистанска племенска социјална структура. Овие реформи биле прифатени од страна на населението во градовите, иако биле спротивни на традиционалните авганистански племенски обичаи. Ова довело до поделба на Комунистичката партија на две фракции. Како резултат на тоа, новата влада ја изгубила поддршката од народот, по што почнал да се шири вооружениот отпор кој довел до започнување граѓанска војна. Верските лидери прогласиле џихад (света војна) против комунистичкиот режим, по што муџахедините (свети воини) веднаш организирале групи што се бореле во одбрана на верата. Цели бригади преминале на страната на муџахедините и до крајот на 1979 година авганистанската армија се намалила од 90000 на 40000 војници.[332]

Одлуката на Советскиот Сојуз за испраќање војници во Авганистан била донесена тајно, на барање на авганистанската влада за помош и стабилизација на земјата. На 12 декември 1979 година, советското Политбиро, предводено од Леонид Брежњев, а одобрено од КГБ, одлучува да го нападне Авганистан.[333]

Според процените на Советската армија, потребни биле големи воени сили за да се извојува победа во Авганистан. Некои советски воени аналитичари процениле дека за успешно справување со сите предизвици, заземање на Авганистан и воспоставување контрола, ќе им бидат потребни 30 дивизии, а можеби и повеќе. Но никогаш не можеле да маневрираат со

---

[331] CIA - The World Factbook, достапно на https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/af.html датум на пристапување 18.01.2012 година

[332] Mohammad Yahya Nawroz, Lester W. Grau, „The Soviet War in Afghanistan: History and Harbinger of Future War?“, Foreign Military Studies Office, Fort Leavenworth, Kansas
June 1996, достапно на http://www.ciaonet.org/cbr/cbr00/video/cbr_ctd/cbr_ctd_52.html#2A датум на пристапување 23.01.2012 година

[333] M. Hassan Kakar, Mohammed Kakar, „Afghanistan: The Soviet Invasion and the Afghan Response“, University of California Press, Los Angeles, 1997, стр. 50.

повеќе од пет дивизии поради уништената патна инфраструктура во земјата.[334] Меѓутоа, поведени од политичките и од воените успеси на меѓународниот комунизам од 1970 – тите (Камбоџа, Лаос, Ангола, Мозамбик, Етиопија) тие биле оптимисти дека војната ќе биде ефективна и ќе трае кратко.

Во декември 1979 година, Советскиот Сојуз извршил инвазија врз Авганистан. Од страна на советската претходница, на авганистанските вооружени сили им бил блокиран пристапот до оружјето и биле спречени да се координираат и да дадат отпор. Воздушните советски сили и специјалните единици Спецназ, го блокирале тунелот Саланг, клучните аеродроми и приодите до владините институции. Ликвидиран бил и претседателот Амин. Советските копнени сили навлегле во земјата, совладувајќи го слабиот воен отпор од страна на авганистанската армија. Авганистанската влада била соборена, а како лидер бил инсталиран Бабрак Кармал. Советите очекувале отпорот да заврши тука, но не ни претпоставувале дека тој само што започнал. Вредностите на авганистанскиот народ како верата и копнежот за слободата им овозможила да се одржат против оваа суперсила, иако претрпеле огромни загуби.[335]

Советите биле успешни во контролирање на големите градови, но тие никогаш не успеале да воспостават контрола врз селата. Муслиманските муџахедини пристигнувале од сите страни на светот за да помогнат во борбата против Советите. Повеќето од овие герилски групи беа формирани од редовите на неколкуте милиони авганистански бегалци кои пребегале во Пакистан за време на инвазијата. Еден од позначајните регрути бил и милионерот Осама бин Ладен, фундаменталист од Саудиска Арабија, кој не земал учество во директни борби, туку преку својата финансиска моќ ги финансирал муџахедините и иницирал активности за регрутирање нови млади борци низ сиот свет. Другите муџахедински групи доаѓале од Иран, од Пакистан и од други држави од Средниот Исток. Исто така, голема

[334] Rodney P. Carlisle, „Afghanistan War“, Chelsea House, New York, 2010, стр. 27.
[335] L. R. Reddy, „Inside Afghanistan: end of the Taliban era?“, APH Publishing, New Delhi, 2002, стр. 45.

логистичка и воена поддршка за муџахедините доаѓала и од САД, од Кина и од Велика Британија.[336]

Извесно време советската тактика што се состоела во уништување на локалната поддршка и тајните локации имала успех. Советите почнале да контролираат некои од селата. Но со тоа предизвикале револт и експанзија на огромна омраза од страна на авганистанскиот народ. Тоа предизвикало муџахедините да се повлечат во планините. Повеќето муџахедински групи не воделе борба како организирани герилски единици со планирање и командување. Нивната тактика се состоела од *заседи* изведени преку брз ненадеен напад и брзо повлекување во групи од десетина или стотина борци предводени од еден лидер. Донациите од страна на САД и од Саудиска Арабија, во првата година од инвазијата се состоеле од лесно пешадиско оружје. Како што одминувало времето поддршката од сојузниците станувала сè поголема, а Египет ги снабдувал со оружјето кое во минатото се произведувало во нивните воени фабрики за потребите на Советскиот Сојуз.[337]

По извесно време Советите морале да се повлечат од руралните области што ги држеле под контрола, за да можат со истите трупи да извршат напади на друго место. Ова повлекување и преместување на советските трупи, муџахедините максимално го искористувале. Тие им нанесувале огромни загуби преку организирање заседи и постојан снајперски оган врз советските конвои кои се повлекувале. Како резултат на постојаните загуби, во 1982 година Советите морале да ги повлечат своите трупи во безбедните енклави. Во 1984 година поддршката од страна на САД се зголемила и муџахедините почнале да добиваат пософистицирано оружје. Тие добиле ракетни фрлачки на гранати, минофрлачки и 50 - милиметарски митралези кои во голема мера ги зголемиле нивните воени потенцијали.[338]

Успехот на муџахединските заседи се должи на некомпетентноста, на прекумерната пасивност и придржување кон стереотипниот начин на организација на советските воените сили. Советите не поставувале

---

[336] Trevor Conan Kearns, Jennifer L. Weber, „Terrorism", Infobase Publishing, New York, 2010, стр. 10.
[337] John K. Cooley, „Unholy wars: Afghanistan, America and international terrorism", Pluto Press, London, 2002 , стр. 21.
[338] Michael Radu, „The New insurgencies: anticommunist guerrillas in the Third World", Transaction Publishers, New Jersey, 1990, стр. 248.

обезбедување на реоните каде што се движеле конвоите, ниту пак претходница која би ја обезбедила рутата на движење. Дури и претходните локации на кои им биле поставувани заседи не биле извидувани од пешадијата, а на советските војници им било побезбедно да останат во своите оклопни борбени возила, отколку да излезат и да ја прифатат борбата. Ова муџахедините не го простувале, па постојано, повторно и повторно напаѓале. Обидите за контранапад од страна на Советите биле ретки па затоа многу често отстапувале и се обидувале што побрзо да го напуштат местото на заседата.[339]

Муџахедините, исто така, изведувале и *упади* врз објекти обезбедени на највисоко ниво. Такви биле честите нападите на советската амбасада, убиства на припадници на тајната полиција, напади врз воени и владини институции во Кабул.[340] Ова ги докажувало способностите на муџахедините за извршување напади насекаде, со големи ефекти врз моралот кај двете страни. Овие акции биле примарен извор на оружје и муниција за герилците. Ноќните упади, биле многу популарна тактика. Тие ги гранатирале советските позиции, базите, аеродромите и поважни цели во градовите со противтенковски орудија и хаубици. Целта им била да се уништи непријателот, да се малтретира и да биде под депресивен притисок за постојаната присутност на муџахедините.

Нападите на муџахедините врз клучни стратегиски точки биле слични акции како и упадите, но се разликувале според бројноста на борците, кои понекогаш достигнувале и преку 1000. Тие се реализирале само во две фази од советската окупација, во почетната рана фаза кога авганистанската армија ја губи контролата и кон крајот на окупацијата, кога Советите ги напуштаат офанзивните операции и започнуваат со повлекување. Како проблем при изведување на овие операции кои вклучувале голем број муџахедини и формирање поголеми формации, била соработката помеѓу муџахединските лидери. Тие многу тешко се организирале, а контролата врз силите не било можно да се оствари. Во

---

[339] C. J. Dick, „Mujahideen Tactics in the Soviet-Afghan War", The Conflict Studies Research Centre, Camberley, 2002, стр. 7.

[340] J. Bruce Amstutz, „Afghanistan: The First Five Years of Soviet Occupation", DIANE Publishing, Washington, 1994 стр. 139.

ваквите акции муџахедините многу често имале големи загуби, бидејќи ја губеле нивната најголема предност – мобилноста. Може да се констатира дека муџахедините не биле способни да се организираат за конвенционално војување.[341]

За муџахедините, главната база на поддршка и нивен најголем интерес биле руралните области, додека во градовите поддршката била во помала мера. Од таа причина урбаните герилски групи биле мали, а како особена закана за нивно откривање била тајната авганистанска полиција. Тие немале исто ниво на организација, командување и контрола, опрема, обука и поддршка како нивните соборци од руралните области. Од овие причини нивните акции биле со низок интензитет и краткотрајни. Нивното влијание повеќе било политичко и психолошко, отколку воено. Заседите и нападите на амбасадите биле честа практика. Сепак, во градовите, најомилена тактика биле нападите со автомобили бомби и експлозив поставен на камили притоа убивајќи советски војници и командири.[342] Исто така, целта била елиминација на избрани владини поединци и сеење страв помеѓу владините службеници и поддржувачи.

Додека заседите и брзите напади биле секојдневна рутина во тактиките на муџахедините, имало и моменти кога биле блокирани одредени планински премини и премини преку реки, кои се одржувале од неколку дена до неколку недели. Овие операции биле изведувани со цел да не се дозволи пристап до муџахединските бази, или биле користени како продолжена фаза од заседите. Кон границата со Пакистан, каде што конфигурацијата на теренот бил во полза на муџахедините, некои патишта биле блокирани и по неколку месеци. Некои изолирани гарнизони на авганистанската војска биле под опсада подолго време, а испораките на материјалните средства биле реализирани со авиони. Опсадата на гарнизонот во градот Кост траела со месеци и била причина за реализирање на советската воената операција „Магистрал“ која започнала во ноември

[341] C. J. Dick, „Mujahideen Tactics in the Soviet-Afghan War“, The Conflict Studies Research Centre, Camberley, 2002, стр. 9.
[342] Coll, Steve„„Ghost Wars“, Penguin, New York, 2004, стр. 129.

1987 година, а завршила во јануари 1988 година. Таа резултирала со класична победа врз муџахедините.[343]

Целта која требало да се исполни било отварање на патот од Гардез до Кост, кој бил блокиран од страна на муџахединските сили и локалните племиња, со цел доставување помош за населението и владините авганистански трупи на границата со Пакистан. Од страна на Советите биле ангажирани две моторизирани дивизии, една воздушно-десантна дивизија, еден воздушен полк, една воздушна бригада и неколку Спецназ единици, предводени директно од генералот Борис Громов – командант на воените сили во Авганистан. Авганистанската војска ангажирала пет пешадиски дивизии и една тенковска бригада.[344] Громов направил неколку обиди за да преговара со племенските старешини од племето Јадран и со Мавлави Јалалудин Хагани, регионалниот муџахедиски лидер, соработник на ЦИА и на Пакистанската разузнавачка агенција.[345] Меѓутоа, дискусиите за непречено снабдување на базата и ненапаѓање на конвоите не успеале. Борбата траела две недели, а со елиминација на муџахединските групи и заземање клучни стратегиски точки Хагани бил принуден да ги повлече своите сили привремено. На 30 декември, советските сили го реализирале првиот конвој за снабдување на гарнизонот.[346] По завршувањето на снабдувањето Советите се повлекле од таа област.

Операцијата „Магистрал“ изведена со здружени сили, демонстрирала неспособност на муџахединските герилски групи во спротивставувањето со конвенционална воена сила во отворена конвенционална битка. Но, набргу по повлекувањето на советските сили во јануари 1988 година, муџахедините на Хагани ги повратиле своите стари позиции. Градот Кост повторно бил изолиран и снабдуван по воздушна линија.[347]

---

[343] Joshua L. Gleis, „Withdrawing Under Fire: Lessons Learned from Islamist Insurgencies“, Potomac Books, Dulles, 2011, стр. 49.
[344] Urban, Mark, War in Afghanistan, Palgrave MacMillan, London, 1990, стр. 233.
[345] Carlotta Gall, “Old-Line Taliban Commander Is Face of Rising Afghan Threat,” The New York Times, June 17, 2008., Достапно на http://www.nytimes.com/2008/06/17/world/asia/17warlord.html?pagewanted=all датум на пристапување 24.01.2012 година
[346] Joseph Cummins, „The War Chronicles: From Flintlocks to Machine Guns: A Global Reference of All the Major Modern Conflicts“, Fair Winds, Beverly , 2009 стр. 387.
[347] Artemy M. Kalinovsky, „A Long Goodbye: The Soviet Withdrawal from Afghanistan“, Harvard University Press, 2011, стр. 130.

Муџахедините преку своите неконвенционални тактики војната во Авганистан ја направиле жив пекол за војниците на Црвената армија. Тие ретко земале советски заложници и затвореници. Од почетокот на прогласување на џихадот, не можело да се очекува милост од муџахедините. Нивна цел биле и цивилите кои соработувале со Советите. Универзитетот во Кабул бил честа цел на муџахединските бомбашки напади. Ниеден град во Авганистан не бил безбеден за комунистите. Војниците на Црвената армија биле свесни дека секој сопственик на продавница, секој продавач на пазарите, па дури и секое дете кое си игра на улица поседува некое убиствено средство. Секој војник кој излегувал сам често се случувало да биде застрелан, прободен со нож или претепан до смрт. Храната што се продавала од авганистанските дуќанџии често била затруена. Советите биле свесни дека во Авганистан надвор од нивните бази не постои безбеден објект: муџахедините користеле разни видови експлозиви кои можеле да се вградат во секој објект или предмет како пенкало и запалка.[348]

Во средината на 1980-тите години, со употребата на специјалните сили Спецназ и на хелихоптерите МИ 24-„хинд“ постоела реална можност Советите да ја завршат војната во нивна корист. Но во текот на 1986 година, од страна на САД, огромни количини на оружје и пари (околу 500 милиони долари) се слеале во Авганистан. ЦИА започнала со регрутирање на свои агенти во Авганистан, а муџахединските команданти ги плаќале до 100000 долари месечно. Во Вашингтон долго време се дебатирало дали во воената помош да ги вклучат и високотехнолошките „стингери“ (рачни ракетни фрлачки земја – воздух), како директно вмешување во војната со обележано американско оружје. Ескалацијата на борбите во 1985 година и големата воздушна надмоќ на Советите ги надвладеале стравувањата на Вашингтон од вклучувањата на „стингерите“ во војната. Во јануари 1986 година муџахедините биле снабдени со најсовремени ракетни фрлачки.[349] „Стингерите“ беа двапати побрзи и помоќни од советската авијација. Со нивното вклучување во војната советските хеликоптери беа приземјени. Пилотите на авионите морале да летаат на височина над дометот на

---

[348] Coll, Steve„„Ghost Wars“, Penguin, New York, 2004, стр. 132-133.
[349] Gregory Feifer, „The great gamble“, Harper Collins Publishers Ltd., London, 2010, стр. 210.

„стингерите", морале да користат заштитни измамнички ракети, постојано да летаат цик-цак, без радио врска бидејќи биле прислушувани од муџахедините. Биле принудени да летаат исклучиво ноќе. Со доаѓањето на „стингерите" во Авганистан е ставен крај на советската воздушна надмоќ и на воздушните операции. Поголемиот дел од советските воздушни сили, а особено хеликоптерите, се покажале многу ранливи. Првите 340 испукани „стингери" во Авганистан, собориле 290 Советски воздухоплови. Балансот на воената надмоќ повторно бил на страната на муџахедините.[350]

Советските загуби беа постојани и покрај нивните напори да ги поразат муџахедините преку интензивни бомбардирања. Сето ова укажува на фактот дека советските команданти не биле способни да се справат со герилската тактика и затоа се одлучувале за поставување мински полиња и користење на тактиката за палење и уништување на теренот од областите од каде што морале да се повлекуваат.[351]

Во ноември 1986 година за претседател на Авганистан бил избран Мохамед Наџибулах. Тој се обидел да изврши „национално помирување", но тоа завршило без успех. Предложил програма за помирување преку дијалог помеѓу опозициските лидери и евентуалната коалициска влада. Програмата, исто така, повикувала на шестмесечен прекин на огнот, кој би започнал од јануари 1987 година, но тој никогаш не бил имплементиран и веднаш бил отфрлен од страна на муџахединските лидери. Во декември 1986 година, еден месец по клучниот состанок на Политбирото,[352] Горбачов го повикал Наџибулах во Москва, за да го извести дека повлекувањето на советските сили од Авганистан сега веќе била официјална политика.[353]

Кога советските сили се повлекле во 1989 година земјата била опустошена. Се проценува дека еден милион Авганистанци биле убиени, повеќе од пет милиони избегале во странство, а 2-3 милиони биле раселени

---

[350] Andrew A. Wiest, M. K. Barbier, „Strategy and Tactics Infantry Warfare", MBI Publishing Company, St. Paul, 2002, стр. 146.
[351] Anthony Arnold, Afghanistan, the Soviet invasion in perspective, Hoover Press, Noida, 1985, стр. 99.
[352] Amin Saikal, A. G. Ravan Farhadi, Kirill Nourzhanov, Modern Afghanistan: A History of Struggle and Survival, I.B.Tauris, London, 2006, стр. 200.
[353] Raymond L. Garthoff, „The great transition: American-Soviet relations and the end of the Cold War", Brookings Institution Press, Washington, 1994, стр. 728.

во внатрешноста на земјата. Околу 15000 советски војници биле убиени, а 500000 биле повредени.[354]

Единствено заедничко верување на муџахедините било дека Советите мора да го напуштат Авганистан. Освен оваа цел, муџахединските групи немале други заеднички интереси. Тие имале различно етничко потекло и биле со различно верско убедување. Овие разлики често доведувале до меѓусебни борби. Многу од нив биле исламисти поврзани со Муслиманското братство и ги користеле терористичките методи против Советите. Истите методи ќе ги користат дваесет години подоцна против коалицските сили во Авганистан. Муџахедините ги мразеле Советите, но тоа бил единствениот заеднички интерес што го имале со САД.

Со повлекувањето на советските сили, САД веќе директно не се мешале во внатрешните работи на Авганистан. Тие поверувале дека загубата на војната во Авганистан придонела за распадот на Советскиот Сојуз во 1990 година. Со крајот на Студената војна, интересот на надворешната политика на САД кон Советскиот Сојуз и нивните воена моќ бил намален. Подоцна станало јасно дека помошта на муџахедините од страна на ЦИА, долгорочно ќе предизвика катастрофални резултати за американските интереси.[355]

Повлекувањето на советските сили ги зголемило надежите за крај на конфликтот. Меѓутоа, внатрешната борба помеѓу поранешната анти-советска коалиција составена од муџахедини продолжила. Тие се поделиле на фракции според етничка и според политичка линија. Во борбата против муџахединските сили претседателот Наџибулах, издржал да остане на власт уште три години по повлекувањето на Советите. Во април 1992 година Кабул паднал под притисок на муџахедините, кои потоа веднаш воспоставиле нова влада што го преименувала Авганистан во Исламска Република Авганистан. Муџахединските лидери се согласиле да воведат ротирачко претседателство, почнувајќи со Бурханудин Рабани. Сепак, поради споровите што се појавиле при поделба на власта, борбите повторно

---

[354] Ahmed Rashid, „Taliban: Militant Islam, Oil and Fundamentalism in Central Asia“, New Haven, Conn.: Yale University Press, 2000, стр. 13.
[355] Kalinovski Artemi, Radchenko Sergey, „The end of the Cold war and Third World“, Routledge, New York, 2011, стр. 144.

се разгореле. Лидерите на племето Паштун биле особено загрижени за составот на владата и биле огорчени дека по 250 години непрекинато владеење мора да ја предадат власта на други етнички групи.[356]

До 1994 година Авганистан бил распарчен помеѓу конкурентните муџахедински групи кои постојано ги менувале сојузите. Владата на претседателот Рабани, која претежно била составена од припадници на племето Таџики, го контролирала Кабул и североисточниот дел од земјата. Северните провинции останале под контрола на Абдул Рашид Достум. Исмаил Кан ги контролирал западните провинции околу градот Херат, а областите јужно и источно од Кабул ги контролирал Гулбудин Хекматар. Источната граница со Пакистан била под контрола на поранешни муџахедини и припадници на бандите, кои ги контролирале патиштата и изнудувале пари од прекуграничната трговија. На крајот на советската окупација, Авганистан бил преплавен со лесно пешадиско вооружување и муниција, ракетни фрлачки и тешко оружје како тенкови, артилерија и сета воена опрема што не им требала на Советите при повлекувањето. Земјата исто така била посеана со нагазни мини. Според ОН се проценува дека од пет до седум милиони мини биле поставени низ земјата до 1989 година.[357]

Кон крајот на 1994 година, во јужниот дел на земјата се појавило ново муџахединско движење кое првично ја преземало контролата врз градот Кандахар, а подоцна и врз околните провинции. Тие се нарекувале Талибанци, множина од *талиб*, што на арапски јазик значи студент. Многу од нив биле регрутирани во исламските училишта по теологија – медреси, кои биле воспоставени во авганистанските бегалски кампови во североисточниот дел на Пакистан во текот на 1980-тите години. Во периодот од 1983-1995 година, генерации на момчиња од Авганистан, во бегалските кампови во Пакистан биле ученици во овие школи.[358]

Тие претежно биле составени од сунитски муслимани кои ја практикувале формата на исламот наречена „вехабизам", слична на онаа што се практикува во Саудиска Арабија. Талибанците претежно биле од

---

[356] Seth G. Jones, „Counterinsurgency in Afghanistan", Rand Corporation, Santa Monica, 2008, стр. 27.
[357] Kenneth Katzman, Afghanistan: Current Issues and U.S. Policy, Washington, DC: Congressional Research Service Report for Congress, RL30588, August 27, 2003, стр. 28.
[358] Rodney P. Carlisle, „Afghanistan War", New York, 2010, стр. 49.

етничкото племе Паштуни, од руралните области на Авганистан. Раководството на Талибанците предводено од Мула Омар, владата на Рабани ја сметала за корумпирана, одговорна за континуираната граѓанска војна и за влошувањето на безбедноста во големите градови, а особено за влошувањето на состојбата на Паштуните. Талибанците се претставиле како сила што ќе ја исчисти земјата од фракционерство, корупција и насилство, што преовладувало уште од времето на повлекувањето на советските сили. Со помош од муџахединските симпатизери, во ноември 1994 година Талибанците ја презеле контролата врз југоисточниот град Кандахар. До февруари 1995 година, нивните сили многу добро напредувале и стигнале до портите на Кабул. Од 32 провинции, девет веќе биле под нивна контрола.[359]

Во септември истата година ја освоиле провинцијата Херат, на границата со Иран и го протерале проиранскиот гувернер Исмаил Кан. Во септември 1996 година, низата од талибански победи, ја принудила Владата на Рабани да се повлече северно од Кабул во долината Паншир. На 27 септември Кабул бил под контрола на Талибанците. Талибанското движење силна поддршка добило и од пакистанската разузнавачка служба (ISI, Inter-Services Intelligence), која помагала преку регрутација на членови, снабдување со оружје, обука и техничка помош. До 1998 година ги освоиле и северните градови Мазар, Кундуз и Татоган.[360]

До 2001 година Талибанците ја контролирале речиси целата територија на Авганистан. Единствен дел каде што немале контрола била областа североисточно од Кабул, долината Паншир која ја контролирал Азим Шах Масул. Талибанците воспоставиле репресивна верзија на шеријатскиот закон, забраниле да се слуша музика, забраниле жените да работат или да одат на училиште и ја ставиле под контрола слободата на медиумите. Авганистан станал плодна почва за џихадисти и на терористи кои имале намера да ги напаѓаат САД и другите земји. Осама бин Ладен и неговата мрежа на Ал Каеда, преку своите финансиски капацитети, извршиле влијание и поддршка на талибанскиот режим, а за возврат добиле

[359] Kenneth Katzman, „Afghanistan: Current Issues and U.S. Policy", CRS Report for CongressAugust 27, 2003, стр. 5.
[360] Seth G. Jones, „Counterinsurgency in Afghanistan", Rand Corporation, Santa Monica, 2008, стр. 28.

дозвола на авганистанска почва да вршат обука на своите оперативци и да ги подготвуваат и планираат терористичките операции.[361]

* * *

Советската противбунтовничка тактика и војувањето на авганистанските муџахедини во 1980-тите, претставуваат интересен период во ерата на развојот на бунтовите и противбунтовничките операции. Овој конфликт може да се смета како преодна фаза помеѓу традиционалните бунтови во XX век и модерните бунтови кои се категоризираат како 4ГВ. Муџахединското војување и советската против бунтовничка тактика вклучуваат елементи од постарите модели на војување кои се мешаат со елементите на новите форми.

Авганистанското бунтовничко муџахединско движење било движење како и многу традиционални бунтови низ историјата, со исклучок на надворешната поддршка и финансирање и прилив на муслимански борци од сиот свет. Повеќето операции биле спроведени од страна на мали муџахедински единици против советските окупатори, а воената советска надмоќ не била пресуден фактор во борбата помеѓу бунтовниците и советските сили. Некои муџахедински единици функционирале како вистински формациски воени структури.

Војната во Авганистан беше асиметричен конфликт, бидејќи Советскиот Сојуз водел ограничена војна, додека пак муџахедините воделе тотална војна. Москва свесно го ограничила обемот на воени сили и нивниот ангажман. Од друга страна отпорот на муџахедините бил тотална војна за опстанок и иднина на нивната земја. Советската војска не ја изгубила војната во Авганистан, таа едноставно не успеала да победи и да ги постигне саканите цели. Покрај тоа, војската што се вратила од Авганистан била поразена физички и психички. Од друга страна муџахедините не биле победници, но останале непобедени и непокорени. Герилците знаеле дека тие не постигнале убедлива победа, но биле свесни дека ја поткопале волјата на напаѓачите за водење војна во иднина. Во суштина муџахединските борци ја докажале максимата на Кисинџер:

---

[361] The 9/11 Commission Report: Final Report of the National Commission on Terrorist Attacks Upon the United States (New York: W. W. Norton, 2004), стр. 66.

„Герилците победуваат ако не изгубат; конвенционалната армија губи ако не победи“.[362] Муџахедиско-герилскиот отпор во Авганистан ефикасно се спротивставил на советската стратегија на уништување, со спроведување долготрајна војна преку процес на постепено редуцирање на бројноста на советските војници, намалување на нивната воената сила и ефикасноста, константно одржувајќи ги под постојан стрес.

### 6.2. Глобален џихад и револуција во воената околина

Во периодот на 1990-тите години, војската на САД беше во фаза на воено-технолошка револуција. Поттикнати од успехот на операцијата „Пустинска бура“ во која беше демонстриран развојот на најсовремената воена техника со глобалните системи за позиционирање и прецизни оружја, беше претставена визијата за идните војни. Во исто време се одвиваше уште една револуција во која беа инкорпорирани елементи од револуционерната ера на Франција. Оваа револуција беше создадена од терористичката мрежа на Ал Каеда, која поентираше преку постојаното растечко верско и социјално движење, кое се фокусираше на фундаменталистичките исламистички верувања. Оваа организација веќе покажува капацитети да се приспособи на софистицираната технологија и на организациската структура на нејзините непријатели. Со мобилизација на радикални исламски елементи, полека ќе се трансформира во организација што има капацитет да изврши напад на глобално ниво и да постигне стратегиски резултати, преку извршување мали терористички акции, на тактичко ниво.[363]

Со почетокот на прогласување џихад против Советите од страна на муџахедините во Авганистан, Ал Каеда постојано е присутна во нивните редови. Во тој период во Ал Каеда се појавиле две фракции, една била посветена на формирање и опремување на моќна герилска организација, а другата била со намера за утврдување на Ал Каеда како движење и глобален бренд, во која може да се припои која било радикална муслиманска група и

[362] “the guerrilla wins if he does not lose. The conventional army loses if it does not win.”, Martin, Gus, *The SAGE Encyclopedia of Terrorism, Second Edition*, SAGE, London, 2011, стр. 71.
[363] Harry R. Yarger, Short of general war-perspectives on the use of military power in the 21st century, Strategic Studies Institute, Carlisle. April 2010, стр. 28.

да се вклучи во насилниот глобален муслимански отпор.[364] На крај преовлада фракцијата на Осама бин Ладен, а Ал Каеда стана глобално признат транснационален терористички ентитет.

Радикалните исламистички движења коишто можат да се сретнат на Блискиот Исток, имаат различни корени и причини за нивно формирање, што датираат од почетоците на муслиманската историја. Во одредени периоди од оваа муслиманска историја, радикалните исламисти прибегнувале кон методите на насилство и терор за постигнување на нивните политички или теолошки цели во рамките на нивните можности и капацитети. Сепак, современите екстремистички движења станаа моќна глобална сила базирана на Блискиот Исток која профитира од неколку жаришта на арапското незадоволство. И покрај фактот што радикалните муслимани доаѓаат од различни религиозни верувања (на пример, судирот помеѓу Салафистичката сунитска наспроти Иранската шиитска секта), повеќето аналитичари се согласуваат дека тие генерално се мотивирани од три главни фактори: создавањето на Израел како држава-нација (окупацијата на палестински територии), перцепцијата дека САД имаат империјалистички планови за Блискиот Исток, неправедно насочени кон исламските верници[365] и желбата да се создаде исламски режим, или во најмала рака, да се принудат постојните власти на Блискиот Исток да владеат според исламските принципи.[366] Денес овие фактори дополнително се влошуваат поради растечкото незадоволство од страна на младата популација на Блискиот Исток, како резултат на социјалноекономските потешкотии и државниот тоталитаризам.

Основоположникот на Ал Каеда, Осама бин Ладен е роден во Ријад, Саудиска Арабија, во 1957 година, во богато и многу почитувано арапско семејство. Неговиот татко бил миленик на саудискиот крал Сауд, а неговото семејство имало блиски врски со саудиското кралско семејство. Во периодот на смртта на неговиот татко кој загинал во хеликоптерска несреќа,

---

[364] Harmony Project, Cracks in the Foundation: Leadership Schisms in Al-Qa'ida 1989—2006, West Point, NY: Combating Terrorism Center, September 2007, стр. 1.
[365] Loren Kelly, The United States and the Muslim World: Critical Issues and Opportunities for Change, Stanley Foundation Policy Bulletin, No. 15, January 2005, стр. 2.
[366] Anthony H. Cordesman, The Impact of Terrorism and Extremism on the Regional Balance, Washington, DC: Center for Strategic and International Studies, March 2004, стр. 7.

било проценето дека во тоа време единаесетгодишниот Осама бин Ладен, наследил имот во вредност до 300 милиони долари.[367] Во периодот на неговите студии на Универзитетот „Абдул Азиз“ во Џеда, каде што се запознал со професорот Абдула Јусуф Азам, бил воведен во исламизмот.[368] Подоцна заедно двајцата ќе ја напуштат Џеда и ќе се упатат кон градот Пешавар во Пакистан, каде што ќе се вклучат во Советско – авганистанската војна. По поразот на Советите, арапските муџахедини под команда на Бин Ладен учествувале во воените операции против авганистанскиот комунистички режим сѐ до 1992 година и конечниот пад на Кабул.[369]

Омразата против САД кај него почнала да се развива од 2 август 1990 година, односно со ирачката инвазија на Кувајт. По советското повлекување од Авганистан, Бин Ладен се вратил дома и побарал од саудиските власти да не ги прифаќаат силите на САД и да не бидат нивни домаќини. Тој побарал да се формира муџахединска армија за протерување на ирачките сили од Кувајт. Но, неговата идеја била одбиена од страна на саудиските лидери како непрактична. По ова, со операцијата „Пустинска бура“, 500000 илјади американски војници биле распоредени во Саудиска Арабија за протерување на ирачките сили од Кувајт.[370] Во периодот од 1991-2003 година околу 6000 американски војници постојано биле присутни во Саудиска Арабија, за изведување на операциите во Ирак. Бин Ладен и неговите следбеници ги претставиле силите на САД како окупатори на светата исламска земја и саудиското кралство.

Во овој период Бин Ладен ја насочил својата енергија и организациски вештини против новоидентификуваниот непријател на исламот – САД. Тој ја искористил „окупацијата на САД“ врз Саудиска Арабија за време на Заливската војна, како оправдување за неговата политика. Тогаш е создадена Ал Каеда, на арапски „база“, која требала да ги

[367] Jimmy Gurulé, „Unfunding terror: the legal response to the financing of global terrorism“, Edward Elgar Publishing, Cheltenham, 2008, стр. 46.
[368] Randall B. Hamoud, „Osama Bin Laden: America’s Enemy in His Own Words“, San Deigo, CA: Nadeem Publishing, 2005, стр. xxxix.
[369] Peter L. Bergen, „The Osama Bin Laden I Know: An Oral History of Al Qaeda’s Leader“, New York: Free Press, 2006, стр. 90-93.
[370] John Rollins, „Al Qaeda and Affiliates: Historical Perspective, Global Presence, and Implications for U.S. Policy“, DIANE Publishing, CRS report for congres, 2010, стр. 5.

потисне САД од Саудиска Арабија и да ги заштити исламските свети места Мека и Медина.[371]

По судирот со саудиските лидери, во 1991 година, Бин Ладен се преселил во Судан, каде што купил имот, на кој се изведувала обука со муџахедините на Ал Каеда. Таму се вршеле подготовки на џихад-операциите, кои подоцна се изведувале на Балканот, во Чеченија, во Кашмир и на Филипините. Во тој период Бин Ладен вршел финансиски трансакции со саудиските дисиденти во Лондон, вклучувајќи го Саад Факих, кој го организирал „Движењето на исламистичките реформи во Арабија“.[372] Од 1992 година до 1996 година, Бин Ладен ја предводел Ал Каеда од Судан под заштита на радикалните исламисти во Картум, сé додека не бил протеран од страна на властите, како резултат на извршениот египетско-американски притисок.

Пред почетокот на конфликтот во Сомалија, Ал Каеда ги зголемила своите активности на Балканот, во Босна. Таму биле пратени голем број муџахедински борци кои требало да се борат со своите муслимански браќа. Тие биле под команда на ветераните Анвар Шабан, Ал Масри, Моатез Билах и Абу Абдел Барбарос.[373] [374] Тие го користеле моделот на војување од Авганистан и постојано агресивно регрутирале млади муслимани, кои биле обучувани на терористичките тактики и фундаменталистичка идеологија. Тоа било времето кога во Босна се водел *џихад,* а сите финансиски средства пристигнувале преку невладини организации за финансирање и поддршка на муџахединските борци. Во овој период, преку босанскиот конфликт, се создаваат корените на модерната терористичко-финансиска мрежа на Ал Каеда, која остварува значајни финансиски врски и трансакции со богатите арапски донатори.[375] Со потпишување на Дејтонскиот мировен договор[376] новата генерација обучени муџахедини исполнети со омраза и насилство

---

[371] Paul C. Telleen,„ Princeton readings in Islamist thought: texts and contexts from al-Banna to Bin Laden“,Princeton University Press, New Jersey, 2009, стр. 437.
[372] Anthony H. Cordesman, „Saudi Arabia: national security in a troubled region“, Center for Strategic and International Studies, Washington, D.C., стр.302.
[373] Evan Kohlmann, Al-Qaida's jihad in Europe: the Afghan-Bosnian network, Berg, Oxhord, 2004 стр. 23.
[374] James J. F. Forest, „The Making of a Terrorist: Training“, Praeger Security International, Westport, 2006, стр. 197.
[375] Evan Kohlmann, Al-Qaida's jihad in Europe: the Afghan-Bosnian network, Berg, Oxhord, 2004, стр. 35-39.
[376] Alcira Kreimer, Bosnia and Herzegovina: post-conflict reconstruction, , World Bank Publications, 2000, стр. 23.

морале да ја напуштат Босна. Тие морале да се вратат во Авганистан или да останат на Балканот и да му се приклучат на европското подземје. Благодарение на босанската влада, Бин Ладен почнал да увезува нови терористи кои ја протежирале радикалната форма на исламот и притоа формирале нови терористички ќелии кои полека и тивко растеле и се појавувале низ Европа.[377]

Војната во Босна резултирала со неколку значајни предности за Ал Каеда. Првата предност била во тоа што младите регрути на Ал Каеда можеле непречено тајно да се обучуваат без притоа да бидат спречени од надворешно меѓународно влијание. Планирањето на идните терористички операции можело да се одвива надвор од матичните арапски земји и конечно Ал Каеда била еден чекор поблиску до инфилтрирање и воспоставување на терористичката мрежа во Западна Европа.

Во 1993 година Бин Ладен ги повикал сите Сомалијци да ги нападнат американските сили и да ги протераат од нивната земја. Тој испратил добро обучен кадар, вклучувајќи го Мохамед Атеф (организаторот на нападите од 11 Септември), за обука на сомалиските муџахедини во воените и терористичките тактики, кои погубно ќе се одразат за американските воени сили.[378] Во овој период Ал Каеда за прв пат ќе добие меѓународно признание за нејзината улога, што резултира со неуспех на напорите на САД во Сомалија.

Во неговата прва верска декларација или „фатва", издадена во 1996 година во Лондонскиот весник Ал Кудс ал Араби, Бин Ладен ги повикува сите муслимани (конкретно муслиманската младина) да го избркаат американскиот непријател од светата земја и да започнат војна против крстоносната алијанса.[379] На 25 јуни 1996 година, со камион бомба беа минирани кулите во Кобар, Саудиска Арабија, каде што беше сместен

---

[377] John R. Schindler, „Unholy terror: Bosnia, al-Qa'ida, and the rise of global jihad", Zenith Imprint, St. Paul, 2007, стр. 131.

[378] Michael Taarnby, Lars Hallundbaek , „Al-Shabaab", 26. February 2010, стр. 26, достапно на http://www.justitsministeriet.dk/fileadmin/downloads/Forskning_og_dokumentation/Forskningspulje/Taarnby-rapport.pdf датум на пристапување 17.02.2012 година

[379] Osama bin Laden v. the U.S.: His Edicts and Statements, August 23, 1996, достапно на http://www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/shows/binladen/who/edicts.html датум на пристапување 16.02.2012 година

штабот на војската на САД.[380] Ова беше јасен доказ за интересите и за целите на Ал Каеда и нивната осуда на американското воено присуство.

Неговата втора фатва е издадена на 23 февруари 1998 година, а била потпишана и од страна на Ал Завахири, емир на џихад група од Египет,[381] Шеик Мир Хамза, секретар на џихад организацијата Џамијат ул Улема е Пакистан, Абу Ахмад Таха Јасер Рифал, шеф на египетската исламистичка група и Фазлур Рахман, емир на џихад движењето во Бангладеш. Во неа Осама бин Ладен отишол подалеку и изјавил:

*„Под знамето на Светиот исламски фронт за борба против Евреите и крстоносците прогласуваме одлука за убивање на Американците и нивните сојузници, цивили и војници. Ова е индивидуална должност на секој муслиман кој може да се бори во која било земја, со цел да се протераат непријателски армии надвор од земјите на исламот и да се ослободи Ал Акса џамијата во Ерусалим и Светата џамија во Мека. Ова е според зборовите на семоќниот Алах.“* [382] [383]

Шест месеци подоцна во Африка, на 7 август Ал Каеда извршува терористички напад, при што загинале стотици цивили. Нападот е извршен со автомобил бомба, поставен пред американските амбасади во Танзанија, во Дар ес Салам и во Кенија, во Најроби. Нападите биле спроведени од страна на локалните ќелии на сè поголемата терористичката мрежа на Ал Каеда.[384] По нападите на американските амбасади во Африка, САД конечно ја препознаваат Ал Каеда како одржлив и екстремно способен противник. На ова САД одговорија со напад од крстосувачки проектили на територијата на Авганистан, во близината на градот Кост, но со тоа не успеале да ги

---

[380] Jane Bullock, George Haddow, Damon P. Coppola, „Introduction to Homeland Security: Principles of All-Hazards Risk Management“,Elsevier, Waltham, 2012, стр. 32.

[381] Ајман Мохамед ал – Завахири, роден 19 јуни 1951 година, е египетски лекар, исламски теолог и сегашен лидер на Ал Каеда. Тој претходно бил вториот и последен „емир“ на египетската организација Исламски џихад. Во 1998 година организацијата Исламски џихад официјално се спои со Ал Каеда. Неговата жена и шесте деца, биле убиени во воздушен напад на Авганистан од страна на американските сили кон крајот на 2001 година. На 2 мај 2011 година, по смртта на Осама бин Ладен, тој стана лидер на Ал Каеда. Ова беше потврдено на 16 јуни 2011 година од страна на командата на Ал Каеда. Стејт Департментот на САД понуди награда од 25 милиони долари, за информација која ќе овозможи негово апсење.

[382] Al Qaeda's Fatwa, TERRORISM, Feb. 23, 1998, достапно на http://www.pbs.org/newshour/terrorism/international/fatwa_1998.html датум на пристапување 16.02.2012 година

[383] Lewis, Bernard. "License to Kill; Usama bin Ladin’s Declaration of Jihad," Foreign Affairs, November/December 1998, стр. 14.

[384] N. C. Asthana & A.Nirmal, „Urban Terrorism : Myths And Realities“,Pointer Publishers, Jaipur, 2009, стр.160.

уништат кампoвите за обука на Талибанците и Ал Каеда, ниту пак да ги одвратат од планирање и извршување идни терористички напади.[385]

Во 2000 година вниманието на Бин Ладен било насочено кон Јемен, каде што го планирал следниот напад врз американските воени бродови. На 20 октомври на пристаништето во Аден, Јемен, американскиот воен разурнувач (USS Cole), за време на неговото кратко запирање за танкирање гориво, бил нападнат од страна на мал брод натоварен со експлозив. Со овој самоубиствен терористички напад биле убиени 17 членови од екипажот на американскиот брод, ранети 39 луѓе, а бродот бил сериозно оштетен.[386] Бин Ладен и неговите следбеници од Авганистан се радувале на успешниот напад врз воениот брод на САД, а молкот од страна на Американската влада и невозвраќањето со воен одговор, бил согледан како нивна слабост и национална немоќ. Тогаш Осама бин Ладен изјавил:

*„Телата на неверниците летаа на сите страни, а нивните екстремитети беа расфрлани насекаде. Победата на исламот доаѓа, а победата што ја постигнавме во Јемен ќе продолжи. Му благодариме на бога што ни ја додели победата на денот кога го уништивме УСС Кол во морето“.*[387] [388]

Успехот на овој напад уште повеќе ќе ги инспирира Ал Каеда и другите исламистичко-терористички групи, за тајна подготовка и извршување на поголеми напади против САД.

Во периодот од 1990 година до 2001 година, Бин Ладен и Завахири, ќе ја трансформираат Ал Каеда во глобална закана за националната безбедност на САД, кулминирајќи со нападите на 11 Септември. Во тој период Ал Каеда ќе стане коалиција на фракции од радикални исламистички џихад групи кои оперираат низ муслиманскиот свет. Тие ќе формираат свои ќелии и соработници во стотина земји.[389] Осама бин Ладен преку

---

[385] Bruce Lawrence, „Messages to the world: the statements of Osama Bin Laden",Verso, London, 2005, стр. xiv.

[386] Raphael Perl, Ronald O'Rourke, Terrorist Attack on USS Cole: Background and Issues for Congress, CRS Report for Congress, Order Code RS20721, Updated January 30, 2001, стр. 1.

[387] Roy Gutman , „How we missed the story: Osama bin Laden, the Taliban, and the hijacking of Afghanistan",US Institute of Peace Press, Washington, 2008, стр. 250.

[388] Clois Williams, Steven Waltrip, Aircrew security: a practical guide, Ashgate Publishing, Burlington, 2004, стр. 155.

[389] Al-Qaida, GlobalSecurity.org, достапно на http://www.globalsecurity.org/military/world/para/al-qaida.htm датум на пристапување 27.02.2012 година

комбинација на новите информатички технологии и неговата позната универзална мотивација за исламските милитантни екстремисти – фатва, ќе создаде моќна терористичка организација способна да изврши напади низ целиот свет. Оваа масовна сајбер мобилизација, е во фаза на неповратен процес што ќе има огромно влијание во водењето на идните војни.[390]

За да стигнат неговите пораки до сите муслимани во сиот свет, со користење на интернетот, Бин Ладен создал моќна информатичка мрежа, преку која се емитуваат неговите фатви. Тоа е медиумска организација наречена „Ал Сахаб" (На облаците), која продуцира висококвалитетни видеоснимки и други електронски материјали за радикалната исламска идеологија, достапна за милиони интернет корисници. Преку оваа организација, во последните десетина години подемот на Ал Каеда е толку голем што постирањето на Осама бин Ладен или на некој од неговите командири, веднаш станува најактуелна приказна покриена од најгледаните меѓународни медиуми како Фокс (FNC - Fox News Channel) и Си – Ен – Ен (CNN - Cable News Network), 24-часовни информативни канали кои се емитуваат преку сателит и кабловски телевизии.[391] Со комбинација на радикалната верска доктрина и учење и универзално достапната технологија, Ал Каеда, во последните неколку години, драстично ја зголеми способноста за регрутација на нови членови за извршување на терористички напади. Ова го постигнува и покрај огромните напори на САД и на нивните сојузниците за неутрализирање на терористичките ќелии во Авганистан и во другите кризни подрачја.

За да биде иронијата уште поголема денешната глобална комуникациска мрежа што ја користат терористичките организации, првично беше развиена од страна на американската војска за подобрување на комуникациите за време на Студената војна. Интернет мрежата е креирана во лабораторија за истражување на информатичката технологија на Министерството за одбрана на САД. Агенцијата за напредни истражувачки проекти во одбраната (DARPA), во 1960-тите години го дизајнирала интернетот (во тоа време познат како ARPANET-The Advanced

---

390 Audrey Cronin, "Cyber Mobilization: The New Levee En Masse", Parameters, Summer 2006, стр. 77.

391 Bruce Riedel, The Search for Al Qaeda: Its Leadership, Ideology, and Future, Brookings Institution Press, Washington, 2010, стр. 123.

Research Projects Agency Network), за да обезбеди проток на неопходни информации во случај на нуклеарна војна.[392] Во текот на 1990-тите години, интернет мрежата произведена од страна на Армијата на САД станала светски феномен, кој Ал Каеда го искористила за започнување на војната против САД. Оваа мрежа е клучен елемент за развивање на нејзиниот нов револуционерен милитантен концепт и создавање на новата воена околина. Осама бин Ладен, за подобро интегрирање на Ал Каеда во интернет технологијата, создал линиска организациска структура, преку која ги подобрил командните и контролните можности на терористичката организација во мрежата. Преку објавената фатва на интернет, за убивање на сите Американци каде и да се наоѓаат, тој бил во состојба да ја минимизира сопствената важност, а на своите потчинети им овозможил да работат самостојно, за да ја постигне целта на терористичката организација. Според некои процени, се укажува на тоа дека дури и по смртта на Бин Ладен, Ал Каеда ќе продолжи да функционира непречено уште многу години. Ваква мрежна организациска структура, на раководството на Ал Каеда му овозможува ефикасно функционирање и управување со финансирањето и со човечките ресурси, логистичката поддршка, како и обучување и ширење пропаганда низ сиот свет. Со користење на оваа мрежа која има ќелии и соработници низ сите континенти, Ал Каеда е способна да ја одржува својата структура и да ги реализира своите цели низ широк спектар на различни култури.[393]

Глобализацијата и најновите информатички технолошки достигнувања, ќе овозможат изолирани ќелии или поединци на Ал Каеда, лесно да се поврзат едни со други и да мобилизираат ресурси за напад, без никаква поддршка од камповите за обука, лидерите и централната база на терористичката организација.[394] Тоа што Ал Каеда ја прави различна од конвенционалните воени организации се напорите за постигнување

---

[392] Paul Baran and the Origins of the Internet, RAND, достапно на http://www.rand.org/about/history/baran.html датум на пристапување 28.02.2012 година

[393] Michael Scheuer, "Can al-Qaeda Endure Beyond bin Laden?" Terrorism Focus, Vol. 2, October, 2005, достапно на http://www.jamestown.org/programs/gta/single/?tx_ttnews%5Btt_news%5D=599&tx_ttnews%5BbackPid%5D=238&no_cache=1 датум на пристапување 28.02.2012 година

[394] National Intelligence Estimate,The Terrorist Threat to the US Homeland, July 2007, стр. 7, достапно на http://www.c-span.org/pdf/nie_071707.pdf датум на пристапување 28.02.2012 година

стратегиски ефекти, со нискобуџетни тактички операции. Целта на Ал Каеда е насочена кон рушење на културните вредности и општества на глобално ниво, преку користење субверзија и вооружени конфликти, со крајна цел воспоставување нов светски поредок.[395] Од друга гледна точка, Ал Каеда спроведува еден глобален бунт за постигнување на своите стратегиски цели, преку дејствување на мали независни ќелии кои во нивните операции се служат со релативно несофистицирани системи на оружје. Ова многу јасно се согледува преку терористичкиот напад од 11 Септември, каде што една мала терористичка група од дваесетина оперативци, предизвикаа над 3.000 цивилни жртви за помалку од четири часа.

Можеме да заклучиме дека воената револуција на Ал Каеда и покрај упорноста на НАТО и на САД за нејзино сузбивање и понатаму продолжува да се развива и да ги зголемува нејзините капацитети за реализирање терористички напади. Овој подем не е постигнат со користење високотехнолошки воени системи, туку со помалку софистицирани методи (на пример, бомбаши самоубијци во комерцијални авиони). Преку остварување на оваа воена револуција на терористичките организации како Ал Каеда, се поткопува компетентноста и полезноста на армиите за војување на тактичко ниво. Во примерот на САД се покажува дека и покрај огромните напори на оваа држава со примена на тактичка сила физички да ја уништат мрежата на Ал Каеда, таа и понатаму продолжува да се одржува оперативна и способна за постигнување на стратегиски цели, преку извршување терористички напади на строго селектирани цели низ светот.

### *6.2.1. Исламистички региони на операции*

Светската шема на милитантните исламски движења функционира преку регионални подрачја на работа, а не како еден монолитен блок. Подрачјата на операции се региони каде што оперативците на една терористичка група соработуваат или извршуваат активности со оперативците од друга терористичка група од соседна земја. Мошне евидентно е дека исламистичките групи од различни региони го следат

---

[395] The University of Michigan, Review journal of philosophy & social science: Volume 30, Anu Prakashan, 2005, стр. 162.

идеолошкиот и стратегискиот пристап кои се во согласност со насоките на Ал Каеда, ја применуваат нивната тактика и нивните оперативни методи. Глобалниот џихад е една комплексна појава и досега неговото дејствување е идентификувано во повеќе региони како Северна и Јужна Америка, Европа, Африка и Азија.

**Америка.** Северна Америка е најпозната како место каде што се изведоа нападите од 11 Септември. Но, има и други значајни активности на Ал Каеда, вклучувајќи обиди за инфилтрација во САД преку Мексико и Канада. Латинска Америка е позната како главен центар за исламистичка обука, инфилтрација, логистичка поддршка и политичка субверзија. Ал Каеда е присутна во триграничната област на Аргентина, Парагвај и Бразил, место населено со голем број арапско население.[396] Таму се формирани регионални организации на Ал Каеда како бригадите Мохамед Ата во Ел Салвадор,[397] а остварена е соработка помеѓу Хезболах и Ал Каеда. Серијата на настани што се случија во изминатите години укажуваат на силната врска меѓу џихад групите и картелите во Јужна и во Северна Америка.

- Во октомври 2011 година, продавач на автомобили во Тексас, Мансор Арбабсиар, Американец со иранско потекло, е уапсен поради заговор за атентат врз амбасадорот на Саудиска Арабија во Вашингтон.[398]
- Во декември истата година во Вирџинија, со обвинение за шверц на повеќе од 100 тони кокаин од Колумбија и од Мексико, уапсен бил припадник на Хезболах, Ајман Јома со потекло од Либан.[399]
- Во јули 2010 година во Тихуана, Мексико, бил уапсен лидерот на Хезболах, Џамел Наср. Тој бил обвинет за создавање мрежа на Хезболах во Јужна Америка, составена од мексикански државјани

[396] Aaron Mannes, Profiles In Terror: The Guide To Middle East Terrorist Organizations“, Rowman & Littlefield, 2004 стр. 44.
[397] Charles Johnson, Religion of Peace Threatens El Salvador, 2004, достапно на http://littlegreenfootballs.com/article/12036_Religion_of_Peace_Threatens_El_Salvador/comments/ датум на пристапување 06.04.2012 година
[398] Larry Neumeister, Suspect in plot to kill Saudi envoy arraigned, The Washington Times, October 24, 2011, достапно на http://www.washingtontimes.com/news/2011/oct/24/suspect-in-plot-to-kill-saudi-envoy-arraigned/ датум на пристапување 06.04.2012 година
[399] US sues Lebanese firms for 'laundering Hezbollah funds', BBC © 2012, достапно на http://www.bbc.co.uk/news/mobile/world-middle-east-16215862 датум на пристапување 05.04.2012 година

со врски во Либан. Нивна цел била напади врз Израел и врз западните сојузници.[400]

- ⇨ Џамал Јусуф, агент на Хезболах и поранешен припадник на сириската војска, во април 2009 година е уапсен во Њу Јорк за нарко терористички активности, шверц на американски пушки, рачни фрлачки, експлозив и противтенковска муниција. Оружјето било украдено од американските сили стационирани во Ирак и било транспортирано во Мексико, за продажба на колумбиската терористичка група ФАРК, во замена за дрога, која би била шверцувана во САД преку мексиканските картели.[401]
- ⇨ Во 2006 година, Салим Бухадер бил осуден на 14 години затвор од страна на мексикански судија, со обвинение за шверц и организиран криминал. Тој бил Мексиканец со либанско потекло и сопственик на кафе бар во Тихуана. Тој тргувал со луѓе и најмалку 200 либиски државјани симпатизери на Хезболах и на Хамас илегално ги пренел во САД од Мексико.[402]
- ⇨ Обучениот џихад борец на Хезболах, Махмуд Јусеф, влегол во САД преку мексиканската граница на почетокот на 2001 година и се населил во Деарборн – Мичиген. Во 2005 година е осуден на 54 месеци затвор за обезбедување материјална поддршка за Хезболах.[403]

Во периодот помеѓу 11.09.2001 година и крајот на 2009 година, во САД биле регистрирани вкупно 46 случаи на регрутирање на радикални џихад терористи. Лицата кои живеат во САД, биле обвинувани под разни основи – од планирање и извршување терористички напади, обезбедување материјална поддршка за странски терористички организации, до обвиненија за приклучување на џихад терористички организации. Голем

---

[400] Roger Hedgecock, Iran Threatens U.S. with Proxy Terrorists on Border, HUMAN EVENTS, 07/09/2010, достапно на http://www.humanevents.com/article.php?id=37975 датум на пристапување 06.04.2012 година

[401] Matthew Levitt, „Iran, Hizballah, and the Threat to the Homeland“, The Washington Institute for Near East Policy, 2012, стр. 11.

[402] Siobhan O’Neil, „Terrorist Precursor Crimes: Issues and Options for Congress“, DIANE Publishing, Darby, 2010, стр. 11.

[403] United States District Court, Jun.20.2005, достапно на http://www.investigativeproject.org/documents/case_docs/155.pdf датум на пристапување 06.04.2012 година

број од регрутираните џихадисти во САД, своето патување го започнуваат преку интернетот, каде што многу лесно наоѓаат истомисленици и поддржувачи на нивното незадоволство, кои го оправдуваат и го насочуваат нивниот гнев кон Американците.[404]

Во текот на 2011 година на американските континенти се регистрирани 880 терористички напади, кои предизвикале 2367 жртви, 1096 повредени и 184 киднапирани лица. Мексико е прва на листата со 452 инциденти или 51% од вкупниот број терористички напади на Американските континенти (табела 10).

**Табела 10: Број на терористички инциденти според држави на американските континенти во 2011 година**

| Држава | напади | убиени | ранети | Киднапирани |
|---|---|---|---|---|
| Мексико | 452 | 1778 | 322 | 61 |
| Колумбија | 340 | 448 | 634 | 123 |
| САД | 24 | 13 | 33 | 0 |
| Гватемала | 15 | 50 | 38 | 0 |
| Перу | 12 | 32 | 34 | 0 |
| Бразил | 12 | 17 | 1 | 0 |
| Хондурас | 7 | 20 | 8 | 0 |
| Чиле | 6 | 0 | 0 | 0 |
| Парагвај | 3 | 4 | 2 | 0 |
| Ел Салвадор | 3 | 1 | 5 | 0 |
| Аргентина | 1 | 2 | 1 | 0 |
| Гуана | 1 | 1 | 17 | 0 |
| Никарагва | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Хаити | 1 | 0 | 1 | 0 |
| Канада | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Белизе | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **880** | **2367** | **1096** | **184** |

*Извор: 2011 Annual terrorism report, Center of Excellence Defence Against Terrorism (COE-DAT),*

Еден од најбруталните напади во 2011 година се изврши во Монтереј, Мексико. Неколку маскирани нарко терористи, вооружени со пушки и контејнери со бензин, упаднале во Ројал касиното, го запалиле и со

[404] RAND report: Threat of homegrown jihadism exaggerated, Zero U.S. civilians killed since 9/11, достапно на http://www.loonwatch.com/2010/05/rand-report-threat-of-jihadist-terrorism-exaggerated/ датум на пристапување 08.04.2012 година

воена прецизност за две минути убиле 52 лица.[405] Овие џихад воини, преку Азија и Венецуела, со нивната офанзивна стратегија на асиметрична војна претставуваат голема закана за безбедноста на државите од американските континенти.

**Европа.** Заканата од исламските џихад групи и ќелиите на Ал КАеда за безбедноста на европските земји е многу висока. Покрај тоа, разновидниот спектар на терористички актери, од организирани терористички групи, па сè до радикални поединци инспирирани од екстремистичката џихад идеологија, дополнително го усложнуваат проблемот. Овие вториве е многу тешко да се идентификуваат бидејќи дејствуваат сами, а нивните активности се непредвидливи и тешко можат да се спречат.[406]

Од декември 1994 година, во земјите од Европската унија се зголеми нивото на извршени терористички напади од страна на милитантните сунитски исламистички активисти (банди, групи, ќелии и мрежи), кои се поврзани и инспирирани од бунтовничките терористички мрежи кои потекнуваат од муслиманскиот свет. Овие милитанти во Европа им припаѓаат на т.н. салафи – џихад муџахедини или свети воини (графикон 2).

**Графикон 2: Терористички инциденти во земјите од ЕУ, 2004 – 2010 година**




*Извор: Petter Nesser, Chronology of Jihadism in Western Europe Update 2008-2010, Norwegian Defence Research Establishment, Kjeller, 2011*

---

[405] Jerry Seper, Mexico offers reward in casino attack, The Washington Times, August 29, 2011, достапно на http://www.washingtontimes.com/news/2011/aug/29/mexico-offers-reward-in-casino-attack/?utm_source=RSS_Feed&utm_medium=RSS датум на пристапување 19.04.2012 година

[406] TE-SAT 2011, EU TERRORISM SITUATION AND TREND REPORT, European Police Office, 2011, стр. 15.

Во периодот од 1994 година до 1998 година, земјите од ЕУ претставуваа арена за локалните џихад групи. Вооружената исламска група (Armed Islamic Group – GIA) организирала и извршила серија терористички напади во Франција (и некои помали инциденти во Белгија) во кои загинале 10 лица, а биле повредени над 200.[407] Францускатa влада извршила силен притисок врз терористичката организација и таа се дислоцирала и формирала ќелија во Лондон.[408] GIA првично финансиски била поддржана од Ал Каеда.[409]

Од 1998 година до 2003 година глобалната џихад мрежа предводена од лидерите на Ал Каеда, ја искористи Европа за формирање ќелии,[410] подготовка, обука и извршување масивни напади против интересите на САД, на Израел и на Франција. Биле извршени серија напади од страна на терористички групи директно поврзани со Ал Каеда.[411]

Во периодот од 2004 година до 2007 година, Европа стана цел на глобалните џихад милитантни групи, кои беа изреволтирани од учеството и придонесот на Европа во американската „војна против тероризмот". Многу од овие милитанти биле регрутирани од џихад подземјето во Европа, а главно биле мотивирани од европското учество во инвазијата врз Ирак. Како позначајни се издвојуваат следните терористички напади:

*Во ноември 2003* година првиот голем удар по нападите од 11 Септември се случува во турскиот град Истанбул. Четири камиони бомби експлодирале на 15-ти и на 20-ти ноември, пред синагогите и британскиот конзулат во Истанбул. Билансот на жртвите е 57 мртви и 700 повредени.

---

[407] Security Council Committee pursuant to resolutions 1267 (1999) and 1989 (2011) concerning Al-Qaida and associated individuals and entities, QE.A.6.01. ARMED ISLAMIC GROUP, достапно на http://www.un.org/sc/committees/1267/NSQE00601E.shtml датум на пристапување 10.04.2012 година

[408] Magnus Ranstorp, „Understanding Violent Radicalisation: Terrorist and Jihadist Movements in Europe",Taylor & Francis, New York, 2010, стр. 89.

[409] Ronan Gunaratna, „Terror Unlimited", India's National Magazine Volume 18 - Issue 20, Sep. 29 - Oct. 12, 2001, достапно на http://www.frontlineonnet.com/fl1820/18200280.htm датум на пристапување 10.04.2012 година

[410] Rik Coolsaet, „Jihadi Terrorism and the Radicalisation Challenge: European and American Experiences", Ashgate Publishing, Burlington, 2011, стр. 163.

[411] Petter Nesser, Chronology of *Jihadism* in Western Europe 1994–2007: Planned, Prepared, and Executed Terrorist Attacks, Norwegian Defence Research Establishment, Kjeller, 2008, стр. 929.

Некои од обвинетите лица претходно оствариле контакти со Осама бин Ладен, барајќи благослов и помош од Ал Каеда.

*Ha 11 март 2004* година, бомбашки напади беа извршени за време на утрински транспорт на патници во Мадрид, Шпанија. Загинале 191, а повредени биле 1800 лица. Извршителите тврделе дека биле инспирирани од делата на Ал Каеда.

*Ha 7 јули 2005* година во Велика Британија, четири бомбаши – самоубијци, три од нив родени во Западен Јоркшир, извршиле напад со катастрофални размери во подземните возови и во двокатните автобуси во Лондон. Загинале 56, а ранети биле 700 луѓе. Две недели подоцна, направени се обиди за повторен напад врз јавниот превоз во Лондон, но за среќа неуспешно и без жртви.

*Во август 2006 година* тројца мажи се осудени на доживотен затвор, со обвинение за терористички заговор, подготвување бомбашки напади врз десет трансатлантски авиони кои превезувале патници за Северна Америка. Напаѓачите се директно поврзани со Ал Каеда.[412]

Сепаратистичките бунтовници го докажаа своето огромно влијание и во: Чеченија, Грузија, Азербејџан и во другите делови на северен Кавказ. Кај овие бунтовнички движења првично преовладувал националистичкиот во однос на исламистичкиот џихад предзнак. Но со инфилтрирање на елементите на Ал Каеда, по војните во Чеченија од 1994 година до 1996 година, овој регион стана рај за исламистичките џихад движења и отскочна штица за извршување терористички напади во европска Русија. Со потпишување на Дејтонскиот договор, присуството на муџахедините во Босна беше политички неиздржливо. Неколку стотици „Авганистанци“ кон крајот на 1995 година преминале во Чеченија.

Во 1995 година, Абу Валид пристигнал во Чеченија, како дел од Ал Танзим ал Хаз асоцијата на Муслиманското братство, кое многу брзо почнало да го шири своето исламистичко влијание низ Кавказ. Тој по потекло е од Саудиска Арабија, а во 1987 година бил обучуван во Авганистан под покровителство на Осама бин Ладен. Во 1993 година се

---

412 Paul Carsten, Al-Qaeda attacks in Europe since September 11, Telegraph Media Group, 21 Mar 2012, достапно на http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/al-qaeda/9157929/Al-Qaeda-attacks-in-Europe-since-September-11.html датум на пристапување 11.04.2012 година

упатил во Босна каде што му се приклучил на Седмиот босански баталјон.[413] Според изјавите на Руското министерство за надворешни работи, тој бил еден од петте високи чеченски команданти кои биле директно финансирани од Осама бин Ладен.[414] Како позначајни терористички напади може да се наведат:

- 9 мај 2002 година. Во Касписк, за време на руската воена парада е активирана бомба од страна на чеченските терористи, убиени се 45 лица, а повредени повеќе од 170.
- 26 октомври 2002 година. Чеченските терористи во театарот во Москва, убија 129 лица, а 150 беа повредени.
- 27 декември 2002 година. Тројца бомбаши самоубијци со возила извршиле напад пред штабот во Грозни, билансот 80 мртви, 127 ранети.
- 12 мај 2003 година. Најмалку 60 лица се убиени вклучувајќи седум деца, а повеќе од 100 ранети, во самоубиствен бомбашки напад изведен од тројца муџахедини во Знаменској.
- 21 јуни 2004 година. Во Назран, џихад борците дивееле низ градот и убиле 57, а раниле 60.
- 21 август 2004 година. Во неколку терористички напади од страна на муслимански сепаратисти во Грозни, 66 лица се убиени, а 11 се ранети.
- 3 септември 2004 година. Во училиште во Беслан, Северна Осетија, исламските милитанти направија масакр врз децата, пукајќи и активирајќи бомби убија 344 лица, а ранија 600.[415]

Во текот на 2010 година 179 лица се уапсени под обвиненија за поврзаност со исламистички тероризам, што претставува зголемување за 50% во однос на 2009 година. 47% од овие апсења се поврзани со подготовка на терористички напади во ЕУ, во споредба со 10% од апсењата

---

[413] Chechnya: Amir Abu al-Walid and the Islamic component of the Chechen war, Central Asia-Caucasus Analyst, 26 Feb 2003, достапно на http://www.religioscope.info/article_88.shtml датум на пристапување 18.04.2012 година

[414] On bin Laden's Financing of Khattab's Terrorist Activities in Chechnya, Minister of Foreign Affairs of Russia, 2001-09-25, достапно на http://www.ln.mid.ru/bl.nsf/0/37ac9b3601f5e4cb43256ad90033ae87?OpenDocument датум на пристапување 18.04.2012 година

[415] Islamic Terrorist Attacks in Russia, достапно на http://www.freedominamerica.net/Islam/Odds/Russia.pdf датум на пристапување 18.04.2012 година

во 2009 година. Најголем број од заканите кои се објавуваат низ медиумите до европските држави се од исламските терористички организации.[416]

Во текот на 2011 година на европскиот континент се регистрирани 810 терористички напади, кои предизвикале 511 жртви, 1.209 повредени и 68 киднапирања. Русија е прва на листата со 330 терористички инциденти и најголем број на жртви во текот на 2011 година (табела 11).

**Табела 11: Број на терористички инциденти според држави на европскиот континент**

| Држава | Напади | Убиени | Ранети | Киднапирани |
|---|---|---|---|---|
| Русија | 330 | 247 | 535 | 3 |
| Турција | 281 | 159 | 371 | 65 |
| Велика Британија | 108 | 3 | 45 | 0 |
| Германија | 11 | 2 | 19 | 0 |
| Грција | 11 | 2 | 7 | 0 |
| Франција | 11 | 0 | 1 | 0 |
| Украина | 7 | 2 | 5 | 0 |
| Полска | 5 | 5 | 0 | 0 |
| Италија | 5 | 0 | 2 | 0 |
| Швајцарија | 5 | 0 | 2 | 0 |
| Шпанија | 5 | 0 | 0 | 0 |
| Грузија | 4 | 0 | 0 | 0 |
| Норвешка | 3 | 76 | 24 | 0 |
| Косово | 3 | 1 | 5 | 0 |
| Холандија | 3 | 0 | 0 | 0 |
| Белгија | 3 | 0 | 0 | 0 |
| Бугарија | 3 | 0 | 0 | 0 |
| Белорусија | 2 | 12 | 192 | 0 |
| Чешка | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Данска | 2 | 1 | 1 | 0 |
| Молдавија | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Босна и Херцеговина | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Хрватска | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Финска | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Латвија | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Шведска | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **810** | **511** | **1209** | **68** |

*Извор: 2011 Annual terrorism report, Center of Excellence Defence Against Terrorism (COE-DAT)*

Земјите од Европа често се споменуваат во терористичките публикации, како потенцијални цели од различни причини. Меѓу другото,

[416] TE-SAT 2011, EU TERRORISM SITUATION AND TREND REPORT, European Police Office, 2011, стр. 6.

потенцирани се богохулењето на пророкот Мухамед, европската поддршка за „окупацијата“ на Палестина, американската „инвазија“ врз Авганистан и Ирак. Ова се оправдувања преку кои терористичките групи бараат легитимитет за своите активности. Враќањето на џихадистите од конфликтните зони во Европа претставува закана за ЕУ. Тие се враќаат со стекнати терористички вештини, воспоставени контакти и потенцијални намери за примена на стекнатите вештини во европските земји. Терористичките групи стануваат мултинационални, командувањето и контролата однадвор се намалува, а сè повеќе самостојни домашни терористи со европско државјанство ги извршуваат терористичките напади.

**Австралија.** Ал Каеда и нејзините сојузници претставуваат сериозна закана за австралиската безбедност. Во периодот пред нападите од 11 Септември, Австралија исто како и Европа и САД претставувала терористичка цел. И денес поради внатрешните и надворешните интереси на Австралија, таа претставува голем интерес за глобалните џихад групи. Лидерите на Ал Каеда јавно и често ѝ упатуваат закани на Австралија, што укажува на нивните крајни намери. Пред 11 Септември, непријатели на Осама бин Ладен беа САД и нивните сојузници кои тој ги посочуваше со нивните имиња – Израел и Велика Британија. По нападите од 11 Септември, тој ги идентификува и другите сојузници на САД, меѓу кои е и Австралија. Во ноември 2001 година, Бин Ладен изјавил:

*„Австралиските крстоносни воени сили дојдоа на брегот на Индонезија.....тие се тука за да го отсечат Источен Тимор, кој е дел од исламскиот свет. Во борбата помеѓу крстоносците и исламот, ние ќе продолжиме со нашиот џихад, против сите оние како Австралија, Германија и Јапонија, кои им даваат поддршка на неверниците и на крстоносците.“*[417]

Ќелиите на Ал Каеда ги остваруваат своите цели кои се насочени против интересите на Австралија, преку извршување бомбашки напади во Индонезија. Еден од организаторите на бомбашките напади на Бали, Мохамед Исан, на судењето кое се одржало во март 2012 година, изјавил

[417] Transnational Terrorism: The Threat to Australia, Australian Government Department of Foreign Affairs and Trade, 2004, достапно на http://www.dfat.gov.au/publications/terrorism/chapter6.html датум на пристапување 16.04.2012 година

дека Осама бин Ладен ги финансирал терористите на Бали со 30000 долари.[418] На 12 октомври 2002 година, во туристичката област Кута на индонезискиот остров Бали, извршен е самоубиствен бомбашки напад, во кој загинале 202 лица, од кои 88 Австралијци. Во исто време бил нападнат и американскиот конзулат.[419] Овие напади биле поздравени од Осама бин Ладен.[420] Во 2005 година, исто така, на Бали, во серија од три самоубиствени бомбашки напади загинале 20 лица (од кои четири Австралијци), а повредени биле повеќе од 100 (околу 40 Австралијци).[421] И во двата случаи одговорноста ја преземала џихад групата Џемах Исламија, огранок на Ал Каеда.[422]

Од 1980 година до 2004 година, терористичката Џемах Исламија, во Австралија дејствувала преку Абдул Рахим Ајуб (австралиски државјанин со индонезиско потекло) и неговиот брат Абдул Рахман.[423] Тие двајца, организирале обука за членовите на терористичката Џемах Исламија, а еден од осомничените Џек Рош (обвинет за организирање терористички напад врз израелските претставништва во Сиднеј и во Камбера) на австралиската безбедносно - разузнавачка служба ѝ отстапил информации дека нивната терористичка група во неколку наврати вршела обука на имот во областа Муалуп, 150 километри јужно од градот Перт.[424]

Во Сиднеј во книжарниците на исламското младинско движење се продаваат печатени публикации од радикалниот ислам кои очигледно се мошне интересни за исламската заедница, а се дел од терористичката пропаганда. Тие една деценија го издаваат Кутбизмот (Qutbism), идеологија

---

[418] Osama bin Laden pays 30,000 USD for Bali bombing, Vanguard Media, March 26, 2012, достапно на http://www.vanguardngr.com/2012/03/osama-bin-laden-pays-30000-usd-for-bali-bombing/ датум на пристапување 16.04.2012 година

[419] Timeline: Bali bombings, ABC News, June 03, 2003, достапно на http://www.abc.net.au/news/2003-06-03/timeline-bali-bombings/1863904 датум на пристапување 16.04.2012 година

[420] Tony Parkinson, 'Bin Laden' voices new threat to Australia, The Age Company Ltd, November 14, 2002, достапно на http://www.theage.com.au/articles/2002/11/13/1037080786315.html датум на пристапување 16.04.2012 година

[421] Bali bombing victims, The Sydney Morning Herald, October 4, 2005, достапно на http://www.smh.com.au/news/world/aussie-casualties/2005/10/04/1128191713372.html датум на пристапување 16.04.2012 година

[422] Bali terrorist blasts kill at least 26, Cable News Network, October 02, 2005, достапно на http://articles.cnn.com/2005-10-01/world/bali.blasts_1_sanglah-hospital-blasts-qaeda?_s=PM:WORLD датум на пристапување 16.04.2012 година

[423] Abdul Rahman and Rahim Ayub, 15/12/2007, Global Jihad .net, достапно на http://www.globaljihad.net/view_page.asp?id=623 датум на пристапување 15.04.2012 година

[424] Tony Barrass, JI training camps held in Blue Mountains, ASIO told, The Sydney Morning Herald, November 30, 2002, достапно на http://www.smh.com.au/articles/2002/11/29/1038386313983.html датум на пристапување 15.04.2012 година

на исламски фашизам кој го проповеда Ал Каеда на интернет и Повикот на исламот (Nida'ul Islam). Се издаваат на арапски и на англиски јазик, во нив има интервјуа со Осама бин Ладен, бунтовнички и терористички акции низ битки низ Блискиот Исток. Во нив немуслиманските општества се опишани како валкани, корумпирани и одвратни.[425]

Во 2000 година полицијата од Нов Зеланд, уапсила неколку инфилтрирани џихадисти од Блискиот Исток. По спроведувањето на истрагата, било откриено дека тие биле во извидувачка мисија, која подоцна требало да овозможи нуклеарен инцидент во Сиднеј за време на олимписките игри во 2000 година. Нуклеарната централа во Сиднеј била цел на исламските терористи и во периодот на 2004 – 2005 година. Седумнаесет члена терористичка мрежа, раководена од муслиманскиот свештеник Абдул Насер, која оперирала и организирала самоубиствени напади низ Австралија, на 08.11.2005 година е откриена и нејзините членови се уапсени. Во 2007 година во едно предградие на Сиднеј е уапсен Таха Абдул Рахман. Тој бил осомничен дека поседува пет ракетни лансери, украдени од австралиската војска во 2006 година, со цел да изврши терористички катастрофален напад врз нуклеарниот реактор во Сиднеј.[426]

Во септември 2008 година, пет члена терористичка група на чело со муслиманскиот свештеник Абдул Насер Бенбрика, била осудени за планирање на терористички напади. Во текот на судењето биле објавени докази за планирани бомбашки напади во 2005 година за време на австралиското фудбалско Гранд финале, во 2006 година австралиското Гранд при и казиното Круна.[427] На 4 август 2009 година, четворица мажи во Мелбурн се обвинети за планирање терористички напад врз касарната Холсворти. Нивниот план бил да влезат во касарната и со автоматско оружје

---

[425] Trevor Stanley, Al-Qaeda in Australia, Terrorism Monitor Volume: 3 Issue: 19, October 7, 2005, достапно на http://www.jamestown.org/programs/gta/single/?tx_ttnews%5Btt_news%5D=579&tx_ttnews%5BbackPid%5D=180&no_cache=1 датум на пристапување 15.04.2012 година

[426] LUCAS HEIGHT PLOT, Global Jihad .net, 14/11/2007, достапно на http://www.globaljihad.net/view_page.asp?id=543 датум на пристапување 15.04.2012 година

[427] Norrie Ross, Five men convicted of terror-related offences won't renounce jihad, Herald Sun, November 18, 2008, достапно на http://www.heraldsun.com.au/news/more-news/terror-five-wont-renounce-jihad/story-e6frf7kx-1111118070436 датум на пристапување 15.04.2012 година

да го убијат армискиот персонал. Терористичката ќелија била дел од сомалиската терористичка група Ал Шабааб.[428]

Едни од позначајните терористички напади на австралискиот континент беше серијата на сајбер напади во текот на февруари 2011 година. Овие напади се случиле врз мрежата на австралискиот парламент. Детали за овие напади биле објавени од страна на официјални лица од американското разузнавање. Тие посочиле дека премиерот, министерот за одбрана и министерот за надворешни работи се цел на сајбер шпионажа и кражба на доверливи информации поврзани со информации за главните државни проекти и трговски тајни.[429]

Од 2000 година до 2011 година, австралиските разузнавачките служби спречиле четири терористички напади. Тие резултирале со 38 обвиненија и 22 пресуди за лица кои се поврзани со тероризам.[430]

**Азија.** Државите од Блискиот Исток како Турција, Израел/Палестина, Египет, Иран и областа Левант (се протега помеѓу Египет и Анатолија) го претставуваат делот од светот каде што терористичките џихад организации се најактивни. Во тек се исламистички бунтови во: Ирак, Јордан, Египет, Саудиска Арабија, Јемен, Турција, Либан и Израл/Палестина. Терористичките активности, вклучувајќи бомбашки напади, самоубиствени напади, киднапирања, обезглавувања и упади во домовите се секојдневни појави. Ал Каеда има свои ограноци во: Ирак, Саудиска Арабија, Египет, Курдистан. Иран, Јемен, Јордан и Израел/Палестина. Терористите кои ги извршиле нападите од 11 Септември, поминале низ Иран и најверојатно добиле помош од нивните ќелии во таа земја.[431] Во овој регион, голем дел од терористичките и од бунтовничките активности не се спонзорирани, планирани и контролирани од страна на Ал

---

[428] Janet Fife -Yeomans and Carly Crawford, "Terror suspects 'sought holy approval'", NEWS.COM.AU., 5 August 2009, достапно на http://www.news.com.au/national/terror-suspects-sought-holy-approval/story-e6frfkvr-1225757656360 датум на пристапување 15.04.2012 година

[429] Simon Benson, Hackers log in to federal MPs' emails,The Daily Telegraph, March 29, 2011, достапно на http://www.dailytelegraph.com.au/news/national/hackers-log-in-to-federal-mps-emails/story-e6freuzr-1226029677394 датум на пристапување 20.04.2012 година

[430] Kevin Rudd, War on terror brings out our best, The Hon Kevin Rudd MP, 12 September 2011, достапно на http://www.foreignminister.gov.au/articles/2011/kr_ar_110912.html датум на пристапување 16.04.2012 година

[431] Adam Zagorin and Joe Klein Friday, 9/11 Commission Finds Ties Between al-Qaeda and Iran, TIME.com, July 16, 2004, достапно на http://www.time.com/time/nation/article/0,8599,664967,00.html датум на пристапување 17.04.2012 година

Каеда. Тука постојат посебни, мрежно поврзани шиитски терористичко - бунтовнички групи како либанскиот Хезболах и Хамас кои имаат амбиции за глобални достигнувања.[432] Секојдневно гледаме сè повеќе докази дека Хезболах и Ал Каеда соработуваат во споделувањето оперативни информации и во собирањето финансиски средства и регрутација на нови џихад бунтовници.[433]

Како постари и традиционални терористички групи на Блискиот Исток се вбројуваат: Организацијата Абу Нидал (ANO), Народниот фронт за ослободување на Палестина (PFLP), Главната команда на Народниот фронт за ослободување на Палестина (PFLP-GC), Палестинскиот ослободителен фронт (PLF) и Демократскиот фронт за ослободување на Палестина (DFLP). Спротивно на нив, понови и со послаби хиерархиски врски, но најактивни терористички организации во и околу Блискиот Исток се терористичките групи како Хамас, палестинската Исламски џихад (PIJ), Хезболах, Алжирската вооружена исламска група (GIA), Египетската исламистичка група (IG) и Авганистанците на Осама бин Ладен и Ал Каеда.[434]

**Карта2: Карта на терористички инциденти на Блискиот Исток 2007-2010 година**




***Извор: Andrew C. Gagel, Patterns in Terrorism in North Africa, the Middle East, Central Asia and South Asia: 2007-2010, Washington DC, 2011***

---

[432] Levitt, M., „Smeared in Blood, Hezbollah Fingerprints All Over Globe“, The Australian, 9 June 2003.
[433] Eben Kaplan, The Al-Qaeda-Hezbollah Relationship, Council on Foreign Relations, August 14, 2006, достапно на http://www.cfr.org/terrorist-organizations/al-qaeda-hezbollah-relationship/p11275 датум на пристапување 17.04.2012 година
[434] Michele Zanini, Middle Eastern Terrorism and Netwar, RAND, Santa Monica, 1999, стр. 248.

Во регионот на Блискиот Исток во текот на 2011 година се регистрирани 3205 терористички напади, кои предизвикале 4266 жртви, 9613 повредени и 286 киднапирани лица. Ирак е држава на Блискиот Исток со најголем број инциденти и најголем број жртви (табела 12).

**Табела 12: Број на инциденти според држави на Блискиот Исток**

| Држава | Напади | Убиени | Ранети | Киднапирани |
|---|---|---|---|---|
| Ирак | 2694 | 3065 | 8246 | 71 |
| Јемен | 302 | 690 | 796 | 94 |
| Сирија | 97 | 458 | 451 | 34 |
| Израел | 66 | 22 | 86 | 8 |
| Иран | 27 | 27 | 13 | 0 |
| Либан | 8 | 0 | 20 | 7 |
| Оман | 6 | 0 | 0 | 72 |
| Бахреин | 3 | 2 | 0 | 0 |
| Саудиска Арабија | 2 | 2 | 1 | 0 |
| **Вкупно** | **3205** | **4266** | **9613** | **286** |

*Извор: 2011 Annual terrorism report, Center of Excellence Defence Against Terrorism (COE-DAT),*

Еден од позначајните терористички напади на Блискиот Исток во 2011 година извршен од страна на Ал Каеда се случи на 28 март во Јемен. Со бомбашки напад врз фабрика за муниција биле убиени најмалку 121 лице, а 45 биле повредени.[435]

Овие терористички организации се развиваат во насока на водење мрежна војна, потпирајќи се на информатичката технологија за поддршка на нивната инфраструктура. Поновите терористички групи кои се формирани во периодот од 1980 - 1990 година, се мрежно поврзани во однос на постарите традиционално хиерархиски поставени. Терористичките организации на Блискиот Исток докажуваат дека модерните комуникациски технологии, особено интернетот и придружните технички средства, ја олеснуваат еволуцијата на терористичките групи во мултиорганизациски мрежи, кои ги користат за донесување одлуки и исполнување на други нивни цели.

Во текот на 2011 година азиските држави како Пакистан, Авганистан, Индија, Тајланд, Малдиви, Непал, Бангладеш, Мјанмар,

435 CNN Wire Staff, Ammo factory blast in Yemen kills at least 121, Cable News Network, March 28, 2011, достапно на http://articles.cnn.com/2011-03-28/world/yemen.unrest_1_yemeni-soldiers-abyan-province-republican-hospital?_s=PM:WORLD датум на пристапување 20.04.2012 година

Индонезија, Кина, Казахстан, Киргистан, Шри Ланка, Јапонија, Јужна Кореја, Тајван, Малезија и Таџикистан беа мета на терористички напади. Во текот на годината биле регистрирани вкупно 6344 напади, со 7728 жртви и 10995 повредени. Бројот на инциденти во Азија изразени во проценти претставува 52% од вкупниот број терористички инциденти во светот за 2011 година. Најголемиот процент на напади, 36%, припаѓаат на Пакистан со 2309 инциденти за 2011 година (табела 13).

**Табела 13: Број на инциденти според држави на Азискиот континент**

| **Држава** | **Напади** | **Убиени** | **Ранети** | **Киднапирани** |
|---|---|---|---|---|
| Пакистан | 2309 | 3413 | 4621 | 201 |
| Авганистан | 2009 | 2977 | 3978 | 246 |
| Индија | 1166 | 650 | 811 | 285 |
| Тајланд | 332 | 292 | 660 | 16 |
| Филипини | 228 | 239 | 390 | 68 |
| Непал | 192 | 43 | 157 | 33 |
| Бангладеш | 33 | 14 | 105 | 0 |
| Мјаианмар | 21 | 30 | 63 | 0 |
| Индонезија | 24 | 35 | 60 | 0 |
| Кина | 8 | 18 | 93 | 0 |
| Казакстан | 7 | 7 | 16 | 0 |
| Киргистан | 4 | 4 | 0 | 0 |
| Шри Ланка | 4 | 2 | 3 | 0 |
| Јапонија | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Северна Кореја | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Тајван | 1 | 4 | 38 | 0 |
| Малезија | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Таџикистан | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **6344** | **7728** | **10995** | **849** |

*Извор: 2011 Annual terrorism report, Center of Excellence Defence Against Terrorism (COE-DAT)*

Најкрвавиот терористички напад во 2011 година се случил на 13 мај во провинцијата Кубер во Пакистан, извршен од страна на талибанските милитанти. Целта им била полицискиот центар за обука, а нападот бил извршен во период кога регрутите го напуштале центарот. Нападот е извршен со двајца бомбаши самоубијци, кои користеле 16 килограми експлозив. Во нападот имало најмалку 80 мртви и преку 100 ранети лица.

Талибанците изјавиле дека нападот е одмазда за смртта на Осама бин Ладен.[436]

Порастот на исламските екстремистички и терористички групи во Централна Азија, директно влијае на стабилноста на Авганистан и на Пакистан. Иако од страна на западните аналитичари постојано слушаме дека Ал Каеда е поразена, многу голем број терористички групи сè уште функционираат во Азија. Во Југоисточна Азија најактивна е Ал Џемах ал – исламија (JI), терористичка група со значително присуство во Индонезија и јужниот дел на Филипините, блиска на Ал Каеда оперативно и идеолошки. Во Индонезија постојат околу десетина радикални групи членки на Советот на муџахедини на Индонезија. Во Бангладеш има околу дваесетина групи, но најактивни се Харкат ул џихад ислам и Џамиат ул муџахедин. Во Пакистан постојат десетина џихад групи кои се блиски со Ал Каеда. Во Централна Азија најактивна е организацијата Исламското движењето на Узбекистан. Во Североисточна Азија познати се групите на Хингјанг во Западна Кина, област која има повеќе заднички работи со Централна Азија отколку со Пекинг. Терористичка група која има блиски врски со Ал Каеда е Источното исламско движење на Туркистан, која, исто така, е присутна во областа помеѓу Авганистан и Пакистан.

**Африка.** Заканите за безбедноста на Африка од терористичките џихад организации се во пораст поради тешкотиите коишто произлегуваат од војната, гладот и сиромаштијата на континентот. Африканските слаби држави се идеално засолниште и поддршка за терористичките џихад движења. Отсуството на ефикасна локална власт, не само што овозможува употреба на африканските територии од страна на надворешните актери, туку исто така, овозможува активности на паравојските што го тероризираат локалното население. Широкораспространетите услови за бунтови и сиромаштија, создаваат плодна почва за чувството на отфрленост, нудејќи регрути за каузата на терористичките групи. Африка е таков вид животна околина во којашто фрустрациите и радикализмот можат да експанзираат поради големиот број слаби и пропаднати држави со порозни граници,

[436] Alex Rodriguez, U.S.-Pakistani relations may suffer after brutal suicide attack, Los Angeles Times, May 13, 2011, достапно на http://articles.latimes.com/2011/may/13/world/la-fg-pakistan-bombing-20110514 датум на пристапување 19.04.2012 година

широко распространета сиромаштија, политичка репресија и во поновата историја ослободителните движења, каде што разликите помеѓу легитимни и нелегитимни форми на политички несогласување е нејасна. Во Африка се регистрирани 6177 жртви од 296 терористички напади, во период помеѓу 1990 години и 2002 година што го прави втор континентот во светот според жртвите, по Азија. По бомбашките напади во Кенија и во Танзанија од 1998 година веќе беа јасни сигналите за опасноста која веќе беше таму.[437]

Според анализите на командантот на американската воена команда во Африка, генерал Картер В. Хем, три насилни екстремистички организации на континентот се обидуваат да формираат сојуз и да извршат координирани напади против Соединетите Држави и западните интереси. Терористичките организации кои оперираат во источна Африка, во пустините на северна Африка и во Нигерија многу експлицитно и јавно ги објавиле своите намерите. Трите милитантни џихад организации Ал Шабаб во Сомалија, Ал Каеда во исламскиот Магреб и регионот Сахел во северна Африка и Боко Харам во северниот дел на Нигерија претставуваат сериозна закана, не само во земјите во кои тие оперираат туку и регионално.[438]

Поради употребата на софистицирани уреди од страна на терористичките групи бомбашките напади, човечките жртви и материјална штета во Нигерија, Кенија и Сомалија е драматично зголемена. Бројот на инциденти од импровизирани експлозивни направи (IED) во Нигерија е зголемен речиси за четири пати во однос на минатата година, додека во Кенија е зголемен за 86%. Во 2011 година во Африка се регистрирани вкупно 877 терористички инциденти, со 2771 убиени и 2787 повредени лица. Бројот на терористичките инциденти во Африка изнесува 7% од вкупниот број инциденти во светот за 2011 година.[439]

---

[437] Overview of terrorism in Africa, AFRICAN COMMITMENTS TO COMBATING ORGANISED CRIME AND TERRORISM, стр. 64. Достапно на http://www.iss.co.za/pubs/Other/ahsi/Goredema_Botha/pt2chap8.pdf датум на пристапување 18.04.2012 година

[438] Thom Shanker, Eric Schmitt, Three Terrorist Groups in Africa Pose Threat to U.S., American Commander Says, The New York Times, September 14, 2011, достапно на http://www.nytimes.com/2011/09/15/world/africa/three-terrorist-groups-in-africa-pose-threat-to-us-general-ham-says.html датум на пристапување 18.04.2012 година

[439] Defence Web, Terror attacks in Africa increased during 2011, 20 March 2012, достапно на http://www.defenceweb.co.za/index.php?option=com_content&view=article&id=24471&catid=74&Itemid=30 датум на пристапување 18.04.2012 година

Еден од позначајните терористички напади во 2011 година, го изврши милитантната исламистичка група Боко Харам на 4 ноември во Нигерија. Тие извршиле безмилосен бомбашки напад врз христијанското население и убиле повеќе од 100 лица. Во текот на 2011 година оваа терористичка организација беше одговорна за нападите во кои загинаа повеќе од 425 лица, вклучувајќи војници, полицајци, политичари, исламски и христијански свештеници и лидери на заедниците.[440]

Во февруари 2012 година, сомалиската терористичка група Ал Шабаб, се приклучи кон терористичката мрежа на Ал Каеда.[441] Веста за новата коалиција се прославувала во јужна и во централна Сомалија – области кои долго време ги контролира Ал Шабаб. По објавување на соопштението, фреквенцијата на терористички напади против сомалиските владини и странски мировни сили драматично се зголемил. Сомалиските исламисти ја сметаат Ал Каеда за претходница на радикалните исламистички движења во светот. Тие се надеваат дека со повлекувањето на САД од Ирак и очекуваното повлекување од Авганистан, Ал Каеда повторно ќе ги поврати своите надлежности во регионот. Овој сојуз би требало на Сомалијците да им овозможи да се ослободат од странските влијанија и од странските сили и да го отворат патот за создавање држава според исламските закони. Иако Ал Каеда доживеа деградација со смртта на Осама бин Ладен, таа преку унијата со Ал Шабаб и другите терористички групи во Африка претставува сериозна закана за Рогот на Африка, Етиопија, Судан, Еритреја и Џибути и за источна Африка, Кенија, Уганда и Танзанија. Ал Каеда веќе го има воспоставено своето оперативно и идеолошко присуство во трите области на континентот – Магреб, Сахел и западна Африка. Поради порозните граници, голем дел од муслиманското население, а особено младата популација претставува плодна почва за создавање идеолошки екстремизам и тероризам. Поради големата сиромаштија, корупцијата и лошото управување, влијанието на Ал Каеда и

[440] Nigeria: Boko Haram Attacks Indefensible, Human Rights Watch, 8 November 2011, достапно на http://www.unhcr.org/refworld/docid/4ebcd62b2.html датум на пристапување 19.04.2012 година
[441] Joe Sterling, Somali terror group joining Al Qaeda, Cable News Network, February 9th, 2012, достапно на http://security.blogs.cnn.com/2012/02/09/somali-terror-group-joining-al-qaeda/ датум на пристапување 19.04.2012 година

нејзината мрежа многу брзо ќе се шири и низ другите делови на Африка во текот на следната деценија.[442]

### 6.3. Врски помеѓу регионите на дејствување

Исламските терористички групи кои се стационирани во овие региони низ светот, се мрежно поврзани меѓусебно преку матрицата на глобалниот џихад. Овие врски вклучуваат заедничка идеологија, заеднички јазик, култура и една заедничка исламска вера. Многу од припадниците на џихад движењата се поврзани историски. Многумина од нив се бореле заедно во времето на советската окупација на Авганистан. Многумина од нив биле учени од вехаби – свештеници во Саудиска Арабија и сè уште одржуваат врски со своите ментори. Постарите генерации на муџахедини се бореле заедно во Косово, во Босна и во Чеченија.[443] Многу од нив заедно оделе на училиште, се бореле заедно во племенските конфликти и заедно биле обучувани во терористичките кампови. Врски на пријателство и воспоставената меѓусебна мрежна идеолошка обврска се протегаат низ сиот свет помеѓу овие џихад групи. Тие имаат изградени семејни врски, бизнис и финансиски врски, а оперативните и планирачките врски се од критично значење од аспект на одржливост на бунтовничкиот систем кој функционира преку врски, ќелии и порозни граници.[444]

Многу членови на глобалниот џихад се поврзани со нивното раѓање или брак. Сојузи меѓу групите се зацементирани со склучување брак, како примерот на бракот на Осама бин Ладен со ќерката на талибанскиот лидер Мула Омар. Синови на џихадисти го следат примерот на своите татковци, а вдовиците често за да ги одмаздат своите сопрузи стануваат бомбаши самоубијци. Оваа појава е особено позната во Чеченија, каде што ваквите жени познати како „црни вдовици", се стекнаа со статус на посебна поткатегорија на џихад терористи.[445]

---

[442] Rohan Gunaratna, Al-Qaeda Grows in Africa, The National Interest, March 23, 2012, достапно на http://nationalinterest.org/commentary/al-qaeda-grows-africa-6679 датум на пристапување 19.04.2012 година

[443] Mahnke,Thomas, Maiolo, Joseph, *Strategic Studies: A Reader*, Routledge, New York, 2008, стр. 327.

[444] Ricks, Thomas, What we saw, but failed to understand, about the Iraqi insurgency in 2003-2005, The Foreign Policy, Washington, DC, January 31, 2012

[445] White, Jonathan, *Terrorism and Homeland Security*, Cengage Learning, Belmont, 2011, стр. 235.

Финансиските врски помеѓу овие региони на оперирање на џихад организациите, се една од клучните компоненти што ги спојува, банкарските „хавала“ мрежи, хуманитарните организации и верските наредби од нивните духовни лидери претставуваа главни канали и мотиватори за одржување на финансиските линкови и трансакции. Повеќето од организациите се базирани на Арапскиот Полуостров. Нафтата на Блискиот Исток во најголем процент ги обезбедува финансиите за бунтовничките и за терористичките активности, што го прави Арапскиот Полуостров центар во мрежата на финансиски врски. Сето ова претставува една сложена мрежа на недржавни групи и поединци. Тие се распространети во географско дисперзирани региони, со преземени финансиски обврски и заедничка посветеност во остварување на нивната идеологија.[446]

Глобалното џихад движење нема централна или висока команда што ги координира нивните терористички активности. Тука нема директни наредби за одредени бунтовнички или терористички акции на одредени групи. Планирањето и извршувањето на нападите делумно се одвива преку систем на спонзорства, поврзани во мрежата на Ал Каеда од каде што се обезбедуваат финансии совети и стручна експертиза за одредени џихад групи. Во меѓувреме, локалните џихад групи собираат разузнавачки информации и ги насочуваат податоците низ регионите на операции на глобалното џихад движење. На пример, планираниот напад на Сингапур од страна на регионалните ќелии на Ал Каеда и Џемах Исламија во 2002 година, беше откриен преку истекување информации од базата на Ал Каеда во Авганистан. Информациите за можни напади врз училишта и јавни установи во САД, беа добиени од заробени компјутери на џихад организации од Јужна Азија. Ова е доказ дека не постои централизирана команда и контролна хиерархија. Локалните групи планираат и спроведуваат операции на свое ниво, но соработуваат во границите на и помеѓу регионите. Истовремено, глобалните актери како Ал Каеда им

[446] O'Connor, T., *TERROR FINANCING AND FINANCIAL COUNTERTERRORISM,* Megalinks in Criminal Justice, 2012, достапно на http://www.drtomoconnor.com/3440/3440lect03asecure.htm датум на пристапување 13.05.2012 година

обезбедуваат морал, тактичка поддршка, финансии и разузнавачки податоци за изведување специфични терористички операции.[447]

Џихад групите меѓусебно си помагаат и си овозможуваат проток на пропаганден материјал и си обезбедуваат поддршка едни на други на локално и на регионално ниво. На пример, веб страницата на англиски јазик *Jihad Unspun*, контролирана од канадски исламисти, обезбедува репортажи, анализи, коментари и проток на информации и прашања од сите региони на кои оперира глобалното џихад движење.[448] Ал Каеда секои две недели издава пропаганден билтен, Савт ал Џихад[449], и го издава женското џихад списание Ал Ханса. Низ сиот свет се пренесуваат касети, видеоленти и дискови на кои се претставени самоубиствени терористички операции, убиства на киднапирани лица и пропагандни изјави на лидери на џихад групи. На пример, познати се видеата за „руският пекол"[450] кои се популарни низ Јужна Азија, Блискиот Исток и Индонезија, а актуелни се и кај одредени милитантни екстремисти во рамките на австралиската муслиманска заедница. На нив се прикажани најбруталните убиства и тортури врз руските заробеници во Чеченија.

Овие слики и видеа на кои се претставува угнетувањето на муслиманите низ светот, се користат за да го разбудат незадоволството и да ги мотивираат муџахедините. Интернетот стана моќен инструмент на џихад групите за споделување пропаганден и идеолошки материјал преку меѓународните граници на сите континенти во светот, што придонесува за создавање на една заедничка колективна свест помеѓу дисперзираните групи во рамките на глобалниот џихад.

Бунтовничко-терористичките групи низ светот имаат заеднички пристап до техниките, доктрините и процедурите за водење на нивната војна, кои постојат во печатена и во електронска форма, на интернет и се на арапски јазик. Тука се вклучени политички и воени прирачници, материјали достапни на видеокасети и на дискови, како и он лајн терористички

---

[447] Mahnke,Thomas, Maiolo, Joseph, *Strategic Studies: A Reader*, Routledge, New York, 2008, стр. 329.
[448] *Jihad Unspun*, достапно на http://www.jihadunspun.com/ датум на пристапување 13.05.2012 година
[449] *Sawt al-Jihad*, достапно на http://online-jihad.com/ датум на пристапување 13.05.2012 година
[450] Hoffman, Bruce, *Inside Terrorism*, Columbia University Press, New York, 2006, стр. 222.

прирачници за обука (Ал Батар).[451] Овој начин на дејствување овозможува заеднички пристап на тактичко и на оперативно ниво на исламистичките групи насекаде низ светот. Тактиките кои ќе се појават на еден континент, преку глобалната мрежа се пренесуваат во вид на публикации и доктрини низ сите региони во кои дејствува глобалниот џихад.

Во рамките на секој регион на дејствување постојат локални движења кои помалку или повеќе, од порано имаат врска со глобалниот џихад. Но, тоа што е ново, денес во средината која нè опкружува, се врските кои ги обезбедува глобализацијата, интернетот, глобалните медиумски и сателитски комуникации како главна причина за појава на нова генерација регионални актери кои го поддржуваат глобалниот џихад. Овие групи се регионални сојузници или ограноци на Ал Каеда кои работат на продлабочување на џихадот на локално ниво. На пример, во Индонезија, партнерот на Ал Каеда, Џемах Исламија, предизвика секташки судири во Сулавеси, со цел регрутација на нови џихадисти, водење антизападна пропаганда и финансирање на џихад целите. Оттука можеме да заклучиме дека Ал Каеда нема директни врски со локалните бунтовнички групи, туку првенствено контактира со регионалните претставници, кои се од клучна важност за џихад движењето на регионално ниво.[452]

Над регионалните организации, се наоѓаат глобалните џихад актери меѓу кои е и Ал Каеда. Меѓутоа Ал Каеда има сојузници, конкуренти и свои клонови на глобално ниво. На пример, Хезболах има глобален дострел, тесно соработува со сунитските движења во светот, спонзорира околу 80% од палестинските терористички групи како Хамас и има силни врски со Иран. Хезболах е една од неколкуте групи коишто можат да ја заменат Ал Каеда со тек на времето, како што се развива глобалниот џихад. Хезболах има слични финансиски, религиозни и културни мрежи и има голема обединувачка моќ на глобално ниво во состав на глобалниот џихад, а често има поголемо влијание и од Ал Каеда. Нејзините ќелии дејствуваат во Европа, во Африка, во Северна и во Јужна Америка. Хезболах се опишува

---

[451] Rabasa, Angel, *Beyond Al-Qaeda: The global jihadist movement*, Rand Corporation, Santa Monica, 2006, стр. 42.

[452] Kingsbur, Damien, *Dirty war smoulders on in wake of disaster*, TSL Education, 21 January 2005, достапно на http://www.timeshighereducation.co.uk/story.asp?storyCode=193642&sectioncode=26 датум ан пристапување 13.05.2012 година

како терористички А тим, во однос на неговата способност, во однос на бројноста на оружјето што го поседува и во однос на внатрешната дисциплина.[453]

Очигледно е дека постои глобално џихад движење кое е составено од усогласени независни мрежи и движења, а не од една единствена организација. Линкот на глобалните актери со локалните движења, се остварува преку регионалните ограноци. Поддршката, спонзорирањето и финансирањето се остваруваат преку посредници, а многу ретко директно. Секој регион има оперативни џихад ќелии кои се дел од мрежата на глобалниот џихад и претставуваат регионални ограноци на Ал Каеда. Доколку Ал Каеда во одреден момент е попречена во некој сегмент од нејзините активности, нејзините клонирани регионални ограноци се подготвени веднаш да ја преземат улогата и да ја остварат предвидената цел.

* * *

Во горенаведеното докажавме дека глобалната мрежа на исламистичкиот џихад постои. Глобалниот џихад е формиран преку сложена мрежа на зависности и покровителства, ориентиран кон соборување на светскиот поредок и негова смена со панисламски калифат. Вака дефиниран, глобалниот џихад претставува бунтовничко движење кое се стреми кон менување на статус кво, преку насилство и субверзија, додека тероризмот е една од неговите клучни тактики и оттука составен дел или подгрупа на бунтовништвото. Но додека традиционалните бунтови се стремеле да ги соборат владините или социјалните структури во една држава или регион, ова бунтовништво се стреми кон тоа да го трансформира целокупниот исламски свет и да го редефинира (одново да го создаде) неговиот однос со остатокот од светот. Инструментите на глобализацијата интернетот, глобализираните комуникации, меѓународните финансии, слободата на движење – дозволуваат тактиките, разузнавањето, персоналот и финансиите да се разменуваат меѓу групите на *џихадот.*

---

[453] Kendall, Jennifer, *Understand the Threat: Hamas, Hezbollah & Al-Qaeda*, HUMAN EVENTS, 08/31/2010, достапно на http://www.humanevents.com/article.php?id=38751 датум на пристапување 14.05.2012 година

На истиот начин, глобалното бунтовништво ги користи настаните од еден регион за пропаганда во друг. Нивниот стремеж е да го распространат царството на исламот (*Dar al Islam*) врз целокупното човечко општество. Оваа исламистичка стратегија има за цел да предизвика судир меѓу исламот и западот, да генерира исламистички фронт и на тој начин да мобилизира муслимани, кои исламистите ги гледаат како угнетувани жртви. Оттука, џихадот претставува глобално востание/бунт. Ал Каеда и сличните групи постојано секојдневно се регенерираат од локалните бунтовнички движења низ светот, ги интегрираат во пошироки идеологии и ги врзуваат различните/неспоиви конфликти преку глобализираните комуникации, финансии и технологија. Оттука главна одлика на исламистите не е нивната примена на тероризмот, тактика што ја делат со десетици движења низ светот, туку станува збор за тоа што тие претставуваат глобално бунтовништво против светскиот поредок, кое како и сите други бунтовнички движења го користи тероризмот, заедно со другите тактики што се движат од субверзија и пропаганда до отворена вооружена борба.

### 6.4. Четврта генерација војни vs четврта генерација асиметрични непријатели

На 7 октомври 2001 година САД му објавија војна на тероризмот и го етикетираа како универзален непријател против целиот цивилизиран свет. Главна цел на американската воена интервенција беше уништување на Ал Каеда и нејзините бази во Авганистан, заштитени од талибанскиот режим. Оттогаш па до денес, воената кампања на САД претрпе промена на стратегијата во неколку наврати, од противтерористички пристап фокусиран на непријателот до противбунтовнички пристап фокусиран на населението.[454] Разликата помеѓу терористичките групи и бунтовниците лежи во нивните различни цели. Додека првите го користат насилството за да привлечат внимание, другите имаат цел да го соборат политичкиот

[454] Во противтерористичкиот пристап, терористите се главната цел на воените операции. Разузнавањето има многу важна улога, бидејќи тоа е движечка сила за успешно реализирање на овие операции. Тие можат да бидат проактивни (главно репресивни, преемптивни и одмазднички) или тајни. Во противбунтовничкиот пристап, целта е населението и бунтовниците. Задача е да се добие популарна поддршка со цел да се изолираат и да се поразат бунтовниците. Овој пристап се реализира во три фази: локација, изолација и искоренување.

поредок на одредена територија, користејќи комбинација на субверзија, герилска војна и пропаганда.

Сепак и по единаесет години конфронтација и десет години од падот на режимот на Талибанците, Ал Каеда е далеку од тоа да биде поразена. Талибанците сè уште имаат големо влијание, тероризмот е секојдневна закана, а Авганистан не е ниту стабилен, ниту безбеден. Во текот на овие години американската воена стратегија се обидуваше да се приспособи на заканата со постојано променливо сценарио. Интервенцијата на САД во Авганистан има постигнато одреден успех, но не успеа да ги разбере проблемите генерирани од самата интервенција и да се спротивстави на заканата со правилна стратегија. Четвртата генерација војни (4ГВ) VS четвртата генерација терористи (случајот Авганистан), не ги исполни очекуваните резултати во сузбивање на заканите за стабилноста на државите од недржавни актери и оd невладини организации.

Лидерите на Ал Каеда имале неколку претпоставки за реакциите предизвикани со нападите од 11 Септември. Тие претпоставувале дека администрацијата на Буш, како и некои негови претходници, ќе спроведува долги истраги и ќе бидат бавни во преземање воена акција против Ал Каеда и Авганистан. Во минатото САД не успеаја да преземат значајни мерки за да се одмаздат на терористичките напади врз касарната во Либан во 1983 година, Светскиот трговски центар во 1993 година, кулите Кхобар во Саудиска Арабија (1996 година) и нападот на УСС Кол од 2000 година. Тие не претпоставувале дека во овој случај САД без одложување ќе употребат крстосувачки проектили. Тие верувале дека постои можност САД да го нападнат Авганистан, но дека ќе бидат поразени како и СССР во периодот од 1979-1989 година. Исто така, како дел од стратегијата на челниците на Ал Каеда, вклучувајќи го и Осама бин Ладен, била претпоставката дека вовлекувањето на САД во војна на Блискиот Исток и во Централна Азија ќе претставува ослабување на нивната воена и политичка моќ.[455]

Во секој случај, Ал Каеда не претпоставувала до кое ниво ќе го зголеми бесот на САД и нивните сојузници со убиството на 3000 невини

---

[455] Bruce Reidel, *The Search for Al Qaeda: Its Leadership, Ideology, and Future* , Brookings Institution, Washington DC, 2010, стр. 121–133.

луѓе од 90 земји во светот. Вашингтон побарал од талибанската влада да го предаде лидерот на Ал Каеда, Осама Бин Ладен. Меѓутоа лидерот на Талибанците, Мулах Омар, исто како и во 1998 година и овојпат ги одбил нивните барања, иако во земјата имало околу 12000 муџахедински борци на Ал Каеда.[456] Како одговор, Конгресот на САД преку Здружената резолуција го овласти претседателот Џорџ Буш „да ја употреби сета неопходна и соодветна сила, против народите, организациите или лицата кои ги прикривале, ги помагале, ги планирале, ги овластиле и ги извршиле терористичките напади на 11 Септември, со цел да се спречат какви било меѓународни терористички акти во иднина.“ [457]

На седми октомври 2001 година САД ги започна воздушните напади врз Авганистан. Кон крајот на месецот паравоените тимови на ЦИА и тимовите за специјални операции на американската војска, биле уфлени на терен и почнале да соработуваат со Северната Алијанса и со пријателските паштунски племиња на југ. Во тоа време Пакистан ги поддржуваше муџахединските групи и Талибанците. Но, по нападите од 11 Септември, на пакистанските власти им се понуди алтернативна можност да ги поддржат САД или да бидат во војна против нив. Пакистан без проблем им овозможи на САД логистичка поддршка и објекти потребни за водење на војната против Авганистан. Во текот на осумдесеттите години, преку пакистанските шверцерските канали, САД во соработка со Разузнавачката служба на Пакистан, обезбедуваше оружје за најекстремните фундаменталистички муџахедински групи во Авганистан. По советското повлекување во 1989 година американската помош престанала, но пакистанската разузнавачка служба продолжила да ги поддржува екстремните религиозни фракции и Талибанците во Авганистан. По 11 Септември, американската и пакистанската разузнавачка служба склучија сојуз. Овојпат нивна цел беше рушење на режимот во Кабул, претходно инсталиран од пакистанската

[456] Gina Lennox, „Forged by war: Australians in combat and back home“, Melbourne Univ. Publishing, Victoria, 2005, стр. 18.
[457] Richard F. Grimmett, Authorization For Use Of Military Force in Response to the 9/11 Attacks (P.L. 107-40), Legislative History, CRS report for Congress, 2007, стр. 4.

разузнавачка служба. Од страна на агенти на ЦИА постоеше сомневање во искрените намери за соработка на пакистанската разузнавачка служба.[458]

Операцијата „Трајна слобода“ во периодот на своето времетраење имала две фази. Првата фаза се одвивала од октомври 2001 година, до март 2002 година. Во оваа фаза се водела конвенционална војна, додека во текот на втората фаза се развило бунтовништвото и герилското војување. Овој нов вид на закана против САД, побара ревидирање на тактиките и на стратегиите за постигнување на клучните цели.

Во првата фаза и покрај забелешките од страна на администрацијата на Џорџ Буш за „трансформација на војната“ и водење долга асиметрична војна од 4 ГВ, копнените сили на Авганистанскиот обединет фронт (племињата Таџик, Хазара, Узбек и антиталибанските Паштуни), специјалните единици на САД и на Британија, со масивна поддршка од американското воздухопловство, водеа класична конвенционална војна. Во оваа фаза, ефикасната и сеопфатна противтерористичка стратегија за борба против Ал Каеда и талибанскиот режим, била изградена со комбинација на воена акција, спроведување на законот, замрзнување на финансиските средства и обновување на договорите за меѓународна соработка.[459] Употребата на тактички авиони, вооружени со најновата генерација на оружје, на САД им овозможи конзистентна и непосредна предност на борбеното поле.[460] Отпорот бил скршен многу брзо, а Талибанците и членовите на Ал Каеда побегнале во источните планински региони на Авганистан. Операцијата „Анаконда“, реализирана во март 2002 година е битка која била проследена со тактички проблеми и проблеми во командувањето, но, сепак на крајот, успева да ги разбие тврдокорните Талибанци и муџахедините на Ал Каеда од долината Шари Кот.[461] Генерално, конвенционалните операции кои биле реализирани од страна на САД, биле успешни, но не и пресудни. САД ниту го уништиле својот

---

458 James Dobbins, After the Taliban: Nation-Building in Afghanistan, Potomac Books, Washington, 2008, стр. 47.

459 Elena Pavlova, „Terrorism after September 11“, Marshall Cavendish International, Singapore, 2004, стр. 50.

460 Norman Friedman, Terrorism, Afghanistan, and America's new way of war, Naval Institute Press, Annnapolis, 2003, стр. 156.

461 Benjamin S. Lambeth, „Air power against terror: America's conduct of Operation Enduring Freedom“,Rand Corporation, Santa Monica, 2005, стр. 218.

непријател, ниту пак неговата волја за давање отпор. Талибанските бунтовници на теренот биле поразени, режимот соборен, а Осама бин Ладен и Мулах Омар со голем дел од раководството на Ал Каеда (околу 1000 муџахедини) избегале во безбедни засолништа во Пакистан и во другите соседни земји. За Ал Каеда и другите радикални групи, САД и нејзините сојузници станаа окупатори на исламските земји.[462]

Со помош на меѓународната заедница, во Бон, Германија, ОН одржаа конференција за воспоставување на процесот за формирање нова влада, на која присуствувале САД, нивните сојузници и припадници од Авганистанската северна алијанса. На конференцијата не биле поканети ниту најумерените талибански претставници, што во ретроспектива може да претставува грешка. Меѓутоа, никој не бил расположен да седне на иста маса со припадници на Ал Каеда.[463] Како резултат на конференцијата, авганистанските лидери формираа привремена влада, без учество на Талибанците. Хамид Карзаи, припадник на паштунското племе, бил назначен за претседател. Моќните Таџикистанци, кои доминирале во Северната Алијанса ги презеле министерствата за одбрана (Мохамад Фахин Кан), за внатрешни работи (Јунус Канони) и за надворешни работи (Абдулах Абдулах).[464] Советот за безбедност на ОН, го признал легитимитетот на оваа влада, а според договорот во Бон,[465] ги формирал Меѓународните безбедносни сили за помош на Авганистан (ИСАФ – ISAF).[466]

Во првата половина на 2002 година, со помош на САД, Владата на Авганистан ја формираше Авганистанската национална армија (АНА) со бројност од 70000 војници. Меѓународните мировни сили на ИСАФ, на почетокот се состоеле од околу 4000 војници. Тие го обезбедувале регионот на главниот град Кабул, на околу 300 квадратни километри. Администрацијата на претседателот Буш немала претензии за градење на

---

[462] Anne Stenersen , The Taliban insurgency in Afghanistan – organization, leadership and worldview, Norwegian Defence Research Establishment, стр. 16.
[463] Neyire Akpinarli, „The fragility of the 'failed state' paradigm“, BRILL, Leiden, 2009, стр. 65-66.
[464] Andrew Forbes„ Emerging Patterns of Power in Post-Taliban Afghanistan“, Intropica Co., Ltd. , CPA, 2001, достапно на http://www.cpamedia.com/politics/emerging_power_patterns_taliban/ датум на пристапување 09.03.2012 година
[465] United Nations Security CouncilDocument 1154 Annex I – International Security Force, 2001, стр. 9.
[466] United Nations Security CouncilResolution 1386 S-RES-1386(2001) 31 May 2001, стр 2.

нацијата-државата и била присутна со мали сили за борба против тероризмот.[467] Со бројка од околу 8000 американски и сојузнички војници, сместени во воздухопловната база во Баграм, северно од Кабул, тие спроведувале противтерористички операции низ целата земја.

Американскиот начин на војување во Авганистан, во периодот од почетокот на нападите од октомври 2001 година до април 2002 година, можеме да го опишеме во четири фази. Почетната прва фаза на војната била многу кратка, а во неа се употребувале само воздушните сили кои не постигнале значаен успех. Во втората фаза биле воведени силите за специјални операции, кои им помагале на нивните авганистански сојузници од Северната алијанса. Силите за специјални операции на САД, во соработка со единиците на Северната алијанса успеале да ги протераат Талибанците и Ал Каеда од нивните конвенционално запоседнати одбранбени позиции во планинските предели. Во третата фаза била изведена операцијата во планинскиот предел на Тора Бора. Специјалните сили на САД и неподготвените сојузнички авганистански сили не биле во можност истовремено да водат битка против Талибанците и Ал Каеда и да ја блокираат порозната граница кон Пакистан. Четврта фаза е операцијата „Анаконда“ во којашто САД користат конвенционални воени сили, потпомогнати од локалните авганистански лидери, во протерувањето на Ал Каеда од последниот бастион, долината Шах - и - Кот.[468] Меѓутоа, Ал Каеда и Талибанците повторно биле во можност да избегаат преку границата во Пакистан. Доколку реално го согледуваме овој дел од војната, очигледно е дека борците на Ал Каеда во првите две фази не применуваат елементи од 4ГВ. Тие биле утврдени во конвенционални одбранбени позиции. Единствено откако од страна на моќната конвенционална воена сила биле протерани во планинските предели, можеле да се борат на начин на кој биле најефикасни – од пештери, каде што распоредени во мали групи војувале против конвенционалните сили на САД. (табела 14)

---

467 Abdul-Qayum Mohmand, „American foreign policy toward Afghanistan: 1919—2001“,ProQuest, The University of Utah, 2007, стр. 164.

468 Spencer C. Tucker, „The Encyclopedia of Middle East Wars: The United States in the Persian Gulf, Afghanistan, and Iraq Conflicts, Volume 1“, ABC-CLIO, Santa Barbara, 2010, стр. 291.

**Табела 14: Фази во противтерористичката војна во Авганистан до март 2002 година**

| Фаза | Карактеристики | Период | Резултати | ГВ |
|---|---|---|---|---|
| I | Воздушни напади од страна на САД врз цели добиени врз основа на TechInt[469] и како одговор на авганистанската барања. | 7-20.10. 2001 год. | Не се ефикасни во дислоцирање на Талибанците и на Ал Каеда. Терористите ја задржале иницијатива. | 2ГВ (нанесување што повеќе загуби и редукција во бројноста и силата на непријателот) |
| II | Специјалните сили на САД и ЦИА собираат разузнавачки информации на теренот и имаат директна воздушна поддршка и адаптивни операции. | 21.10-15.12. 2001 год. | Исклучително ефикасни во протерување на Талибанците и на Ал Каеда во планините. САД и сојузниците ја преземаат иницијатива. Теренот бил брзо расчистен. | 3ГВ (брзина и маневар) |
| III | Ал Каеда се стационира во упориште во планините Тора Бора | 15.12-15.01.2002 год. | Ал Каеда ги заплашила и им се заканила на сојузничките сили кои „заминале дома“ по прогласувањето на победата. Ал Каеда ја презема иницијативата. | 4ГВ (применета од страна на Ал Каеда) |
| IV | Конвенционалните американските сили се обидуваат да ја уништат Ал Каеда во пештерите на Шах-и-Кот (операција „Анаконда“) | 16.01-18.03.2002 год. | Не се многу ефикасни. Слично на Советско-авганистанска војна. Ал Каеда ја презема иницијативата и се извлекува. | 2ГВ применета од САД 4ГВ применета Ал Каеда |

*Извор: Wilcox G., Wilson G. I.,* Military Response to Fourth Generation Warfare in Afghanistan, *5 May 2002*

Во март 2003 година во селата околу градот Кандахар, околу 1000 американски војници во операцијата „Ударот на Валијант“, извршиле рации на осомничени Талибанци и припадници на Ал Каеда.[470] Стратегијата што се применувала од страна на американската војска била комбинација на мрежноцентричен со непријателскоцентричен пристап, кој резултирал само

[469] Разузнавачки податоци и информации добиени од собирање, обработка, анализа и експлоатација на странска опрема и материјали, за спречување на технолошко изненадување, проценка на странските научни и технички способности, како и развивање на контрамерки со цел да се неутрализираат технолошките предности на противникот.

[470] U.S. Troops Raid Afghanistan in Hunt for Al Qaeda, Published March 20, 2003, FoxNews.com, достапно на http://www.foxnews.com/story/0,2933,81615,00.html датум на пристапување 12.03.2012 година

со краткорочни победи.[471] Ваквото мрежноцентрично војување било фокусирано само на напаѓање мал број клучни цели, како што се комуникациските линии и базите за обука на Талибанците, но ова не било доволно за да се обезбеди долготраен успех. Непријателскоцентричниот пристап на војување го одвлекувал вниманието кон непријателот и го игнорирал населението, процесот на градење на институциите, инфраструктурата и локалните заедници. До 2003 година на американската стратегија во Авганистан ѝ недостасуваше популацискоцентрично војување, кое требаше да се движи во насока на искоренување на социјалната поддршка на Ал Каеда и на Талибанците, градење на сигурна и силна влада која ќе ја гарантира безбедноста на населението. И покрај фактот дека во јуни 2002 година беше формирана нова влада во Кабул, мнозинството од населението (Паштуните) се чувствува исклучено од извршната власт. Како последица на тоа, Талибанците ја добија поддршка од Паштуните за повторно да се вратат во Авганистан. По соборување на старата и конституирање на новата власт во Авганистан, администрацијата на претседателот на САД, Џорџ Буш, своето внимание го префрли на Ирак, уверени дека новата Авганистанска национална армија (АНА) ќе ја одигра својата улога во одржување на редот и стабилноста во земјата. Сепак, оваа одлука се покажа како фатална за САД, бидејќи војната во Ирак им го одвлече вниманието и ресурсите, пред целосно да ја развијат и да ја разработат противбунтовничката кампања.[472]

Недостатокот од долгорочното планирање имало значителни последици за повторно враќање на Талибанците. До мај 2003 година, во источните и во јужните региони на Авганистан, станало евидентно дека заживуваат активностите против новата авганистанска влада и коалицијата предводена од САД. На стратегијата на САД ѝ недостасуваше противбунтовнички пристап и сè до 2003 година не беа преземени никакви мерки за да се спречи враќањето на Талибанците и Ал Каеда. Наместо да пристапат кон изградба на нацијата, САД беа фокусирани само на

[471] David S. Alberts, John J. Garstka, Frederick P. Stein, „NETWORK CENTRIC WARFARE“,Library of Congress, Washington, D.C, 2000, стр. 88.
[472] Daniel Marston, Carter Malkasian, „Counterinsurgency in Modern Warfare“, Osprey Publishing, Oxford, 2010, стр. 261.

стекнување тактички победи на теренот, вршејќи упади со употреба на мали единици. На 1 мај 2003 година, тогашниот секретар за одбрана Рамсвелд објавил крај на „големите борби“.[473] Резултатот на оваа стратегија беше оддалечување на коалициските сили од авганистанскиот народ. Голема грешка беше несфаќањето на причините за појава на локални бунтови. Тие не биле мотивирани од идеологијата, туку од недостаток на безбедност и економска стабилност, ривалства помеѓу племињата, изнудување и согледувањата на корупцијата во новата влада, која не била во состојба да ја извршува должноста и да им обезбеди безбеден живот.

### *6.4.1. Перцепција за „победа“ проследена со неуспех*

Во периодот од 2001 до 2006 година, силите на САД, на Авганистан и на НАТО, се справуваа со релативно ниско ниво на бунтовничко насилство концентрирано на источниот и на јужниот дел од Авганистан. Во тој период биле спроведени неколку операции: август 2003 година операцијата „Планинска змија“, декември 2003 година операцијата „Лавина“, март-јули 2004 година операцијата „Планинска бура“, од декември 2004 година до февруари 2005 година операцијата „Молскавична слобода“ и операцијата „Слон“ во октомври 2005 година. Кон крајот на 2005 година, САД и сојузниците биле убедени дека нивните воени операции, поддржани со целокупната политичка и економска реконструкција на земјата, буквално ќе ги порази бунтовниците. Очекувајќи понатамошна стабилизација на земјата, во текот на 2005-2006 година НАТО/ИСАФ во потполност ја презема водечката улога за безбедноста во Авганистан. 34 области во Авганистан биле поделени во четири оперативни зони, со штаб лоциран во Кабул.

---

[473] Michael N. Schmitt, „The war in Afghanistan: a legal analysis“, Naval War College (U.S.), Government Printing Office, Washington, 2009, стр. 85.

**Карта 3: Проширување на операцијата ИСАФ според оперативни области во периодот од 2004 до 2006 година**




*Извор: Cameron Scott, „Assessing ISAF: A Baseline Study of NATO's Role in Afghanistan", British American Security Information Council, March 2007*

Спротивно на американските очекувања, кон средината на 2006 година насилството значително се зголемило, особено во источните и во јужните делови каде што доминирале етничките Паштуни. Причини за влошување на состојбата била корумпираноста во Авганистанската влада, отсуството на владините или силите на ИСАФ во многу рурални области во кои било зголеменото присуството на пакистански бунтовници, Талибанците и Ал Каеда. Исто така, негативно влијание имало и бавниот економски развој на земјата, воздржаноста во активна борба против бунтовниците од страна на ПВК и познатата популарна реакција, предизвикана од масовните цивилни жртви при операциите на НАТО. Голем број Авганистанци, за да го заштитат својот имот се свртеле кон Талибанците, бидејќи во нив гледале извор на непристрасна и брза правда, за разлика од бавните корумпирани процеси на актуелната авганистанска влада.

Во периодот од 2006 до 2010 година, источниот и јужниот дел на Авганистан, а особено провинциите Хелманд и Кандахар, биле клучните региони каде што се имплементирала противбунтовничката стратегијата на САД. НАТО во периодот на 2006-2008 година спроведе контраофанзиви преку операциите „Планински лав“, „Планински удар“, а со операцијата „Медуза“[474] која ја реализира во периодот август-септември 2006 година во провинцијата Кандахар биле уништени многу талибански бази.[475] Но Авганистанската влада не го потврдила своето владеење во овие области, по што повторно се појавуваат талибанските бунтовничките групи.

Овој термин на повторно појавување и оживување на Талибанците ги доведувал во заблуда силите на САД, бидејќи од инвазијата во 2001 година, Талибанците никогаш не биле соодветно поразени. Талибанските борци и нивните лидери биле во можност континуирано да ги користат безбедните засолништа во Пакистан и да спроведуваат операции низ порозната граница. Ова ги вознемирувало и ги фрустрирало авганистанките власти, САД и НАТО и ги поттикнувало да го обвинат официјален Пакистан за соработка и поддршка на Талибанците. Овие погранични порозни области, претставувале традиционален извор на поддршка за талибанското бунтовничко движење. Меѓутоа, ова прашање никогаш не добило значително внимание од страна на новоформираните авганистански безбедносни сили и во голема мера било игнорирано, овозможувајќи им на Талибанците да ја одржуваат својата мрежа за поддршка и обновување на политичката инфраструктура.[476]

Како одговор на тоа, силите на ИСАФ се обидоа да ги зголемат превентивните борбени операции. Во текот на 2007 година се извеле неколку големи превентивни операции во кои биле вклучени САД и НАТО. За да се спречи „пролетната офанзива“ на Талибанците во областа Сангин во провинцијата Хелманд и да се овозможи безбедно реконструирање на браната Кајаки, во месец март 2007 година била реализирана операцијата

---

474 Fred Pushies„„Deadly Blue:Battle Stories of the U.S. Air Force Special Operations Command“, AMACOM, New York, 2009, стр. 136.
475 Spencer C. Tucker, „The Encyclopedia of Middle East Wars Volume 1“, ABC-CLIO, Santa Barbara, 2010, стр. 26.
476 Scott, Cameron, „Assessing ISAF: A Baseline Study of NATO’s Role in Afghanistan“, London, 2007, стр. 6.

„Ахил“.[477] Со цел да се одржат Талибанците под постојан притисок, во мај 2007 година од страна на авганистанските и на британските воени сили била реализирана операцијата „Силикон“.[478]

И покрај дополнителните сили и ресурси кои влегоа во Авганистан во текот на 2008 година, постоеше голема загриженост и песимизам во редовите на САД и коалиционите партнери. Тоа може да се забележи и преку изјавата на адмиралот Мајк Мулен во септември 2008 година:

*„Не сум сигурен дека победуваме во Авганистан. Со зголемувањето на бројноста на војниците не победуваме. Целта може да се постигне со промена на пристапот во решавање на проблемот.“*[479] [480]

Неколку големи инциденти во овој период ја поддржале оваа процена. Талибанците ја промениле својата тактика и ги прошириле бунтовничките операции во области каде што претходно не биле активни, особено во областите Ловгар, Вардак и Каписа лоцирани во близината на Кабул. Самоубиствени бомбашки напади од висок профил биле извршени на 14 јануари 2008 година во хотелот Серена во Кабул и на 7 јули врз индиската амбасада во Кабул, каде што загинале повеќе од 50 лица. Овие напади јасно докажувале дека Талибанците ја менуваат својата тактика и притоа воопшто не се грижат за цивилните жртви. Нивна цел била да нанесат што поголеми човечки жртви, да го ослабат моралот на авганистанската влада и меѓународните сили и да покажат дека авганистанската влада е премногу слаба и неспособна да се справи со нив.[481]

На 27 април 2008 година, за време на воената парада во Кабул по повод муџахединскиот ден и победа на Авганистан против СССР, бил извршен софистициран напад и обид за атентат врз претседателот Карзаи. Во овој напад тројца биле убиени, а единаесет ранети. И ова бил обид да се понижи и да се покаже слабоста на авганистанската влада која на еден ваков

---

[477] Great Britain: Parliament: House of Commons: Defence Committee, „UK operations in Afghanistan: thirteenth report of session 2006-07“,The Stationery Office, 2007, стр. 31.

[478] Kenneth Katzman, „Afghanistan: Post-Taliban Governance, Security, and U.S. Policy“, DIANE Publishing, Darby, 2010, стр.27.

[479] UPI.com, „NIE on Afghanistan reportedly 'grim'“, Published: Sept. 24, 2008, достапно на http://www.upi.com/Top_News/2008/09/24/NIE-on-Afghanistan-reportedly-grim/UPI-77011222229008/ датум на пристапување 15.03.2012 година

[480] Jackie Northam, „Next President Faces Growing Crisis In Afghanistan“, October 17, 2008, достапно на http://www.npr.org/templates/story/story.php?storyId=95837996 датум на пристапување 15.03.2012 година

[481] Shiping Hua, „Islam and democratization in Asia“,Cambria Press, New York, 2009, стр. 280.

свечен национален празник не можела да обезбеди ред и мир.[482] На 12 јуни 2008 година, со самоубиствен бомбашки напад биле отворени капиите на затворот Сарпоза во Кандахар, при што биле ослободени околу 900 затвореници, повеќето од нив талибански бунтовници.[483]

Со намера да се спречи влошување на состојбата, САД и нивните партнери одлучиле да ја зголемат бројноста на силите. На средината на 2008 година, од страна на генералот Дејвид Мек Киман биле побарани 30000 дополнителни американски војници. Меѓутоа, администрацијата на тогашниот претседател на САД, Џорџ Буш се обидела оваа празнина да ја пополни од земјите членки на НАТО, што подоцна се покажало како неуспешен обид. Одлуката за воведување нови американски сили била оставена за новата американска администрација на претседателот Барак Обама.[484] [485] Задоцнетата одлука од осум месеци за испраќање нови американски сили негативно се одразила врз дотогашната лоша безбедносна состојба во Авганистан.

Во 2006 година бројот на американски војници во Авганистан бил 30000, за до декември 2008 година да стигне до 32000. Во септември 2008 година, поради зголемените тензии со Пакистан, претседателот Буш наредил американската војска и НАТО да започнат со ревидирање на дотогашната стратегија. Ревизијата беше предводена од страна на генералот Даглас Лејта, советник на администрацијата на Буш за Ирак и Авганистан.[486]

Резултатите од ревизијата биле презентирани пред новата американска администрација на Обама. Во април 2009 година, набргу откако претседателот Обама ја преземал функцијата американските сили достигнале бројност од околу 39000. Сојузничките сили во овој период незначително се зголемиле за околу 6000 војници, за на крајот од 2009

---

[482] N. C. Asthana, A.Nirmal, "Urban Terrorism : Myths And Realities", Pointer Publishers, Jaipur, 2009, стр. 227.

[483] Afghanistan: Hundreds escape from Kandahar prison, BBC, 25 April 2011, достапно на http://www.bbc.co.uk/news/world-south-asia-13184920 датум на пристапување 15.03.2012 година

[484] Kristina Wong, „From the Fact Check Desk: Did McKiernan's Troop Requests Just Sit on Bush White House Desks?", ABC News, Oct 22, 2009, достапно на http://abcnews.go.com/blogs/politics/2009/10/from-the-fact-check-desk-did-mckiernans-troop-requests-just-sit-on-bush-white-house-desks/ датум на пристапување 15.03.2012 година

[485] Bob Woodward, „Obama's wars",Simon and Schuster, New York, 2010, стр. 70.

[486] Bush orders Afghan strategy review, September 26, 2008, The DAWN Media Group достапно на http://archives.dawn.com/2008/09/26/top5.htm датум на пристапување 16.03.2012 година

година да достигнат бројка од околу 39000 војници. Претседателот Обама останал на ставот дека на воената интервенција во Авганистан треба да ѝ се даде повисок приоритет, но исто така да се определи рок до кога таа ќе трае. По добиениот извештај од ревизијата, на 27 март 2009 претседателот Обама ја најавил новата „сеопфатна“ стратегија, во која нагласува дека водат неуспешна војна, а 2008 година е најсмртоносната година од нивната инвазија врз Авганистан.[487] Тој најавил распоредување на дополнителни 21000 американски сили. И покрај тоа што барањето на генералот Дејвид Мек Киман за зајакнување со дополнителни сили било исполнето, сепак администрацијата на Обама одлучила дека се потребни и иновации во военото раководење во Авганистан. На 11 мај 2009 година, тогашниот секретар за одбрана на САД Гејтс, најавил дека генералот Мек Киман ќе биде сменет, а на негово место ќе биде поставен генералот Стенли Мек Крисл, кој се сметал за иновативен командант и поранешен шеф на силите за специјални операции во периодот од 2003-2008 година. Тој ја презел командата во Авганистан на 15 јуни 2009 година.[488]

По преземање на командата, генералот Мек Кристл извршил процена на безбедносната ситуација и во својот извештај на 30 август 2009 година предложил нова стратегија. Тој оценил дека главна цел на војската на САД била да се заштити населението и да ѝ се помогне на Авганистанската влада во преземање порешителни чекори за враќања на довербата кој населението. За него погрешна била тактиката којашто се фокусирала и концентрирала на ловење и убивање на Талибанците. Индикатори за успех требало да претставуваат безбедното движење по патиштата во државата, учеството на населението во локалната самоуправа и нормалниот живот на авганистанските семејства. Тој нагласил дека постојат големи шанси за „неуспех на мисијата“, доколку не спроведе сеопфатна против бунтовничка стратегија и зголемување на ефективноста на авганистанската армија.[489]

---

[487] Barack Obama, Obama's Strategy for Afghanistan and Pakistan, March 2009, Council on Foreign Relations, достапно на http://www.cfr.org/pakistan/obamas-strategy-afghanistan-pakistan-march-2009/p18952 датум на пристапување 16.03.2012 година

[488] Pat Towell, Stephen Daggett, „FY2010 Defense Authorization and Appropriations“, The Capitol Net Inc, Alexandria, 2010, стр. 160.

[489] Claire Taylor, Military Campaign in Afghanistan, International Affairs and Defence Section, House of commons, 14 July 2010, стр. 13.

Процената на Мек Кристл предизвикала дилема во администрацијата на Обама и заземање на уште посериозен пристап. Земајќи ги предвид препораките на Мек Кристл и нарушената безбедносна состојба за време на претседателските избори во Авганистан, на 20 август 2009 година се одржале неколку средби на највисоко државно ниво со кои претседавал претседателот Обама во присуство на високи владини и воени американски претставници. Размислувањата за дополнително зајакнување со американски војници, довело до загриженост за можна перцепција на авганистанскиот народ кон американските сили како окупаторски и сето тоа да биде контрапродуктивно. Тука биле донесени одлуки кои претседателот Обама ги изнел во својот говор на Вест Поинт на 1 декември 2009 година.[490] Тој изјавил дека дополнителни 30000 американски војници ќе бидат испратени во Авганистан, по што вкупната бројка ќе достигне близу 100000 војници. Целта била да се одвратат Талибанците и да се намали нивната динамика во изведување на бунтовнички операции. Исто така, да се зајакне капацитетот на безбедносните сили на Авганистан и на Авганистанската влада. Најавено било и дека во јули 2011 година, ќе започне и постапно повлекување на американските сили. На 23 јуни 2010 година, претседателот Обама ја прифатил оставката на генералот Мек Крисл и за командант на силите во Авганистан на 4 јули 2010 година беше поставен генералот Петреус.[491]

Меѓутоа, најавеното повлекување на силите на САД од Авганистан не се реализирало според планот на претседателот Обама. На Самитот на НАТО кој се одржал во Лисабон на 19 ноември 2010 година, помеѓу САД и НАТО партнерите било договорено дека процесот на транзиција и преземање на обврските од страна на авганистанското раководство ќе почне во 2011 година, а ќе заврши до крајот на 2014 година.[492] Во оваа противбунтовничка борба, САД не војуваат сами. Тука се вклучени уште 49

---

[490] The White House, December 01, 2009, Remarks by the President in Address to the Nation on the Way Forward in Afghanistan and Pakistan, достапно на http://www.whitehouse.gov/the-press-office/remarks-president-address-nation-way-forward-afghanistan-and-pakistan датум на пристапување 19.03.2012 година

[491] Dexter Filkins, „Petraeus Takes Command of Afghan Mission“, July 4, 2010, The New York Times, достапно на http://www.nytimes.com/2010/07/05/world/asia/05afghan.html датум на пристапување 19.03.2012 година

[492] UKDF Defence View points, Afghanistan: monthly progress report November 2010, достапно на http://www.defenceviewpoints.co.uk/military-operations/afghanistan-monthly-progress-report-november-2010 датум на пристапување 19.03.2012 година

партнерски земји (Табела 15), Авганистанската влада и безбедносните сили. На почетокот на јули 2011 година во Авганистан имаше околу 99000 американски војници. До крајот на 2011 година тие се намалија на 90000, во согласност со претходниот договор за повлекување.[493]

**Табела 15: Табела на земји-учеснички во НАТО - ИСАФ во Авганистан**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Albania | 286 | Germany | 4,998 | Poland | 2,580 |
| Armenia | 126 | Greece | 158 | Portugal | 140 |
| Australia | 1,550 | Hungary | 433 | Romania | 1,948 |
| Austria | 3 | Iceland | 4 | Singapore | 38 |
| Azerbaijan | 94 | Ireland | 7 | Slovakia | 309 |
| Belgium | 521 | Italy | 3,918 | Slovenia | 78 |
| Bosnia & Herzegovina | 55 | Jordan | 0 | Spain | 1,523 |
| Bulgaria | 602 | Republic of Korea | 350 | Sweden | 500 |
| Canada* | 520 | Latvia | 173 | The former Yugoslav Republic of Macedonia** | 163 |
| Croatia | 317 | Lithuania | 235 | Tonga | 55 |
| Czech Republic | 622 | Luxembourg | 10 | Turkey | 1,840 |
| Denmark | 750 | Malaysia | 46 | Ukraine | 23 |
| El Salvador | 24 | Mongolia | 114 | United Arab Emirates | 35 |
| Estonia | 159 | Montenegro | 36 | United Kingdom | 9,500 |
| Finland | 156 | Netherlands | 183 | United States | 90,000 |
| France | 3,935 | New Zealand | 188 | | |
| Georgia | 937 | Norway | 428 | Total | 130,670 |

*Извор: International Security Assistance Force (ISAF): Key Facts and Figures*

По десет години во Авганистан, американските трупи и нивните сојузници не постигнаа ниту стабилност, ниту спроведоа безбедност. И покрај брзиот пораз на талибанскиот режим во 2001 година, авганистанското население е отфрлено од новата влада, која се смета за корумпирана и слаба. Бројните стратегии применувани од САД и од сојузниците не даваат задоволувачки резултати. Недостатокот на брза и ефикасна противбунтовничка кампања, големата употребата на воздушните сили за изведување напади, како и недостатокот на контакт со локалното население ги уназадува напорите за позитивни достигнувања.

Операцијата „Трајна слобода“ која започна во октомври 2001 година и сè уште е во тек, е проследена со континуиран пораст на жртвите. Во следната табела се прикажани жртвите на САД и коалициските партнери во Авганистан од 2001 до 2012 година. (Табела 16)

[493] CJ Radin, ISAF nations follow US lead, announce early troop drawdowns, July 8, 2011, достапно на http://www.longwarjournal.org/archives/2011/07/isaf_follows_us_lead.php датум на пристапување 14.03.2012 година

**Табела 16: Жртви на коалициските парнери во периодот од 2001-2012 година**

| Година | САД | Велика Британија | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2001 | 12 | 0 | 0 | 12 |
| 2002 | 49 | 3 | 18 | 70 |
| 2003 | 48 | 0 | 10 | 58 |
| 2004 | 52 | 1 | 7 | 60 |
| 2005 | 99 | 1 | 31 | 131 |
| 2006 | 98 | 39 | 54 | 191 |
| 2007 | 117 | 42 | 73 | 232 |
| 2008 | 155 | 51 | 89 | 295 |
| 2009 | 317 | 108 | 96 | 521 |
| 2010 | 499 | 103 | 109 | 711 |
| 2011 | 418 | 46 | 102 | 566 |
| 2012 | 49 | 10 | 24 | 83 |
| Вкупно | 1913 | 404 | 613 | 2930 |

*Извор: iCasualties.org, достапно на http://icasualties.org/oef/ датум на пристапување 19.03.2012 година*

**Графикон 3: Зголемување на бунтовничкотерористички напади во период 2005-2011 година**




*Извор: Anthony H., „Afghanistan: The Failed Metrics of Ten Years of War", Center for Strategic and International Studies, Washington, 2012*

Во Графикон 3 е прикажан моментот на зголемување на интензитетот на војната, преку трендот на зголемување на бунтовничкотерористички напади од страна на Ал Каеда и Талибанците. Насилството, жртвите и инцидентите се во постојан пораст од 2004 година, а нагло се зголемија по зајакнувањето на силите на САД и сојузниците во 2009 година и големите борбени дејства од 2010 година (Графикон 4).

**Графикон 4: Зголемување на инцидентите во период од 2004-2011 година**




| | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| напади | 151 | 495 | 962 | 1122 | 1219 | 2124 | 3346 | 2083 |
| убиени | 289 | 681 | 1251 | 1952 | 1997 | 2779 | 3205 | 2494 |
| ранети | 349 | 756 | 2109 | 2405 | 2891 | 4192 | 4877 | 3625 |
| киднапирани | 25 | 113 | 171 | 290 | 600 | 617 | 953 | 755 |
| жртви | 663 | 1550 | 3531 | 4647 | 5488 | 7588 | 9035 | 6874 |

*Извор: National Counterterrorism Center (NCTC) Worldwide Incident Tracking System (WITS) data*

Интензитетот на војната во Авганистан може да се следи и преку зголемување на бројот на жртвите. Мисијата за поддршка на Авганистан на ОН (UNAMA), неколку години по ред го документира зголемувањето на бројот на цивилни жртви во Авганистан. Во 2011 година цивилните жртви достигнале бројка од 3021, што претставува зголемување за 8% во однос на 2010 година кога имало 2790 цивилни жртви. Во однос на 2009 година, има зголемување за 25% на цивилни жртви и евидентирани се 2412 цивилни жртви (Графикон 5).

**Графикон 5: Цивилни жртви во Авганистан во периодот од 2007-2011 година**




*Извор: UNDP, Afghanistan Annual Report, 2011, Protection of Civilians in Armed Conflict, January 2012*

Стратегијата на САД во Авганистан од 2001 година па до денес претрпе промени и имаше различни пристапи во решавање на конфликтот. Таа се движеше од противтерористичка до противбунтовничка, од непријателскоцентрична до популацискоцентрично војување, со широка употреба на воздушни сили и постојана заложба за зголемување на силите на теренот. И покрај некои првични позитивни достигнувања ситуацијата во Авганистан сè уште е многу компликувана и е далеку од тоа да биде конечно решена. Недостатокот на довербата кон авганистанската влада, непријателското расположение на населението кон странските трупи, регионалниот интерес и недостатокот на соработката меѓу соседните земји, речиси ги поништува позитивните достигнувања на Армијата на САД, симнувањето на талибанскиот режим од власта и протерувањето на Ал Каеда. Промената во администрацијата на САД, предизвика и промена на стратегијата, која се фокусираше на изградба на нацијата, поддршка на јавноста и долгорочна стабилност. Сето тоа се одразува кон пристапот и водење на противбунтовничката борба преку која би требало да се постигнат подобри резултати од водење конвенционална воена кампања. Сепак, за да се стабилизира состојбата во Авганистан и да се спречи Ал Каеда и Талибанците повторно да се регенерираат потребни се многу години. Меѓутоа, времето на САД во Авганистан им истекува.

### *6.4.2. Ал Каеда по Авганистан – нова генерација асиметрични закани*

Десет години по 11 Септември и понатаму постои недостиг на консензус за моменталната состојба на Ал Каеда. Официјалните лица на Вашингтон тврдат дека Ал Каеда е во ќорсокак и дека САД е на дофат кон стратегиската победа врз Ал Каеда.[494] Меѓутоа, додека едни тврдат дека Ал Каеда е послаба денес, за разлика од 2001 година, други предупредуваат дека таа денес сè уште претставува сериозна закана.[495] Процената за тоа дали Ал Каеда и понатаму останува сериозна глобална закана или е можеби уште поопасна денес за разлика од периодот пред 11 Септември, се базира на неколку факти. Периферијата на Ал Каеда и понатаму останува многу силна и покрај тоа што нејзиниот центар е ослабен. САД на борбеното поле добиваа многу битки, но ја изгубија идеолошката битка. Сојузниците на Ал Каеда сè повеќе ја прифаќаат нејзината идеологија за глобална борба. Границите помеѓу исламските радикални џихад организации повеќе не постојат. Ал Каеда насекаде низ светот продолжува да регрутира и да радикализира нови домашни терористи. Таа ја продолжува својата терористичка кампања со ниско ниво на напади, за на крајот САД да бидат економски ослабени и да се повлечат од Авганистан по примерот од времето на Советскиот сојуз. Исто така, повлекувањето на САД од Авганистан и од Ирак го отвора патот за препород на Ал Каеда.

Гледано од друга перспектива, во изминатите десет години очигледно е дека оперативните способности на Ал Каеда се намалени. Нивните заштитници – Талибанците во Авганистан беа поразени. Лесно достапните терористички кампови, место за обука на светските џихадисти, беа дисперзирани. Нападите на Ал Каеда во: Индонезија, Тунис, Египет, Мароко, Саудиска Арабија, Јордан и Турција во периодот помеѓу 2002 и 2006 година ги поттикна владите да се обидат да ги уништат локалните терористички мрежи. Извршителите на нападите од 11 Септември се убиени или фатени. Лидерот и основачот на Ал Каеда е мртов. Преостанатото

---

[494] U.S. Counterterror Chief: Al Qaeda Now on the Ropes, Associated Press, FOX News Network, Published September 01, 2011, достапно на http://www.foxnews.com/politics/2011/09/01/us-counterterror-chief-al-qaeda-now-on-ropes/ датум на пристапување 20.03.2012 година

[495] Statement by the Director of the Central Intelligence Agency David H. Petraeus to Congress on the Terrorist Threat Ten Years After 9/11, September 13, 2011.

раководство е десеткувано. Нивните брутални методи за безмилосно ликвидирање на муслимани ги намалува нивните можности за регрутирање нови членови. Соработката помеѓу безбедносните служби и спроведување на законот помеѓу државите, создаде една нова негостољубива средина за терористичките организации. Ал Каеда од 2005 година не е во можност да спроведе значајни терористички операции, но сè уште е способна за планирање на веродостојни загрижувачки напади.

За ЦИА Ал Каеда претставува терористичка организација која има најголеми нуклеарни амбиции.[496] Во '90-тите години оперативците на Ал Каеда, неуспешно се обиделе да се здобијат со нуклеарен материјал. Во 1998 година, од страна на Бин Ладен како одговорен за развој на нуклеарно оружје бил назначен неговиот заменик Ајман ал Завахири, кој посредувал во разговорите со одметнатите пакистански научници непосредно пред нападите пред 11 Септември. Сите докази и запленети документи од Ал Каеда и од Талибанците во Авганистан, укажуваат на фактот дека џихадистите континуирано покажуваат интерес за нуклеарно оружје, но исто така укажуваат на недостиг на знаење за создавање на оружјето.[497]

Недостатокот на стручни лица и материјали за добивање на ОМУ не ја исклучува способноста на новото раководство на Ал Каеда да добие нуклеарно оружје. Преку он лајн повици на џихад, дополнително се разгоруваат фантазиите на следбениците, истовремено предизвикувајќи тревога кај разузнавачките служби за можен нуклеарен напад. Ал Каеда е првата терористичка организација која се повикува на виртуелна нуклеарна моќ без притоа да има физички докази за неа.[498] Многу поверојатна закана од стекнување со нуклеарна детонирачка направа е создавање „валкана бомба“ со која би можел да се изведе биолошки напад. Оваа закана е поверојатна, затоа што изработката и достапноста на материјали за изработка на оваа бомба е многу полесна од онаа за нуклеарна. Рицинот (отров направен од рицинови зрна) и ботулинскиот отров се средствата што

---

[496] Michael Hayden, CIA Director, „Director's Remarks at the Los Angeles World Affairs Council", September 18, 2008.

[497] David Albright, „Al Qaeda's Nuclear Program: Through the Window of Seized",November 19, 2009, 2scottmontgomery, достапно на http://2scottmontgomery.blogspot.com/2009/11/nautilusorgdavid-albright-november-2002.html датум на пристапување 22.03.2012 година

[498] Brian Michael Jenkins, John Paul Godges, „The Long Shadow of 9/11", Rand Corporation, Santa Monica, 2011, стр. 88.

се спомнуваат во неколку откриени терористички планови по 11 Септември.[499] Исто така, во лаборатории во Авганистан, Ал Каеда вршела експерименти и со бактеријата антракс.[500] Програмата за создавање хемиско и биолошко оружје беше забавена, кога лидерот на групата и творецот на бомбата, Абу Хабаб ал Масри, беше убиен во 2008 година во Пакистан при воздушен напад на беспилотни летала.[501]

Најтешките удари што ги прими Ал Каеда беа во нејзиното централно јадро во Пакистан. Меѓутоа, нејзините регионални ќелии во Ирак, во Северна Африка, а особено во Јемен како база на Ал Каеда на Арапскиот Полуостров (AQAP), во моментов сè уште претставуваат голема закана. Лидери на ќелии на Ал Каеда сè уште се кријат во Иран. Ал Каеда најдобро преживува во области каде што се вкоренети локалните терористичко-бунтовнички движења, кои потоа со нејзина помош продолжуваат уште повеќе да се радикализираат. Со текот на времето некои радикални исламистички групи кои соработуваат со Ал Каеда, ја усвојуваат нивната идеологија. Присуството на Ал Каеда во југоисточна Азија е евидентно преку прифаќањето и примената на нивната тактика на бомбаши самоубици.[502] Потоа, овие радикални исламистички групи стануваат нејзини ќелии за да на крај конечно да го користат името на брендот – Ал Каеда.

Сојузниците на Ал Каеда во јужна Азија – пакистанските Талибанци, Лашкар е Тоиба и други, сè повеќе ја прифаќаат визијата за глобален џихад – војна против Западот.[503] Во Ирак, Ал Каеда е ослабена, но и понатаму ја продолжува смртоносната кампања против ирачките владини претставници, против сунитските племенски лидери и против членовите на шиитските општини. Нивната намера е со повлекување на американските војници да предизвика граѓанска војна помеѓу Сунитите и Шиитите. Во последниве

[499] Anthony H. Cordesman, „The challenge of biological terrorism“, Center for Strategic and International Studies, Washington D.C., 2005, стр. 22 – 23.
[500] Osman Aytaç, Mustafa Kibaroğlu, „Defence Against Weapons of Mass Destruction Terrorism“,IOS Press, Amsterdam, 2009, стр. 152.
[501] Kenneth Katzman, „Afghanistan: Post-Taliban Governance, Security, and U.S. Policy“, DIANE Publishing, 2010, Darby, стр. 25.
[502] Andrew Tian Huat Tan, „A handbook of terrorism and insurgency in Southeast Asia“, Edward Elgar Publishing, Cheltenham, 2007, стр. 115.
[503] A. S. Sekhon, „Lashkar-e-Taiba: A threat beyond the India-Pakistan equation“, Homeland1.com, October 27, 2011, достапно на http://www.homeland1.com/domestic-international-terrorism/articles/1172729-Lashkar-e-Taiba-A-threat-beyond-the-India-Pakistan-equation/ датум на пристапување 22.03.2012 година

неколку години некои од лидерите на Ал Каеда од Пакистан се преселени во Сомалија и во Јемен.[504] Овие податоци го потврдуваат степенот на поврзаност и мобилноста на џихад групите во трите земји. Ќелиите на Ал Каеда во исламскиот Магреб (AQIM), се обидуваат да ја прошират својата област на влијание во Африка, а особено во регионот на Магреб и на Сахеп. Тие формираат привремени кампови во: Алжир, Мавританија, Мали, Чад и Нигер. Припадниците на радикалната исламистичка група на северот на Нигерија, Боко Харам, се индоктринирани и имаат обука според упатствата и прирачниците на Ал Каеда.[505]

Нема индикатори кои наведуваат дека определеноста на Ал Каеда да ја продолжи својата глобална кампања е намалена. Во секој случај многу е тешко да се одреди и да се распознае состојбата и интензитетот на активности на терористичката група. Членовите на терористичките групи не се ниту формални, ниту фиксни, тие се секогаш непостојани. Ал Каеда денес е далеку повеќе децентрализирана отколку што беше пред десет години, а нејзиното ефикасно дејствување во многу голема мера зависи од автономијата на лидерите на групите, нејзините ќелии, нејзините сојузници и нејзината способност да инспирира нови домашни терористи. Таа премина од централно режирани и стратегиски поддржани терористички напади кои кулминираа на 11 Септември, во индивидуална џихад борба и самостојни терористички акции. Овој премин создаде нови дифузни терористички закани кои се помалку деструктивни, но се многу поопасни бидејќи нивните напади се планирани и реализирани од терористи поединци или мали терористички групи кои е многу тешко да се откријат. Нивните напори за глобалната џихад борба се поддржани од широкиот спектар на он лајн социјални мрежни комуникации, преку кои се инспирираат и вршат

---

[504] Al Qaeda, Jan. 31, 2012, The New York Times, достапно на http://topics.nytimes.com/top/reference/timestopics/organizations/a/al_qaeda/index.html датум на пристапување 22.03.2012 година

[505] KINGSLEY OMONOBI, MITAIRE IKPEN, „MEMBERSHIP DRIVE: Boko Haram invades Islamic schools – FG“, February 24, 2012, достапно на http://www.vanguardngr.com/2012/02/membership-drive-boko-haram-invades-islamic-schools-fg/ датум на пристапување 22.03.2012 година

инструкции на потенцијалните џихад воини, што само по себе е децентрализиран проект.[506]

Официјалните веб страници сѐ повеќе пренесуваат пораки од Ајман ал Завахири и други команданти на Ал Каеда, на нивните локални јазици по целиот свет. Овие пораки се пренесуваат на пониско – второ ниво и се дополнети со коментари од џихад теоретичари. На трето ниво се социјалните мрежи како фејсбук, на кои се обезбедува можност за широка дискусија за овие пораки од лидерите на Ал Каеда. Ова се форуми на кои џихад борците и потенцијалните следбеници бескрајно фантазираат за терористички сценарија, се поттикнуваат помеѓу себе за извршување терористички акции, им се закануваат на своите непријатели и се фалат со она што тие имаат намера да го направат.[507]

Смртта на Осама бин Ладен во никој случај не го означи крајот на терористичката кампања на Ал Каеда, но секако има влијание врз иднината на џихадистичките движења. На втори мај 2011 година во Пакистан, тој беше убиен од страна на специјалните сили на САД. И покрај тоа што тој повеќе не бил присутен во планирање конкретни терористички акции, неговите стратегиски насоки, како и советите за организација на оперативно ниво и понатаму се почитувани и спроведувани. Во своето минато, Бин Ладен никогаш не тврдел дека е наследник на пророкот, како некои претходни лидери на џихад организации, но според начинот и стилот на неговиот живот кој бил исклучиво во согласност со неговата идеологија, тој инспирирал восхит околу себе и надвор од неговата орбита на движење. Тој бил лицето на Ал Каеда и нејзиниот најмоќен комуникатор. Неговата смрт претставува психолошки удар, особено за верниците кои неговата моќ ја сметале за божествена заштита за да ја преживеат инвазијата на Американците. Исто така, по неговата смрт, сите оние што се заколнале на лојалност кон Осама бин Ладен, повеќе не чувствувале иста поврзаност со неговиот наследник. Талибанците и другите сојузници кои биле поврзани со

---

[506] Chris Strohm, „Facebook, YouTube Aid in Al-Qaeda's Spread, Study Says“, Feb. 9, 2011, Global Security Newswire, достапно на http://www.nti.org/gsn/article/facebook-youtube-aid-in-al-qaedas-spread-study-says/ датум на пристапување 22.03.2012 година

[507] Brian Michael Jenkins, „Is Al Qaeda.’s Internet Strategy Working?“, RAND Corporation, Santa Monica, 2011, стр. 1.

семејни врски, племенска припадност или лични односи биле принудени да ги преиспитаат врските и вредноста на Ал Каеда за нив.[508]

Осама бин Ладен, исто така, бил главниот линк за финансиските извори на организацијата. Не е сигурно дека богатите поддржувачи на Ал Каеда од Персискиот Залив, ќе продолжат да донираат за организацијата со исто темпо без влијанието на лидерот. Меѓутоа притисокот од неговите следбеници џихадисти и неговиот заменик Ајман ал Завахири за одмазда на смртта на Бин Ладен, значи дека Ал Каеда ги концентрира своите сили за напад на САД без оглед на сè. Ова е доказ дека и по смртта на Бин Ладен, Ал Каеда продолжува со својата кампања.[509]

Ветувања за одмазда го преплавуваат интернетот, а сè уште нема изведен масовен напад врз САД. Тоа го повлекува прашањето дали минувањето на времето без спектакуларна терористичка акција против нивните непријатели, значи дека оперативните способности на Ал Каеда се ослабени? Меѓутоа, Ал Каеда и нејзините сојузници ги зголемуваат своите активности со цел да инспирираат и да регрутираат нови домашни терористи низ светот. Ова се спроведува преку интернет, каде што бројот на џихад веб страници има драматичен пораст. Портпаролот на Ал Каеда, американецот Адам Гадах, кој комуницирал директно со централата на Ал Каеда, ги повикувал притаените домашни џихад воини во САД да земат оружје во рака.[510] Инспириран од ваквите примери младиот Самир Кан од Саудиска Арабија кој израснал во САД, а подоцна се поврзал со Ал Каеда на Арапскиот Полуостров, направил он лајн списание на кое се нудат инспиративни статии за џихад воини, инструкции за ракување со оружје и методи за правење бомби.[511] Ал Авлаки, еден од највештите он лајн комуникатори на Ал Каеда, инспирирал неколку терористички напади,

---

[508] Thomas F. Lynch III, „The 80 percent solution", FOREIGN POLICY, MARCH 23, 2012, достапно на http://afpak.foreignpolicy.com/category/topic/al_qaeda датум на пристапување 23.03.2012 година

[509] Brian Michael Jenkins„What Al Qaeda Is Thinking Now: Defanged, but Desperate to Show They're Still in the Fight",RAND Corporation, достапно на http://www.rand.org/commentary/2011/05/04/NYDN.html датум на пристапување 23.03.2012 година

[510] Bill Warner, „American Citizens Samir Khan, Adam Gadahn and Omar Hammami Run Propaganda and Recruitment For Al-Qaeda On The Web", "The Geek Squad", August 16, 2011, Достапно на http://pibillwarner.wordpress.com/2011/08/16/updateamerican-citizens-samir-khan-adam-gadahn-and-omar-hammami-run-propaganda-and-recruitment-for-al-qaeda-on-the-web-the-geek-squad/ датум на пристапување 24.03.2012 година

[511] James Kitfield, „American Jihad",National Journal, January 28, 2011, достапно на http://mobile.nationaljournal.com/member/magazine/preventing-attacks-without-alienating-muslims-20110127?page=1 датум на пристапување 24.03.2012 година

вклучувајќи го и смртоносниот напад на американскиот мајорот Нидл Хасан врз неговите колеги војници во базата Форт Худ во Тексас.[512]

Омар Хамами (Слика 3) роден во градот Дафни, Алабама (САД), за време на студентските денови станува многу религиозен и станува член на групата Салафи. Тој станува клучна фигура во една од најпознатите исламистички бунтовнички групи во светот – портпарол на терористичката група Ал Шабаб од Сомалија. Дваесетина млади граѓани на Минеаполис – САД со потекло од Сомалија, му се придружиле во џихад борбата, инспирирани од пропагандата на интернет прикажана преку видеоклипови на YouTube.[513]

**Слика 3: Слика од Омар Хагани – лево во средно училиште, десно снимка од пропаганден материјал на терористичката група Ал Шабаб**



***Извор: Andrea Elliott, „The Jihadist Next Door", The New York Times Company, Published: January 27, 2010***

Во периодот по нападите од 11 Септември сè до крајот на 2010 година во САД се уапсени 176 лица поради обезбедување материјална поддршка на џихад групи, обид за приклучување кон фронтот на џихад групите во странство, или планирање терористички напади во САД. Процентуално ова е многу мал дел од американската муслиманска заедница

[512] Scott Swett, „Learning the Wrong Lessons From the Fort Hood Massacre", American Thinker, February 27, 2012, достапно на http://www.americanthinker.com/2012/02/learning_the_wrong_lessons_from_the_fort_hood_massacre.html датум на пристапување 24.03.2012 година
[513] Guy Macher, „Alabama boy joins the jihad", February 1, 2010 , достапно на http://www.jihadwatch.org/2010/01/alabama-boy-joins-the-jihad.html датум на пристапување 24.03.2012 година

која во САД брои околу три милиони, од кои неколку илјади служат во американските вооружени сили.[514]

Експертите по тероризам на САД проценуваат дека моќта на терористичката група е намалена. Меѓутоа, лидерите на Ал Каеда очигледно не го делат истото мислење, не само затоа што борбеното поле не го гледаат на ист начин, туку и поради нивниот глобален концепт за војувањето, кој е сосема спротивен од концептот на војување на САД. Ал Каеда води егзистенцијална борба против западните земји на неверници и крстоносци кои одлучиле да го уништат исламот. За разлика од САД, кои гледаат на војната како конечно решение за решавање на проблемот, за лидерите на Ал Каеда оваа војна претставува една вечна состојба, без рокови и одлагања сè до „судниот ден".[515] Ал Каеда ги повикува нивните следбеници да гледаат подалеку од локалните конфликти и да се фокусираат на најголемиот непријател на исламот – САД и неговите сојузници. Во своето толкување на историјата Ал Каеда не прави разлика помеѓу крстоносците од XI век, монголските армии од XIII век, британските и француските колонијални сили од XIX век и западните сојузници денес.

Поради големата разлика во воениот потенцијал помеѓу Ал Каеда и западните сили, лидерите на терористичката организација се принудени да користат методи и оружје со кои преку нивната духовна просветеност на крај ќе го победат непријателот и неговата супериорна технологија. Тие сметаат дека џихадистите се борат со верба во нивниот бог, додека нивните противници немаат верба во бог, а според нив бог одлучува за победникот во битките. Стратегијата на Ал Каеда не предвидува низа на воени акции кои треба да доведат до победа. За нив со секој терористички напад сè повеќе се буди муслиманската заедница и се шири поракта на Ал Каеда преку која се гради армијата на исламски фундаменталисти. Должност на секој џихадист е да го демонстрира своето убедување, неговата посветеност и борба за одбрана на исламот, што ќе ги направи достојни за бога. Ал Каеда ги отфрли вештачките граници кои го делат исламот. Исламската заедница (Umaah) за Ал Каеда е една и единствена. Единството е од витално

[514] Brian Michael Jenkins, Al Qaeda After Bin Laden, RAND Corporation, Santa Monica, 2011, стр. 4.
[515] Brian Michael Jenkins, „Unconquerable nation: knowing our enemy, strengthening ourselves",Rand Corporation, Santa Monica, 2006, стр. 67.

значење за Ал Каеда, а поделбата е извор на муслиманската слабост. Во очите на Ал Каеда, Западот ја води стратегијата насочена кон поделба и распарчување на исламските држави кои се неспособни за отпор и кои можат лесно да се контролираат за потоа да ги претворат во западен модел на нација – држава.[516]

Во изминатата деценија очигледен е успехот на Ал Каеда, период во кој САД и нивните сојузници претрпеа четири впечатливи порази. Првиот пораз беа нападите од 11 Септември. Вториот е поразот на САД во Ирак од каде што Американците се повлекуваат. Третиот пораз е неуспешната кампања на САД и на сојузниците во Авганистан. Во оваа војна САД ги изгубија своите сојузници. Владите на Велика Британија, на Франција и на Германија веќе најавија нивно заминување.[517] Американците, исто така, се уморни од војната. Исто како советските и американските освојувачи ќе си заминат од Авганистан со пораз. Четвртиот и најсилниот удар, според Ал Каеда, е извршен од страна на арапскиот народ изразен преку „револуцијата против американските окупатори."[518] Според Ал Каеда ова е глобален муслимански бунт кој треба да ја поттикне терористичката кампања. Во оваа деценија главната цел ќе биде наметнувањето на шеријатот насекаде низ светот. На 12 септември, 2011 година, Сахаб – медиум на Ал Каеда, објави порака од д-р Ајман ал Завахири насловена како „Зора на претстојната победа" во која тој вели:

*„Да ги потсетам моите браќа дека Америка мисли дека арапскиот регион е стабилен поради една група владетели кои соработуваат со нив и се под нивна контрола. Но благословено да е моќното арапско востание кое како земјотрес ги преврте наопаку сите пресметки на Американците."*[519]

Во меѓувреме, според процената на Ал Каеда, нејзините комуникациски способности се подобрени и зголемени, овозможувајќи му

[516] Bassam Tibi, The challenge of fundamentalism: political Islam and the new world disorder, University of California Press, London, 2002, стр. 17.
[517] Q&A: Foreign forces in Afghanistan, BBC , 11 March 2012, достапно на http://www.bbc.co.uk/news/world-south-asia-11371138 датум на пристапување 25.03.2012 година
[518] John Cherian, „WAR OF TERROR", Frontline, INDIA'S NATIONAL MAGAZINE, Volume 28 - Issue 20, Sep. 24-Oct. 07, 2011, достапно на http://www.frontlineonnet.com/fl2820/stories/20111007282000400.htm датум на пристапување 23.02.2012 година
[519] Dr. Ayman al-Zawahiri: "Dawn of the Imminent Victory" (September 12, 2011) достапно на http://azelin.files.wordpress.com/2011/09/al-qc481_idah-the-dawn-of-imminent-victory-ten-years-since-the-blessed-tuesday-raids-en.pdf датум на пристапување 30.03.2012 година

на сиот свет да регрутира војска на верници. Преку овие нови регрутирани групи млади џихадисти се отворија нови фронтови во Јемен, во Алжир, во Сомалија и во Западна Африка. Поради оваа нова стратегија на Ал Каеда, САД живее во страв од домашно регрутирани џихад воини и троши милијарди долари годишно за националната безбедност. Доволни се мали терористички напади за да испровоцираат претерана реакција од владата на САД и да повлечат големи финансиски трошоци за зголемување на воените ресурси и преземање скапи мерки за зголемување на нивото на безбедност, а притоа резултатите ќе останат нејасни. Пред неговата смрт Бин Ладен предупредил дека Ал Каеда ќе биде без милост и ќе продолжи со својата долга „крвава света војна“, сè додека не се ослободат од „тиранијата на капитализмот“ и „од влијателното лоби од Вашингтон“, до конечен крај на нивната неправедна и неуспешна војна.[520]

Идните дејствувања на Ал Каеда не може да ја изоставаат дискусијата за состојбата во Авганистан. Ал Каеда е причината поради која САД изврши инвазија врз Авганистан во 2001 година. Попречувањето во регенерирањето на Ал Каеда беше причината за во период од 2001 до 2011 година постојано да се зголемува бројот на американските војници. Во својот говор во декември 2009 година претседателот Обама ја споменал Ал Каеда 21 пат, а Талибанците 11.[521] Да се порази Ал Каеда е главната причина поради која САД ја продолжија својата воена акција во Авганистан. Меѓутоа, за лидерите на Ал Каеда, Авганистан е од суштинско значење. За нив Авганистан претставува најголемата надеж за повторно воспоставување вистинска исламска влада составена од верните Талибанци. Војната против советите беше иницијалната причина за создавање на Ал Каеда. Муџахедини од целиот свет се собраа во Авганистан за борба против Советските освојувачи. Според легендите на Ал Каеда, ова било борбено поле каде што џихадистите ја поразиле советската суперсила и придонеле за

[520] Ибид.

[521] The White House, Remarks by the President in Address to the Nation on the Way Forward in Afghanistan and Pakistan December 01, 2009, достапно на http://www.whitehouse.gov/the-press-office/remarks-president-address-nation-way-forward-afghanistan-and-pakistan датум на пристапување 02.04.2012 година

распадот на Советскиот Сојуз. За Ал Каеда, Авганистан е место каде што САД ќе ги снајдат иста судбина како Советите.[522]

Ал Каеда од Авганистан ги лансираше најуспешните терористички напади против Западот. Во оваа долга листа се вбројуваат бомбардирањата на американските амбасади во Африка, нападот на американскиот воен брод УСС Кол, нападите од 11 Септември, нападот во 2001 година во Џерба, Тунис, 2002 година на Бали, Индонезија и нападите во Таба, Египет во 2004 година.[523] Помали терористички акции кои беа планирани од страна на централната команда на Ал Каеда се успешните бомбашки напади во Лондон во 2005 година и неуспешниот обид за киднапирање и за уништување авиони со меѓународни летови.[524] Проценитe на разузнавачките служби на САД, укажуваат на поврзаност помеѓу успешните бомбашки напади во Мадрид 2004 година и на лидерите на Ал Каеда.[525]

Војната во Авганистан за САД е една од најдолгите. Од 2001 година американските сили се постојано ангажирани во конфликт за кој предвидоа дека ќе трае долго. Американските напори во Авганистан можеме да ги поделиме на две војни. Првата беше во 2001 година по инвазијата и по соборувањето на Талибанците и протерувањето на Ал Каеда. Американците останаа во земјата, но приоритет ѝ дадоа на војната во Ирак. Во меѓувреме, Талибанците се реорганизираа, ги обновија своите сили и повторно ја започнаа бунтовничката борба. Тогаш започнува втората војна. САД не беа во можност да прераспоредуваат свои сили од Ирак во Авганистан и да воспоставуваат големи против бунтовнички кампањи сѐ до крајот на минатата деценија. Во текот на изминатите три години, со зголемување на силите на САД и на НАТО во Авганистан, Талибанците беа протерани во јужниот дел на земјата, но без долгорочни ефекти. Авганистанската армија се бори рамо до рамо со американските и со сојузничките сили, но останува

[522] Tom Lansford, „9/11 and the Wars in Afghanistan and Iraq: A Chronology and Reference Guide", ABC-CLIO, Santa Barbara, 2011, стр. 44.
[523] Paul Wilkinson, „Homeland Security in the UK: Future Preparedness for Terrorists Attack Since 9/11", Routledge, 2007, New York, стр. 274.
[524] Agent infiltrated terror cell, U.S. says, August 10, 2006, CNN.com, достапно на http://articles.cnn.com/2006-08-10/us/us.security_1_terror-plot-al-qaeda-plot-arrests?_s=PM:US датум на пристапување 03.04.2012 година
[525] Phil Williams, In Cold Blood: The Madrid Bombings, Perspectives on Terrorism, Vol 2, No 9 (2008), достапно на http://www.terrorismanalysts.com/pt/index.php/pot/article/view/50/html датум на пристапување 04.04.2012 година

отворено прашањето за нивната способност самостојно да се справуваат со бунтовниците по повлекувањето на САД и на НАТО. Во моментов не постојат реални показатели дека владата и институциите на системот во Авганистан ќе можат сами да ја спроведуваат власта во иднина. Најголемиот проблем е слабата и корумпирана власт, од врвот па сè до локално ниво и нејзината неможност за воспоставување на институциите на системот.[526]

Кога еднаш ќе започне повлекувањето на војниците од Авганистан, тоа тешко може да се спречи. Логично е бунтовничките групи едноставно да го чекаат најавеното повлекување. Обврската на САД е до 2014 година да ги повлече своите сили, додека некои НАТО членки веќе ги повлекоа своите контингенти. Нереално е да се претпоставува дека бунтовничките групи кои две децении се борат за остварување на нивните цели сега ќе се откажат од тоа. Остварени биле иницијални преговори и контакти со талибанските лидери, но тие не оставаат многу место за надеж. Талибанците нема да ги сфатат политичките преговори како алтернатива за вооружена борба, туку едноставно како паралелен процес на заминување на странските трупи и враќање на талибанската власт.

Сепак, сè уште не е доволно јасно што ќе се случи со повлекувањето на САД и на НАТО од Авганистан. Веројатно е дека авганистанската влада ќе доживее економска криза, а, според предвиденото, во 2014 година треба да се избере новата администрација. Талибанците и мрежата на Хагани ќе ги прошират своите области на влијание со помош на Пакистан, додека нивните авганистански противници и Паштуните ќе се подготвуваат за одбрана. Во најлош случај ќе ескалира граѓанска војна.

Ал Каеда ќе има голема корист од успехот на Талибанците, а победата е веќе прогласена. Тврдењето на Ал Каеда е засновано на голем број факти. Прво, терористичките напади на Ал Каеда ги втурнаа САД во две војни, за кои платија и сè уште плаќаат скапа цена. Плаќаат во крв и во пари. Досега во војните загинаа повеќе од 4000 војници, 30000 сојузнички војници се повредени во Ирак и во Авганистан (десетици илјади цивили

[526] Vitalino Canas, NATO Parliamentary Assembly 2004 – 2012 , 173 CDS 11 E FINAL - GOVERNANCE CHALLENGES IN AFGHANISTAN: AN UPDATE, 4 Nov 2011 , достапно на http://www.nato-pa.int/default.asp?SHORTCUT=2563 датум на пристапување 04.04.2012 година

загинаа на локално ниво), а воените и одбранбените расходи досега се проценуваат од 3 до 5 билиони долари.[527] Ал Каеда ќе има многу добар домаќин, кој ќе ѝ послужи како отскочна штица за нови терористички напади. Исто така, повторно ќе се отвори можноста за слободно регрутирање нови џихадисти во областите кои се надвор од контролата на Талибанците, како Узбекистан, Таџикистан и други места во Централна Азија. Оваа процена е неповолна за САД, но по сѐ изгледа дека е реална и остварлива со нивното повлекување од Авганистан.

За градење на авганистанските национални капацитети до ниво на кое самите ќе обезбедат непречено спроведување на законот, ќе бидат потребни неколку децении, што е многу подолго од присуството на западните сили во земјата. Како излез од оваа неповолна безбедносна процена е одложувањето на повлекувањето на САД и спроведувањето на поевтина воена стратегија што ќе ги одложи плановите на Талибанците. Во спротивно, треба да се прифатат ризиците поврзани со повлекувањето на силите. Преговорите со Талибанците не ветуваат мирна и одржлива власт и намалување на конфликтите. И во најдобар случај, Ал Каеда може да ги планира и да ги организира своите активности од Јемен и во Пакистан. Во моментов, според западните аналитичари, можеби заканата од Ал Каеда е маргинална, но со повлекувањето на САД и на НАТО веднаш ќе се зајакнат позициите на сите џихад групи во регионот.

На крајот секоја војна мора да заврши колку и да трае долго. Разните ставови одат од една крајност дека терористичките кампањи на крајот мора да завршат со воен пораз или предавање (преку големи разузнавачки акции и спроведување на законот, со преговори и конечно вклучување во политичкиот процес), до другата крајност – победа на терористите. Во случајот со глобалната терористичка организација Ал Каеда, некои од можните исходи можат веднаш да бидат отфрлени. Никој не очекува терористичката кампањата на Ал Каеда да заврши со формално предавање. Гледано од страната на Ал Каеда, нејзината борба е започната пред многу векови и ќе трае сѐ до „судниот ден“, а признавање на поразот нема никогаш

[527] Yoram Schweitzer, „Is There a Winner? Ten Years after the Terror Attacks in the United States“, Canada Free Press, September 7, 2011, достапно на http://www.canadafreepress.com/index.php/article/40125датум на пристапување 05.04.2012 година

да се случи. Не постои поединец кој може тоа да го направи тоа во името на целата организација. Ал Каеда е бренд што го користат сите џихад групи низ светот. Во минатото многу терористички групи биле уништени, на пример, Црвените бригади во Германија, Американската терористичка група Студентско движење за демократско општество (Weather Underground), Црвените бригади во Италија. Но дисперзирана глобална терористичка група како Ал Каеда, со фронтови од Северна Африка до Јужна Азија и со џихад ќелии во голем број земји низ светот е многу тешко да се искорени во целост. Елиминирањето на лидерите на Ал Каеда е ефикасен начин за попречување во командувањето и контролата и во намалувањето на оперативните способности, но ваквите активности сами по себе нема да стават крај на глобалната терористичка кампања.

Постојат примери кога терористичките кампањи завршуваат со политички преговори, но во случајот со Ал Каеда тоа е малку веројатно. Локалните бунтовници во Авганистан, можеби би прифатиле некој политички компромис и би го предале оружјето, но дали е можен и каков компромис би се направил со Ал Каеда по 11 Септември.

Мал број терористички организации ги имаат постигнато своите стратегиски цели. Во случајот со Ал Каеда, таа има постигнато многу успеси на тактичко ниво. Има убиено илјадници луѓе, со својата терористичка кампања го привлече вниманието на својата кауза, создаде глобално џихад движење, предизвика тревога низ сиот свет, со што ги принуди светските влади значителен дел од своите државни финансиски средства да ги пренаменат за заштита и превенција од терористички напади. Во случајот со Ал Каеда погрешно е тврдењето на некои експерти дека започнува крајот на нивната терористичка кампања.[528] Бунтовништвото во Колумбија трае речиси половина век. Децениските терористички акции не го решија прашањето на Палестина (Хезболах е формирана пред 30 години). Лидерите на ЕТА во Шпанија во октомври 2011 година најавија дека ќе го положат оружјето и ќе стават крај на терористичката кампања која траеше

---

[528] Peter Bergen, The beginning of the end of al-Qaeda?, May 11, 2011, достапно на http://www2.macleans.ca/2011/05/11/the-beginning-of-the-end/ датум на пристапување 05.04.2012 година

од 1960 година, со повеќе од 850 жртви.[529] Во Перу по 30 години повторно е активна терористичката организација Светлечкиот пат.[530]

Ал Каеда е вградена во локалните бунтовнички движења каде што има поддршка, а обезбеди голема група следбеници и преку интернет, што претставува нов елемент. Преку него таа ефикасно ја претстави својата кампања како дел од една поширока – глобална верска војна. Таа има многу безбедни места од каде што иако со ослабена финансиска моќ и понатаму продолжува успешно да функционира. Формирана е кон крајот на '80-тите година, а својата терористичка кампања ја започна во средината на '90-тите години. Таа е опуртонистичка и флексибилна под огромниот континуиран политички и воен притисок. Доколку нејзината кампања ја споредиме со другите тврдокорни терористички организации и движења, би можеле да претпоставиме дека нејзината кампања ќе трае најмалку уште 20 години, а можеби и подолго. Дури и ако Ал Каеда ослабне, нејзината терористичка кампања против САД ќе продолжи и ќе се приспособи на новите околности. Таа ќе црпи нови сили од талибанскиот препород во Авганистан, или преку зголемување на радикалното движење во Пакистан или преку нови исламистички терористички ќелии на Блискиот Исток, Африка, Европа и Америка.

Опстојувањето на Ал Каеда нема да биде значително намалено преку спроведување нови воени офанзивни дејства од страна на западните сојузници. Вакви големи воени напори можат да предизвикаат реакција која повторно ќе ја зајакне и ќе ја оживее Ал Каеда. Некои аналитичари уште од самиот почеток тврдеа дека војната со Ал Каеда мора да се води непопустливо, како војна без ограничувања и без релаксирање во напорите да се уништат сите џихад групи кои се посветени на терористички кампањи против „крстоносците".

Терминот „војна против тероризмот" веќе е отфрлен, иако противтерористичките напори кои се преземаат од страна на САД и на

---

[529] Basque separatists ETA 'end armed struggle', Aljazeera, 20 Oct 2011, достапно на http://www.aljazeera.com/news/europe/2011/10/201110201829708922.html датум на пристапување 05.04.2012 година

[530] Reese Neader, Coca is King for the Shining Path, Franklin and Eleanor Roosevelt Institute, December 8, 2009, достапно на http://www.rooseveltcampusnetwork.org/blog/coca-king-shining-path датум на пристапување 05.04.2012 година

НАТО не се фундаментално изменети. Ако напорите за уништување на Ал Каеда, вклучувајќи и употреба на воена сила, треба да престанат во целост, тогаш се поставува и прашањето која ќе биде легалната основа за гонење и убивање на лидерите на Ал Каеда. Со прогласувањето крај на војната против Ал Каеда би се промениле перцепциите на заканата низ сиот свет, со повлекувањето на силите од Авганистан би се намалила воената компонента и нејзините напори за сузбивање на терористичките закани. Тогаш концентрацијата на силите за превенција од терористички закани ќе се пренасочи во зајакнување на домашната безбедност во националните рамки на секоја држава. Ваквата тотално дефанзивна стратегија, исто така, може да го зголеми ризикот од терористичките напади, нема биде многу поевтина и ќе наметне мерки што сериозно ќе ги намалат граѓанските слободи и права. Очигледно е дека целта што сакаат да ја постигнат западните сојузници е ставање крај на стравот и враќање на чувството на сигурност, враќање на старата линија помеѓу фронтот и домашниот терен и повторно воспоставување на разликата помеѓу војник и цивил. Конечната цел е официјален прекин на противтерористичката кампања.

Меѓутоа тоа нема да се случи. Противтерористичките операции можат делумно да ги намалат оперативните терористичките способности, но не гарантираат мир и крај на стравот. Сите неистомисленици со глобалното радикалното исламскоџихад учење, ќе мора да научат да живат под постојаниот виртуелен притисок и постојаната закана од мрежно поврзаните терористички организации, чии лидери се опседнати за создавање глобален калифат. Тоа подразбира постојана внимателност, без подлегнување на замислени стравови и создавање отпорност на постојаниот постепен пораст на репресивната безбедносна состојба.

### 6.5. Структура на новата генерација хибридни војни – 5ГВ

Стратегиската архитектура што ја применува Ал Каеда во „војната на теророт“ не претставува некоја посебна новина. Таа во основа претставува модерна примена на познатите и новите концепти на војување.

Еден од основните пристапи за разбирање на овој вид војна, а кој би можеле да го примениме е да ја доведеме т.н. „војна на теророт“ во

корелација со еволуцијата на војувањето, во современи услови. Всушност овој препознатлив пристап го објаснува и развојот на модерното војување во XXI век, во зависност од: политичките, економските, социјалните и технолошките промени во општеството. Во однос на изведените класификации на војни можеме да констатираме дека секоја од генерациите војни претставува квалитативна дијалектичка промена во методите на водењето на војните. Притоа, лакмусов тест на појавата на новата генерација на војни претставува поразот на големите армии, кои се користат со методите на претходната генерација војување.

Написите на Мустафа Сетмариан Насар[531], еден од најпознатите теоретичари на исламскиот џихад, ни ги дава не само основните претпоставки врз кои се засновува петата генерација војна (војна без ограничување), туку ја дава и еволуцијата на Ал Каеда, како еден од најозлогласените предводниците и непријатели на САД и на западниот свет. За да се разберат основите на неговиот пристап во однос на еволуцијата на војувањето потребно е да се земе предвид неговиот став за перспективата на водењето на „војната на теророт".

Моментално, не постои општо прифатена дефиниција за петтата генерација војни. Меѓутоа, имајќи ги предвид нивото на промените кои сѐ повеќе стануваат реалност, неопходно е да се зборува за нова петта генерација војување. Потребни беа да поминат стотици години од развојот на пушката „мускета" и на топот во периодот на првата генерација војување, за појавата на втората генерација војување да го забележи својот развој во периодот од 100 години, помеѓу битките на Ватерло и Верден. Третата генерација со појавата на „блицкриг" (маневарско) војувањето својот потполн израз го достигна за помалку од 25 години. Четвртата генерација војување наоѓа широка примена од нејзината почетна појава во Кина пред осумдесетина години, во време кога третата генерација војување наоѓа широка примена на територијата на Европа.

---

[531] Мустафа бин Абд ал Кадир Сетмариан Насарг (исто така, познат како Абу Мусаб ал Сури) е писател, член на Ал Каеда. Тој се смета за еден од најсофистицираните џихад стратези во модерната ера. Тој бил осомничен за бомбашките терористички напади во Шпанија, Ел Десанцо, 1985 година, во кој загинаа единаесет луѓе и нападите во Мадрид 2004 година.

Во врска со разгледувањето на петтата генерација војни нејзиното дефинирање би било како „војна во која се користат сите средства со кои се располага, и тоа средства на вооружените сили и невооружено спротивставување, средства кои вклучуваат воена моќ и средства кои не се поврзани со пројавување воена моќ, средства кои вклучуваат загуби и средства кои не се поврзани со загуби, се со цел да се принуди непријателот да се однесува според поставените интереси.[532] Ова ја вклучува појавата на супер моќни индивидуи и групи на кои им е достапно современото знаење, технологија и средства за изведување асиметрични напади и за остварување на нивните поединечни интереси и интереси  на групите. Притоа, нејзината прва манифестација се поврзува со нападот со хемискиот агенс „антракс“ на САД во 2001 година и нападот со отровниот гас рицин во 2004 година. Двата вида напади бараа специјализирани знаења, вклучувајќи го тука и нападот на федералната влада на САД на нејзините служби и објекти, кои резултираа со нарушување на работа на Владата и со широкораспространетиот страв во јавноста. Сè до денес не постои индивидуа или група која ја презела одговорноста за кој било од овие напади и ниту еден од овие напади во потполност не е разрешен.

Компјутерските хакери денес се во состојба да извршат упад во работата на владините служби или корпорации во глобални рамки, со напади на интернет мрежата, со сопствени компјутерски програми со кои се попречува нивната работа, кои од друга страна можат да бидат само претходница на  изразеното влијание на супермоќните индивидуи и групи. Со ова тие всушност ја демонстрираат способноста за самостојно преземање и водење кампањи, кои всушност претставуваат потврда во градењето на основата на новата петта генерација војување.

Потенцијалната моќ на петата генерација војување беше, исто така, демонстрирана во бомбашките напади во Мадрид во 2004 година. Притоа, серија масовни бомбашки напади на транспортната инфраструктура која ја предводеа мрежно поврзани терористички групи, во еден единствен ден, и тоа во екот на националните избори, резултираа со вонредна состојба во

[532] Vasile Maier, Eugen Mavri, „*FIFTH GENERATION WARFARE – A SF Concept or an Inevitable Perspective?*“, стр. 102, достапно на http://www.mapn.ro/smg/gmr/Engleza/Ultimul_nr/maier,mavris-p.100-105.pdf, датум на пристапување 10.11.2012 година

Владата во Шпанија што влијаеше на моментално повлекување на шпанските воени сили кои беа ангажирани во воената кампања против бунтовниците во Ирак.

Бомбашките напади во Мадрид се значајни од причини што терористите кои стоеја зад нив, беа главни дилери на дрога  и дел од наркомрежата што се простираше од Мароко преку Шпанија и Белгија до Холандија. Додека почетните процени за цената на употребените бомби се движеше од околу 50000 фунти, вкупната заработка откриена во дрога и готови пари, а која се поврзуваше со овие напади, достигнува вредност од повеќе милиони фунти. Притоа, се дојде до сознанија дека групата што ги изврши терористичките напади е дел од меѓународна криминална организација, која зад себе ги имаше и учествата во смени на режимите во неколку суверени европски држави. Со ваквото ангажирање се демонстрира дијалектичката предност на петата генерација војување над веќе познатите методи на војување од третата и четвртата генерација војување.

### *6.5.1. Нетројни војни*

Почетоците за ерозија на базата за тројната конструкција на војната започна најпрво со појавата на демократијата, а подоцна со национализмот. Технолошкиот развој уште повеќе го забрза трендот на нетројните војни. Крајот на Студената војна и зголемениот број неконвенционални вооружени конфликти, во академските и во воените кругови предизвикаа голем број дискусии за менување на карактерот и природата на војната. Овие случувања, исто така, охрабрени од делата на научниците во нивните обиди да ја сфатат комплексноста на феноменот на глобализацијата, доведе до преиспитување на централната претпоставка за војната, која доминираше за време на Студената војна – стратегиско размислување за војната. Така, начинот на размислување за војната според Клаузевиц стана цел на жестока критика.[533]

Клаузевиц ја дефинирал војната како „чин на насилство со намера да се принуди противникот да ја исполни нашата волја“. Според него, војната

[533] Klevis KOLASI, Beyond The “TRINITARIAN WAR”: Reflections on Contemporary Armed Conflicts, July, 2010, достапно на http://www.eurasiacritic.com/articles/beyond-%E2%80%9Ctrinitarian-war%E2%80%9D-reflections-contemporary-armed-conflicts датум на пристапување 08.07.2011 година

била замислена како национален, инструментален, контролиран и рационален политички чин. За него војната се води само со јасна цел, со рационални трошоци и придобивки од употребата на сила. Во таквите војни победата им припаѓа на оние што најдобро ги применуваат уметностите на војувањето. Клаузевиц, исто така, направил разлика помеѓу природата и карактерот на војната. Според него, додека природата на војната е непроменлива, нејзиниот карактер се менува во зависност од времето во кое се појавува.[534] Ова значи дека дури и кога лицето на војната се менува како резултат на современата технологија, политичката средина, историскиот контекст итн., нејзината природа на организирано насилство останува константна. Овие тенденции, кореспондираат со три институции: луѓе, војска и држава кои се познати како чудесно тројство. Клаузевиц, исто така, ја истакнува важноста за рамнотежа помеѓу компонентите на тројството.[535]

Мартин ван Кревелд, во своето дело „Трансформација на војната", дава критички осврт на 4 ГВ, во однос на западниот поглед на војувањето и нивната неспособност да ја разберат динамиката на војувањето на идните конфликти. Западниот модел на војната (држава против држава) воден со моќни оклопни сили е застарен, поради постојаната присутност од нуклеарна закана. Понатаму, влијанието на владите врз монополот на војната е во постојан пад. Дополнително, во повеќе делови од светот, дури во XIX и во XX век беа основани држави преку колонизација и деколонизација. Во некои делови од светот никогаш не се развило функционирањето на државите во целост. Дури и кога државите се воспоставиле, други организации доаѓаат во прв план, а во водењето на војна не се вклучени владите, луѓето или армиите, туку групи кои денес ги нарекуваме терористи, племиња, религиозни групи, комерцијални групи, криминални групи, бунтовници или, накусо, недржавни актери.[536]

Овие недржавни актери војните ги водат на сосема различен начин од државите-нации. Војната е културен феномен и за многу народи војната може да има различни цели (симболични, ритуални или егзистенцијални)

---

[534] Michael Sheehan, "The Changing Character of War", in *John Baylis, Steve Smith and Patricia Owens eds., The Globalization Of World Politics: An Introduction to International Relations, 4e., (New York: Oxford University Press, 2007),* стр. 213.
[535] Клаузевиц, Карл фон., За војната, МАГОР, Скопје, 2009, стр. 51.
[536] Frans Osinga, On Boyd, Bin Laden, and Fourth Generation Warfare as String Theory, Oslo, 2007, стр. 10.

кои се проследени со различни правила, не толку блиски и ограничени од страна на политиката.[537] Овие фундаментални разлики произведуваат многу различни стратегиски динамики. Со овој западен модел на војување преку кој нацијата-држава ја губи подлогата, овој нетроен начин ги означи промените во односот кон идните 5ГВ, во смисла на тоа од кого ќе бидат водени, за што ќе бидат водени, како и какви војни ќе бидат водени и зошто луѓето ќе партиципираат во нив.

Со крајот на Студената војна, конфликтите се променија од меѓудржавни во внатрешни. Поголемиот дел од вооружените конфликти што се случуваат денес, се во рамките на државите и се асиметрични по природа (од една страна, се недржавни актери со нискотехнолошка воена опрема кои се спротивставуваат на силна држава со високо технолошко оружје). Целта на овие видови конфликти е контрола на цела или на дел од територијата на државата, отцепување на еден регион или автономија, самоопределување групи со поддржавен идентитет,[538] заштита на одредена културна автономија од глобализациските притисоците на Западот (како во случајот со исламскиот фундаментализам).[539]

Овие внатрешни конфликти се дефинирани како колапс на државата, екстремна етничка бруталност, манипулација од елитата, нарцистичка политика на идентитетот, историска пропаганда, верска преродба, насилство сосед наспроти сосед и етничко чистење, што се во контекст на нееднаквото влијание на глобалната економија и недостаток на директен интерес на дел од главните меѓународни актери. Тогаш лицето на есхатолошкото насилство ќе погледне навнатре и месијанското лудило на расна, националистичка, религиозна или етничка супериорност ќе се преточи во логика на геноцид и небезбедност.[540]

---

[537] Michiel de Weger, Frans Osinga, Harry Kirkels, NL-ARMS, Faculty of Military Sciences of the Netherlands Defence Academy, 2009, стр. 10.

[538] Tamara Duffey, "United Nations Peacekeeping in the Post-Cold War World", *Frank Cass Journals, Journal Offprint, Civil Wars*, Vol.1, No.3 (Autumn 1998), стр. 2.

[539] Michael Sheehan, "The Changing Character of War", in *John Baylis, Steve Smith and Patricia Owens eds., The Globalization Of World Politics: An Introduction to International Relations, 4e., (New York: Oxford University Press, 2007)*, стр. 222.

[540] Ahmad Syah Ejaz Bin Hj. Ismail, Critical security studies, Thursday, 5 March 2009, достапно на http://tunteddy.blogspot.com/2009/03/critical-security-studies-css.html датум на пристапување 10.07.2011 година

Како што може да се забележи од погоре прикажаните карактеристики, јасно се забележува промената од политичкото насилство на Клаузевиц, во меѓуетничка бруталност, која многу тешко може да се спречи со инструментите на војната.

Исто така, глобализацијата влијае врз намалување на политичките, на економските и на културните улоги на државата-нација, како и врз намалување на националните идентитети на локалните, на етничките и на верските, со што тројството на Клаузевиц стана ирелевантно за нашето време. Глобализацијата се гледа како движечка сила на овие конфликти, каде што распадот на државата и потрагата по национален идентитет е типичен за нив.[541] Овие „нови војни" се разликуваат од претходните (војните на Клаузевиц) во однос на нивните цели, методи и извори на финансирање. Овие конфликти, особено по распадот на Југославија јасно покажаа дека постои традиционална разлика помеѓу војната, организираниот криминал и големите повреди на човековите права. Овие случувања јасно ја покажуваа ерозијата на монополот на Вестфалската држава врз легитимно организирано насилство.[542]

Не земајќи ја предвид косовската воена интервенција во 1999 година, може да се заклучи дека тоа што било точно во 1990-1991 година, било уште поточно во 2001 година. Овој пат противник не била држава, според повеќето критериуми. Авганистан едноставно *не* е држава – туку две екстремно слободни организации, Талибанците и Ал Каеда.[543]

Сѐ додека државите цврсто ги контролираат војните и насилствата, со крајни напори врзувајќи се за нив за одредени политички бенифити и калкулации, недржавните актери водат војни поради одредени незадоволства и негодувања, за стекнување слава на поединци или за статусот на племето, за добивање плен од војната – улов, робови, територија, жени, добивање затвореници, од религиозни причини, поради научни, етички или религиозни разлики, поради одмазда и правото за одмазда врз грешните или поради зачувување на честа на заедницата. Буквално сите учествуваат во ваквите конфликти, тука не постојат неборци.

---

541 Ken Booth, *Theory of World Security*, (Cambridge: Cambridge University Press, 2007), стр 221.
542 Paul D. Williams, *Security Studies*, (London: Routledge, 2008), стр. 165.
543 Роберт Џ. Бункер, Не – државни закани и идни војни, Нампрес, Скопје, 2009, стр. 5.

Динстикциите помеѓу криминалот и војната ќе се надминат и ќе прекинат кога ќе се направи разлика помеѓу вооружените сили и цивилите. Битките ќе бидат заменети со престрелки, напади и масакри.

Во последниве децении, големи конвенционални војни биле само неколку, додека војните против или помеѓу организации коишто не ја вклучувале државата се ширеле и сè уште понатаму се шират. Помеѓу оние кои се раширеле, но биле доведени до крајот (некогаш повеќе некогаш помалку), се оние во Алжир, Ангола, Источен Тимор, Египет, Либан, Мозамбик, Северна Ирска, Руанда, Сомалија и во повеќето региони на поранешна Југославија. Оние што се прошириле, а не се ставени под контрола се оние во Авганистан, Чеченија, Колумбија, Конго, Кашмир, Либерија, Израел, Филипини, Сиера Леоне, Шри Ланка, Судан. Од Индонезија до Пакистан, голем број земји се на работ на цивилизациска војна, ако веќе не го преминале. На ова мора да се додаде и најспектакуларниот терористички чин што го презела некоја организација на кое било место и во кое било време: оној на Ал Каеда врз Кулите близначки во Њујорк и врз Пентагон во Вашингтон. Сите овие војни не се од ист вид, некои биле поинтензивни од другите, вклучувајќи илјадници, па дури и милиони жртви. Некои од нив можат да се опишат како тероризам, други како герилска војна, некои како отворени битки помеѓу противнички војски, а некои како чист геноцид. Сржта на овие конфликти се состои во фактот дека за разлика од конвенционалните војни, тие не биле тројни.[544]

Голем дел од задачата за одбрана на општествата од нетројните војни ќе падне на приватни компании за безбедност, со соодветно намалување на услугите, големината и технолошката комплексност и цена на воените сили. Така, армиите ќе се намалат по големина и ќе бидат ставени настрана, за да бидат заменети од страна на полицијата како безбедносни сили од една страна, и вооружени разбојнички банди од другата страна. Со оглед на емоциите вклучени во справувањето со овој вид конфликти, страната со порационални интереси, најверојатно, ќе изгуби. Западниот модел на нацијата-држава како доминантна форма на политичко организирање и

[544] Роберт Џ. Бункер, *Не – државни закани и идни војни*, Нампрес, Скопје, 2009, стр. 7.

поврзана форма на војување со конвенционални методи за справување со 5ГВ и „нетројните“ непријатели полека ќе замине во историјата.

### *6.5.2. Мрежни војни*

Со почетокот на XXI век, недржавните актери од 5ГВ, како голема предност која многу вешто ја користат во планирање и изведување на нивните операции се широкодостапните социјални мрежи.

Тие стануваат вешти во ширењето информации преку нови канали (CNN, Al Jazeerah), веб страници, блогови и масовно преку електронска пошта. Недржавните актерите во 5ГВ ги користат најновите информатички алатки за комуникација и споделување информации помеѓу себе. Тие употребуваат програми за заштита на пораки, кодирани фрази, скриени веб сајт слики. Очигледно е дека многу е потешко да се лоцира една терористичка мрежа што функционира преку виртуелна социјална мрежа, отколку организација што се темели на одредена препознатлива инфраструктура и носи униформи. Но, можеби најзначајно во овие војни на послабите против посилните е дека овие мрежи се крајно еластични, па ликвидирање на нивните лидери или уништување на дел од нивните мрежи, може многу лесно да се регенерира и да формира ново раководство на нови локации.[545]

Напредокот на информатичката технологија, во целост ја смени природата на конфликтот. Со оваа информатичка револуција, се зајакнува и се фаворизира мрежната форма на организација, во однос на традиционалните хиерархиски форми. Со подемот на мрежите, моќта мигрира кон недржавните актери, бидејќи тие се способни да се организираат во сè пораспространетите мултиорганизациски мрежи. Ова значи дека денес конфликтите повеќе можат да се водат „мрежно“, отколку „хиерархиски“.[546]

Главните трансформации на конфликтите произлегуваат од природата на противниците, од видот закана што тие можат да ја претставуваат и од начинот на кој може да се водат конфликтите. Заканите

---

[545] Lind, W.S., Understanding Fourth Generation War, *Military Review*, September-October 2004, No. 5, стр. 12-16.

[546] Andrew Hoskins, Ben O'Loughlin, War and Media, Polity Press, Malden, 2010, стр. 155.

што произлегуваат од информатичката ера се дифузни, дисперзирани, двосмислени, повеќедимензионално нелинеарни, за разлика од заканите во индустриската ера.[547]

Терминот мрежна војна се однесува на појавата на новите начини на водење на петта генерација конфликти (и криминал) на општествено ниво, пократки од традиционалните воени кампањи, во кои недржавните актери користат мрежна форма на организирање и поврзани доктрини, стратегии и технологии усогласени со денешната информатичката ера. Тие формираат дисперзирани организации, мали групи и поединци кои комуницираат, се координираат и ги спроведуваат своите кампањи преку интернет, без одредена централна команда. Мрежните војни се разликуваат од формалните, самостојни хиерархиски организации кои водат централизирани конфликти.[548]

Глобализација има огромен ефект врз способноста на терористичките и на криминалните организации да дејствуваат мрежно на глобално ниво. Негативните ефекти на глобализацијата продолжија да ја зголемуваат дискриминацијата на населението првенствено во центарот на Блискиот Исток, Африка и Азија. Ова обесправено население стана подложно на регрутирање, а нивните земји станаа центри за обука на мрежни терористи и криминалци, кои ги користат предностите на глобализацијата. Тие алатки го вклучуваат и интернетот, кој им овозможува безбеден начин на комуникација, технологија која им овозможува криминално-терористичко дејствување и порозна околина, која им дозволува да се движат низ светот неоткриени.[549] Во мрежните војни актерите постојано дивертираат по дисперзирани ќелии-јазли, преку кои споделуваат збир на идеи и интереси, дејствувајќи интегрирано на „повеќеканален“ начин. Во основа мрежите се делат на три типа (Слика 4).

_Линиска или синџир мрежа_, позната и како шверцерски синџир, каде што луѓето, стоката или информациите се движат во линија на одделни

[547] Amir Dhia, The Information Age and Diplomacy:An Emerging Strategic Vision in World Affairs, Universal-Publishers, Florida, 2006, стр. 247.
[548] John Arquilla, David Ronfeldt, Networks and Netwars: The Future of Terror, Crime, and Militancy, RAND, 2001, стр. 6.
[549] Gerhard Kümmel, Armed forces and conflict resolution: sociological perspectives, Emerald Group Publishing, Bingley, 2008, стр. 8.

контакти, а комуникацијата од крај до крај мора да се движи по средните ќелии.

*Ѕвезда или тркало мрежа*, се применува кај терористичките групи или картелите. Во оваа мрежа секоја ќелија дејствува самостојно, но врзано за една централна ќелија или актер, преку која се остварува комуникацијата и координацијата со другите. Во оваа мрежа нема хиерархиска подреденост.

*Повеќе канална или мрежна матрица*, мрежа на милитантно-терористичкокриминогени групи кои работат за слична кауза, каде што секоја ќелија е поврзана меѓусебно.[550]

**Слика 4: Три основни видови мрежи**



Линиска Ѕвезда Повеќеканална

Извор: Arquilla J., Ronfeldt D., *The Advent Of Netwar*, RAND, 2006

Секоја од овие видови мрежи се применува во различни услови и со различна цел, а сите меѓусебно може да се најдат поврзани во мрежна војна. На пример: линиска мрежа на шверцерски операции која поминува во центарот на мрежата на терористичко-криминалните синдикати, поврзана со повеќе канална мрежа на милитантни групи што се високодецентрализирани.

Високиот степен на флексибилност и реконструкција, својствен за мрежната структура е предизвик за одржување на нејзината ефикасност. Џон Аргила и Давид Ронфилд идентификуваат четири области кои влијаат на силата на мрежата:

- ⇨ Организација: За каков вид мрежа се работи и до кој степен се вмрежени актерите?

[550] John Arquilla, David Ronfeldt, Networks and Netwars: The Future of Terror, Crime, and Militancy, RAND, 2001, стр. 8.

⇨ Доктрина: Што ги мотивира за користење мрежна форма, што ги спречува да се распаднат и како организацијата функционира без централно раководство?

⇨ Технологија: Која комуникациска технологија се употребува и како?

⇨ Социјални врски: Колкава меѓучовечка доверба постои во рамките на мрежата?

Со одговор на овие прашања се одредува силата на мрежната организација и на актерите во неа, дали доктрината ја одржува мрежата и ги насочува и ги води своите членови, колку ефикасно се користи технологијата за одржување на мрежата и колкава е меѓучовечката доверба помеѓу ќелиите во мрежата. Мрежи со или без лидери, можат да ја одржат координацијата преку комбинација на моќни доктрини, идеологии, заеднички верувања или заеднички интереси. Ова им овозможува на сите членови на мрежата да ја задржат заедничката цел и покрај личната и групна автономија. Со други зборови, сето ова им обезбедува „концепционална, стратегиска и оперативна централна позиција, што им овозможува тактичка децентрализација.“[551]

Настаните од 11 Септември се совршен пример за овој тренд. Деветнаесет муслимански фундаменталистички терористи од шест земји, во период од три години, допатувале во САД поради образование, туризам, обука за работа и слично. Односно го одбрале најлесниот начин за влез во земјата. Во САД тие ја користеле постојната инфраструктура (интернет и телефонскиот систем), со цел промовирање и споделување на идеите и на знаењата со спонзорите на тероризмот, како што се Пакистан, Саудиска Арабија, Јемен и Авганистан.[552] Исто така, ја употребиле и следната алатка на глобализацијата: воздушниот транспортен систем на САД, кој беше искористен за напад на американскиот симбол на економска и културна моќ, Кулите близначки на Светскиот трговски центар во Њујорк.

[551] Iftekhar Ahmed Chowdhury, Tackling Battlefield Asymmetries: Changing Tactics in Emerging Insurgencies, ISAS Insights, No. 72 – Date: 18 June 2009, стр. 2.

[552] Pavel Necas, Beyond tradition: New alliance strategic concept, NATO defense college, Rome, 2004, стр. 20.

Мрежата била мала, а киднаперите на авиони биле на сосема различни дестинации еден од друг. Многу членови на ќелиите биле далеку од хоризонтот на опсервација едни од други, дури и оние што биле на исти летови биле оддалечени најмалку два чекора едни од други. Одржувањето на дистанца помеѓу членовите од нивната, а и од други ќелии, превентивно ја минимизира штетата што би можела да ѝ се нанесе на мрежата, ако некој член од ќелијата е заробен или на некој друг начин компромитиран. Бин Ладен оваа стратегија на мрежната форма на дејствување ја опишал на видеолентата која беше пронајдена во едно од неговите засолништа во Авганистан. При превод на снимките Бин Ладен споменува:

*„Оние што беа обучени за летање, не ги познаваа другите. Едната група луѓе не ја познаваше другата група.“*[553]

Како оваа тајна мрежа ги постигнала своите цели? Преку разумна употреба на телекомуникациска опрема, остварување на контакти и размена на информации со кратки прекини на линиите. За состанок бил сметан остварен контакт со одредени далечни ќелии од мрежата и извршената координација за реализирање на задачите. По остварената координација централните ќелии мируваат сè до наредната потреба за координирање на активностите. Еден од документираните контакти во мрежата се одржал во Лас Вегас – лицата поврзани со жолти линии на Слика 5.[554]

---

[553] PBS NewsHour, Osama Bin Laden Video Tape, Dec. 13, 2001, достапно на http://www.pbs.org/newshour/bb/terrorism/july-dec01/video_12-13a.html датум на пристапување 21.07.2011 година

[554] Evan Thomas, Cracking The Terror Code, The Newsweek, October 15, 2001.

**Слика 5: Мрежна матрица на терористичките ќелии на Ал Каеда од нападите на 11 Септември**




*Извор: Valdis E. Krebs, Mapping Networks of Terrorist Cells, INSNA, 2002,*

Жолтите линии претставуваат привремени скратени контакти помеѓу ќелиите, со цел подобра соработка и координација. Овие кратенки го скратиле патот на информациите во мрежата за повеќе од 40%. Терористите биле во постојана борба за зачувување на тајноста на мрежата и нејзино активно користење за постигнување на целите. Тие не работеле сами. Соучесниците им помагале во изведување на целата операција, им обезбедувале финансиска поддршка и потребните вештини и знаења за извршување на нападот.

**Слика 6: Терористичка соработничка мрежа**




***Извор: Valdis E. Krebs, Mapping Networks of Terrorist Cells, INSNA, 2002.***

Еден месец по настанот, според истрагата, лидер на овој заговор бил Мохамет Ата[555] (потврдено и од страна на Бин Ладен на неговите видео ленти).[556] Се наметнува големо прашање: Зошто нападите не биле предвидени и спречени? Секој би очекувал разузнавачката заедница да ја

[555] The Hamburg connection, BBC News, Friday, 19 August 2005, достапно на http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/2349195.stm датум на пристапување 24.07.2011 година

[556] Department of Defense, TRANSCRIPT OF USAMA BIN LADEN VIDEO TAPE, December 13, 2001. стр. 5

разоткрие оваа терористичко-криминална мрежа и да ги спречи нивните дејствувања пред тие да бидат извршени.

Тајните мрежи како што се криминалните, нарко, измамничките, шверцерските, мрежите за трговија со луѓе и терористичките мрежи, не се однесуваат како нормалните социјални мрежи. Тие „тргуваат" ефикасно во тајност. Со текот на времето овие тајни мрежи ги споделуваат некои од карактеристиките на конвенционалните мрежи, а тајно извршуваат нелегални активности, па затоа е потешко да се идентификуваат. Терористичките мрежи често ја користат мрежната форма на поединец-соработник од една ќелија, со поединец од друга ќелија, за заеднички да извршат одредена акција.[557]

Тие не формираат многу нови силни врски надвор од мрежата, а многу често дури и ги минимизираат внатрешните активности помеѓу ќелиите. Силните врски во ќелиите најчесто се изградени во текот на годините во училиштата и во камповите за обука. Сепак, за разлика од нормалните социјални мрежи, овие силни врски најчесто се заспани, а притоа и прикриени. Тие се активираат само кога е апсолутно неопходно. Слаби врски помеѓу членовите на ќелиите и одредени надворешни контакти речиси не постојат. Тие ретко комуницираат со странци и со непознати лица, а избегнувањето на остварување надворешни контакти ја намалува видливоста на мрежата и шансите за нејзино откривање.[558]

Терористичката мрежа имала прикриена сила што се темелела на голем број доверливи контакти. Силните врски засновани уште од школските денови, преку сродство, обука и борби во Авганистан, ја направиле оваа мрежа флексибилна и отпорна. Овие силни врски ја докажаа својата сила со нивното воспоставување во САД. Тие многу ретко биле активни, само во моментите на планирање и координација. Всушност, тие биле невидливи за време на целиот нивен престој во Америка. Овие силни конекции помеѓу ќелиите и претходно стекнатиот доверлив однос, направи терористичката мрежа да биде невидлива и издржлива.

---

557 Krebs, V. E., Mapping networks of terrorist cells. Connections 24(3), 2001, стр. 43-52.
558 Brian Joseph Reed, FORMALIZING THE INFORMAL: A NETWORK ANALYSIS OF AN INSURGENCY, Faculty of the Graduate School of the University of Maryland, 2006, стр. 28.

Денес многу научници кои ги истражуваат терористите, криминалците и бунтовниците, ги набљудуваат како групи организирани во мрежи. Кога се разгледува моменталната глобална војна против тероризмот (специјалните операции кои се водат во Авганистан), може да се заклучи дека сегашната форма на војување го фаворизира подемот на мрежни форми на организација. Голем предизвик е справување со тероризмот во традиционално вмрежено општество.[559] Аналитичкиот пристап кон мрежната војна, овозможува подетално разбирање на тоа во каква мрежа се базирани „непријателските“ системи, притоа откривајќи ја нивната поврзаност.

Системските непријатели, не само терористите на Ал Каеда и нивните приврзаници, туку исто така и етнонационалистичките борци на места како Чеченија, Шри Ланка, криминалистичките групи во Колумбија и Русија, уличните банди и анархисти од Лос Анџелес до Лондон, добија сила од она што тие го исполнија преку петте нивоа на теорија и практика:

- ⇨ организациско ниво – нивната системски организирана структура;
- ⇨ научно ниво – тимски стратегии и методи, како целини;
- ⇨ технолошко ниво – нивниот информатички систем;
- ⇨ социјалните ниво – меѓучовечки односи кои обезбедуваат лојалност и доверба;
- ⇨ раскажувачко ниво – приказната што ја раскажуваат себе си и на другите;[560]

Моќта на оваа недржавна петта генерација асиметрични непријатели, зависи од нејзиното координирано дејствување на сите нивоа. Доколку мрежата се состои од одлично дефинирана тактика со победничка приказна, преку цврсти социјални и лични контакти поткрепени со најнови технолошки комуникациски системи, таа ќе биде непобедлива. Класичен пример е извојуваната битка од страна на Ал Каеда против САД на 11 Септември.

---

[559] William McCallister, Anatomy of a Tribal Rebellion, SMALL WARS JOURNAL, March, 2005. достапно на http://smallwarsjournal.com/blog/2007/08/print/30-august-anatomy-of-a-tribal/ датум на пристапување 24.07.2011 година

[560] Роберт Џ. Бункер, Не – државни закани и идни војни, НАМПРЕС, 2009, стр. xv

Серијата координирани напади од 11 Септември докажа пред светот дека глобализација им ја зголеми способноста на терористичките организации и на другите недржавни актери, за проектирање на моќта во глобалната животна средина.

Може да заклучиме дека најголемите безбедносни предизвици денес, а и во иднина, ќе доаѓаат од пропаднати држави и од нарушена регионална безбедност, што ќе има последици во сиот свет, и од порастот на тероризмот којшто цвета во областите каде што недостасува политичка контрола. Суштината на денешното војување е асиметријата. „Непријателот" се приспособува кон неконвенционални стратегии како бунтови и терористички напади. Денешниот „непријател" од петтата генерација, во современите конфликти е мрежно базиран, флексибилен и транснационален во опсег, овозможен од страна на современата модерна технологија.[561]

[561] *National Strategy for Combating Terrorism* (Washington, DC: Executive Office of the President, February 2003), стр. 8.

## 7. ЗАКЛУЧОК

Во оваа докторска дисертација преку примерот на САД во војната со Авганистан докажавме дека асиметричните закани не можат да се сузбијат со конвенционални средства и тактики, а тоа придонесе за трансформација на суштината и на водењето на војната, односно за трансформација и реорганизација на борбените стратегии и способности на воените сили, како на државните така и на силите на воените алијанси. Во оваа докторска дисертација главната хипотезата беше тестирана на случајот Авганистан, но, сепак, тврдењето е апликативно на неодреден број случаи кои во одредени сегменти беа компаративно опфатени (Ирак, Чеченија, Сомалија), иако сè до нападите од 11 Септември и војната во Авганистан само одредени поединци пробуваа да ја оспорат максимата на Клаузевиц за светото тројство.

Со последиците од нападите на 11 Септември, научниците, аналитичарите и политичките експерти, настанот го протолкуваа како војна. И всушност стануваше збор за војна. САД и објавија војна на Авганистан, иако всушност главната цел беше Ал Каеда. Па тука веднаш мора да се постави прашањето: Каков вид војна е тоа? Ал Каеда не е држава, туку недржавен актер. Многумина ја посочуваат Ал Каеда како транснационална терористичка организација. Може ли ваква недржавна вооружена група да војува против најголемата воена светска сила. Каков вид воени дејства би можела таа да спроведе?

За краток период по првичните напади, Владата на САД ја опиша глобалната постконфликтна животна средина како околина во која САД треба да се подготват за војна против неконвенционални и асиметрични непријатели, кои претставуваат голема, дури и стратегиска закана за нивната национална безбедноста. Тоа беше пресвртот кога САД објавија глобална војна против тероризмот, односно ѝ објавија војна на Ал Каеда, на нејзините ограноци и ќелии, кои веќе беа дисперзирани низ светот. Но и овој термин доволно добро не го опишуваше новиот тип војна, па во 2005 година американската администрација започна да го користи терминот глобална борба против насилниот екстремизам – „долга војна“.

Многу очекувано проникнаа и нови прашања: Како да се разберат тие што ја практикуваат оваа долга војна? Кои се нивните цели и каков вид стратегија и тактика користат за да ја извојуваат нивната борба? Кои се тие и каков вид војна водат? Дали се промени суштината на војната? Сите овие прашања го дадоа одговорот на главната хипотеза на овој труд.

Со промените во војувањето во XXI век, теориите на Карл фон Клаусевиц се деградирани од страна на многу теоретичари и стратези. Според нив, во современото војување и со појавата на Ал Каеда, теориите на Клаузевиц се неприменливи. Меѓутоа, ако ги тестираме теориите за војната во конфликтите на XXI век, ќе заклучиме дека теориите на Клаузевиц за светото тројство и центарот на гравитација и во денешно време, време на четврта генерација на војни – 4ГВ, се корисни.

Овие теории од аспект на глобалните џихадисти ги детектираа слабите точки на западните сојузници во борбата против тероризмот. Според светото тројство и центарот на гравитација на Клаузевиц, војната е парадоксално тројство, сочинето од власт (владата на една држава), армијата и народот. Државата мора да балансира помеѓу овие три ентитети за да може успешно да војува. Овие три варијабли се заемно зависни и секое ослабување на една од нив, негативно би влијаела и врз другите. Во оваа докторска дисертација преку тестирање на помошните хипотези врз случајот Авганистан го добивме следното:

***<u>Влада</u>***

Во случајот со САД, првиот елемент од тројството – владата претрпе удар од страна на Ал Каеда, односно беа откриени и искористени нејзините најранливи слаби точки. За да остане на власт, која било влада мора да демонстрира способност да ги заштити сопствените граѓаните. Во случајот со САД, најмоќната светска воена сила, Ал Каеда успеа на нивна територија да им зададе огромен удар. Причина поради која Владата на САД мораше да демонстрира способност да ги заштити своите граѓани како дома, така и во странство. Ако САД не преземеа ништо, американските граѓани ќе почувствуваа дека нивната влада не е способна да ги заштити и тие ќе ја изгубеа довербата во неа и американското тројство ќе се распаднеше. Поради оваа каузална врска, САД мораа да преземат нешто. Ал Каеда и

пред 11 Септември имаше бројни обиди да ја промовира перцепцијата за САД дека се неспособни да ја исполнат оваа должност, но со нападите од 11 Септември успешно беше докажана ранливоста на Владата на САД. Овие напади ја засрамија и ја понижија американската администрација, а Ал Каеда успешно ја испромовира идејата дека САД се неспособни да им гарантираат безбедност на сопствените граѓани во границите на нивната држава. Во прв момент, посакуваниот ефект на Ал Каеда сепак не беше постигнат, бидејќи првично граѓаните се обединија и ја зголемија поддршката кон Владата, со што го засилија тројството. Меѓутоа поддршката од граѓаните за владините акции во борбата против тероризмот, од 2001 година до денес, бележат постојан пад. Спроведените анкети ја покажуваат недовербата на граѓаните кон Владата во спроведување на нејзината политика.

Од друга страна, политика на САД за промоција на демократијата низ светот: Ал Каеда ја користи за предизвикување страв кај муслиманскиот свет, ширејќи пропаганда дека САД сакаат да ја наметнат својата сопствена култура, вредности и морален систем врз нив со цел да ги конвертираат во мини – Американци. Ваквата перцепција за САД ги подгрева страстите на глобалните џихад групи и претставува добра основа за напад на нејзините владини политики.

Третата област во која е искористена слабоста на владината политика на САД, е нејзината ранливост во поглед на нејзината зависност од меѓународна поддршка и коалициски партнери во борбата против тероризмот и нивното присуство во Авганистан. Иако САД се способни да војуваат сами, во нивна корист е да ја придобијат поддршката од меѓународната заедница. Без поддршка од коалициските партнери, САД би имале огромни потешкотии за изведување операции во овој регион. Досега, од 2001 година и формирање на коалицијата во Авганистан, истата ја напуштиле повеќе од 10 земји, а во тек е и дополнително повлекување на силите на чело со САД. Ако е ова вака, тогаш според теоријата на Клаузевиц за светото тројство едниот сегмент битен за победа е видно ослабено.

***Армија***

Воените слабости на војската на САД, НАТО и нивните сојузници, се одлично идентификувани од страна на глобалните џихад групи. Овие воени сили се обучени, организирани и опремени за водење големи конвенционални битки. Цели педесет години се подготвуваа за таква војна против Советскиот Сојуз. Кога Советскиот Сојуз повеќе не претставуваше воена закана, САД и нивните сојузници ја искористија мировната дивиденда и го намалија бројот на своите сили. Притоа, тие не се адаптираа, ниту пак се приспособија на новите противници од четвртата генерација, а не посветија ни малку внимание на зголемената моќ на недржавните актери. Американскиот секретар за одбрана, Доналд Рамсфелд, направи реорганизација на војската. Целта беше да се направи помала и покомпактна смртоносна сила. Оваа сила требаше да се справи и да ги порази новата генерација асиметричните закани. Меѓутоа, ова намалување на силите се докажа како голема слабост на војската на САД во војната во Ирак и во Авганистан. Од друга страна, способноста на Ал Каеда да се дисперзира низ светот и да се приспособи на условите, ја наведе американската влада да ги раздели сопствените сили и капацитети (разузнавачки, противтерористички и противбунтовнички операции), насочувајќи ги и во други региони, истовремено не дозволувајќи им на САД да ги зацврстат позициите во Ирак и во Авганистан. Ваквата стратегија на Ал Каеда ги наведе САД да ги насочат своите ресурси до максимална горна граница за водење ограничена војна. Но, иако се очекуваше дека огромните финансиски средства што САД ги наменуваа за водење на војните во Авганистан и во Ирак ќе ја донесат победата над Ал Каеда и тероризмот, сепак резултатот засега е поразителен. Како и сите големи империи низ историјата (Римското Царство, Царството на Монголците, Античка Македонија) кога балонот на војување премногу се растегнувал, на крајот се распукувал и империите пропаѓале. Во XXI век, во којшто покрај воениот фактор, силно влијание за моќта на државата имаат и економскиот и технолошкиот фактор, не можеме да имаме вакви очекувања, но досегашната стратегија на САД за справување со асиметричните закани можно е да доведе до намалување на американската воена моќ, која би се

рефлектирала врз губење и ерозија на поддршката од јавноста во однос на војната против тероризмот.

***Народот***

Најподложен елемент и најранлива точка во тројството на САД е американскиот народ, односно човечката ранливост. Овој елемент од тројството е најподложен на надворешно влијание, лесно манипулиран преку весници и телевизиски известувања, кои можат да бидат со позитивен или негативен карактер. Добро координирана информативна оперативна кампања може многу лесно да рашири дезинформација и да ја збуни американската јавност во врска со тоа што е точно, а што не е. Ал Каеда има изведено екстремно ефективна кампања што ја промовира перцепцијата на САД за окупатор и истовремено за губитник во војните во Ирак и во Авганистан. Ал Каеда ја користи секоја можност за најмал тактички успех насекаде низ светот, преку употреба на интернетот, весниците и телевизијата. Американската јавност е склона да верува во тоа што ќе го види на телевизија или ќе го прочита во весниците, што им отвара сомнеж дали САД се навистина победници во војната во Авганистан. Ова ја намалува силата на тројството. Во очите на американска јавност трошоците од војните во Ирак и во Авганистан не можат да се компензираат со (не)успехот во истите, со што е зголемен притисокот врз Владата за менување на политиката. Ова е многу добро искористено од Ал Каеда, која постојано прави напори да ги убеди Американците дека нивната власт залудно троши пари од државните резерви, човечки животи и материјални средства во борбата против тероризмот. По објавувањето на фатвата на Осама бин Ладен во 1998 година, Ал Каеда почнува да постапува според оваа директива под превезот на Светскиот исламистички фронт. Оттогаш па до денес во континуитет терористичките напади низ светот не стивнуваат, туку напротив се зголемуваат. Овие терористички напади кои секојдневно се случуваат и причинуваат голем број жртви, полека ама сигурно негативно влијаат врз поддршката од јавноста за присуството на САД и на нивните сојузници во воените зони во светот.

***<u>Центар на гравитација</u>***

Според Клаузевиц секоја нација или држава има свој извор на моќ кој претставува столб од кој зависи сè. Тој тврди дека овој извор на моќ е центар на гравитација на една држава. Кога би се идентификувал изворот на моќ на една држава, нејзиниот непријател би требало да се фокусира со сите сили да го уништи тој извор на моќ по што би ја поразил. Ако САД многу тешко можат да го одредат центарот на гравитација на Ал Каеда, таа прецизно го има утврдено центарот на гравитација на САД. Тоа е волјата на американскиот народ и притисокот врз него за непопуларната и непродуктивна американска вмешаност во конфликти. Со испитување на минатите конфликти, можеме да откриеме дека поради волјата на народот САД во неколку наврати крахираа во исполнување на националните цели. Конфликтите во Виетнам, во Сомалија даваат одличен пример како волјата на народот може да го смени курсот на конфликтот и да доведе до неуспех во спроведување на нивните цели (види стр.130).

Ова се ранливите точки од тројството на САД од гледна точка на нивниот непријателот во случајот Авганистан. Преку елаборација на трите сегменти од тројството може да се види дека волјата на народот е центарот на гравитација и најранливата точка на САД. Теоријата за светото тројство на Клаузевиц е апликативна и за сојузниците на САД во војната против асиметричните закани. Како во случајот со САД, така и во случаите со другите сојузнички држави центарот на гравитација е волјата на народот. Односно кога станува збор за демократски општества во кои изборите ги менуваат владите и гарнитурите, несомнено е дека волјата на народот е центарот на гравитација.

Ако ја аплицираме теоријата на Клаузевиц, на другата завојувана страна ќе го добиеме следново. Војната во Авганистан која започна пред 11 години имаше за цел да ја уништи Ал Каеда – која претставуваше центар на гравитација на авганистанското тројство, составено од талибанската влада, авганистанската војска и силната поддршка од авганистанското население. Концептот на САД беше да ја срушат постојната и да воспостави нова „стабилна влада“ во земјата, без разлика дали Ал Каеда ќе се регенерира во друга држава – Пакистан. Значи, уште на почетокот САД направија грешка

бидејќи, според Клаузевиц, „центарот на гравитација“ на конфликтот ја промени својата локација од Авганистан во Пакистан, а САД останаа фокусиран на Авганистан. Од политички причини САД не можеа да водат војна против Ал Каеда во Пакистан, бидејќи „војната постои и се води во рамките на една држава“.

По ова САД се решија на воздушни напади против Ал Каеда во Пакистан, кои резултираа со убиство на неколку споредни лидери на Ал Каеда, што предизвика револт кај населението и дестабилизација на владите во Авганистан и во Пакистан. И тогаш во 2003 година САД донесоа фатална одлука, која целосно им го смени курсот. Според нивните безбедносни процени, центарот на гравитација на нивниот непријател, од Авганистан и од Пакистан се пресели во Ирак. Од ова е многу јасно дека стратезите на САД имале големи нејасности околу водењето на војната, а со тоа го изгубиле и „стратегискиот интензитет“ во Авганистан.(види стр.254)

Тогаш САД се обидоа во Авганистан по своја мерка да ги формираат трите елементи од светото тројство на Клаузевиц. Тие формираа нова авганистанска влада и создадоа нова авганистанска национална армија (АНА), убедени дека вака ќе успеат да го одржат редот и стабилноста во земјата. Меѓутоа третиот и клучен елемент од тројството – народот, не можеа да го заменат со нов. Тука колабрираше стратегијата на САД во Авганистан и настапи промена и трансформација на војната. Наместо да пристапат кон изградба на нацијата, САД беа фокусирани само на стекнување тактички победи на теренот, вршејќи упади со употреба на мали единици. Резултатот на оваа стратегија беше оддалечување на коалициските сили од авганистанскиот народ. Голема грешка беше несфаќањето на причините за појава на локални бунтови. Тие не биле мотивирани од идеологијата, туку од недостаток на безбедност и економска стабилност, ривалства помеѓу племињата, изнудување и согледувањата за корупција во новата влада, која не била во состојба да ја извршува должноста и да им обезбеди безбеден живот. Појавата на внатрешните конфликти и бунтови во Авганистан можеме слободно да ги дефинираме како колапс на државата. Повеќе во Авганистан не се знае кој е противникот. Светото тројство и теориите на Клаузевиц во случајот со Ал Каеда како непријател на САД не

се апликативни, а рамнотежата помеѓу компонентите на тројството во Авганистан е неповратно нарушена.

Во Авганистан се разгоре „нов тип“ војна што се разликува од претходните (војните на Клаузевиц) во однос на нивните цели, методи и извори на финансирање. Овој конфликт покажа дека постои разлика помеѓу војната, организираниот криминал и големите повреди на човековите права. Овие случувања јасно ја покажуваа ерозијата на монополот на Вестфалската држава врз легитимно организирано насилство. Од овој момент противникот на САД не била државата – според повеќето критериуми. Авганистан едноставно не е држава – туку две екстремно слободни организации, Талибанците и Ал Каеда. И покрај тоа што САД во Авганистан воспостави ја „нова држава“, други организации беа во прв план. Тоа беа племињата, религиозните групи, терористите, криминалните групи, бунтовниците или накусо недржавните актери. Тие ја водат војната во Авганистан на сосема различен начин од традиционалниот. Тие водат нетројна војна.

Во годините што следеа Ал Каеда се претвори во глобално дисперзирана и децентрализирана мрежно поврзана терористичка организација. Клучна улога во нејзиниот опстанок игра идеологијата. Управувана од визијата за остварување на нивната екстремистичка идеологија преку глобалната мрежа на муслимански училишта, се регрутираат потенцијалните терористи. Глобализацијата и унапредувањето на комуникациските технологии ѝ овозможија транснационално вмрежување и коалиции со криминалните организации од мултиетнички состав. Револуцијата на Ал Каеда и коалициите со другите џихад групи на сите континенти во светот одиграа клучна улога и раѓање на Ал Каеда здружено движење – (AQAM). Овие мрежи на регионални ограноци и ќелии, создадоа масовна база на поддршка, вкрстувајќи ги патиштата со транснационалните криминални групи поради една заедничка цел - финансирање на нивните активности. Следеа терористичките напади на Бали, во Лондон, во Мадрид, а по нив и масовни апсења на сите континенти. Тоа беше обид за дестабилизирањето на врските помеѓу транснационалниот криминал и тероризмот, што се покажа како невозможен, бидејќи

креаторите на политиките во светот продолжуваат да размислуваат за терористичко криминалните мрежи, низ призма на традиционалните конвенционални воени методи за справување со овие закани. Овие нови начини на мрежно криминално-терористичко организирање, приспособени со најновите технолошки достигнувања во информатиката, денес во целост ја смении природата на конфликтот во целиот негов спектар, што значи дека денес војните се водат мрежно, а не конвенционално хиерархиски.

Врз основа на оваа анализа, доаѓаме до одговорот на главната и на помошните хипотези кои беа цел на истражување во оваа докторска дисертација. Во случајот со Авганистан докажавме дека војувањето против асиметричните закани со конвенционални средства и тактики е невозможно. Тоа нè наведува кон заклучок дека овој голем спектар на дијаметрално различни противници, на оперативно и на тактичко ниво доведе до промена и трансформација во пристапот и во суштината на војувањето во XXI век.

Транснационалните мрежно поврзаните криминално терористички структури и појавата на современите мрежни безбедносни закани кои сè повеќе се дифузни, дисперзирани, повеќедимензионално нелинеарни и двосмислени, и коишто се причина за трансформација на суштината на војните и појавата на мрежна војна. Глобалните криминално-терористички организации преку своите заштитени мрежни јазли ги планираат и ги спроведуваат своите операции, обезбедуваат ресурси за нив, за потоа едноставно да се апсорбираат назад во глобалната безбедна околина. Ова докажува дека моќта мигрира кон недржавните актери, кои се способни да се организираат во мултинационални мрежи, во кои сите се цврсто поврзани со јазли, многу постабилно и посигурно отколку традиционалните, хиерархиски државни актери.

Сите овие фактори заедно претставуваат причина за справување со еден нов вид асиметричен непријател, на еден неконвенционален начин, преку водење една долга асиметрична војна, војна која доколку ја добиеме, ќе ја спречи глобалната исламска бунтовничка кампања (види стр. 245) да прерасне во тотална војна помеѓу цивилизации.

Новите глобални закани што се стремат да го соборат постојниот светски поредок и да формираат глобална исламистичка држава бараат

повторна концептуализација на војната на глобално, на регионално и на локално ниво. Преку стратегија на дезинтеграција, глобалната противбунтовничка борба во иднина треба да се фокусира на:

- ⇨ напад врз линковите на сложените џихад мрежи и попречување на нивна ефикасна работа;
- ⇨ прекинување на транснационалните врски помеѓу исламските џихад групи во рамките на глобалниот бунт;
- ⇨ попречување на можностите за поврзување помеѓу глобалните, регионалните и локалните недржавни актери;
- ⇨ спречување проток на информации, персонал, финансии и технологија (вклучувајќи и ОМУ) регионално и глобално, во рамките на глобалното џихад движење;
- ⇨ спречување на создавање на безбедни области вклучувајќи ги и пропаднатите држави и државите кои го поддржуваат тероризмот во рамките на дејствувањето на глобалниот џихад;
- ⇨ изолирање на исламистите од локалното население, преку специфични мерки и водење на противисламистичка пропаганда;
- ⇨ попречување излез и дисперзирање на џихад движењето (пари, информации, персонал) од изворот на исламизмот-Блискиот Исток низ светот.

Овој приод на расчленета стратегија за справување со новиот асиметричен непријател, подразбира преземање на различни активности, на различни континенти во различно време. Оваа стратегија ќе овозможи прекинувањс на врските помеѓу регионалните и глобалните недржавни актери и ќе ги наруши линковите со локалните џихад движења. Преку една серија преземени противбунтовнички мерки во различни региони низ светот ќе се попречат глобалните врски, ќе се изолираат регионалните џихад движења, а преку зајакната локална власт и подобрена безбедносна рамка на државно ниво ќе се сузбие заканата од исламскиот тероризам.

На крајот и глобалниот џихад има свои недостатоци. Тој не може да му понуди на муслиманскиот свет безбедност, просперитет и социјална правда, како што може да понуди добро управување на ниво на нација-држава. Затоа борбата против глобалното џихад движење ќе биде

долга војна со големи предизвици, војна во која треба да се трансформира пристапот од класичното бунтовништво и борбата против терористичките методи во пристап кон борба против идеолошкиот глобален панбунт.

## 8. БИБЛИОГРАФИЈА

### 8.1. Книги


1. Akpinarli, Neyire, The fragility of the 'failed state' paradigm, BRILL, Leiden, 2009
2. Alberts, David, Garstka, John, Stein, Frederick, *Network Centric Warfare*, Library of Congress, Washington, D.C, 2000
3. Amstutz, J. Bruce, *Afghanistan: The First Five Years of Soviet Occupation*, DIANE Publishing, Washinton, 1994
4. Anthony, H., *Afghanistan: The Failed Metrics of Ten Years of War*, Center for Strategic and International Studies, Washington, 2012
5. Arnold, Anthony, Afghanistan, the Soviet invasion in perspective, Hoover Press, Noida, 1985
6. Art, J. Robert, Richardson, Louise, *Democracy and counterterrorism: lessons from the the past*, US Institute of Peace Press, Washington, 2007
7. Aron, David, *Three years after: next steps in the War on Terror*, Rand Corporation, Santa Monica, 2005
8. Asthana, N. C., *Urban Terrorism : Myths And Realities*, Pointer Publishers, Jaipur, 2009
9. Asthana, N. C.,Nirmal, A., *Urban Terrorism : Myths And Realities*, Pointer Publishers, Jaipur, 2009
10. Aytaç, Osman, Mustafa, Kibaroğlu, *Defence Against Weapons of Mass Destruction Terrorism*, IOS Press, Amsterdam, 2009
11. Barker, J. Craig,*The protection of diplomatic personnel*,Ashgate Publishing, Ltd., Burlington, 2006
12. Ballentine, Karen, Sherman, Jake, The Political Economy of Armed Conflict: *Beyond Greed and Grievance,* Lynne Rienner Publishers, Colorado, 2003
13. Bennett, Bruce, Twomey, Christopher, Treverton, Gregory, *What Are Asymmetric Strategies?,* Santa Monica, CA: Rand Corporation, 1998
14. Bergen, Peter, The Osama Bin Laden I Know: An Oral History of Al Qaeda's Leader, New York: Free Press, 2006
15. Booth, Ken, *Theory of World Security*, Cambridge University Press, Cambridge, 2007
16. Bullock, Jane, Haddow, George, Coppola, Damon, Introduction to Homeland Security: Principles of All-Hazards Risk Management, Elsevier, Waltham, 2012
17. Carlisle, Rodney, *Afghanistan War*, Chelsea House, New York, 2010
18. Cawthra, Gavin, Luckham, Robin, Governing insecurity: democratic control of military and security, Zed Books, London, 2003
19. Clausewitz, Carl von, *On War*, Princeton, New Jork, 1976
20. Coll, Steve, *Ghost Wars*, Penguin, New York, 2004
21. Cooley, John K., Unholy wars: Afghanistan, America and international terrorism, Pluto Press, London, 2002
22. Coolsaet, Rik, *Jihadi Terrorism and the Radicalisation Challenge*: European and American Experiences, Ashgate Publishing, Burlington, 2011
23. Cordesman, H. Anthony, *The challenge of biological terrorism*, Center for Strategic and International Studies, Washington D.C., 2005

24. Davis, James, Fortune's Warriors: Private Armies and the New World Order, Douglas & McIntyre, Vancouver, 2002
25. Dhia, Amir , *The Information Age and Diplomacy:An Emerging Strategic Vision in World Affairs*, Universal-Publishers, Florida, 2006
26. Dick, C. J., *Mujahideen Tactics in the Soviet-Afghan War*, The Conflict Studies Research Centre, Camberley, 2002
27. Dobbins, James, *After the Taliban: Nation-Building in Afghanistan*, Potomac Books, Washington, 2008
28. Elke, Krahmann, *States, citizens and the privatization of security*, Cambridge University Press, New York, 2010
29. Feifer, Gregory, *The Great Gamble*, HarperCollins Publishers Ltd., London, 2010
30. Forest, James, *The Making of a Terrorist: Training*, Praeger Security International, Westport, 2006
31. Friedman, Norman, *Terrorism, Afghanistan, and America's new way of war*, Naval Institute Press, Annnapolis, 2003
32. Gagel, Andrew, Patterns in Terrorism in North Africa, the Middle East, Central Asia and South Asia: 2007-2010, Washington DC, 2011
33. Galula, David, *Counterinsurgency Warfare, Theory and Practice*, Praeger, New York, 1964
34. Garthoff, Raymond, The great transition: American-Soviet relations and the end of the Cold Wa“, Brookings Institution Press, Washington, 1994
35. Gingrich, Newt, Winning the future: a 21st Century Contract with America , Regnery Publishing, Washington, 2005
36. Gitlin, Martin, *Operation Desert Storm*, ABDO, Minnesota, 2009
37. Gleis, Joshua L., Withdrawing Under Fire: Lessons Learned from Islamist Insurgencies, Potomac Books, Dulles, 2011
38. Glenn, Russell, *Marching Under Darkening Skies*, Santa Monica, CA, 1998
39. Gunaratna, Rohan, *Inside Al Qaeda: Global Network of Terror*, Columbia University Press, New York 2002
40. Gurulé, Jimmy, Unfunding terror: the legal response to the financing of global terrorism, Edward Elgar Publishing, Cheltenham, 2008
41. Gus, Martin, Understanding Terrorism: Challenges, Perspectives, and Issues, London, 2009
42. Gutman, Roy, How we missed the story: Osama bin Laden, the Taliban, and the hijacking of Afghanistan,US Institute of Peace Press, Washington, 2008
43. Hammes, Thomas, The Sling and the Stone: On War in the 21st Century, Zenith Imprint,St. Paul, 2006
44. Hamoud, Randall, *Osama Bin Laden: America's Enemy in His Own Words*, San Deigo, CA: Nadeem Publishing, 2005
45. Hoskins Andrew, O'Loughlin Ben, *War and Media*, Polity Press, Malden, 2010
46. Hua, Shiping, *Islam and democratization in Asia*,Cambria Press, New York, 2009
47. Jenkins, B. Michael, *Al Qaeda After Bin Laden*, RAND Corporation, Santa Monica, 2011
48. Jenkins, B. Michael, John, P. Godges, *The Long Shadow of 9/11*, Rand Corporation, Santa Monica, 2011

49. Jenkins, B. Michael, Unconquerable nation: knowing our enemy, strengthening ourselves, Rand Corporation, Santa Monica, 2006
50. Jones, Seth G., *Counterinsurgency in Afghanistan*, Rand Corporation, Santa Monica, 2008
51. Kakar, M. Hassan, Kakar, Mohammed, *Afghanistan: The Soviet Invasion and the Afghan Response*, University of California Press, Los Angeles, 1997
52. Kalinovski, Artemi, Radchenko, Sergey, *The end of the Cold war and Third World*, Routledge, New York, 2011
53. Kalinovsky, Artemy, A Long Goodbye: The Soviet Withdrawal from Afghanistan, Harvard University Press, 2011
54. Katzman, Kenneth, Afghanistan: Post-Taliban Governance, Security, and U.S. Policy, DIANE Publishing, Darby, 2010
55. Kearns, Trevor Conan, Weber Jennifer, *Terrorism*, Infobase Publishing, New York, 2010
56. Keen, David, *Complex emergencies*, Polity, Cambridge, 2008
57. Kohlmann, Evan, Al-Qaida's jihad in Europe: the Afghan-Bosnian network, Berg, Oxhord, 2004
58. Kümmel, Gerhard, Armed forces and conflict resolution: sociological perspectives, Emerald Group Publishing, Bingley, 2008
59. Lambeth, Benjamin, Air power against terror: America's conduct of Operation Enduring Freedom, Rand Corporation, Santa Monica, 2005
60. Lansford, Tom, 9/11 and the Wars in Afghanistan and Iraq: A Chronology and Reference Guide, ABC-CLIO, Santa Barbara, 2011
61. Lawrence, Bruce, Messages to the world: the statements of Osama Bin Laden,Verso, London, 2005
62. Lennox, Gina, *Forged by war: Australians in combat and back home*, Melbourne Univ. Publishing, Victoria, 2005
63. Lutz, M. James, Lutz J. Brenda, *Global terrorism*, Routledge, London, 2008
64. Marston, Daniel, Malkasian, Carter, *Counterinsurgency in Modern Warfare*, Osprey Publishing, Oxford, 2010
65. Martin, John, *Defeating Terrorism: Strategic Issue Analyses*, DIANE Publishing, Darby, 2002
66. Martin, Gus, Understanding Terrorism: Challenges, Perspectives, and Issues, Sage Publications, London, 2007
67. McIvor, Anthony, *Rethinking the Principles of War*, Naval Institute Press, Annapolis, 2007
68. Mohmand, Abdul-Qayum, American foreign policy toward Afghanistan: 1919—2001, ProQuest, Utah, 2007
69. Mojica, Carlos, *America and The Will of God*, Xlibris Corporation, Bloomington, 2007
70. Murdico, Suzanne, *Osama Bin Laden*, The Rosen Publishing Group, New York, 2007
71. Nesser, Petter, Chronology of Jihadism in Western Europe 1994–2007: Planned, Prepared, and Executed Terrorist Attacks, Norwegian Defence Research Establishment, Kjeller, 2008
72. Neumann, R. Eldredge, Bruce, Riedel, *The Other War: Winning and Losing in Afghanistan*, Potomac Books, Washington, 2009
73. Pavlova, Elena, *Terrorism after September 11*, Marshall Cavendish International, Singapore, 2004

74. Pushies, Fred, Deadly Blue:Battle Stories of the U.S. Air Force Special Operations Command, AMACOM, New York, 2009
75. Radu, Michael, The New insurgencies: anticommunist guerrillas in the Third World, Transaction Publishers, New Jersey, 1990
76. Ranstorp, Magnus, Understanding Violent Radicalisation: Terrorist and Jihadist Movements in Europe,Taylor & Francis, New York, 2010
77. Rashid, Ahmed, Taliban: Militant Islam, Oil and Fundamentalism in Central Asia, New Haven, Yale, 2000
78. Reddy, L. R., *Inside Afghanistan: end of the Taliban era?*, APH Publishing, New Delhi, 2002
79. Reidel, Bruce, The Search for Al Qaeda: Its Leadership, Ideology, and Future, Brookings Institution, Washington DC, 2010
80. Riedel, Bruce, *The Search for Al Qaeda: Its Leadership, Ideology, and Future*, Brookings Institution Press, Washington, 2010
81. Saikal, Amin, Ravan, Farhadi A. G., Nourzhanov, Kirill, *Modern Afghanistan: A History of Struggle and Survival*, I.B.Tauris, London, 2006
82. Scheuer, Michael , *Through Our Enemies' Eyes: Osama Bin Laden, Radical Islam, and the Future of America*, Brassey, Virginia, 2002
83. Schindler John, Unholy terror: Bosnia, al-Qa'ida, and the rise of global jihad, Zenith Imprint, St. Paul, 2007
84. Schmitt, Michael, *The war in Afghanistan: a legal analysis*, Naval War College (U.S.), Government Printing Office, Washington, 2009
85. Schröfl, Josef, Pankratz, Thomas, Micewski R. Edwin, *Aspekte der Asymmetrie*, Baden-Baden, 2006
86. Scahill, Jeremy, Blackwater: the rise of the world's most powerful mercenary army, Avalon, New York, 2007
87. Seth, G. Jones, *Counterinsurgency in Afghanistan*, Rand Corporation, Santa Monica, 2008
88. Smil, Vaclav, Global Catastrophes and Trends: The Next Fifty Years, MIT Press, Cambridge, 2008
89. Spencer, C. Tucker, *The Encyclopedia of Middle East Wars Volume 1*, ABC-CLIO, Santa Barbara, 2010
90. Summers Harry, On Strategy: A Critical Analysis of the Vietnam War, Presidio Press, Novato, CA, 1982
91. Telleen, Paul, Princeton readings in Islamist thought: texts and contexts from al-Banna to Bin Laden, Princeton University Press, New Jersey, 2009
92. Thompson, Robert, *Revolutionary War in World Strategy 1945-1969*, Taplinger, New York, 1970.
93. Tian, Huat Tan Andrew, *A handbook of terrorism and insurgency in Southeast Asia*, Edward Elgar Publishing, Cheltenham, 2007
94. Tibi, Bassam, The challenge of fundamentalism: political Islam and the new world disorder, University of California Press, London, 2002
95. Towell, Pat, Daggett, Stephen, *FY2010 Defense Authorization and Appropriations*, The Capitol Net Inc, Alexandria, 2010
96. Tucker, Spencer, The Encyclopedia of Middle East Wars: The United States in the Persian Gulf, Afghanistan, and Iraq Conflicts, Volume 1, ABC-CLIO, Santa Barbara, 2010
97. Urban, Mark, *War in Afghanistan*, Palgrave MacMillan, London, 1990

98. Wiest, Andrew, Barbier, M. K., *Strategy and Tactics Infantry Warfare*, MBI Publishing Company, St. Paul, 2002
99. Wilkinson, Paul, Homeland Security in the UK: Future Preparedness for Terrorists Attack Since 9/11, Routledge, New York, 2007
100. Williams, Clois, Waltrip, Steven, *Aircrew security: a practical guide*, Ashgate Publishing, Burlington, 2004
101. Williams, Paul, *Security Studies*, Routledge, London, 2008
102. Williams, Paul, *Security Studies: An Introduction*, Taylor & Francis, New York, 2008
103. Winkler, Carol, I*n The Name Of Terrorism*: Presidents On Political Violence In The Post-world War II, Era SUNY Press, New York, 2006
104. Woodward, Bob, *Obama's wars*, Simon and Schuster, New York, 2010
105. Zanini, Michele, *Middle Eastern Terrorism and Netwar*, RAND, Santa Monica, 1999
106. Zilinskas, Raymond, *Biological Warfare: Modern Offense and Defense,* Boulder: Lynne Rienner Publishers, Colorado, 2001
107. Бејлис, Џон, *Стратегија во современиот свет,* НАМПРЕС, Скопје, 2009
108. Бункер, Роберт, *Не – државни закани и идни војни*, Нампрес, Скопје, 2009
109. Клаузевиц, Карл фон., *За војната*, МАГОР, Скопје, 2009
110. Котовчевски, М., *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје, 2003
111. Котовчевски, Митко, Национална безбедност на Република Македонија, Д.2, Скопје, 2000
112. Кронин, Курт, *Напад на Тероризмот*, НАМПЕС, Скопје, 2009
113. Хју, Питер, *Поим за глобална безбедност*, Табернакул, Скопје, 2009
114. Шалијан, Жерар., *Историја на тероризмот,* Табернакул, Скопје, 2009

**8.2. Документи**

1. 2011 Annual terrorism report, Center of Excellence Defence Against Terrorism (COE-DAT)
2. 9/11 Commission, Final Report of the National Commission on Terrorist Attacks Upon the United States, 2004
3. *Afghanistan's Narco War: Breaking the Link Between Drug Traffickers and Insurgents*,Senate Foreign Relations Committee, Committee Print, S.Prt. 111-29, 111th Congress, 1st Session, August 10, 2009
4. Central Intelligence Agency, Guide to the Analysis of Insurgency
5. Central Intelligence Agency, Long-term Global Demographic Trends: Reshaping the Geopolitical Landscape, Washington D.C., July 2001
6. Central Intelligence Agency, Statement of Work for Asymmetric Warfare Threats to US Interests: Expert Panel Support, Washington, D.C.: DIA, 1997
7. CRS Report RL32595, *Nuclear Terrorism: A Brief Review of Threats and Responses*, by Jonathan Medalia, September 22, 2004
8. CSIS, Tajikistan Report, *Russia and Eurasia Report*, Vol. 1, No. 3, March/April 2004

9. Department of Defense, *TRANSCRIPT OF USAMA BIN LADEN VIDEO TAPE*, December 13, 2001
10. Department of State, *Patterns of Global Terrorism 2000*, April 2001
11. Department of State, *Patterns of Global Terrorism 2001,* Washington, D.C.: Department of State, May 2002
12. Director of Central Intelligence, DCI Weapons Intelligence, Nonproliferation, and Arms Control Center, Unclassified Report to Congress on the Acquisition of Technology Relating to Weapons of MassDestruction and Advanced Conventional Munitions, Washington, D.C., January 2002
13. Director of Central Intelligence, Testimony before the Senate Select Committee on Intelligence, February 6, 2002
14. Hayden, Michael, CIA Director, *Director's Remarks at the Los Angeles World Affairs Council*, September 18, 2008
15. *National Strategy for Combating Terrorism,* Washington, DC: Executive Office of the President, February 2003
16. Obama, Barack, *Obama's Strategy for Afghanistan and Pakistan*, March 2009, Council on Foreign Relations
17. Public Law 104-201, Sept. 23, 1996
18. Quadrennial Defense Review Report, *QDR* (1997)
19. Report for Congress, *Terrorist Financing:The U.S. and International Response*, December 6, 2002
20. Security Council Committee pursuant to resolutions 1267 (1999) and 1989 (2011) concerning Al-Qaida and associated individuals and entities, QE.A.6.01. ARMED ISLAMIC GROUP
21. Statement by the Director of the Central Intelligence Agency David H. Petraeus to Congress on the Terrorist Threat Ten Years After 9/11, September 13, 2011
22. *Terrorist Financing*, Financial Action Task Force, February 29, 2008
23. TE-SAT 2011, EU TERRORISM SITUATION AND TREND REPORT, European Police Office, 2011
24. Testimony of Rensselaer Lee, Senior Fellow, Foreign Policy Research Institute, before the Subcommittee on Prevention of Nuclear and Biological Attacks, House Homeland Security Committee, September 22, 2005
25. The 9/11 Commission Report: Final Report of the National Commission on Terrorist Attacks
26. The National Security Strategy of the United States of America, Washington, D.C.: The White House, March 2006
27. The United Nations Convention Against Transnational Organized Crime
28. The White House, December 01, 2009, Remarks by the President in Address to the Nation on the Way Forward in Afghanistan and Pakistan
29. The White House, *Remarks by the President in Address to the Nation on the Way Forward in Afghanistan and Pakistan,* December 01, 2009
30. *Transnational Terrorism: The Threat to Australia*, Australian Government Department of Foreign Affairs and Trade, 2004
31. U.N. Security Council, *Security Council Resolution 1822*, June 30, 2008
32. U.S. Department of Defense, *Conduct of the Persian Gulf War, Final Report to Congress*, Washington, DC: U.S. Government Printing Office, April 1992
33. U.S. Department of Defense. *Quadrennial Defense Review Report.* September 30, 2001. Hereafter *QDR* (2001)

34. U.S. Department of Justice, Federal Bureau of Investigation, *Terrorism 2000/2002*
35. U.S. Government, National Money Laundering Strategy, 2007
36. U.S. Government, U.S. National Money Laundering Threat Assessment, 2005
37. UKDF Defence View points, *Afghanistan: monthly progress report November 2010*
38. UNDP, Afghanistan Annual Report, 2011, Protection of Civilians in Armed Conflict, January 2012
39. United Nations Office on Drugs and Crime, Addiction, crime and insurgency : the transnational threat of Afghan opium, United Nations Publications, Oct 30, 2009
40. United Nations Security Council Document 1154 Annex I – International Security Force, 2001
41. United Nations Security Council Resolution 1386 S-RES-1386(2001) 31 May 2001
42. UNODC, *Afghanistan: Opium Survey 2008*, November 2008
43. US Senate, An Oversight Hearing on the Planning and Conduct of the War in Iraq, 109 Cong., 3rd sess., 2006

**8.3. Публикации**

1. Aron Mannes, *Profiles In Terror: The Guide To Middle East Terrorist Organizations*, Rowman & Littlefield, 2004
2. Ahmad Syah Ejaz Bin Hj. Ismail, *Critical security studies*, Thursday, 5 March 2009
3. Alberts, David, Garstka John, Stein, Frederick, *NETWORK CENTRIC WARFARE*, Library of Congress, Washington, D.C, 2000
4. Albright, David, *Al Qaeda's Nuclear Program: Through the Window of Seized*, November 19, 2009
5. Kreimer, Alcira, *Bosnia and Herzegovina: post-conflict reconstruction*, World Bank Publications, 2000
6. Armed Forces journal, Volume 142, Issues 1-12, Army Times Pub. Co., 2004
7. Arquilla, John, Ronfeldt, David, Networks and Netwars: The Future of Terror, Crime, and Militancy, RAND, 2001
8. Bales, Kevin, *Disposable People: New Slavery in the Global Economy,* University of California Press, Berkeley, 2000
9. Baran, Paul, *the Origins of the Internet*, RAND
10. Bard, Mitchell, *The 1967 Six-Day War*
11. Barno, David W., *Challenges in Fighting a Global Insurgency*", *Parameters* 36, no. 2, Summer 2006
12. Barrett, Richard, *The Economic Crisis: Al-Qaeda's Response*, Washington Institute for Near East Policy, Policywatch #1485, March 9, 2009
13. Barringer, Mark, *The Anti-War Movement in the United States*, The Oxford Companion to American Military History, Oxford UP, 1999
14. Bazinet, Kenneth, *A Fight vs. Evil, Bush and cabinet tell U.S.*, DAILY NEWS WASHINGTON BUREAU, Monday, September 17th 2001
15. Bell, Colleen, *War by Other Means: The Problem of Population and the Civilianisation of Coalition Interventions*, University of Bristol Working Paper No 02, 2009

16. Bennett, Bruce W., Twomey, Christopher P., Treverton, Gregory F., *What Are Asymmetric Strategies?"* Santa Monica, CA: Rand Corporation, 1998; Steven Metz, Armed Conflict in the 21st Century: The Information Revolution and Post-Modern
17. Bergen, Peter, *The beginning of the end of al-Qaeda?*, May 11, 2011
18. Bethune, Brian, *The ghost of a man I never knew*, Macleans.ca, August 27, 2007
19. Birda, Sheil M., *Military fatality rates (by cause) in Afghanistan and Iraq: a measure of hostilities*, published by Oxford University Press, 2007
20. Blackwell, James. *Thunder in the Desert*, Bantam Books, London, 1991., Cordesman, Anthony and Wagner, Abraham. *The Lessons of Modern War - Volume IV: The Gulf War*, Westview Press, Oxford, 1996., Dugdale-Pointon, TDP. (2 June 2002), The Gulf War 1990/1991
21. Blanchard, Christopher, CRS Report RL32686, *Afghanistan: Narcotics and U.S. Policy*, U.N. Office on Drugs and Crime (UNODC)
22. Blank, Stephen J., *RETHINKING ASYMMETRIC THREATS*, The Strategic Studies Institute, September 2003
23. Bowie, Christopher J., Haffa, Robert P., Jr., Mullin, Robert, *Future Trends in Warfare*, Joint ForcesQuarterly, 2005
24. Buffaloe. David L., *Defining Asymmetric Warfare*, The Land Warfare Papers, no.58, September 2006
25. Bunn, Mathew, Wier, Anthony, Holdren, John, *Controlling Nuclear Warheads and Materials: A Report Card and Action Plan,* Project on Managing the Atom, Harvard University, March 2003
26. Bush, George W., *The National Security Strategy of the United States of America*, Washington, DC:, March 2006
27. Campbell, Greg, Blood Diamonds: Tracing the Deadly Path of the World's Most Precious Stone, Boulder, CO, Westview, 2002
28. Canas, Vitalino, *NATO Parliamentary Assembly 2004 – 2012* , 173 CDS 11 E FINAL - GOVERNANCE CHALLENGES IN AFGHANISTAN: AN UPDATE, 4 Nov 2011
29. Carsten, Paul, *Al-Qaeda attacks in Europe since September 11*, Telegraph Media Group, 21 Mar 2012
30. Cassidy, Robert M., *Russia in Afghanistan and Chechnya:Military Strategic Culture and the Paradoxes of Asymmetric Conflict*, Carlisle Barracks, PA: Strategic Studies Institute, U.S. Army War College, 2003
31. Chase, Robert H., *Battling the 'Hydra': Changing the Operational Factors in 4th Generation War*, Naval War College Research Report, 2000
32. Chechnya: Amir Abu al-Walid and the Islamic component of the Chechen war, Central Asia-Caucasus Analyst, 26 Feb 2003
33. Cherian, John, *WAR OF TERROR*, Frontline, INDIA'S NATIONAL MAGAZINE, Volume 28 - Issue 20, Sep. 24-Oct. 07, 2011
34. Chowdhury, Iftekhar Ahmed, Tackling Battlefield Asymmetries: Changing Tactics in Emerging Insurgencies, ISAS Insights, No. 72 – Date: 18 June 2009
35. Clarke, Walter, Herbst, Jeffrey, *Learning from Somalia: The Lessons of Armed Humanitarian Intervention*, Westview Press, 1997
36. Clinton, Hillary, U.S. Secretary of State, *Remarks Following ITC Green Building Tour and Discussion*, New Delhi, India, July 19, 2009

37. Cokgezen, Murat, *Corruption in Kyrgyzstan: Facts, Causes and Consequences*, Central Asian Survey, March 2004
38. Corum, James S., Johnson, Wray R., *Airpower in Small Wars: Fighting Terrorists and Insurgents*, Lawrence KS: University Press of Kansas, 2003
39. Cronin, Kurth, *Foreign Terrorist Organizations*, CRS Report for Congress, February 6, 2004
40. Dick C. J., *Mujahideen Tactics in the Soviet-Afghan War*, The Conflict Studies Research Centre, Camberley, 2002
41. Dishman, Chris, *Terrorism, Crime, and Transformation*, Studies in Conflict and Terrorism, Vol. 24, 2001
42. Dolnik, Adam, All God's Poisons: Re-evaluating the Threat of Religious Terrorism with Respect to Non-conventional Weapons, Monterey Institute of International Studies, Summer 2003
43. Douglas, J. E., Burgess, A. W., Burgess, A. G., Ressler, R. K., *Crime classification manual,* John Wiley & Sons, 2006
44. Duffey, Tamara, *United Nations Peacekeeping in the Post-Cold War World*, Frank Cass Journals, Journal Offprint, Civil Wars, Vol.1, No.3, 1998
45. Dugyon, Justin, *The Orator*, Volume 5, Nu Chapter University of Washington, Spring 2010
46. Elliott, Andrea , *The Jihadist Next Door*, The New York Times Company, Published: January 27, 2010
47. Ellis, Stephen, *The Sahara's new cargo: drugs and radicalism*, Apr 14, 2010
48. Exum, Andrew, *Hizballah at War: A Military Assessment*, The Washington Institute, 2006
49. Fallows, James, *Declaring Victory*, The Atlantic Monthly 298, no. 2., September 2006
50. Federal Research Division, Library of Congress, May 2002
51. Finckenauer, James O., Voronin, Yuri A., *The Threat of Russian Organized Crime*, U.S. Department of Justice Office of Justice Programs, June 2001
52. Forbes, Andrew, *Emerging Patterns of Power in Post-Taliban Afghanistan*, Intropica Co., Ltd., CPA, 2001
53. Former CIA and Counterterrorism Experts Respond to Security and Intelligence Demands of the Private Sector, Total Intelligence Solutions, LLC, Media Release, February 20, 2007
54. Gellman, B., Al qaeda near biological, chemical arms production, The Washington Post, March 23, 2003
55. Gildea, Kerry, *DIA Chief Reports Enemies Have Ability to Attack Space Assets*, Defense Daily, February 12, 2003
56. Gizewski, Peter, *THE GLOBAL SECURITY ENVIRONMENT: EMERGING TRENDS AND POTENTIAL CHALLENGES*, Annual Meeting of the Canadian Political Science Association, Ottawa, Canada, 27 May 2009
57. Gray, Colin S. *Irregular Enemies and the Essence of Strategy: Can The American Way of War Adapt?* Strategic Studies Institute Monograph, Carlisle Barracks, PA: US Army War College, March 2006
58. Gray, Colin S., *Thinking Asymmetrically in Times of Terror*, Parameters 32, no. 1, Spring 2002
59. Great Britain: Parliament: House of Commons: Defence Committee, *UK operations in Afghanistan: thirteenth report of session 2006-07*, The Stationery Office, 2007

60. Gregg, Heather S., *Defining and Distinguishing Traditional and Religious Terrorism*, RAND Corporation Prepared, ISA Conference March 17-20,Montreal, Canada, 2004
61. Grimmettm, Richard , *Authorization For Use Of Military Force in Response to the 9/11 Attacks* (P.L. 107-40), Legislative History, CRS report for Congress, 2007
62. Gunaratna, Ronan, *Terror Unlimited*, India's National Magazine Volume 18 - Issue 20, Sep. 29 - Oct. 12, 2001
63. Hammes, T.X., Private Contractors in Conflict Zones: The Good, the Bad, and the Strategic Impact, Strategic Forum, USA National Defense University, November 2010
64. Hammes, Thomas, *Insurgency: Modern Warfare Evolves into a Fourth Generation*, Institute for National Strategic Studies National Defense University, No. 214, January 2005
65. Harmony Project, Cracks in the Foundation: Leadership Schisms in Al-Qa'ida 1989—2006, West Point, NY: Combating Terrorism Center, September 2007
66. Hutchinson, Steven, O'Malley, Pat, *A Crime-Terror Nexus? Thinking on Some of the Links between Terrorism and Criminality*, Studies in Conflict & Terrorism, Vol. No. 12, December 2007
67. Isenberg, David, *Security Contractors and U.S. Defense: Lessons Learned from Iraq and Afghanistan*, World Politics Review, 14 Jun 2011
68. Jenkins, Brian Michael, *What Al Qaeda Is Thinking Now: Defanged, but Desperate to Show They're Still in the Fight*, RAND Corporation
69. Johnsen, William, *The Principles of War in the 21st Century: Strategic Considerations, U.S. Army War College*, August 1, 1995
70. *Joint Publication (JP) 1-02, Department of Defense Dictionary of Military and Associated Terms*, Washington, DC: Joint Chiefs of Staff, April 12, 2001, as amended October 31, 2009
71. Kaplan, David E., Paying for Terror, U.S. News & World Report, December 5, 2005
72. Kaplan, Eben, *The Al-Qaeda-Hezbollah Relationship*, Council on Foreign Relations, August 14, 2006
73. Katzman, Kenneth, *Afghanistan: Current Issues and U.S. Policy*, Washington, DC: Congressional Research Service Report for Congress, RL30588, August 27, 2003
74. Kelle, Alexander, Schaper, Annette, T*errorism Using Biological and Nuclear Weapons: A Critical Analysis of Risks After 11 September 2001*, PRIF Report No. 64, Peace and Research Institute, Frankfurt, 2003
75. Kelly, Loren, The United States and the Muslim World: Critical Issues and Opportunities for Change, Stanley Foundation Policy Bulletin, No. 15, January 2005
76. Kilcullen, David, *Countering Global Insurgency*, The Journal of Strategic Studies, Vol. 28, No. 4, August 2005
77. Kitfield, James, *American Jihad*, National Journal, January 28, 2011
78. Klevis Kolasi, *Beyond The "TRINITARIAN WAR": Reflections on Contemporary Armed Conflicts*, July, 2010
79. Krebs, V. E., *Mapping networks of terrorist cells*. Connections 24(3), 2001
80. Lambakis, Stephen J.,*Reconsidering Asymmetric Warfare,* Joint Forces Quarterly, February 2005

81. Lambakis, Steven J., *Reconsidering Asymmetric Warfare*, Joint Forces Quarterly, 2004
82. Lambakis, Steven, Kiras, James, Kolet, Kristin, *Understanding 'Asymmetric' Threats to the United States*, Comparative Strategy, Vol. XXI, No. 3, 2002
83. Lekic, Slobodan, *U.S. Envoy: Most Taliban Funds Come From Overseas*, Associated Press, July 28, 2009
84. Levi David Meir, *Connecting the South American Terror Dots*, FrontPageMagazine.com | Monday, August 09, 2004
85. Levitt, M., Smeared in Blood, Hezbollah Fingerprints All Over Globe, The Australian, 9 June 2003
86. Levitt, Matthew, *Iran, Hizballah, and the Threat to the Homeland*, The Washington Institute for Near East Policy, 2012
87. Levitt, Matthew, Jacobson, Michael, *Drug Wars*, The New Republic, January 27, 2009
88. Lewis, Bernard, *License to Kill; Usama bin Ladin's Declaration of Jihad,* Foreign Affairs, November/December 1998
89. Libya's Continuing Responsibility for Terrorism, April 15, 1992, "Patterns of Global Terrorism: 1991" APPENDIX C, United States Department of State
90. Lind, W.S., Understanding Fourth Generation War, Military Review, No. 5, September-October 2004
91. Lind, William S.;Nightingale, Keith;Schmitt, John F.; Sutton, Joseph W.;Wilson, Gary I. *The Changing Face of War: Into the Fourth Generation.* Marine Corps Gazette, 1989
92. Li-Wei, Frederick Teo, *Rethinking Western Vulnerabilities to Asymmetric Warfare*, *Journal of the SingaporeArmed Forces*, April-June 2002
93. Lormel, Dennis, *Credit Cards and Terrorists*, Counterterrorism Blog, January 16, 2008
94. Luttwak, Edward, *Strategy: The Logic of War and Peace*, Revised and Enlarged Edition, Cambridge, MA: The Belknap Press of Harvard University, 2001
95. Lynch, Thomas F., The 80 percent solution, FOREIGN POLICY, MARCH 23, 2012
96. MacDougall, David Glenn, THE POTENTIAL OF PRIVATE MILITARY CORPORATIONS (PMCs) IN HEMISPHERIC SECURITY AND DEFENSE, Washington, DC., April 2004
97. Macher, Guy, „Alabama boy joins the jihad“, February 1, 2010
98. Mack, Andrew, *Why Big Nations Lose Small Wars: The Politics of Asymmetric Conflict,* World Politics 27, no.2, January 1975
99. Maclean, William, *Al-Qaida's Money Trouble*, Reuters, June 15, 2009
100. Malhotra, Chander, *Fourth Generation Warfare*, Microsys Infomedia Pvt. Ltd., 10/12/2009
101. Mann, Paul, *Asymmetrical Threats New Military Watchword*, Aviation Week & Space Technology, 27 April 1998
102. McCallister, William, *Anatomy of a Tribal Rebellion*, SMALL WARS JOURNAL, March, 2005
103. Medby, Jamison J., Glenn, Russell W., *Street Smart: Intelligence Preparation of the Battlefield for UrbanOperations,* RAND, 2002

104. Metz, S., Millen, R., Insurgency and Counterinsurgency in the 21st Century: Reconceptualizing Threat and Response, Strategic Studies Institute, 2004

105. Metz, Steven, Johnson, Douglas V., *Asymmetry and U.S. Military Strategy: Definition, Background, Strategic Concepts*, Carlisle Barracks, PA: Strategic Studies Institute, U.S. Army War College, 2001

106. Metz, Steven, *New Challenges and Old Concepts: Understanding 21st Century Insurgency*, Parameters, 2000

107. Middleton, Drew, *P.L.O. RAIDS: DANGER SIGN FOR MIDEAST*, Military Analysis, New York Times, Foreign Desk, June 1, 1983

108. Mikac, Robert, F*enomen ''Privatnih vojnih organizacija'': Nezaobilazne komponente u sukobima 21.stoljeća*, Polemos 10, 2007

109. Mike, Davis, *A History of the car bomb*, Camberra , Australia, 2007

110. Mrozek, Donald J., *Asymmetric Response to American Air Supremacy in Vietnam*, in: Lloyd J. Matthews, ed. *Challenging the United States Symmetrically and Asymmetrically: Can America Be Defeated?* (Carlisle Barracks, Pennsylvania: U.S. Army War College, 1988

111. Mueller, Gerhard O. W., *Transnational Crime: Definitions and Concepts*, Transnational Organized Crime, vol. 4, Autumn/Winter 1998

112. Nawroz, Mohammad Yahya, Grau, Lester, *The Soviet War in Afghanistan: History and Harbinger of Future War?*, Foreign Military Studies Office, Fort Leavenworth, Kansas, June 1996

113. Necas, Pavel, *Beyond tradition: New alliance strategic concept*, NATO defense college, Rome, 2004

114. Nesser, Petter, Chronology of Jihadism in Western Europe Update 2008-2010, Norwegian Defence Research Establishment, Kjeller, 2011

115. Oscapella, Eugene, *The Relationship Between Illegal Drugs and Firearms*, Department of Justice (Canada), July, 1998

116. Osinga, Frans, On Boyd, Bin Laden, and Fourth Generation Warfare as String Theory, Oslo, 2007

117. Overview of terrorism in Africa, African Commitments to Combating Organised Crime and Terrorism

118. Parachini, John, *Putting WMD Terrorism into Perspective*, THE WASHINGTON QUARTERLY, 2003

119. Paulaj. Rebar, *CONTRACTOR SUPPORT ON THE BATTLEFIELD*, Strategy Research Project, CARLISLE BARRACKS, PENNSYLVANIA, 09 April 2002

120. Paz, R., *Global jihad and wmd: Between martyrdom and mass destruction,* Current Trends in Islamist Ideology 2, 2005

121. Perl, Raphael, O'Rourke, Ronald, *Terrorist Attack on USS Cole: Background and Issues for Congress*, CRS Report for Congress, Order Code RS20721, Updated January 30, 2001

122. Peters, Gretchen, *Taliban Drug Trade: Echoes of Colombia*, Christian Science Monitor, November 21, 2006

123. Pipes, Richard, *Give the Chechens a Land of their Own,* The New York Times, September 9, 2004

124. Radin, CJ, ISAF nations follow US lead, announce early troop drawdowns, July 8, 2011

125. RAND report: Threat of homegrown jihadism exaggerated, Zero U.S. civilians killed since 9/11
126. Record, Jeffrey, *Why the Strong Lose*," Parameters 35, no. 4, Winter 2005
127. Reed, Brian Joseph, *FORMALIZING THE INFORMAL: A NETWORK ANALYSIS OF AN INSURGENCY*, Faculty of the Graduate School of the University of Maryland, 2006
128. Reese Neader, *Coca is King for the Shining Path*, Franklin and Eleanor Roosevelt Institute, December 8, 2009
129. Reuter, Peter, *The Decline of the American Mafia*, The Public Interest, Summer 1995
130. Robertson, N., *Tapes shed new light on bin laden's network: CNN.com/U.S,*2002
131. Rollins, John, Al Qaeda and Affiliates: Historical Perspective, Global Presence, and Implications for U.S. Policy, DIANE Publishing, CRS report for congres, 2010
132. Rollins, John, Wyler, Liana Sun, *International Terrorism and Transnational Crime: Security Threats*, U.S. Policy, and Considerations for Congress, March 18, 2010
133. Rudd, Kevin, War on terror brings out our best, The Hon Kevin Rudd MP, 12 September 2011
134. Schapiro, Mark, *Big Tobacco: Uncovering the Industry's Multibillion-Dollar Global Smuggling Network*, The Nation, May 6, 2002
135. Scheuer, Michael, *Can al-Qaeda Endure Beyond bin Laden?,* Terrorism Focus, Vol. 2, October, 2005
136. Schmitt, Gary J., Donnelly, Thomas, *Numbers Matter* in Schmitt and Donnelly, eds. *Of Men and Material: The Crisis in Military Resources*, Washington: The American Enterprise Institute Press, 2007
137. Schmitt, Michael N., *The war in Afghanistan: a legal analysis*, Naval War College (U.S.), Government Printing Office, Washington, 2009
138. Schwartz, Moshe, *Department of Defense Contractors in Afghanistan and Iraq: Background and Analysis*, Congressional Research Service, May 13, 2011
139. Schweitzer, Yoram, *Al-Qaeda and Suicide Terrorism: Vision and Reality*, Military and Strategic Affairs Volume 2, No. 2, October 2010
140. Schweitzer, Yoram, *Is There a Winner? Ten Years after the Terror Attacks in the United States*, Canada Free Press, September 7, 2011
141. Scott, Cameron, *Assessing ISAF: A Baseline Study of NATO's Role in Afghanistan*, British American Security Information Council, March 2007
142. Sekhon A. S., *Lashkar-e-Taiba: A threat beyond the India-Pakistan equation*, Homeland1.com, October 27, 2011
*143.* Sheehan, Michael, The Changing Character of War, in *John Baylis, Steve Smith and Patricia Owens eds., The Globalization Of World Politics: An Introduction to International Relations, Oxford University Press, New York, 2007*
144. Shelley, Louise , *Transnational Organized Crime: An Imminent Threat to Nation-State*?, Journal of International Affairs, Winter 1995
145. Shelley, Louise, Addressing the Links of Crime and Terrorism, Symposium on Global
146. Singer, P.W., *Outsourcing War, Foreign Affairs*, March/April, 2005
147. Singer, Peter W., *21st Century Defense Initiative, Outlook: Break the Blackwater Habit*, October 08, 2007

148. Singh, Bikram,*Touchstones for the Military Leadership Engaged in Asymmetric Warfare*, US Army War College Strategy Research Report, 2004
149. Smith, Daniel, Corbin, Marcus, Hellman, Christopher, *Reforging the Sword: Forces for a 21st Century Security Strategy*, CDI Report, Washington, DC: Center for Defense Information, 2001
150. Sprinzak, Ehud, *The Great Superterrorism Scare,* Foreign Policy Fall, 1999
151. Squassoni, Sharon, *Nuclear, Biological, and Chemical Weapons and Missiles: Status and Trends*, CRS Report RL30699. February 20, 2008
152. Staehelin, Balthasar,*Iraq: indiscriminate violence increases civilian distress*, 27-10-2004
153. Stanley, Trevor , *Al-Qaeda in Australia*, Terrorism Monitor Volume: 3 Issue: 19, October 7, 2005
154. Steele, Robert D., *The New Craft of Intelligence: Achieving Asymmetric Advantage in the Face of NontraditionalThreats*, SIS Report, Carlisle Barracks, PA: US Army War College, 2002
155. Stephen S., *U.S. MARINES AND IRREGULAR WARFARE*, 1898-2007, United States Marine Corps Quantico, Virginia, 2008
156. Stern, Jessica, *The Protean Enemy*, Foreign Affairs 82, no.4, July/August 2003
157. Swett, Scott, *Learning the Wrong Lessons From the Fort Hood Massacre*, American Thinker, February 27, 2012
158. Tangredi, Sam J., *Rebalancing the Fleet Round*, USN, Proceedings of the U.S. Naval Institute, May 2003
159. *Task Force Ranger: Somalia*, To Fight With Entrepidy
160. Terrorism and International Cooperation," Turkey, March 2008
161. Thomas, Evan , *Cracking The Terror Code*, The Newsweek, October 15, 2001
162. Thomson, William, *The Process of Islamic Radicalization in Intra-State Conflict: Insurgent Grievance and Leadership in the First Chechen War and the Tajik Civil War*, Small Wars Journal
163. U.S. Counterterror Chief: *Al Qaeda Now on the Ropes*, Associated Press, FOX News Network, Published September 01, 2011
164. U.S. Department of Justice (DOJ), *Member of Afghan Taliban Sentenced to Life in Prison in Nation's First Conviction on Narco-Terror Charges*, December 22, 2008
165. U.S. Government Accountability Office (GAO), *U.S. Agencies Should Systematically Assess Terrorists' Use of Alternative Financing Mechanisms,* GAO-04-163, November 2003
166. Venzke, Ben N., Ibrahim, Aimee, *al Qaeda Tactic/Target Brief*, Version 1.5, Alexandria, VA: IntelCenter, 2002
167. Voronin, Yuriy A., *Organized Crime: Its Influence on International Security and Urban Community Life in the Industrial Cities of the Urals*, Comparative Urban Studies Project Occasional Paper No.17, March 1998
168. Wallace, Mark R., *A Review of America's Strategy: What Will It Take for America To Win the Global War onTerror*? SSI Report, US Army War College, 2006
169. Waltz, Kenneth, *Structural Realism after the Cold War*, International Security, Vol. 25, No. 1, 2000

170. Weaver, Anne Mary, *The Short, Violent Life of Abu Musab al-Zarqawi*, June 8, The Atlantic, 2006
171. Weger, Michiel de, Osinga, Frans, Kirkels, Harry, *NL-ARMS*, Faculty of Military Sciences, Breda, 2009
172. Williams, J. Noel, *Matrix Warfare: The New Face of Competition and Conflict in the 21st Century*, Research Report, Center for Emerging Threats and Opportunities
173. Williams, Phil, *In Cold Blood: The Madrid Bombings*, Perspectives on Terrorism, Vol 2, No 9, 2008
174. Williams, Thomas J, *Strategic Leader Readiness and Competencies for Asymmetric Warfare*, *Parameters*, Summer 2003
175. Yancy, Scott, ADAPTING PROFESSIONAL MILITARY EDUCATION TO THE CURRENT THREAT, Maxwell Air Force Base, Alabama, April 2006
176. Yarger, Harry, SHORT OF GENERAL WAR:PERSPECTIVES ON THE USE OF MILITARY POWER IN THE 21ST CENTURY, Strategic Studies Institute, Carlisle, April 2010
177. Yeoman, Barry. "Soldiers of Good Fortune", Mother Jones. May/June 2003

### 8.4. Извори од интернет

1. History.com, March 25, 1994: Last U.S. troops depart Somalia, http://www.history.com/this-day-in-history/last-us-troops-depart-somalia
2. Afghan Leader to Ban Security Contractors, CBSNews.com, August 16, 2010, http://www.cbsnews.com/stories/2010/08/16/world/main6776999.shtml
3. Afghanistan: Hundreds escape from Kandahar prison, BBC, 25 April 2011, http://www.bbc.co.uk/news/world-south-asia-13184920
4. *Agent infiltrated terror cell*, U.S. says, August 10, 2006, CNN.com, http://articles.cnn.com/2006-08-10/us/us.security_1_terror-plot-al-qaeda-plot-arrests?_s=PM:US
5. Al Qaeda, Jan. 31, 2012, The New York Times, http://topics.nytimes.com/top/reference/timestopics/organizations/a/al_qaeda/index.html
6. Al Qaeda's Fatwa, TERRORISM, Feb. 23, 1998, http://www.pbs.org/newshour/terrorism/international/fatwa_1998.html
7. Al-Qaida, GlobalSecurity.org, http://www.globalsecurity.org/military/world/para/al-qaida.htm
8. Atomic Archive, “Information on Nuclear Smuggling Incidents”, http://www.atomicarchive.com/Almanac/Smuggling_details.shtml
9. *Bali bombing victims*, The Sydney Morning Herald, October 4, 2005, http://www.smh.com.au/news/world/aussie-casualties/2005/10/04/1128191713372.html
10. *Bali terrorist blasts kill at least 26*, Cable News Network, October 02, 2005, http://articles.cnn.com/2005-10-01/world/bali.blasts_1_sanglah-hospital-blasts-qaeda?_s=PM:WORLD
11. Barrass, Tony, *JI training camps held in Blue Mountains*, ASIO told, The Sydney Morning Herald, November 30, 2002, http://www.smh.com.au/articles/2002/11/29/1038386313983.html

12. *Basque separatists ETA 'end armed struggle*, Aljazeera, 20 Oct 2011, http://www.aljazeera.com/news/europe/2011/10/201110201829708922.html
13. BBC News. *Us knew of bioterror tests in iraq,* August 20, 2002, http://news.bbc.co.uk/2/hi/americas/2204321.stm
14. Benson, Simon, *Hackers log in to federal MPs' emails*,The Daily Telegraph, March 29, 2011, http://www.dailytelegraph.com.au/news/national/hackers-log-in-to-federal-mps-emails/story-e6freuzr-1226029677394
15. Bush orders Afghan strategy review, September 26, 2008, The DAWN Media Group, http://archives.dawn.com/2008/09/26/top5.htm Carter, Sara, *Al Qaeda Eyes Bio Attack from Mexico: Seeks White Militias as Allies*, Washington Times, June 3, 2009, http://washingtontimes.com/news/2009/jun/03/al-qaeda-eyes-bio-attack-via-mexico-border/
16. CIA - The World Factbook, https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/af.html
17. CNN Wire Staff, Ammo factory blast in Yemen kills at least 121, Cable News Network, March 28, 2011, http://articles.cnn.com/2011-03-28/world/yemen.unrest_1_yemeni-soldiers-abyan-province-republican-hospital?_s=PM:WORLD
18. Cold Warriors - Mao zedong, Encyclopedia of the New American Nation, http://www.americanforeignrelations.com/A-D/Cold-Warriors-Mao-zedong.html
19. Defence Web, Terror attacks in Africa increased during 2011, 20 March 2012, http://www.defenceweb.co.za/index.php?option=com_content&view=article&id=24471&catid=74&Itemid=30
20. Dr. Ayman al-Zawahiri: *Dawn of the Imminent Victory,* (September 12, 2011), http://azelin.files.wordpress.com/2011/09/al-qc481_idah-the-dawn-of-imminent-victory-ten-years-since-the-blessed-tuesday-raids-en.pdf
21. Evolution of Modern Warfare, Jul 10th, 2010 достапно на http://viewstonews.com/index.php/evolution-of-modern-warfare/military датум на пристапување 01.06.2011 година
22. Farah, Douglas, *Report Says Africans Harbored Al Qaeda*, The Washington Post, December 29, 2002, http://www9.georgetown.edu/faculty/irvinem/cct510/sources/washingtonpost-africans_al-qaeda_diamonds-12-29-02.html
23. Filkins, Dexter, „Petraeus Takes Command of Afghan Mission", July 4, 2010, The New York Times, http://www.nytimes.com/2010/07/05/world/asia/05afghan.html
24. *For a Few Dollar$ More: How Al Qaeda Moved into the Diamond Trade*, Global Witness, 2003, http://www.globalwitness.org/library/few-dollar-more-how-al-qaeda-moved-diamond-trade
25. Frontline: hunting Bin laden: who is bin Laden?: interview with Osama bin Laden (in may 1998) | PBS, http://www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/shows/binladen/
26. Gall, Carlotta, *Old-Line Taliban Commander Is Face of Rising Afghan Threat*, The New York Times, June 17, 2008, http://www.nytimes.com/2008/06/17/world/asia/17warlord.html?pagewanted=all
27. Gunaratna, Rohan , *Al-Qaeda Grows in Africa*, The National Interest, March 23, 2012, http://nationalinterest.org/commentary/al-qaeda-grows-africa-6679

28. Hedgecock, Roger , Iran Threatens U.S. with Proxy Terrorists on Border, HUMAN EVENTS, 07/09/2010, http://www.humanevents.com/article.php?id=37975
29. Henry Kissinger, http://www.u-s-history.com/pages/h1966.html
30. Hirschkorn, Phil, Feyerick, Deborah, CNN New York Bureau, Ex-copter pilot can't link bin Laden to Somalia, April 23, 2001, http://archives.cnn.com/2001/LAW/04/23/embassy.bombings.trial.01/index.html
31. Hoffman, Jo Ann, Moore, Vance , The growing importance of Private Defense Contractors, Defense Base Act Lawyers Blog April 17, 2011. http://www.defensebaseactlawyersblog.com/2011/04/
32. Casualties.org, http://icasualties.org/oef/
33. International Security Assistance Force (ISAF): *Key Facts and Figures*, http://www.isaf.nato.int/images/stories/File/Placemats/9%20September%202011%20ISAF%20Placemat(1).pdf
34. Islamic Terrorist Attacks in Russia, http://www.freedominamerica.net/Islam/Odds/Russia.pdf
35. Jihad Against Jews and Crusaders, World Islamic Front Statement, 23 February 1998, http://www.fas.org/irp/world/para/docs/980223-fatwa.htm
36. Johnson, Charles, *Religion of Peace Threatens El Salvador*, 2004, http://littlegreenfootballs.com/article/12036_Religion_of_Peace_Threatens_El_Salvador/comments/
37. Lucas Height Plot, Global Jihad .net, 14/11/2007, http://www.globaljihad.net/view_page.asp?id=543
38. Memorial Institute for the Prevention of Terrorism (MIPT), достапно на http://www.mipt.org/publications-archive,
39. Mercenaries could become 'privatised' peace force, Mail online, Aug 07 2011, http://www.dailymail.co.uk/news/article-100051/Mercenaries-privatised-peace-force.html
40. Military role in Afghanistan, Military-world, August 13, 2011, http://www.military-world.net/military_role_in_afghanistan.html
41. Nasser El-Morshidy, War in the Land of Peace: Palestine, www.islam.org.hk, April 2011, http://www.islamhk.com/en/?p=31&a=view&r=109
42. National Counterterrorism Center (NCTC) Worldwide Incident Tracking System (WITS) data, https://wits.nctc.gov/FederalDiscoverWITS/index.do?N=0
43. National Counterterrorism Center, Worldwide Incidents Tracking System, http://wits.nctc.gov/,
44. National Intelligence Estimate,The Terrorist Threat to the US Homeland, July 2007, http://www.c-span.org/pdf/nie_071707.pdf
45. Neumeister, Larry, *Suspect in plot to kill Saudi envoy arraigned*, The Washington Times, October 24, 2011, http://www.washingtontimes.com/news/2011/oct/24/suspect-in-plot-to-kill-saudi-envoy-arraigned/
46. Nigeria: Boko Haram Attacks Indefensible, Human Rights Watch, 8 November 2011, http://www.unhcr.org/refworld/docid/4ebcd62b2.html
47. Northam, Jackie , *Next President Faces Growing Crisis In Afghanistan*, October 17, 2008, http://www.npr.org/templates/story/story.php?storyId=95837996

48. NSIC, The National Strategy Information Center, http://www.strategycenter.org/programs/adapting-americas-security-paradigm-and-security-agenda/glossary-of-key-terms/
49. Omonobi, Kingsley, Ikpen, Mitaire, *MEMBERSHIP DRIVE: Boko Haram invades Islamic schools – FG*, February 24, 2012, http://www.vanguardngr.com/2012/02/membership-drive-boko-haram-invades-islamic-schools-fg/
50. *On bin Laden's Financing of Khattab's Terrorist Activities in Chechnya*, Minister of Foreign Affairs of Russia, 2001-09-25, http://www.ln.mid.ru/bl.nsf/0/37ac9b3601f5e4cb43256ad90033ae87?OpenDocument
51. Osama bin Laden Excerpts - Al-Jazeera TV Broadcast, December 27, 2001, http://www.september11news.com/OsamaSpeeches.htm
52. *Osama bin Laden pays 30,000 USD for Bali bombing*, Vanguard Media, March 26, 2012, http://www.vanguardngr.com/2012/03/osama-bin-laden-pays-30000-usd-for-bali-bombing/
53. Osama bin Laden v. the U.S.: His Edicts and Statements, August 23, 1996, http://www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/shows/binladen/who/edicts.html
54. Parkinson, Tony, *'Bin Laden' voices new threat to Australia*, The Age Company Ltd, November 14, 2002, http://www.theage.com.au/articles/2002/11/13/1037080786315.html
55. PBS NewsHour, Osama Bin Laden Video Tape, Dec. 13, 2001, http://www.pbs.org/newshour/bb/terrorism/july-dec01/video_12-13a.html
56. Q&A: Foreign forces in Afghanistan, BBC , 11 March 2012, http://www.bbc.co.uk/news/world-south-asia-11371138
57. Qazi, Abdullah, Daoud, Sardar Mohammad, *Afghanistan online*, 2001, http://www.afghan-web.com/bios/yest/daoud.html
58. Rahman, Abdul, Ayub, Rahim, 15/12/2007, Global Jihad .net, http://www.globaljihad.net/view_page.asp?id=623
59. Rennie, David, *America to withdraw troops from Saudi Arabia*, The Telegraph, 30 Apr 2003, http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/middleeast/saudiarabia/1428786/America-to-withdraw-troops-from-Saudi-Arabia.html
60. Rodriguez, Alex, U.S.-Pakistani relations may suffer after brutal suicide attack, Los Angeles Times, May 13, 2011, http://articles.latimes.com/2011/may/13/world/la-fg-pakistan-bombing-20110514
61. Ross, Norrie, Five men convicted of terror-related offences won't renounce jihad, Herald Sun, November 18, 2008, http://www.heraldsun.com.au/news/more-news/terror-five-wont-renounce-jihad/story-e6frf7kx-1111118070436
62. Secretary Rumsfeld's Remarks to the John Hopkins, Paul H. Nitze School of Advanced Internation, U.S. Department of Defense, December 05, 2005, http://www.defense.gov/Transcripts/Transcript.aspx?TranscriptID=1361
63. Seper. Jerry , *Mexico offers reward in casino attack*, The Washington Times, August 29, 2011, http://www.washingtontimes.com/news/2011/aug/29/mexico-offers-reward-in-casino-attack/?utm_source=RSS_Feed&utm_medium=RSS

64. Shanker, Thom , Schmitt, Eric , *Three Terrorist Groups in Africa Pose Threat to U.S.*, American Commander Says, The New York Times, September 14, 2011, http://www.nytimes.com/2011/09/15/world/africa/three-terrorist-groups-in-africa-pose-threat-to-us-general-ham-says.html
65. Shanker, Thom, *Navy Seizes Hashish; Sees Ties to Al Qaeda*, The New York Times, December 20, 2003. http://www.nytimes.com/2003/12/20/world/navy-seizes-hashish-sees-ties-to-al-qaeda.html
66. S*oviet rocketeer: After our arrival in Vietnam, American pilots refused to fly*" (in Russian). RU: rus.ruvr. 29 January 2010., http://rus.ruvr.ru/2010/01/29/3985810.html.
67. Sterling, Joe, Somali terror group joining Al Qaeda, Cable News Network, February 9th, 2012, http://security.blogs.cnn.com/2012/02/09/somali-terror-group-joining-al-qaeda/
68. Strohm, Chris, *Facebook, YouTube Aid in Al-Qaeda's Spread, Study Says*, Feb. 9, 2011, Global Security Newswire, http://www.nti.org/gsn/article/facebook-youtube-aid-in-al-qaedas-spread-study-says/
69. Taarnby, Michael, Hallundbaek, Lars, *Al-Shabaab*, 26. February 2010, http://www.justitsministeriet.dk/fileadmin/downloads/Forskning_og_dokumentation/Forskningspulje/Taarnby-rapport.pdf
70. The Communist Party of China (CPC, CCP), http://www.chinatoday.com/org/cpc/
71. The Hamburg connection, BBC News, Friday, 19 August 2005, http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/2349195.stm
72. THE MONROE DOCTRINE, достапно на http://www.resale-net.com/ebooks/history/the_monroe_doctrine.pdf датум на пристапување 16.04.2011 година
73. *The University of Virginia's,Miller Center of Public Affairs,* http://millercenter.org/president/washington
74. Third generation warfare, http://www.absoluteastronomy.com/topics/Third_generation_warfare
75. TIME. (1998, December 23), http://www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/shows/binladen/who/edicts.html
76. Timeline: Bali bombings, ABC News, June 03, 2003, http://www.abc.net.au/news/2003-06-03/timeline-bali-bombings/1863904
77. U.S. Troops Raid Afghanistan in Hunt for Al Qaeda, Published March 20, 2003, FoxNews.com, http://www.foxnews.com/story/0,2933,81615,00.html
78. United States District Court, Jun.20.2005, http://www.investigativeproject.org/documents/case_docs/155.pdf
79. UPI.com, *NIE on Afghanistan reportedly 'grim'*, Published: Sept. 24, 2008, http://www.upi.com/Top_News/2008/09/24/NIE-on-Afghanistan-reportedly-grim/UPI-77011222229008/
80. *US sues Lebanese firms for 'laundering Hezbollah funds'*, BBC © 2012, http://www.bbc.co.uk/news/mobile/world-middle-east-16215862
81. Walkers World: 4th Generation Wars, Washington (UPI) Jun 24, 2005, http://www.spacewar.com/reports/Walkers_World_4th_Generation_Wars.html

82. Warner, Bill, *American Citizens Samir Khan, Adam Gadahn and Omar Hammami Run Propaganda and Recruitment For Al-Qaeda On The Web*, The Geek Squad, August 16, 2011, http://pibillwarner.wordpress.com/2011/08/16/updateamerican-citizens-samir-khan-adam-gadahn-and-omar-hammami-run-propaganda-and-recruitment-for-al-qaeda-on-the-web-the-geek-squad/
83. William M. Rierson, Embracing the Joint-Training Enterprise, http://www.airpower.au.af.mil/AIRCHRONICLES/apj/apj08/fal08/rierson.html
84. Wong, Kristina, *From the Fact Check Desk: Did McKiernan's Troop Requests Just Sit on Bush White House Desks?*, ABC News, Oct 22, 2009, http://abcnews.go.com/blogs/politics/2009/10/from-the-fact-check-desk-did-mckiernans-troop-requests-just-sit-on-bush-white-house-desks/
85. Yeomans, Janet Fife, Crawford, Carly, *Terror suspects 'sought holy approval'*, NEWS.COM.AU., 5 August 2009, http://www.news.com.au/national/terror-suspects-sought-holy-approval/story-e6frfkvr-1225757656360
86. Zagorin, Adam, Friday, Joe Klein, 9/11 Commission Finds Ties Between al-Qaeda and Iran, TIME.com, July 16, 2004, http://www.time.com/time/nation/article/0,8599,664967,00.html

## 8.5. Листа на слики, табели, графикони и карти

Слика 1: Разлики и вкрстувања помеѓу тероризмот и бунтовништвото..... 108
Слика 2: Новиот оперативен концепт на доминантен маневар, прецизно ангажирање, фокусирана логистика и целосна заштита на трупите..... 177
Слика 3: Слика од Омар Хагани – лево во средно училиште, десно снимка од пропаганден материјал на терористичката група Ал Шабаб 272
Слика 4: Три основни видови мрежи..... 291
Слика 5: Мрежна матрица на терористичките ќелии на Ал Каеда од нападите на 11 Септември..... 294
Слика 6: Терористичка соработничка мрежа..... 295

Табела 1: Најсмртоносни терористички организации..... 52
Табела 2: Најопасни терористички организации..... 53
Табела 3: Најефикасни терористички организации..... 54
Табела 4: Најактивни терористички организации..... 56
Табела 5: Споредба на жртви помеѓу Хамас и три секуларни терористички организации..... 58
Табела 6: Мрежата на Ал Каеда VS сите други..... 62
Табела 7: Споредување на процентот на жртви според тактиката (1968-1997 наспроти 1998-2006)..... 64
Табела 8: Тероризмот и бунтовништвото како спротивставени парадигми..... 110
Табела 9: Споредба на клучните елементи од 4ГВ и 4ГТ..... 182
Табела 10: Број на терористички инциденти според држави на американските континенти во 2011 година..... 226
Табела 11: Број на терористички инциденти според држави на европскиот континент..... 231

Табела 12: Број на инциденти според држави на Блискиот Исток ........... 237
Табела 13: Број на инциденти според држави на Азискиот континент....... 238
Табела 14: Фази во противтерористичката војна во .................................... 253
Табела 15: Табела на земји-учеснички во НАТО - ИСАФ .......................... 262
Табела 16: Жртви на коалициските парнери во периодот од ...................... 263

Графикон 1: Првите 10 активни самоубиствени групи 1998-2006 година ........................................................................ 68
Графикон 2: Терористички инциденти во земјите од ЕУ, 2004 – 2010 година ........................................................................ 227
Графикон 3: Зголемување на бунтовничкотерористички напади во период 2005-2011 година ............................................................ 263
Графикон 4: Зголемување на инцидентите во период од ............................ 264
Графикон 5: Цивилни жртви во Авганистан во периодот од 2007-2011 година ........................................................................ 265

Карта 1: Географска карта на Авганистан.................................................. 201
Карта 2: Карта на терористички инциденти на Блискиот Исток .......... 236
Карта 3: Проширување на операцијата ИСАФ според оперативни области во периодот од 2004 до 2006 година .......................................... 256

## 8.6. Кратенки

| КРАТЕНКА | ОБЈАСНУВАЊЕ | |
|---|---|---|
| | Англиски | Македонски |
| IW | Information war | Информатичка војна |
| CIA | Central Intelligence Agency | Централна разузнавачка агенција |
| GWOT | Global War on Terrorism | Глобална војна против тероризмот |
| OAF | Operation Allied Force | Операција здружени сили |
| USAID | United States Agency for International Development | Агенција за меѓународен развој на САД |
| ISAF | International Security Assistance Force | Меѓународните безбедносни сили за помош на Авганистан |
| EU | European Union | Европската Унија |
| UNO | United Nations organization | Организација на обединетите нации |
| PLA | Palestine Liberation Army | Палестинска ослободителна армија |
| IRA | Irish Republican Army | Ирската републиканска армија |

| КРАТЕНКА | ОБЈАСНУВАЊЕ | |
|---|---|---|
| | Англиски | Македонски |
| ETA | Euskadi Ta Askatasuna Basque Fatherland and Freedom | Шпанска републиканска армија Баскиска татковина и слобода |
| ANO | Abu Nidal Organization | Организацијата Абу Нидал |
| PFLP | Popular Front for the Liberation of Palestine | Народниот фронт за ослободување на Палестина |
| PFLP-GC | Popular Front for the Liberation of Palestine-General Command | Главната команда на Народниот фронт за ослободување на Палестина |
| PLF | Palestine Liberation Front | Палестинскиот ослободителен фронт |
| DFLP | Democratic Front for the Liberation of Palestine | Демократскиот фронт за ослободување на Палестина |
| PIJ | Palestinian Islamic Jihad | Палестински Исламски џихад |
| EIG | Egyptian Islamic Group | Египетската исламистичка група |
| MIPT | Memorial Institute for the Prevention of Terrorism, | Меморијалниот институт за спречување на тероризмот |
| PKK | Partiya Karkerên Kurdistan (Turkey) | Курдистанската работничка партија во Турција |
| FARC | Revolutionary Armed Forces of Colombia | Револуционерни вооружени сили на Колумбија |
| AQIM | Al-Qa'ida in the Lands of the Islamic Maghreb | Ал Каеда во исламскиот Магреб |
| SDGT | Specially Designated Global Terrorist | Специјално одредени глобални терористи |
| CIA | Central Intelligence Agency (USA) | Централна разузнавачка агенција на САД |
| DARPA | Defense Advanced Research Projects Agency | Агенцијата за напредни истражувачки проекти во одбраната |
| ARPANET | The Advanced Research Projects Agency Network | Мрежата на агенции за напредно-истражувачки проекти |
| GIA | Armed Islamic Group (Algeria) | Вооружената исламска група на Алжир |
| Pakistan's ISI | Pakistan's Inter-Services Intelligence | Пакистанската разузнавачка служба |
| OPEC | Organization of the Petroleum Exporting Countries | Организација на земји извозници на нафта |
| ***MPRI*** | Military Professional Resources Inc | Меѓународни професионални воени ресурси |

| КРАТЕНКА | ОБЈАСНУВАЊЕ | |
|---|---|---|
| | Англиски | Македонски |
| KLA | Kosovo Liberation Army | Ослободителна војска на Косово |
| ANA | Afghan National Army | Авганистанската национална армија |
| EZLN | Zapatista National Liberation Army (Mexico) | Запатистичка ослободителната национална армија, на Мексико |
| TBA | Tri-Border Area | Три гранична област |
| FNC | Fox News Channel | Фокс телевизија |
| CNN | Cable News Network | Си Ен Ен телевизија |
| BBC News | British Broadcasting Corporation | Би Би Си Вести |
| AQN | al qaeda network | Мрежа на Ал Каеда |

| КРАТЕНКА | ОБЈАСНУВАЊЕ |
|---|---|
| | Македонски |
| ОВК | Ослободителна војска на Косово |
| ИЕН | Импровизираните експлозивни направи |
| ИКТ | Информатичка и комуникациска технологија |
| 1ГВ | Прва генерација војни |
| 2ГВ | Втора генерација војни |
| 3ГВ | Трета генерација војни |
| 4ГВ | Четврта генерација војни |
| 5ГВ | Петта генерација војни |
| ПВК | Приватни воени контрактори |
| ОМУ | Оружје за масовно уништување |
| ТКВ | Базата на податоци за тероризмот |
| СИВ | Стратегиско информатичко војување |
| КоВ | Копнена војска |
| ВС | Вооружени сили |
| ВВ | Воено воздухопловство |
| ВМ | Воената морнарица |
| ТТП | Тактики, техники и процедури |